## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### Од Сто и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 септември 2005 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,03 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Дали може заедно со претставниците на медиумите да го сметам кворумот?!

Ги молам пратениците, уште еднаш, да влезат во Собранието, посебно претставниците на опозицијата, бидејки сепак оваа седница е свикана по нивно барање.

Да почнеме со формалниот дел, се надевам дека до тогаш ќе се собереме.

Дами и господа пратеници,

Ја отворам 108-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Зоран Крстевски, Љупчо Мешков, Слободан Најдовски, Нелко Стојаноски, Соња Лепиткова, Јани Макрадули, Ристе Бислимовски, Благородна Мингова-Крепиева, Ангел Димитров, Славица Грковска, Абдулади Вејсели, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Нумовски, Али Ахмети, Спиро Мавровски, Марија Којзеклиска, Љубчо Георгиевски, господинот Љубчо Георгиевски е пријавен да зборува, така што претпоставувам дека не треба да го прочитам сега, и Михајло Георгиевски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Службите ги молам да го утврдат бројот на присутните.

(Службите го утврдуваат бројот на присутните рпатеници).

Ни недостасуваат пет пратеника.

Ги замолувам пратениците да влезат во салата.

(Реакција од пратениците од позицијата поради недоволен број на присутни пратеници од опозицијата).

Ова е единствен случај дека опозиција треба да обезбеди кворум.

Благодарам.

Сега се присутни 61 пратеник и молам сите да седнат на своите места.

Службите уште еднаш нека го утврдат бројот.

Ве молам, да седнете на своите места заедно и министрите за да не ве бројат.

Госпоѓо Наташа Биковска, влезете внатре, бројам колку сте присутни.

(Службите го утврдуваат бројот на присутни пратеници).

Ги молам пратениците кои излегоа да влезат внатре, мислам дека сме блиску до кворумот.

Сите пратеници кои во меѓувреме излегоа нека влезат во салата.

Нека седнат пратениците на своит еместа и минситрите, а службите уште еднаш нека го утврдат бројот. Ова е поселдно утврдување.

(Службите го утврдуваат бројот).

Почитувајки ги сепак демократските принципи, ќе дадам пауза до 11,30 часот да се собереме. После тоа, ако нема кворум, довербата на Владата завршува.

(Пауза од 11,15 до 11,35 часот).

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги замолувам пратениците да влезат во салата, а службите нека го утврдат бројот.

(Службите го утврдуваат бројот).

Благодарам.

Присутни се 67 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собраниеот и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Притоа, би сакал да ве известам дека министерот за финансии, господинот Никола Поповски писмено го образложи своето отсуство, бидејки присуствува на 59-то Годишно собрание на Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка што се одржува во Вашинктон, САД.

Со оглед на карактерот на прашањето што се предлага да се разгледува, предлагам дневниот ред да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 62 гласале за, нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниов дневен ред:

1.Прашање за доверба на Владата на Република Македонија.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 63 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвеон предложениот дневен ред.

**Минуваме на точката 1-прашање за доверба на Владата на Република Македонија.**

Согласно член 92 став 3 од Уставот на Република Македонија прашање за доверба на Владата на Република Македонија поставија 25 пратеници, кое ви е доставено.

Согласно член 92, став 6 од Уставот на Република Македонија, одлуката за изгласување на доверба на Владата се донесува со

мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Согласно член 92 став 4 од Уставот на Република Македонија, гласањето за доверба на Владата се врши по истекот на три дена од поставувањето на прашањето за доверба. Пред гласањето, во 23,30 часот на Собранието ќе му се обрати претседателот на Владата на Република Македонија за да го изнесе својот став по прашањето за довербата и сите други елементи што ќе бидат кажани во текот на расправата.

Морам да ве информирам, иако за тоа веќе бевте информирани преку медиумите, дека е договорено меѓу сите парламнтарни групи да имаме распоред на говорници, односно тие кои ќе се обратат. Не знам дали ви е поделен тој распоред, но во секој случај јас го имам овде и тоа е договорено и така ќе оди.

Отворам претрес.

Првиот кој според тој распоред, што е договорен, е подносителот или претставникот на подносителите на довербата, инфорамцијата е господинот Чедомир Краљевски.

Повелете господине Краљевски, имате збор.

**Чедомир Краљевски:** Почитуван претседателе на Собранието, почитуван премиеру, почитувани минситри, почитувани колеги пратеници,

Најпрво би сакал да нагласам дека поставувањето на прашањето за доверба на Владата во никој случај не е обичен хир на опозицијата или пак нејзино предизборно презентирање. Покра, тоа што ваквиот чекор е нејзино уставно право, длабоко етаблирано во парламентарните демократии, оваа иницијатива е предизвикана од крајно влошените економски, социјални, безбедносни и други состојби во државата, кои веќе се очигледни и би рекол неподносливи за граѓаните на Република Македонија, и истите се закануваат драматично да ја дестабилизираат државата и да го загрозат нејзиниот опстанок. Оттука, опозицијата не може и не смее мирно и опуштено од во наводници "удобните" опозициони клупи да ги следи ваквите трендови, туку поаѓајки од интересот на граѓаните должна е да укаже и да ги разоткрие ваквите состојби. Исто така опозицијата треба да укаже и на негативностите од некои идни владини потези што се највауваат, според правилото подобро да се спречи отколку да се лечи. Се разбира, ова не е прв пат опозицијата да го чини. Имено, за неспособноста на владината коалиција составена од Социјал демократскиот сојуз, ДУИ и ЛДП беше укажано и со претходно поднесеното прашање за доверба на Владата пред македонското собрание, за денес да имаме само потврдување на нивната неспособност и крајно штетно работење за државата што секојдневно се потврдува со постапките на министрите во Владата и одлуките кои ги носат. Но за жал, како што сите знаеме, со ретки исклучоци, ниедна иницијатива на опозицијата не е прифатена од страна на власта. Напротив, што е крајно иронично и цинично, владеачката коалиција настојува опозицијата да ја претстави како креатор на кризните трендови и за немање сенс за националните интереси. Се разбира тоа е врв на ароганцијата и слепило на власта, за нејзината оддалеченост од реалните проблеми на граѓаните и државата и што е најлошо немање ниту краткорочен а камоли долгорочен концепт за излез од кризата, промовираќи се себеси на тој начин како промотор на кризата.

Затоа, почитувани колеги, во моментов сите го чувствуваме тоа, создадена е критична маса која јасно укажува дека оваа политичка гарнитура на власт не е способна да ја води државата, и дека пред сосема да разгради и уништи треба да има доблест да се збогува со благодетите на власта за која толку грчевито се бори, па дури и по цена на националните интереси, и да го отстапи местото на оние кои ќе имаат знаење, чесност и концепт да ја извлечат земјата од длабоката економска, социјална и општествена криза.

Почитувани колеги,

Прашањето за доверба на Владата е регулирано во член 92 од Уставот на РМ. Имено Владата за својата работа одговара пред Собранието. Кога најмалку 20 пратеници ќе се посомневаат во доброто работење на Владата, истите имаат право пред Собранието да го постават прашањето за доверба на Владата. За изгласување недоверба на Влада потребно е мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, односно 61 пратеник.

Иницијатор за поставување прашање за доверба на оваа Влада е Пратеничката група на ВМРО-Народна партија. Но од причини што нашата пратеничка група брои 12 пратеници, ние се обративме до останатите 108 пратеници да ни се приклучат кон оваа наша иницијатива, сметајќи на нивната лична независност и убеденост во лошото работење на оваа Влада. Патем речено радува и охрабрува фактот што е се помал бројот на граѓани кои сеуште и даваат поддршка и легитимитет на Владата на СДСМ, ДУИ и ЛДП.

Почитувани колеги, евентуалниот неуспех на поставеното прашање за доверба на Владата денеска не и остава слободен простор и време на Владата. Имено, повторно прашање за доверба на Владата не може да се постави пред истекот на 90 дена од последното гласање за доверба, освен ако прашањето за доверба го постават мнозинството од вкупниот број пратеници. Денеска сме 22 септември 2005 година, значи повторно прашање за доверба поднесено од најмалку 20 пратеници може да се постави на 22 декември 2005 година, а може и порано ако тоа прашање го постават онолку пратеници колку што денес се потребни да и изгласаат недоверба на Владата. Од ова произлегува дека потребната критична маса за изгласување недоверба на Владата во секој момент може да го постави прашањето за доверба на Владата, па оттука паѓаат во вода сомнежите во искрените намери на иницијаторите, односно подносителите на ова прашање за доверба на Владата дека на ваков начин се овозможува Владата да купува време.

Почитувани колеги, економскиот, социјалниот, безбедносниот и политичкиот колапс во кој се наоѓа Република Македонија како резултат на лошата на македонската влада е состојба во која, во континуитет се наоѓа нашата држава по 15 септември 2002 година.

За ваквиот континуитет заслугата пред сите им припаѓа на господинот Бранко Црвенковски, господинот Хари Костов и господинот Владо Бучковски кои се премиерите што раководеа и раководи со Владата составена од СДСМ, ДУИ и ЛДП, од крајот на 2002 година до денес.

Само за потсетување Владата на Бранко Црвенковски како премиер ја наведе безбедносната и економската стабилност и се впушти во спроведувањето на Рамковниот договор како основен приоритет со цел да ги исполни и најрадикалните барања на својот партнер од поранешната УЧК а сега ДУИ. Овој период на владеењето на Бранко Црвенковски како премиер ќе се памети како време во кое се реализирани над 360 притвори за функционери или кадри на ВМРО-ДПМНЕ.

**Љупчо Јордановски:** Господине Краљевски, јас се извинувам, немаме доверба на Влада на господинот Бранко Црвенковски. Бидејќи имаше еднаш таква доверба на Влада, ве молам да бидете во рамките на она за која Влада станува збор и доверба.

**Чедомир Краљевски:** Само да ја довршам реченицата. Овој период на владеењето на господинот Бранко Црвенковски како премиер ќе се памети како време во кое се реализирани над 360 притвори за фунknционери или кадри на ВМРО-ДПМНЕ.Притворот се претвори во ефективна затворска казна, а на политичка сцена се врати тоталитарната логика - виновен си додека не докажеш дека си невин. Се создаде атмосфера на јавен линч, сосема спротивно на принципот на владеењето на правото во чија основа е презумпцијата на невиност. Се разбира, во ваква атмосфера кога власта априори политички те осудила и те процесуирала преку партиските полтрони во полицијата, обвинителството и судството тешко се докажува невиноста. Деновиве имавме и јавно признание на првиот човек на обвинителството во државата, господинот Александар Прчевски кој јавно призна дека врз него се вршел перманентен притисок од извршната власт, што значи дека кој ќе биде гонет за кривични дела, независно од доказите, одлучувал и одлучува партискиот врв на СДСМ кој и го поставил овој човек на таа функција.

Вториот премиер од овој мандат на Владата на СДСМ, ДУИ и ЛДП, даваше изјави дека нема намера да ги исполнува ветувањата од програмата на неговата партија - СДСМ со која победија на изборите 2002 година. Истиот си поднесе оставка бидејќи утврдил дека неговата Влада е корумпирана но само во делот на неговиот коалиционен партнер ДУИ. Од ова произлегува дека со доаѓањето на местото премиер на господинот Владо Бучковски од декември 2004 година, коалицијата СДСМ, ДУИ и ЛДП веќе беше отстапила од ветувањата што им ги даде на граѓаните на 15 септември 2002 година. Сегашниов премиер на Владата, а и самата Влада како колективно тело оваа година изведе скандалозни локални избори и тоа во годината кога се очекуваа позитивни оценки од Европската унија, САД и НАТО. Во оценката на ОБСЕ, Европската комисија и Стејт-департментот се наведува дека локалните избори не можат да придонесат кон приближувањето на Република Македонија кон евроатлантските структури.

Не е мал придонесот на овој премиер и оваа Влада во кроењето на албанските територии во Македонија преку донесуваањето на скандалозниот закон за територијално разграничување на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија кога беа суспендирани сите разумни и научни критериуми, а единствен критериум што се примени при разграничувањето беше етничкиот критериум што доведе до распределба на моќта преку политичка доминација.

Тука би го спомнал и Законот за употреба на знамињата кој закон е исто така заштитен производ на оваа Влада, со кој закон државата Република Македонија изгуби дел од својот сопствен суверенитет.

Решавањето на безбедносните прашања надвор од институциите и со суспендирање на Уставот и законите и признанието на овој премиер дека ваквото решавање на проблемите ќе му стане пракса, не придонесува за промовирање на Република Македонија како правна држава и истакнувањето на принципот на владеење на правото.

На премиерот Владо Бучковски не му е туѓо да дава лажни и неостварливи ветувања при што манипулира со стратешките интереси на Република Македонија за сопствени дневно политички цели. Имено, истиот со леснотија изјавува дека до крајот на 2004 година ќе биде обележана границата кон Косово и дека во 2007 година ќе добиеме членство во НАТО. Ваквите лажни и неостварливи ветувања дадени врз основа на лошите проценки и перформанси кај нашите партнери во НАТО и Европската унија создаваат впечаток за нефункционирање и неспособност на институциите на државата, а од друга страна јавноста во Република Македонија и граѓаните се доведуваат во заблуда дека само што не сме влегле во Европската унија и тогаш сите наши проблеми ќе бидат решени, а не им се кажува дека токму за влегување во Европската унија и НАТО не може со ваква сиромаштија каква што владее во Република Македонија и без исполнување на реформите во скоро сите области на општественото живеење.

Со одложувањето на проширувањето на НАТО алијансата со нови членки до 2008 година едниот од двата столба за кои грчевито се држеше оваа Влада, се сруши, а другиот столб односно нашето приближување кон Европската унија од

столб се трансформира во сламка за спас на оваа Влада. Не сакам да кобам и дајбоже Република Македонија да биде што поблиску кон Европската унија.

Почитувани колеги, речиси нема област во економскиот и општествениот живот за која не може да се констатираат крупни грешки и пропусти на актуелната власт. Да почнеме од економијата која и по оценките на експертите е на самото дно. Имено, наместо прокламираната макроекономска стабилност и зголемување на бруто домашниот производ на 6% годишно, добиваме пад на индустриското производство - најниска стапка од земјите во транзиција. Притоа, наместо зголемување на вработеноста и "вработување по еден член од секое семејство" како предизборно ветување на СДСМ во 2002 година, добивме раст на невработеноста која ја достигна астрономската бројка од приближно 400 илјади невработени што значи 37,6% работоспособни лица се невработени во Република Македонија. Споредбено со 155 држави во светот Република Македонија е на 123 место по бројот на нови вработувања и отпуштања. Недопуштено и би рекол срамно е власта да го "решава" проблемот на невработеноста измислувајќи нови статистички методи и мерки во евиденцијата на невработените, а пред се со нивно бришење од евиденцијата.

Странските директни инвестиции се скромни и главно склучени во четири очи што се коси со европските норми и правила во склучувањето на вакви договори, со крајна нетранспарентност и непочитување на правилата.

Особено тежок проблем е растот на цените што се заканува да добие во интензитет особено оваа есен. Зголемувањето на цените на киловат електрична енергија за 30% како што се најавува на парното греење за 12% ќе придонесе за зголемување на сиромаштијата што ја вбројува нашата земја во групата на најсиромашни земји на континентот што е една од основните причини во најновите анкети спроведени со граѓаните на РМ, и истите да изразат крајна недоверба кон елитите што ја водат државата и кон нејзините институции. Ваквите состојби се закануваат да прераснат во масовни изливи на незадоволство и социјални протести што исто така ќе ја дестабилизира земјата.

**Љупчо Јордановски:** Господине Краљевски,

Бидејќи тука ја завршивте мислата би сакал ако ми дозволувате, бидејќи на Галеријата се присутни од Комисијата за европски прашања на Парламентот на Република Финска и би сакал да ги поздравиме,

(Аплауз).

Имаат исклучителна можност да присуствуваат на една седница која што се случува еднаш во три месеци ако инсистирате секои три месеци.

Повелете.

**Чедомир Краљевски:** Сиромашниот, рамнодушен и разочара граѓанин во никој случај не може да биде во агендите на евроатланските интеграции на земјата. Ваквата појава ќе остане како една од основните причини за застојот на демократските процеси во земјата и за неопходната мотивација на секој поединец во напредокот на земјата и нејзините амбиции да стане дел од развиениот свет. Како резултат на ваквата безнадежност, безизлезност од неподносливата сиромаштија и создадената негативна психо-социјална клима се поголем е бројот на самоубиствата во земјата како единствено и нерационално бегство од проблемите.

Во трговските односи кон странство имаме драстично зголемување на трговскиот дефицит.

На товар на оваа Влада паѓа и енормното кредитно задолжување кон странство што секако ќе има материјални импликации и последици кон идните генерации граѓани на Република Македонија.

Оваа Влада почитувани колеги, има особено големи пропусти во развојот на земјоделието за кое слободно може да се рече дека е сосема уништено, а земјоделците се доведени во безизлезна положба. Стопиран е процесот на регистрација на земјоделците со што земјоделците ги закупија бенифициите. Укинато е житото како дел од програмата за стратешките култури. Укинати се речиси сите бенифиции за сите стратешки култури. Млекото, тутунот, шекерната репка, јагнето, градинарските производи до 2002 година беа стимулирани, а сега се е укинато. Се укинаа постојните субвенции, откупната цена е намалена, опадното е производството. Лозарството и винарството се симнати од програмата за поддршка и развој на земјоделството. Укинати се премиите. Лозарите со средства добиени од откуп не можат да ги покријат ниту основните трошоци за производство, а за заработувачка не може да стане ниту збор. Укината е повластената даночна стапка на ДДВ од 5% за репроматеријали и сега таа изнесува 18%. Како резултат на лошата земјоделска политика, неизградени приоритети и водењето дневно политички интереси земјоделството не само што не се развива, туку е на работ на пропаст. Земјоделецот масовно ја напушта професијата и станува дел од кругот на мнозинство невработени и живее во тешка сиромаштија. Земјоделството како ресор на оваа Влада го води министерот во сенка а тоа е премиерот д-р проф. Владо Бучковски, бидејќи од актуелниот министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, нема ниту траг ниту глас. Во таква ситуација премиерот разговара и се пазари со лозарите, мелничарите, тутунарите итн. итн. Уверен сум дека за овој сегмент поаргументирано ќе говорат други колеги потписници на барањето да поставување доверба на Владата - затоа не би се задржувал повеќе на оваа тема.

Почитувани колеги,

Особено значајно е прашањето за безбедноста на земјата. наместо прокламираната реформа на безбедносниот систем од страна на СДСМ, департизација на виталните безбедносни институции, изградба на безбедносен модел за поттикнување на јавната доверба кај граѓаните, заштитата на нивната лична сопственост, јавниот ред и мир и слободата на движењето, соочени сме со кревка безбедносна состојба во која државата нема контрола на целата територија на државата, во која одделни криминални групи држат под своја контрола делови од територијата, нарушена е слободата на движењето, правото на лична сопственост, бројот на убиствата расте и четири години по конфликтот имаме напади на полициските станици, грабежи, појави на тероризам и недоволна борба и слаби резултати во борбата со корупцијата, илегалната трговија со наркотици, оружје, бело робје и сл., перење пари итн итн. Владата на Социјал демократскиот сојуз на Македонија, во минатото ја замајуваше јавноста со октоподи, но за жал јавноста не доживеа да ја види главата на октоподот. Изгледа истото се случува и сега, со таканаречените даночни пирамиди. Досега видовме на сцена само ситни актери а никако да се дојде до главните актери и инспиратори на оваа појава. Во ангажманот за етаблирањето на Охридскиот договор, Владата излегува од неговите рамки кога се во прашање правата на одредена етничка заедница, а покажува слаб или речиси никаков интерес за на пример враќањето на раселените лица во своите родни огништа, како што се вели во предизборната програма на СДСМ - преку зајакнување на суверенитетот и ефикасно обезбедување контрола врз целата територија, проследени со континуирани економски, социјални и други мерки и активности. Како што можеме да констатираме од овие мерки речиси нема ништо, раселените лица и натаму се во собирните центри, живеат во тешки и неподносливи услови препуштени сами на себе и без конкретна помош од државата. За евроатланските интеграции на нашата држава како што сите знаеме постои општ консензус на сите политички субјекти и на граѓаните на Република Македонија. Ангажманот на Владата, меѓутоа е недоволен, аморфен и без

резултати. Во случајот со последниот развој на настаните во врска со добивање покана за членство во НАТО уште еднаш излезе на виделина дека власта освен со јавно манипулирање со јавноста со можни датуми за добивање на покана и одредени реформи во армијата или пак испраќање на мисии во Авганистан и во Ирак не ја разбрала или не сакала да ја разбере основната работа, а тоа е дека НАТО алијансата не е само воена организација, туку за членството во неа се потребни и повеќе политички услови, а особено развој на демократските односи, реформи во повеќе сегменти на општествениот живот, раст на економијата, раст на стандардот на граѓаните, безбедноста на земјата, односите со соседите и слично. Имено, и во овој контекст можеме да констатираме дека една од многуте слаби точки на оваа Влада е спроведувањето реформи, и изградба на стандарди кои ќе не приближат до европските интеграции. Оваа инаку мора да се признае сложена и макотрпна работа - не може никој да ја заврши освен ние самите. Недопуштено е во извонредно слабите резултати на спроведувањето на реформи, што Европа упорно ги бара од нас, Владата да се правда дека премногу енергија и време и одзело спроведувањето на Охридскиот договор - па не и останува време и енергија за реформите. Ова е недопуштено за Влада која себеси сака да се престави како сериозна и особено посветена на европскатаориентација на земјата. И уште нешто што е особено важно што не смее ниту во еден момент да се дозволи, земја - аспирант за членство во НАТО и Европската унија, наместо до крај да го афирмира владеењето на правото, Уставот и законите подеднакво за сите граѓани и за целата територија на државата, Владата прибегнува - како во случајот Кондово и Агим Красниќи на вонинституционално, политичко решение на случај. Ги суспендира Уставот и законите на земјата што претставува опасен преседан во етаблирањето на правната држава- затоа што основно во нашиот пат кон Европа е владеењето на правото и на институциите на државата - наместо на вонинституционалното решение на проблемот од страна на политичките елити. За ваквата незадоволувачка позиција на земјата во остварувањето на нејзините евроатлантски аспирации придонесува се разбира во негативна смисла, инертната, некоординираната и неактивна надворешна политика на Владата, претседателот на државата и другите чинители во водењето на надворешната политика.

Почитувани колеги, одвреме навреме за волја на вистината можеме да се соочиме и со некои реформски закони на Владата како на пример во судството, пензискиот систем, здравството и слично. Но, веднаш треба да се запрашаме каков е квалитетот на овие реформи. На пример, некои решенија за реформа на правосудниот систем ни покажуваат дека власта нема намера да ја зајакне и осамостои судската власт, при што изгледа не помагаат ниту мислењата на многу експерти.

Особено деликатни би рекол дури и опасни ми се чинат најавенитереформи во здравството. Приватизацијата на примарнатаз дравствена заштита - онака како што е замислена уште повеќе ќе ја влоши положбата на сиромашните слоеви на населението до степен на нивна неможност за пристап до здравствените институции што може да доведе до катастрофални последици, а тоа е зголемен морталитет во земјата.

Ова се само дел од причините што во интерес на граѓаните на Република Македонија и спречувањето на агонијата во која се наоѓа

земјата не натераа нас иницијаторите и подносителите на прашањето за доверба на Владатада да го кренеме гласот да ја алармираме јавноста и на крајот да го дадеме својот глас за изгласување недоверба на Владата на Република Македонија.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Краљевски.

Госпоѓа Иванова повелете, иако тоа стои во договорот.

**Цветанка Иванова:** Господине претседателе, бидејќи ова што денес на седницата ни беше дадено како образложение за барањето доверба на Владата многу се разликува од образложението, писменото барање за доверба на Владата, па од името на пратеничката група на СДСМ барам еден час пауза за да се симнат стенографските белешки.

**Љупчо Јордановски:** Објавувам еден час пауза.

Продолжуваме со работа во 13,10 часот.

(Седницата прекина со работа во 12,06 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,12 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да си ги заземат своите места, како и претставниците на Владата.

Господине Рамадани, бидејќи господин Вејсели не е тука, дали вие сте спремни да настапите, бидејќи по редоследот сте вие.

Збор има господинот Исмет Рамадани. Повелете.

**Исмет Рамадани:** Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитувани претставници на Владата.

Врз основа на редоследот на договорот што сме го направиле како опозиција, како први ние ќе говориме и ќе ги искажеме нашите оценки за работата на Владата и за општата состојба што се поврзува со работата на Владата.

Многу пати сме кажувале, иако некогаш често пати ни се вели дека некаде сте помеѓу опозицијата и позицијата.

Со самиот факт дека конструктивноста е мото на нашата постапка како политичка партија, затоа јас можам да бидам еден прототип на таа партија и на таа конструктивност. Ние ќе критикуваме за прашања за кои мислиме дека треба да се критикуваат. често пати можеби и со еден дел на констатации и оценки и од страна на опозицијата како предлагачи на доверба на Владата, по некои прашања, се разбира и ние не се согласуваме, но овој пат врз основа на текстот напишан од страна на опозицијата, во голем дел со овој текст се согласуваме, со самиот факт што и ние ги констатираме истите слабости. Сме кажувале и кажуваме дека Владата односно владиниот кабинет нема потребен капацитет да се соочи со предизвиците преку кои денес поминува Македонија, со самиот факт дека има криза, не чекаат многу работи, има работи за кои се бараат големи стандарди и мислиме дека самиот состав на оваа Влада не може и нема капацитет да ги надмине сите овие предизвици. Затоа ние многу искрено и правично им велиме на тие на кои нема да им го спомнам името и овој пат поради коректноста и поради нашата политичка култура. Со една реченица ќе им кажеме, не се зафаќајте на функцијата министер, во овој случај, или на некоја друга функција, доколку истата функција не можете да ја извршите како што треба и како што тоа го бара времето и го бараат предизвиците низ кои минуваме.

Ако се сеќавате, кога се избра премиерот заедно со Кабинетот, јас се сеќавам, ова ми е должност и колку што ми дозволува мојата меморија , дали ти се допаѓа дека си фајтер, таков впечаток ми има оставено. Вистина е дека во неколку сегменти е фајтер, се зафаќа со проблемите, но тоа што не ми се допаѓа во последно време, не е фајтер внатре во својата Влада, во неговиот кабинет, констатира слабости на министри, се разбира со исклучоци и не е во состојба да создаде една атмосфера кај партнерите во коалицијата, за да се измести тој министер кој не може да ја изврши својата работа. Министерот не може да биде практикант и не може да излезе со констатација, да го оставиме уште два-три месеци да работи за дополнителен испит, бидејќи времето и самата должност и работите кои не чекаат, тоа не го дозволуваат, за понатамуа да чекаме разрешување на министер или негово отповикување поради негова неспособност. Но, тоа не се врши на време, се додека не се принуди тој од својата партија или од некој друг, да влезе во корупција и скандалозно понатаму да ја добие етикетата, како човек, за да живее и да функционира во средината каде живее и дејствува .

Понатаму, една Влада не може да биде ефикасна и не може да одговори на предизвиците доколку е составена од три партии каде во трите партии по три клучни лица на тие партии не се согласуваат меѓусебно. Поради коректноста и поради јавноста и тоа што се пишува и се говори секојдневно, во СДСМ има три-четири клучни лица кои меѓусебно не се во добри односи или се во спротивност, во ЛДП има три-четири лица кои исто така не се во добри односи и јавно се во спротивност и со нивните изјаснувања, во ДУИ има три-четири лица , исто така кои меѓусебно не се во исти ставови со нивните произнесувања. Се разбира сите овие внатре партиски кризи се одразуваат во Владата и сето тоа се одразува во нашето секојдневие и тоа што се случува во нашето секојдневние па, се разбира, имаме слаба економија, социјалниот сегмент е лош, имаме голема невработеност и државата на некои места, врз основа на критериумите ОН веќе е во една состојба каде треба да се побара субјекти на ОН да интервенираат во неколку земји или во неколку региони, со констатација дека има сиромаштија. Ако се оцени и констатира дека државата е во степен на сиромаштија, се разбира, тогаш не можеме дека имаме успешна Влада и имаме добро владеење.

За безбедноста, што да ви кажам. Немаме безбедност. Имаме убиства, киднапирања, самоубиства, кражби, криминал што е карактеристика во последно време што ни се случува, имаме криминал или имаме ординерни криминалци внесени во државните институции или се на функција.

Во надворешната политика нема колку што треба комуникација за прашања кои се многу чувствитрелни и кревки.

Еве јас ќе илустрирам во врска со името. Не бевме колку што треба подготвени да искажеме знаци и сигнали на флексибилност, да се констатира кај тие кои посредуваат и во овие преговори, дека Македонија е многу подготвена за да разговара врз една основа која ги задоволува интересите на граѓаните на Република Македонија.

Околу интеграцијата во НАТО, гледате дека тој дел кој требаше да биде со субординација во Министерството за одбрана, според сите информации кои ги имаме, во ред, но НАТО не е само со познатата доктрина дека тука треба да направиш реформа во војската. Реформите се бараат во сите институции, во одлучувањето околу демократијата, борбата против корупцијата и незнам што уште.

Во образованието имаме вистински метеж, како во однос на квалитетот на образованието со европски стандарди, училишните објекти. Колку лоша слика беше еден ден кога министерот за образование даваше изјава во Количани а позади него гледавме една зграда како да поминал Цунами. Сакам да кажам дека со инвестиции кои се можеби некаде и многу скромни, не се интервенира како што треба во оваа боласт.

Колективниот договор со синдикатот односно со т.н. СОНК не се остварува. Сега во последно време слушаме дека Владата воопшто не сака да разговара со СОНК , или сака да разговара со тој синдикат кој во Стеј Департментот има добиено негативна оценка и му е дадена квлаифакција, за која сте слушнале, што не е како што треба. Што е сега работата? Каде е проблемот? Зошто во образованието се дозволува една ваква состојба?

Корупцијата секојдневно се зголемува, не задушува. Корупцијата е најголемиот сепаратист во Република Македонија. Некој ќе рече што зборува Исмет Рамадани. Да, корупцијата има создадено паралелни системи во многу установи. Таму каде се создава паралелна власт, јас сум слушнал, се вели често пати дека тука е сепаратистички систем.

Околу земјоделието, грешките во кадровскиот избор во последно време лошо се одразуваат. Во ова Министерство не се користи можноста,а тоа е една стратешка област за Република Македонија. Земјоделството, сточарството, шумарството и водите се богатства кои господ и ги подарил на Република Македонија, држава со четири годишни времиња. Богатството на кутриот селанец е мртво богатство, неговиот дом, неговата куќа и се што има изградено во неговиот двор, бидејќи не може да го даде под хипотека, да го претвори во капитал кој се става во промет за да има можност да стекне кредити и да се развива. Ние на тоа поле воопшто не работиме. Дури и во делот што јас го познавам, од Арачиново до Липково, на тоа поле состојбата е катастрофална. Затоа е таков статусот на тоа население, сиромашен народ.

За Охридскиот рамковен договор не сакам да расправам, со самиот факт дека во оваа насока дефинитивно треба да дадеме сериозна оценка што е направено а што не е направено со овој Охридски договор. Затоа како политичка партија сме одлучиле, ве известувам јавно и овде во Парламентот имаме одговор од премиерот односно од Владата, како барање на нашата партија, ќе го анализираме и со факти ќе излеземе пред граѓаните и ќе го кажеме како што треба нашиот збор, како потписници на Охридскиот рамковен договор. Јас во овој случај не сакам да навлегува во детали, бидејќи времето не ми дозволува, што е направено а што не е направено во тој правец. Но, покрај се треба да се научиме.

Ми остави впечаток една реченица на еден од претставниците на Словенија, на семинарот кој го имавме кој кажа дека нивната најјака девиза за да се интегрираат во ЕУ е кога одлучиле, како позиција и како опозиција и кога тоа станал национален интерес, нивната девиза била-за истиот проблем да не разговараме два пати. И ние, за да бидеме ефикасни, за да ги извршуваме нашите должности и обврски односно оваа Влада, треба вака да постапуваме, бидејќи инаку не можеме да ја одржиме динамиката и чекорот кон тоа што не чека, бидејќи и тоа што беше неуспех за НАТО, може да се случи и со одговорот за ЕУ, да биде некој одговор, да, како кандидат, но со многу условувања и со работи кои ќе не остават за понатаму, бидејќи сме постапувале со девизата, за еден проблем да разговараме 5-6 пати, или за една работа да расправаме многу пати. Се разбира, одговорноста секогаш ќе ја сноси и опозицијата.

Ние нема да дозволиме и да прифатиме наша постапка, како политичка партија, со деструктивност да ја дезорјентираме Владата која може да има понатаму добри работи и волја за да направи нешто повеќе, но секогаш ќе бидеме подготвени да критикуваме но и да дадеме алтернативи. Јас се извинувам што го одвојувам ова, но во случајот на потпретседатело на Владата, госпоѓа Радмила Шеќеринска, со капацитет и потенцијал и интелектуален и политички и со знаење, има организирано една екипа за тоа што треба да се направи за Европска интеграција. Но, ние велиме и тоа светло во таа Влада згаснува, некој го гаси тоа светло, го гасат тие кои се во другите министерства и тоа на различни начини, или права опструкции, или не знаат да работат, или не можат да го фатат чекорот и динамиката што ја бара оваа работа, во овој случај, посебно кога

станува збор за стекнување на статусот за кандидат во ЕУ.

Тоа би биле некои наши осврти за кои мислиме дека оваа Влада не ги исполнува тие стандарди и услови за кои ние мислиме дека треба да ги исполни, бидејќи и покрај се, се приближува времето кога и ние како опозиција очекуваме дека ќе се лучи некоја подобра вест. Мислам дека секогаш бледее со тоа дека нешто ќе се услови. Еве земете го како пример, се извинувам што ќе направам една дигресија, земете го само примерот со пасошите. Се сеќавам, има 8-9 години кога разговаравме и дадовме збор некаде во Брисел дека ќе направиме пасош со Европски стандард. Ние не сме во состојба до денес да изготвиме еден пасош кој одговара на тие европски стандарди, а од друга страна декларативно бараме либерализација на визите, укинување на визи. И кога се прашува каде е проблемот, проблемот бил тендерот. Овие тендери не загрозија и оваа Влада и минатата Влада и сите други влади. Тендерот е клучен протагонис и клучната метафора на сето тоа што значи постапка и дејствување во сите влади, но и во оваа актуелнава. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Остреми имате реплика? (да)

Во ред, бидејќи бевте спомнати како партија. Инаку ова е доверба на Влада, репликите меѓупартиски, ќе ги оставиме за подоцна.

Повелете имате реплика од 3 минути. Се надевам дека е доволно од наша страна само вие да дадете реплика.

**Гзим Острени:** Почитуван претседателе, би сакал да го потсетам господинот дека сме очекувале малку повеќе во критиките од негова страна за да не упатат навистина да се подобриме доколку сме направиле грешки во досегашното владеење и учеството во Владата. Меѓутоа, следејќи ја неговата дискусија не можам да заклучам што треба ние да подобриме. Понатаму, тој вели дека Владата нема капацитет да се соочи со предизвиците, меѓутоа не кажува кој капацитет и недостига. Потоа вели, бидејќи сме се зафатиле со таа функција доколку тоа не можеме да го вршиме како што треба, не кажува зошто? Премиерот вели дека е фајтер, добар борец за надвор, меѓутоа не за внатре. Што пропуштил, а не направил? Тој вели дека министерот не може да биде стажант. Тоа сите го знаеме, меѓутоа што треба да биде министерот, тоа не ни кажа. Една влада не може да владее доколку во неа раководат тројца, четворица. Значи, ние треба да преминеме на еден начин на монистичко владеење и да се вратиме повторно, според тоа што тој го вели, доколку не му е лапсус. ДУИ учествува во оваа работа и во ДУИ има демократија, затоа 3, 4 луѓе секогаш и уште повеќе развиваат разговори и се контрадикторни додека не се изнајде заедничко решение. Со ова се согласувам што го вели господинот. Имаме голема невработеност уште од тогаш кога беа тие на власт, тоа не е создадено сега и затоа ќе беше добро ова да го сносиме сите заедно како одговорност и да се обидеме да можеме да ги извршиме своите задачи. Има убиства, има криминал, имало и во текот на нивните избори. Значи, тогаш имало убиства. Што направиле за таа работа? Во надворешната политика нема флексибилност. Каде недостига таа флексибилност? За НАТО верувам дека не кажа ништо освен што ги спомна четирите букви на НАТО. Образованието, не знам што би требало да се направи повеќе во образованието во текот на една година, иако секогаш демократијата и образованието не се доволни. Корупцијата не почнала во 2002 година, туку почна борбата против корупцијата. Земјоделството, не постои во Република Македонија од 2002 година, туку постои откако постои човекот во Република Македонија. Меѓутоа, треба да ни се даде начин како позиција за тоа што ние не сме направиле и што треба да направиме. Словенците ја кажаа вистината, за истата работа да не работиме два пати. Меѓутоа, вие неколку пати барате од нас доверба во Владата и ни го губите времето.

**Љупчо Јордановски:** Има збор министерот за внатрешни работи, три минути.

**Љубомир Михајловски:** Јас околу состојбата со криминалот ќе кажам подоцна, бидејќи очекувам и другите пратеници да спомнат околу состојбите со компаративни анализи.

Би сакал да одговорам на господинот почитуваниот пратеник Исмет Рамадани околу тоа што беше спомнато Министерството за внатрешни работи со издавањето на пасошите, изработка на пасошите и либерализација на визниот режим. Значи, за либерализација на визниот режим една од претпоставките е изработка на тој современ пасош како што кажа господинот Исмет. За одбележување е да ви кажам што се Министерството за внатрешни работи има направено во изминатиот период, односно Владата, во фаза е донесување на законот за гранично управување, договори за реадмисија, законот за странци е завршен и влегува во процедура и покрај ова што е околу пасошот, ова се клучните елементи за либерализација на визниот режим.

Околу изработката на пасошот постапката е во тек, се очекува финализација, така што не е добро сега да шпекулираме во овој момент мислам дека се ќе се заврши добро. Значи, Владата, односно Министерството за внатрешни работи преку изготвување на правните акти што се, значи ги направи сите потези со тоа да овозможи да се воспостави, односно да се имплементира од другите земји да се прифати визниот режим да се либерализира.

**Љупчо Јордановски:** Процедурално господинот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Господине претседателе, јас би сакал само да интервенирам деловнички. Значи, не би сакал оваа седница да се свати како седница за поставување на пратенички прашања кога пратениците прашуваат, а министрите

одговараат. Ова е доверба на Влада. Значи, потписниците и пратениците се договоривме да дискутираме по 20 минути за да бидеме што повеќе застапени. Тие ги кажуваат сопствените аргументи кој како гледа, дали оваа Влада треба да поднесе оставка, или не. И затоа имаме завршен збор на премиерот на крајот. Тој ќе одговори на сите оние наводи кои што ние ги имаме. Тоа е едната работа.

Втора работа, застапник и претставник на Владата е премиерот. Ако ние почнеме на секој министер да му даваме по три минути реплика, јас не знам каде не води, односно не води во некоја опструкција која што најверојатно претставниците на Владата сакаат да ја наметнат за да што помалку слушнат аргументи од пратениците. Јас би сакал, бидејќи овие денови навистина бевме конструктивни во фаза на договори оваа седница да ја испланираме така што да имаме што повеќе простор за да се искажеме. Еве, тука е премиерот и да прифатат и министрите, нема потреба од реплики кога е тука премиерот и кога има завршен збор и да ја одвиваме така расправата, затоа што веќе доцниме и по оној план кој што го направивме, јас не гледам каде ќе можат пратениците да го искористат своето место за дискусија.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски вие само заборавивте да спомнете дека договорот е дека министрите имаат право да одговорат по прашања по кои што се тие засегнати и затоа е лимитирано три минути.

Господинот Чедомир Краљевски тоа јавно го кажа. Јас би ги замолил пратениците да не реагираат толку жустро. Тоа не се реплики. Ако се дискутира за доверба на Владата, треба и Владата да си го каже својот став врз основа на вашите аргименти и таа има свои аргументи. А премиерот може да овласти било кого. Инаку зошто ја викам целата Влада, во тој случај треба само премиерот да биде тука и не ми треба целата Влада. Договорот беше таков господине Караџоски. Може да дискутираме ако се јават повеќе пратеници да реплицираат, тука веќе така не се договоривме, но за министрите се договоривме.

Има збор господинот Борис Кондарко..

**Борис Кондарко:** Благодарам претседателе, почитувани пратеници и министри,

На почетокот по повод оваа седница за расправа за доверба на Владата на Република Македонија неколку работи кои се однесуваат на самата иницијатива и на самото експозе кое беше дадено денеска како образложение. Сметам впечатокот од овој почеток е дека таа е општа, дека тоа е веќе чуен плагијат и дека е опозициона фразеологија. Впечаток е дека оваа иницијатива за доверба не дојде толку со намера за да може да се урне Владата на Република Македонија, туку позадината на истата произлезе од меѓусебниот ривалитет и анимузитет помеѓу ВМРО Народна партија и ВМРО-ДПМНЕ, односно одговор на ВМРО Народна партија на неуспешниот митинг на ВМРО-ДПМНЕ со оваа иницијатива да се покаже активитет како сериозна опозициона партија и да се продолжи нивниот меѓусебен анимузитет и нетрпеливост помеѓу овие две партии. Но, ние не сме до толку несериозни да се занимаваме и да оспоруваме за туѓи проблеми во туѓи партии. Затоа во врска со оваа иницијатива за доверба сакам да се осврнам на еден друг агол, односно од еден друг аспект што таа значи политички во овој момент за Република Македонија, инаку е неспорно дека таа е легитимна и дека таа е демократско право на опозицијата согласно Уставот. Имено, најлошото во сето ова не е тоа што ќе се критикува денес Владата на Република Македонија, туку што е одбран убедливо најлошиот политички момент за тоа, бидејќи оној момент кога сите оние што треба да мислат на иднината на Република Македонија и да направат нешто добро за Република Македонија е токму сега во очекување на позитивниот одговор на Европската комисија после успешно одговорениот европски Прашалник. Значи, ова е моментот кога сите треба да ги обединиме заеднички силите и да направиме нешто одлучувачко добро како значаен исчекор за иднината на Република Македонија во процесот на евро интеграциите што без разлика кој и да е на власт, Република Македонија од тоа би имала само заеднички бенефит. Каква порака господа од опозицијата ние праќаме со ова денеска и каде води сето ова? Велам, ние, затоа што во овој момент за вака крупни, сериозни и одговорни прашања од стратешки интерес за Република Македонија не можеме да се делиме на опозиција и на позиција, на оние кои ја бранат и на оние кои ја напаѓаат Владата на Република Македонија. Во овој момент сите политички партии, за сите политички партии една единствена цел и една единствена партија е единствено Република Македонија. Но, ќе помине и оваа седница, останува да се надеваме дека после сето ова без разлика кој е иницијатор за довербата, од кои политички причини, политички мотивирани позадини, анимузитет меѓу ВМРО Народна и ВМРО-ДПМНЕ итн, нема сите заедно да си нанесеме заедничка штета за сметка на дневни партиски поени и за тоа кој ќе излезе поербап од оваа седница, бидејќи има уште доволно време за мегдан до изборите. А тоа им го должиме на сите граѓани на Република Македонија.

Во врска со иницијативата, се согласувам дека принципиелно во демократијата, во политичкиот систем секогаш оние партии кои се на власт тие имаат несразмерно поголема одговорност за случувањата во државата. Меѓутоа, не можам да се согласам дека некои политички опозициони партии се однесуваат како воопшто да немаат никаква политичка одговорност за својот политички концепт кој го нудат во Република Македонија како алтернатива на власта. Бидејќи е сосема легитимно во дневната политичка борба во демократската реална политичка дебата да

дебатираме за нашите концепти, да размислуваме каде тие не водат и притоа се разбира да се критикуваме и ние како власт да ги критикуваме вашите политички ставови, иако нашата одговорност е поголема, бидејќи од тоа зависи иднината на Република Македонија, вие се нудите како алтернатива пред граѓаните на Република Македонија. Ако опозицијата смета дека има така загарантирана и комотна позиција, тогаш тоа е сосема спротивно на суштината на демократијата, бидејќи граѓаните имаат право да чујат, се разбира на едно високо политичко ниво не со дневно приземен вокабулар политички што е нивниот избор и што е споредбата. Бидејќи вие како иницијатори сакавте да се направи разлика. Затоа јас најдиректно би навлегол во дебата и сосема отворено би ги оспорил нападите со цел да се направи разлика и вистината да излезе на виделина. Ајде да видиме кои се најспорните работи кои и во јавноста и во оваа иницијатива за доверба во исминатиов период се топ тема во јавноста насочени на сметка на Владата на Република Македонија и што е тоа на што се базира оваа иницијатива за доверба на Владата. Ќе набројам 3,4 работи за кои би сакал сега да ги објаснам и да проговорам.

Прво, тоа се непосредните спогодби, односно наводната корупција за т.н. договори во четири очи. Понатаму, владеењето на правото и функционирањето на правната држава поврзана во светлината со најновите наспрани околу лицето А.К, надворешната политика на Република Македонија и евроинтеграциите и НАТО. Се разбира тука е и економијата каде што ние отворено машки кажавме дека не сме задоволни во многу нешта и дека признаваме дека тука постои простор и за критика. Меѓутоа постои простор и за подобрување, имајќи го предвид сето она што токму оваа Влада, токму во последната година во третата четвртина од исполнувањето на ветеното го направи како предуслов за создавање на економски амбиент за сето она да се реализира до крајот на овој мандат. Тука кажавме дека не сме задоволни пред се во делот со вработувањата. Но да почнам по ред.

Владата е обвинета за склучување на спогодби во четири очи. Прво, кои се тие двајца и кои се тие четири очи? Никој тоа не го видел дали некој покажал некој документ за таква спогодба меѓу двајца, во четири очи. Напротив, има голема разлика, бидејќи се работи за одлуки на Владата на Република Македонија, а не договори надвор од институциите на Република Македонија. Второ, се работи за сосема законити одлуки кои се дозволени и за кои проценува Владата на Република Македонија во интерес на привлекување на странски инвестиции во Република Македонија. Трето, сосема нешто трето се писмата за намери и меморандуми за соработка кои опозицијата ги нарекува договори во јавноста, но за нивна жал тие не претставуваат во нашиот правен поредок никакви правни акти од кои произлегуваат облигациони односи. Четврто, суштината е, дали некои договори се законити, или не. Дали некои договори се транспарентни или не, дали притоа има корупција, или не, а не е суштината дали тие биле на тендер, или без тендер. Ова од причини што договорите склучени преку тендер и преку одлука на Владата теоретски можат подеднакво да бидат подложни на корупција, велам хипотетички. Имено, не е никаква гаранција обратно од тврдењата на опозицијата дека за договор склучен преку тендер не постои опасност од корупција. Значи, овде суштината е во транспарентноста и во законитоста. Ако никој не обвинил досега, или не посочил доказ, или сериозна индиција дека за наведените обвинувања постои корупција и дека таквите работи се незаконски, туку дека само немало тендер што не е незаконски што никој не го спори тоа, значи останува констатацијата дека се работи за политички смислена хајка на опозицијата за да се оцрни Владата на Република Македонија без ниеден доказ притоа. Владата се терети за непочитување на правниот поредок и за нефункционирање на правната држава. Како пример за тоа околу што се наметна силна дебата во јавноста беше случајот со укинувањето на мерката притвор на лицето А.К од страна на судот и Јавното обвинителство. А за да се додаде дополнителна политична драматика околу тоа, опозицијата истото го нарече наводна амнестија за тоа лице и укинувањето на притворот што е најтрагично безобразно го поврза во јавноста со повлекување на обвиненијата против тоа лице. Во врска со ова како прво, за притворот не одлучува ниту Владата, а најмалку премиерот, туку истражниот судија врз основа на мислење на Јавното обвинителство во законска постапка врз основа на законски критериуми кои секој може да ги најде во Кривичниот закон и во Законот за кривичната постапка. Второ, во врска со таквата одлука се произнесоа институциите во Република Македонија, почнувајќи од Јавното обвинителство, основниот суд пред кој се води постапката, завршувајќи со Републичкиот судски совет јавно, прецизно и недвосмислено кои кажаа дека во таа постапка не постои ниту една незаконитост. За потсетување, ова се најважните правосудни институвии во Република Македонија и основата на правосудниот систем во Република Македонија. Зарем некој може да оди дотаму и притоа да помисли дека сите овие институции заедно, истовремено се нестручни, неспособни, неодговорни, корумпирани и под политички притисок и што ли уште не. Тогаш, тоа е жалосно, бидеќи навистина се потценуваме самите себе си, навистина ги навредуваме граѓаните на Република Македонија, навистина ги омаловажуваме луѓето кои работат во тие институции кои се професионалци и навистина си ја потценуваме нашата држава и се она што е изградено досега како институции во Република Македонија. Само за потсетување, ќе ве потсетам на вчерашната, односно завчерашната изјава на портпаролот на Мањели кој јасно и

недвосмислено јавно кажа дека го поздравува воспоставувањето на правниот поредок и владеењето на правото во врска со овој случај од страна на институциите и Владата на Република Македонија.

Сигурно не се сомневате дека Владата и врз него извршила политички притисок или евентуално го корумпирала тој господин.

Наредно прашање за кое опозицијата обвинува во оваа иницијатива за доверба е всушност она со што се манипулира и работи во корист на сопствената штета, сопствената заедничка штета на Република Македонија, а тоа е НАТО. После објавувањето на веста дека нема да се одржи Самит за проширување на Алијансата во 2008 година, опозицијата побрза да ја изрезили Република Македонија и да ја обвини Владата дека таа е виновна за тоа. Навистина со невидена леснотија и не баре скокајќи од радост, ги извртеја фактите и направија приказна за неуспехот на Република Македонија, и покрај тоа што сите добро знаат дека во одбраната и безбедноста Република Македонија со реформите стигнала најдалеку. Притоа, се разбира, пропуштија да објаснат како е можно таквата одлука да се однесува истовремено и на Албанија и на Хрватска, меѓутоа, за тоа да биде единствено да биде виновна Владата на Република Македонија.

Понатаму, дали иницијаторите на довербата знаат како се однесувала позицијата при соопштувањето на таа вест во Албанија и Хрватска или можеби нашата опозиција истовремено не се стави во улога на опозицијата токму и на Владите на Албанија и на Хрватска. Дали со тоа не сваќаат дека навистина ако тоа е толку црна вест за Република Македонија, тогаш тоа се однесува подеднакво и на власта и на опозицијата и дека опозицијата не треба утре со тоа да се гордее, бидејќи тоа ќе биде на нејзина штета ако евентуално биде на власт. Факт е дека Република Македонија не одлучува кога ќе биде наредниот самит на НАТО. Пред некој ден генералниот секректар на НАТО, господинот Шефер, даде опширно прецизно и недвосмислено интервју за македонските медиуми, каде што самиот тој експлицитно кажа дека во врска со ова никој не е виновен во Република Македонија, ниту власта, ниту опозицијата, а напротив, потврди дека останува принципот на отворени врати за следниот самит.

Мислевме дека господинот Никола Груевски ќе извлече поука после неуспесите кои ги нанижа, три пати од СДСМ за три години изгуби на претседателски избори, на референдум, на локални избори, каде уште му ги чекаме резултатите сега, а треба да се напомене дека за сите овие три години додека Никола Груевски губеше, СДСМ и оваа владина коалиција доследно и до крај го спроведе Рамковниот договор, пред се, вклучувајќи ја тука и децентрализацијата и да не набројувам уште што ли не, покрај сите тешкотии, притисоци и политички ризици за губењето на рејтингот, што претставуваше огромна политичка храброст, но и одговорност.

За жал, како што Никола Груевски со непромислените изјави за НАТО, така претходно и наштети и на Република Македонија со пропаднатата иницијатива за иницирање референдум за неменување на уставното име на Република Македонија. Навистина таквата политика не само што е штетна за Евроинтегративните процеси, туку директно е опасна и поразителна за граѓаните на Република Македонија, затоа што Никола Груевски се дрзна со референдум и посака да одлучува за идентитетот на минатите и идните поколенија во Република Македонија. Нуе тогаш изјавивме и сега го повторуваме прашањето и отворено се сомневаме, дали по овој пример утре можеби истиот Никола Груевски нема да го отвори прашањето за границите на Република Македонија и за територијалниот интегритет на Република Македонија, како што тоа, кога беше најтешко и кога беше актуелно во 2001 година, како министер за финансии во таа Влада која беше на власт ниту се огради, ниту го осуди.

Токму затоа, на крајот, оваа Влада треба да добие поддршка и доверба, за да застане на патот на таквата лоша политика која ја води Македонија назад и претставува алтернатива за Република Македонија која може да ја одведе во пропаст. Да знаеше, но и да можеше, да имаше концепт, со таквата политика Никола Груевски ќе останеше на власт. И затоа сега му порачуваме да не се однесува како никогаш да не бил на власт и како никогаш да не ја сносел одговорноста за Република Македонија.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам за точно темпираниот говор и обраќање од 20 минути.

Имаме три реплики. Јас ќе дозволам, и тоа е максимум, да не го руши сега опозицијата концептот околу репликите на пратениците.

Репликите ќе ги продолжиме после паузата.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

(Пауза)

(По Паузата седницата продолжи во 15,00 часот).

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски, има уште една минута, можеме ли со вашата реплика да почнеме.

Господинот Кондарко е тука. Добро.

Повелете господине Караџоски, три минути реплика.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе.

Најнапред морам да кажам дека навистана е вака неубаво да се дава реплика после еден час пауза, се губи од ефектот, но што да се прави, тоа е. По тоа се идентификувате.

Би сакал на госпдонот Кондарко да му реплицирам и навистина ми е на некој начин жал, што искрено очекував многу повеќе од

господинот Кондарко. Очекував овде да настапи како пратеник, а не како потпарол на СДСМ. И очекував да се занимава со документацијата која што, како пратеничка група имавме прилика и шанса да ја искажеме преку господинот Краљевски. Меѓутоа, очигледно дека господинот Кондарко слабо е припремен да одговори на она што е напишано во Интерпелацијата, односно барањето на доверба, така да може да се послужи, да го покрие со неговите последни прес конференции. Од овде би му упатил на господинот Кондарко една сугестија.

Господине Кондарко, занимавајте се вие повеќе со проблемите во СДСМ. Нас како ВМРО-Народна, а веројатно и ВМРО-ДПМНЕ, повеќе не интересира каква е состојбата кај вас. Нашето заврши. Како е кај вас. Сакам да ве упатам на тоа да поведете сметка и да се преброите тука колку сте Бучковисти, колку сте Бранковисти. Тоа ја интересира македонската јавност, а искрено и мене. Значи, тој проблем гледајте расчистете го, затоа што како иде време убаво е да ја знаеме бројката. Можеби оваа доверба на Владата што ја поднесовме е со таа цел, ако не ви е јасно. Да видиме колку се Бранковистите. Тоа е едната работа. Во својата дискусија господинот Кондарко спомнавте, направете разлика, да направиме разлика. Потоа, мене ме радува ако го користите нашиот слоган, направете разлика. И ако седнеме да ја правиме разликата, вие сте далеку од нас. Значи, можеби, и тогаш не беше сјајно, ама полошо од ова нема. Тоа ќе ви го кажам кога ќе дискутирам. Не ми беше јасно, кои се тие четири очи, кои се тие непосредни спогодби. Јас ќе наведам неколку примери. Прв пример, како е продадено земјиштето на турскиот бизнисмен Рахман Кочо. Објаснете ми. За изградба на трговскиот центар Рамстор. Еве случај со Скопски Пазар, како е продаден плацот во центарот на Скопје од господинот Буџаку. Како е извршена набавката во случајот Пелинце. Дали е тука користен тендер и сето она за кое што зборувавте, или тука се четири очи, непосредни спогодби и така натаму. Сакате ли уште да ви редам. Има многу.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Господинот Кондарко една минута.

**Борис Кондарко:** Господине Караџоски рековте дека сте очекувале повеќе од мене. Јас не очекував повеќе од вас во репликата.

Втора работа, многу нешто спомнувате портпарол во неколку наврати на комисии. Очигледно се обидувате да бидете мој портпарол. Навистина интересно, со оглед дека сте познат шегаџија и самите си рековте, вашето навистина заврши. Во однос на разликата, ние навистина, сакаме да се разликуваме од вас и се разликуваме.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Србиновски иамте реплика? Повелете три минути.

**Илија Србиновски:** Благодарам почитуван претседателе.

Дел од репликата господинот Жарко ми одзеде, меѓутоа, репликата ќе се однесува на господинот Кондарко со тоа што неколку пати во неговиот говор спомна за митингот на ВМРО-ДПМНЕ.

Јас ќе му одговорам, зошто се направи митингот на ВМРО-ДПМНЕ пред Владата на Република Македонија, затоа што имаше таму 50 илјади граѓани незадоволни, а со тоа ја кажуваат довербата на Владата на Република Македонија.

Значи, ние ако направивме митинг на друго место, тие ќе кажеа дека воопшто не сме направиле митинг. Значи тие 50 илјади луѓе што беа собрани пред Владата на Република Македонија не се признаваат, токму за тоа му реплицирав на господинот Кондарко.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Една минута господине Кондарко.

**Борис Кондарко:** Господине Србиновски како олеснителна околност, ќе ви го сметам тоа што верувате во сопствените лаги.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Бонева имате три минути реплика.

**Силвана Бонева:** Господине Кондарко од вашето зборување, единствено можеше да заклучиме дека имате проблем со соочување и воспремање на реалноста. Не е на дневен ред, ниту митингот на опозицијата, ниту пак на дневен ред е интерпелација на Никола Груевски, како премиер на опозицијата. Такво нешто нема во демократските земји, ќе се согласите. Дали мислите дека ќе влеземе во НАТО, само затоа што премиерот, самиот неовластено се прогласи за портпарол на НАТО, па речиси една година изјавуваше дека во 2006 година ќе станеме членка на НАТО.

Влезот во НАТО не зависи само од реформите во одбраната. Белким ви е јасно дека без владеење на правната држава и почитување на сопственоста, без странски инвестиции, сигурно ќе нема и НАТО. Бидејки што ќе чува НАТО во Република Македонија. Белким не очекувате НАТО во Република Македонија да ја чува арогантноста и самобендисаноста на СДСМ.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Кондарко имате една минута реплика.

**Борис Кондарко:** Благодарам госпоѓо Бонева, ова навистина личи на ВМРО-ДПМНЕ, со тоа што забележувам дека кај вас е тенденцијата, сакате да бидете портпарол да му помогнете на Бициклиски.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Да не го расипувам впечатокот. На дневен ред не беше ни Црвенквоски, ни Хари Костов, а сепак се спомнаа, а вие тоа го премолчавте, не направивте процедурално, кога беше воведното излагање.

Господине Џезири имате пет минути да го кажете својот став.

**Џезаир Шаќири:** Благодарам господине претседател, господине претседател баравте, но репликата има само три минути, имајќи предвид

дека како пратеник на опозиција имам право како другите партии да го изразам своето мислење во однос на оваа интерпелација на Владата. Од таа причина и барав збор, всушност процедурално.

Би сакал да кажам неколку кратки зборови околу барањето на опозицијата за доверба на Владата. Јас како единствен пратеник од НДП ќе кажам отворено дека нема да дадам глас за доверба на Владата, ниту на ниедна друга влада, доколку, можеме да се вратиме малку и во минатото и во поранешните години. Ќе се обидам да ги образложам причините, зошто не би гласал за доверба на Владата. Сите ние знаеме дека проблем на оваа држава е дека корупцијата е на највисоко ниво. Поаѓајки од чуварот во некое минситерство, до заменик минситрите, до претседателот на Владата, до претседателот на државата. Ние ќе ја пдоржиме онаа Влада која што ќе има смелост, ќе се осмели да бара од своите министри да немаат имунитет во однос на корупцијата. Значи да бидат слободни да ги повикаат за најмали сомнежи за корупција. Добро знаеме дека секој граѓанин, било да е Албанец, или Македонец, Турчин, или друг, секогаш кога имале потреба да завршат некоја работа, во било кое минситерство, во сегашноста или во минатото, меѓутоа, верувам и во иднината, ќе треба да има познат, или корупцијата е на највисоко ниво. Поаѓајки од тоа што секој бизнисмен, било како трговско или градежно претпријатие, не може да добие ни еден тендер, ако не плати 10% во едната или во другата влада. Ние како опозициона партија што никогаш не учествувала во Влада, може да го кажеме ова, а не оние партии кои што биле на власт, или пак се на власт. И највистинскиот, најдобриот пат е зачленувањето на Македонија во евроатланските структури е ова дека ние еднаш за секогаш, треба да се бориме против корупцијата. Таа Влада која што ќе се осмели вистински да се бори, или нејзините минситри да не бидат недопирливи од страна на судијата, судството, за корупција, таа Влада ќе ја има и нашата доверба и воопшто, довербата на целиот електорат. Инаку, ние само настојуваме да направиме овде некој политички маркетинг, како што верувам и електоратот непсоредно ја следи оваа седница и гледа дека ова се само партии на политички маркетинг од страна на позицијата и опозицијата. Проблемите се големи и се многу. Тие се нагласени и ќе бидат нагласени. Јас нема да навлегувам во детали. Ние нема да може да и дадеме глас на доверба на оваа Влада ниту на ниедна друга влада, се додека навистина, не се бориме против корупцијата. За корупцијата имаме што да говориме, навистина, многу се зборуваше и имајки го предвид тоа дека времето ни е ограничено, земав на процедурален начин збор и нема да ви одземам многу време. Сепак, корупцијата е од оној момент кога се случија изборите. Политичките партии кои што беа на власт имаа толку пати на располагање, што дозволија во последните 24 часа пред изборите да се пуштат толкави суми на пари да се полнат кутиите, или да се купат кутиите. Оттогаш, почнува корупцијата се до високо и највисоко ниво или до највисоките личности на оваа Влада. Така што,мене ми изгледа, верувам и на сите граѓани на Република Македонија кои штоја следат оваа седница дека ова е некој вид на фарса, на политички маркетинг за едната и другата страна, значи и за позиција и за опозиција, меѓутоа, ние можеме да го дадеме гласот на една сегашна или идна Влада, само тогаш кога тие ќе се осмелат да го одземат имунитетот на заменик минситерот или министерот и дури на премиерот или Претседателот на државата, да не бидат недопирливи. Треба да има малку повеќе смелост, идните влади кои што ќе дојдат, овие работи да ги практикуваат. И министерот и заменик минситерот и пратеникот да не бидат недопирливи од страна на правдата. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

По листата договорена сега на ред е господинот Илија Србиновски.

Повелете господине Србиновски.

**Илија Србиновски:** Благодарам почитуван претседателе, почитувана Влада, почитувани пратеници.

Пред малку јас кажав дека како ВМРО-ДПМНЕ и како прв говорник за оваа Интерпелација од ВМРО-ДПМНЕ, кажав дека ние одржавме митинг заедно со опозицијата и тој митинг претставуваше за недоверба на Владата, некаде околу 50 илајди граѓани, кои навистина, го искажаа своето незадоволство пред Владата на Република Македонија.

Од тие причини, сакам да ви кажам дека за овие три години се смениja доста влади во различни состави, различни личности, разменети во различни минситерства, а без да се земе предвид дали тие се компетентни, или не. Во нашиот партиски договор е партиски договр и затоа луѓето што се мераклии да бидат минситри, но и оние од втор и трет ешалон се нафатија само да дочепат некоја фотеља, затоа немавте избор, затоа немавте ниту успех. Се наместија партиски кариеристи, да неречам и друго, кои што само ја имаа во Владата онаа парола, "треба да знаеш, треба да можеш".

Таквата структура, очигледно, за овие три години даде и лоши резултати. Никаков напредок во економијата, во стопанството. Напротив, сите состојби само направија проблеми, а никао да ги решат. Останаа многу отворени прашања нерешени и често пати во отсуство на план, визија, ја слушаме познатата парола "како тие не заслужуваат одговор". Зарем важни стопански теми и важни стопански дејности, кои што се основа за напредокот на државата, а кои што тонат во пробелми и за кои што се бара излез од оваа стопанска и економска пропаст, навистина, не заслужуваат одговор. Без разлика на вашите статистички податоци, каков е порастот на индустриското производство, или на други стопански гранки, очигледно е дека стопанско-

економскиот развој забележува дегресија. Забележува дегресија, бидејки немавте план, немавте визија и останати програмски активности за решавање на овие проблеми. Всушност, тоа го чувствуваат и граѓаните, тоа го чувствуваат и стопанствениците.

Сакам да ви кажам дека за овие три години, три пати ги сменивте раководните лица на Заводот за државна статистика, почнувајки прво од господинот да не го именувам, го навредивте, демек тој не знаел да води правилна методологија при собирање на платите. Па уште еден друг господин не знаел да ја води статистиката, па сега на крајот моментално доаѓа некоја госпоѓа и т.н. Сакаме да ви кажеме дека сите беа добри и дека не е проблемот во нив, туку проблемот е во самата коалиција помеѓу двете партии и сојузот со лицемерие и сила договорени да правите вештачки влади и бранувајки ја стручноста на личностите и плано ти програмата во визијата која што ја дадовте на предизборните ветувања. Ништо не сте направиле до сега. Само фрази и ветувања, како она што е хит на годината 2006, ќе не примат таму, а 2010 таму. Сто пати истата фраза, меѓутоа не слушаме сериозни аргументи со какви планови, реформи ќе не примат. Спрема нивните закони и критериуми треба да се прилагодиме на стопанисување и живеење и се она друго што го бара Европската унија.

Сакам да ви кажам дека до сега џабе сте се мачеле, а и го малтретиравте народот со вашите фрази и приказни, поготово последната година во која што и обичен граѓанин и оној што живее на село и работи на земјоделие во тоа не ви верува.

Затоа, оваа година, скоро во сите градови забележуваме негодувања, штрајкови, револт спрема власта. Луѓето не го бараат она што го ветувате. Тие бараат услови за работа. Не само што ги немаат, туку и неочекуваат дека вие нешто ќе нарпавите за да создадете амбиент за работа и подобри услови за живеење.

Ваквото тврдење би го образложил со следните факти: целосно го уништивте земјоделското производство, бидејки се сеќавате минатата година во месец јуни со Одлука на Владата беше планирано откупот на пченицата 10,5 денари плус 0,5 за превоз. Тогаш ние реагиравме. Знаевме дека ќе ги излажете земјоделците. Оттогаш помина една година и времето покажа дека навистина било така. Но, оваа година поминуваме уште полошо. Ниту гарантирана цена, ниту план за откуп. Едноставно речено, државата ги заборави земјоделците. Напротив, пченицата не се откупи и уште стои во амбарите и земјоделските производители останаа без обртни средства. Едноставно речено, ги излажавте луѓето.

Поплавите што настанаа минатата и оваа година, направија големи штети, а најголеми во земјоделието. Сите се сложивме да донесеме закон уште во јуни за да се сопре една бруто дневница од вработените, но и од пензионерите за да им се помогне на настраданите подрачја. По тој закон се собраа 9 милиони евра, народот се солидаризира и се направи вистински потег. До сега се исплатени само 7% од поплавените подрачја, па ве прашувам каде се останатите пари, зошто парите од граѓаните не ги дадовте за граѓаните и земјоделците. Едноставно луѓето ги излагавте. За тоа не требаше никаков план ниту експертиза, доволно беше по списоците и извршените проценки на терен парите да се поделат.

Што се однесува до ова прашање беше констатирано дека одводните канали треба да се ревитализираат. Се одобрија пари, но до ден денес ништо не направивте. Ве прашувам вас лично како премиер, бидејќи бевте токму во Струмица и се прогласивте за министер за земјоделие во сенка. Демек толку многу направивте за земјоделието и толку многу се грижевте за струмичкиот регион, па ве прашувам лично вас премиере колку од одводните канали во струмичкиот регион се ревитализирани и дали тоа што е направено е доволно во случај ако паднат 30 милиметри воден талог дожд нема пак да има поплави.

Што се однесува до останатите региони ништо не направивте. Слична дури и полоша е ситуацијата во гевгелиско, валандовско при што се доделени пари по строго партиски клуч зависно каде и како. Некаде 6 илјади денари, некаде 12 илјади денари, некаде 20 денари, тоа покажува потполна нетранспарентност спрема населението односно поделба на народните пари.

Стручните комисии работејќи ги тие извршија свои проценки, а вкупните направени проценки, штети им е поделено само 13%. Секако тука е забележливо пријателско партиска доминација при поделбата и распределбата при што сумата на пари е чувана осум месеци во Комерцијална банка Гевгелија поделена пред самите локални избори.

Не би сакал многу вакви примери да давам затоа што имам повеќе примери, не би сакал сега да се задржувам користејќи го времето, но таквите примери со партиски махинации имам уште многу да ви кажам, меѓутоа, народот многу добро знае, но извршната власт очигледно се обидело невешто да ги прикрие.

Едноставно земјоделските производители ги потеценувате. Тие се чувствуваат деморализирани и немаат волја за работа. Тие не чувствуваат дека постои Влада, дека постои држава затоа вие како коалиционен партнер во оваа стопанска дејност не сте направиле ништо ниту имавте план и визија што уште за една година ќе направите. Напротив, вашите министри се многу мераклии за увоз, увезуваат пченица, грав, леќа, овошје и уште што не што може да се произведува во Република Македонија. Тоа покажува дека вие работите без долгорочен план и визија, немате развојна програма како да заживее производството, а за увозот се

оправдувате најчесто демек сме биле потписници за слободна трговија со Светската трговска организација. Тоа е добро, меѓутоа, до сега не покажавте активности и програма како да се заштити домашното производство. Зарем сте ја заборавиле Програмата на ВМРО-ДПМНЕ 1998 година "Да купуваме домашни производи". Напротив, големи активности се покажуваат на тендерите кога треба да се увезе контингент со сомнителен квалитет и најчест е договорот помеѓу фирмите од коалиционите партнери. Наместо да дадете развојна програма, реформски активности за заживување на земјоделието и други програмски активности со кои нашето земјоделие ќе заживее и ќе го фати вистинскиот правец кон тенденција за приклучување кон Европската Унија. До сега не видовме реформи. Не почуствувавме некаква програма. Фалењето од Радмила Шекеринска и нејзините компањони дека ги добивме прашањата и сега ги одговараме нема ништо позитивно да ни донесат. Тоа ме потсеќа како средно вечерно училиште, одговори ги прашањата и работата е завршена. Сакам сите да ве убедам дека поставените прашања ништо не значат ако не отпочнат правите реформи.

Вие како коалиција тоа неможете да го направите. Не знаете тоа да го направите. Не сакам да спомнам еден господин кој вели треба да знаеш, треба да можеш, а вие ниту знаете, ниту можете. Уште една година ќе ја упропастите државата и целата економија.

Вашите коалициони партнери од ДУИ за сега држат одредени територии под шуми и два резервати каде ЈП - Македонски шуми не може да врши експлоатација. Зарем тоа не е алармантен податок, зарем постои разлика на узурпација на околу 20% од шумскиот фонд и блокадата на дел од Скопје односно селото Кондово.

Господине Кондардко како вие ќе го објасните на вашето гласачко тело колку да фразирате, колку да го лажете народот, народот постепено губи доверба во вас.

Законските проекти што ги донесовте последните две години се изгласаа благодарение на вашето мнозинство, тие не беа добри. Лошо направени без експертиза и покрај нашето укажување со предложени амандмани и членови тие не беа прифатени. Таквите закони нас не вратија назад најмалку две децении. Лошо донесените закони негативно се одразија во земјоделието, шумарството, водостопанството.

Се сеќаваме оваа година кога го донесовте Законот за водостопанство и Законот за управување со води при што веднаш се почуствуваа негативните последици на терен. За пет месеци се растурија сите водостопански организации. Едноставно се што беше градено последните пет децении, за пет месеци се растури.

Дали знаете вие како Влада дека овие денови спрема земјоделскиот календар интензивно се вршат подготовки за почеток на есенската сеидба на разни житни култури. Ве прашувам кој акционен план го имате, која програма ја имате за сеидба или сеидбата на оваа важна стопанска култура која има и стретегиско значење ќе се изврши исто како лани спонтано без план, без помош и субвенции од државата. Ваквата состојба нас не доведе во ситуација зимскиот период да бидеме зависни од увоз на пченица за прехрана на луѓето и прехрана на добитокот. Напротив, овие денови слушаме дека интензивно се увезува брашно од Босна и Херцеговина за кое одобрение за увоз дава Министерството за економија без да се консултира со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а некој кој потполно го нарушува пазарот за брашно и им пречи на мелничарите да направат среднорочен план за откуп на домашната пченица. Ова е многу важен податок кој јасно укажува дека ресорните министерства меѓу себе немаат никаква координација и затоа Владата лошо работи.

Немате координација, немате резултати и затоа како Влада не ве бива.

Затоа предлагаме до наредните избори да се формира барем една експертска влада.

Состојбата која е многу неповолна за лозарите за откупот на грозје како и сите проблеми што настанаа ги создадовте вие како Влада. Точно е тоа дека Владата не е трговско друштво па да откупува, меѓутоа, Владата мора да има план и стратегија да се грижи за домашното производство, да изврши планска реализација на откупот и да создаде спој помеѓу земјоделските производители и преработувачките капацитети. Не знаете да ги искористите директните и индиректните владини мерки за да ги решите овие проблеми. Луѓето се целосно револтирани како од Владата така и од вашиот доскорошен советник Свето Јаневски кој сеуште должи околу 9 милиони евра на државата за винарската визба "Тиквеш" со која стопанисува две години. Не само што не ве бива да одберете добри министри, туку не ве бива и да одберете добри советници.

Се чудиме како може во Владата да имате такви советници кои на самата Влада и должат пари, а за овие две години со неговото плеткање во лозаро-винарскиот бизнис направи вистински хаос. Лозарите се тотално разочарани бидејќи не им се плаќа трудот, не се цени нивниот производ дури се чудиме како може Владата да биде толку пасивна за оваа важна стопанска гранка.

Сите тие луѓе што работат земјоделие, оние што произведуваат пченица, грозје, јаболка, немаат доверба во оваа влада и оние кои постојано се поклонуваат и оние што оваа година ги зафати град и невреме а не им се покрија штетите или други државни олеснувања,немаат доверба во оваа влада. Едноставно речено не можат да ја осетат владата, не можат да осетат дека постои држава која мисли малку на нив.

Селата ги заборавивте. Никаква програма, никакви активности, едноставно се упропасти и

она што го имаше. Ве прашувам која програма ја направивте и што направивте за руралниот развој, за развој на селските населби и нивно заживување за подобрување на условите за живот или за искористување на различни можности што ги пружа одредено поднебје во Република Македонија.

Само да ве потсетам дека од добиениот прашалник втората половина од Глава 6, 7 и 8 се однесува токму на овие прашања и проблеми кои сега ги потенцирав. Тоа е нашата предност за да се доближиме до Европската Унија, а вие на овие важни работи до сега не сте обратиле внимание. Затоа како коалиција не ве бива да составите влада која може понатаму да опстане, можете да се мачите уште многу време со различни измени, реконструкции, замена или промена на одредени личности.

Почитуван премиере, уште еднаш да ви кажам и да сакаме да влеземе во Европа, во Европа со празни стомаци нема да не примат. Во НАТО со празни стомаци нема да не примат. Основно е на замјоделието, вие гледате самите од самите прашалници дека повеќе од процентите се само за земјоделието. Без земјоделска гранка, без развој на земјоделието нема држава, нема Влада.

Оттука почитуван премиере треба да ни заминете, алармантно беше со самиот митинг пред самата Влада и оваа трета или четврта интерпелација мислам дека го заслуживте црвениот картон и сами треба да предложите предвремени парламентарни избори.

Затоа нема да гласам за доверба на оваа Влада.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Има реплика заменик министерот за земјоделие.

Повелете 3 минути.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам претседателе,

Мислев дека господинот беше подрачен министер и мислев дека знае нешто повеќе за поддршка во земјоделието и во тој период кога тој беше подрачен министер најверојатно од политички причини прикажа една друга состојба. Јас нема да кажувам бројки само ќе споредам за да биде попрегледно.

Во 1999 година буџетот на земјоделието беше 545 милиони денари.

Во 2000 година кога беше ВМРО на власт беше 678 милиони денари.

Во 2001 година 805 милиони денари.

Во 2002 година 815 милиони денари.

Во 2003 година 885 милиони денари за да во 2004 година 1.493.000 денари или во 2005 година 1.446.000 денари. Сега направете споредба чиј буџет е поголем дали буџетот кога СДСМ заедно со коалицијата на власт или кога беше ВМРО на власт.

Или да го поткрепам со поддршка во земјоделието. Програмата за поттикнување на земјоделието цело време додека беше ВМРО-ДПМНЕ се движеше некаде 244 милиони денари. Поддршка се даваше само за женско јагне и само за извоз на јагнешко месо и парите се даваа на трговските претпријатија кои се бавеа со тоа. Земјоделците не успеаа ни еден денар ниту премија добиле за тој период за сите 4 години додека беше ВМРО на власт ниту некаква друга помош.

Само да ви кажам сега од 2004 година па наваму сите земјоделци добиваат за јачмен, пченка, сончоглед, шеќерна репа, овчарство, краварство, свињарство, живинарство, парите ги добиваат лично и тоа дома по пошта. Тоа е нов начин, нов европски метод се разбира по хектар така како што прави цела Европа и сите други развиени земји.

Поддршката во однос на тоа кога беше ВМРО на власт и кога е СДСМ на власт е зголемена директната поддршка за 173%, не индексни поени. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута контра реплика за господинот Србиноски.

**Илија Србиновски:** Благодарам претседателе, заменик министерот се обидува да ја излаже македонската јавност. Зборувам за земјоделието. Тоа го знае целиот народ во Република Македонија кога беше ВМРО-ДПМНЕ каков благодет виде за сите култури. Еве нека каже сега, ние тогаш ја плативвме 13 денари пченицата, а сега нека кажат тие колку ја платија, дали ја откупија, дали мислат да ја откупат и дали мислат да ја платат. Само толку да кажат. Тоа е еден пример, а имаме илјадници примери дека земјоделието е во хаос, дека оваа Влада не ја бива за земјоделие, тука нема лутење, пред фактите молчат и боговите. Тоа е точно. Оваа Влада нема осет за земјоделие. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Со ова последното дека пред фактите и боговите молчат се согласувам, а со другото не.

Повелете госпоѓице Шекеринска, имате три минути реплика.

**Радмила Шекеринска:** Претседателе, се надевам дека пратеникот сега ќе молчи и пред овие факти, бидејќи тврдеше дека во периодот од 1999 до 2002 година виделе благодет во земјоделието, сега ќе ви покажам еден податок кој потврдува дека благодет виделе, но само малкумина, тие кои претпоставувам како колегата биле подрачни министри или други функционери во администрацијата.

На пример еден од податоците кој моравме да го испратиме до Брисел беше дека во овој период од три години значи од 1999 до 2002 година премиите кои се исплаќани за пченица растеле од 117 милиони до 387 милиони притоа премијата останала иста, а производството се намалувало. Кој математичар ова им го пресмета на луѓето во Министерството за земјоделие, тогашно, мислам подрачно Министерство или некој од фондовите, навистина незнам, меѓутоа знам дека Државниот завод за ревизија констатираше дека овие 387 милиони исчезнале

мистериозно и во ниеден момент не стигнале таму каде што требале да стигнат, а тоа е до производителите на пченица и земјоделците.

Е, пред оваа вистина се надевам дека и вие и другите ваши колеги ќе замолчите.

На крај, бидејќи гледам дека читате само пишани памфлети, претпоставувам дека не сте стигнале да прочитате една убава мисла на еден нобеловец. Андриќ рекол во една прилика дека знае еден човек кој за сите работи кои не ги знае и не ги познава секогаш може да каже по еден лош збор. Вие денеска го демантиравте Андриќ и покажавте дека за работите кои не ги знаете и не ги разбирате знаете многу лоши зборови да кажете. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Само една забелешка, немојте госпоѓице Шекеринска кој математичар, туку кој економист, поадекватно е. Математичарите не се занимаваат со таа работа, туку економистите.
Повелете господине Србиноски една минута.

**Илија Србиновски:** Почитувана Радмила, видете да ви кажам, мислам дека земјоделието не го знаете и не се разбирате во земјоделието. Гледајте си ја таму евроинтеграцијата. Не се мешајте во земјоделието. Јас ги кажав правите факти за земјоделието. Сите премии се платени и народот виде благодет кога беше ВМРО-ДПМНЕ. Од таа влада виде благодет. Вие немате слух за земјоделието.

**Љупчо Јордановски:** (Премиерот бара реплика)

Има едно правило кога ќе почнат репликите нема повеќе пријавување за реплика. Премиерот има ексклузивно право и затоа ќе му дозволам, а на другите министри не. Но, добро, пратениците ги знаат правилата, а министрите не, тогаш кога ќе почнат репликите нема пријавување, бидејќи ќе се надоврземе реплика на реплика.

Госпоѓо Ивановска, бидејќи има еден начелен договор еден од пратеничка група да даде реплика. Повелете госпоѓо Ивановска, имате три минути реплика.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе,

Навистина после ваква дискусија бев во дилема дали да се јавам за збор, меѓутоа колегата Србиновски одржа еден таков говор, незнам како да го наречам кои зборови да ги употребам за тој говор, меѓутоа, крајно несериозен настапи со ваква дискусија за гласање на доверба на Влада. Без аргументи, со прости фразеологии.

Кога ја спомна Струмица прво да го прашам дали воопшто бил во Струмица и дали ги знае состојбите во Струмица. Јас живеам во Струмица и ги знам состојбите.

Ги спомна поплавите. Се раправаше веднаш по поплавите. Ресорните министри Владо Поповски и господинот Јанев веднаш наредниот ден ги посетија сите поплавени подрачја за да на лице место се уверат.

Неодамна во Собранието ние како пратеници го разгледувавме Извештајот за преземените мерки во поплавените подрачја. Изгласаната дневница секако беше насочена и таму во Извештајот можевте барем некоја бројка да кажете. Со бројки беше кажано каде се употребени парите, а не дека ништо не е направено.

Во општина Струмица после поплавите е преземен најголемиот проект кој од 50-тите години не е преземен, тоа е Моноспитовскиот канал, чистењето на каналот кои средства се одобрени, тендерот е распишан и претстои чистење на каналот што беше една од причините за поплавите.

Нема да должам, има и други причини за Моноспитовскиот канал, тој е еден од најголемите проблеми за поплавувањето во Струмица како и браните и регулацијата со браните.

А за патот на Македонија кон Европската унија, како пратеник, жално е да покаже толку непознавање на процесот на евроинтеграциите. Прашалникот го сведе на обично школско испрашување. Прашаланикот е еден од инструментите за снимање на институциите, капацитетот на државата во процесот на интеграциите. Исполнувањето на прашалникот го вулгализира на најнедостоен начин за Република Македонија, затоа што процесот за евроинтеграција е процес што се води внатре и надвор и тоа е процес што го покриваат повеќе влади. Отпочнат е после осамостојувањето на Република Македонија, процес што го водеше и ВМРО-ДПМНЕ, па затоа го сметам крајно штетен за Република Македонија и недостоен за еден пратеник да покаже такво непознавање на процесот на евроинтеграциите на Република Македонија. Можеме во ваква прилика и во вакви дискусии да покажеме малку повеќе достоинство кон државата и, секако, дискусиите на пратениците се следат и тоа достоинство се чита од сите дискусии, без оглед кое ниво е на дискусијата.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Србиновски, не пропуштајте прилика, повелете, една минута.

**Илија Србиновски:** За разлика од колешката, јас имам минута да одговорам, не ќе можам толку кратко, но само што рече дека размислувала дали да се јави или да не се јави.

Мислам дека сосема погрешно се јави, затоа што таа од земјоделието нема поима, ништо не разбира и затоа не кажа ништо. Таму ниту еден метар, ниту еден канал не е очистен. Јас сум во Струмица повеќе од неа. Секоја недела одам во Струмица, таму во Струмичкиот реон. Јас сум пратеник и од тој реон. Значи пак ја излажа таа македонската јавност.

За евроинтеграцијата, па ќе ви одговорам и тоа, колку време вие заедно, како коалиционен партнер со СДС ќе лажете? Дали и вие ќе лажете кога ќе влеземе во Европа? Со вакви како вас, со ваква Влада, со Вас ќе влеземе во Европа? Никогаш нема да влеземе со Вас. Тоа е.

**Љупчо Јордановски:** И господинот Пунков од СДСМ, една реплика. Повелете.

**Владо Паунков:** Благодарам претседателе.

Јас, исто така сум должен да реплицирам на делот што се однесува за поплавите, јунските поплави 2004 година.

Во Општина Богданци, Општина Дојран, Општина Валандово, Општина Гевгелија, ниту граѓаните од овие општини, сето ова што го кажавте во врска со надоместокот на штети што го направи Владата, знаат дека е невистина.

Меѓутоа, граѓаните на Република Македонија кои го слушаат овој пренос, сакам да им кажам дека до сега овие општини не наишле на таква ефикасна влада што реагирала толку брзо и ги отстранила сите штети во овие општини. Слободно можам да кажам дека нема непоправен мост, неизграден пат, неисчистен канал и други хидротехнички објекти што не се поправени, не се доведени во онаа состојба во која што треба да бидат.

Од тие причини ја користам оваа можност да се заблагодарам на Владата на Република Македонија од името на сите овие граѓани кои ја примија помошта за штетите што настанаа од поплавите.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господинот Србиновски очигледно не мисли така. Една минута за контра реплика, повелете.

**Илија Србиновски:**Ќе бидам пократок од една минута.

Господине Паунков, колку што знам јас се движам таму и со колегите таму што се движиме знам дека нема ниту едно метро исчистено од каналите. Но, пред малку реков дека имам многу работи да набројам токму за таму, за тој реон, со тие попави што е сторено, како е, каде се потрошени средствата, меѓутоа не е местото сега да се расправаме овде.

**Љупчо Јордановски:** Според договорениот список на редот е претставникот на ВМРО-Народна партија, господинот Блаже Стојаноски.

Повелете.

**Блаже Стојаноски:** Почитуван претседателе, почитуван премиеру, почитуван министре, почитувани колеги пратеници, почитувани граѓа ни на Република Македонија,

Оваа Влада претставува Влада на континуитет од 15 септември 2002 година па наваму и во неа имаме 8 министри кои беа во целиот состав на сите овие влади. Во сите влади на СДС и ДУИ има и повеќе заменици министри кои исто така станаа министри, затоа денеска, кога зборуваме за доверба на Владата на господинот Бучковски, зботуваме за доверба на сите влади на СДСМ и ДУИ, заедно со ЛДП и не можеме да ги исклучиме од одговорноста сите оние кои придонесоа за Македонија да се најде во ваква ситуација.

Сите тие влади се разликуваат само во едноа, имаат различни премиери. Едниот премиер сега е Претседател на државата, другиот премиер беше министер за внатрешни работи, сегашниот премиер беше министер за одбрана. Едно нешто е заедничко-сите тие беа и се или се од ресорот на одбраната и безбедноста, што всушност претставуваше и приоритет на изборната програма на СДСМ што во тоа време ветуваше дека нема да коалицира со ДУИ. Меѓутоа, после изборите ја прифати реалноста, како што самите милуваат да велат.

Меѓутоа, безбедноста не беше единствениот приоритет на сите овие влади. Овие влади, заедно со уште 300 економски стручњаци кои никаде не ги видовме, го ветуваа и следното:

Ветуваа доовршување на процесот на денационализацијата; коалиционите партнери на ЛДП ветуваа намалување на невработеноста и сиромаштијата; се ветуваа зголемување на странските директни инвестиции; се ветуваше дека надворешно-трговскиот дефицит ќе се намали; ќе се зголеми бруто-домашниот производ; се ветуваше сигурност за земјоделските производители; се ветуваше неселективна борба против организираниот криминал и корупцијата; се ветуваше владеење на правото и функционирање на државните институции на целата територија на Република Македонија; се ветуваше враќање на раселените лица во своите домови; се ветуваше одбележување на македонско-косовската граница пред дефинирањето на тогашниот статус на Косово; се ветуваше укинување на визите за македонските граѓани при патувања во странство; се ветуваше влез во НАТО во 2006 година; се ветуваше статус на земја кандидат за членство во Европската унија на Република Македонија.

Еве ви само дел од она што го ветуваше првиот премиер на сите овие влади. За разлика од до сега оваа коалиција нема да функционира по принципот на поделба на сфери, на влијание и одговорност, туку на принципот на поделба на одговорност во сите сфери на одлучување. Со други зборови нема ДУИ да биде гарантот за мирот или спроведување на законот во Тетово а СДСМ или ЛДП во Скопјје или во Делчево. Тешко на таа држава каде поединци или партии ги субституираат државните институции.

За мирот, почитување на Уставот и спроведување на законот и во Тетово и во Делчево одговорност ќе носат за тоа задолжените институции во државава. Одговорноста на политичките партии на Коалицијата "ЗА" и ДУИ ќе биде како тие институции ќе функционираат. Дали тие ќе функционираат ефикасно, одговорно, комопетентно, политички и неутрално и во согласност со правните норми на Република Македонија.

Тогашниот премиер, во своето експозе, како да ја опишуваше сегашната состојба во Република Македонија. Тој велеше:-луѓето губат верба во државата, во институциите и правниот поредок, а

со тоа ја губат и волјата за нивно чување, заштита и одбрана.

Денеска во Македонија, постепено но сигурно се уништува вредносниот систем, системот на морални норми. Секојдневно, со показни примери се брише линија меѓу законито и криминално, морално и неморално, правилно и погрешно. И, што е најлошо, луѓето почнаа да се навикнуваат дека тоа е нормално. Дека е нормално, за да се запиште дете, за да се положи испит, за да се оперира човек, за да се вработи, да се плати. Дека е нормално, за да се добие документ или потврда, за да се обезбеди дозвола или контингент, да се подмачка. Дека е нормално исходите на конкурсите, тендерите и јавните повици да бидат познати уште пред да се распишат. Нормално е и за оној што дава и за оној кој зема. Дури, станува нормално и за некои кои гледаат од страна, кои во тоа не учествуваат, а кои се помалку  осудуваат а се повеќе завидуваат.

Македонија е мала земја и во неа се се знае. Точно се знае кој што работи и колку може да заработи. Јасно е каде завршува способноста и штедливоста, а каде почнува криминалот, злоупотребата и корупцијата. А, за одговорноста, велеше:-"Но она што можеме да го направиме сега, веднаш, тоа е Македонија да добие чесна, скромна и одговорна Влада, тоа зависи од нас, 18 луѓе и од никој друг. Многу пати сум изјавувал дека свеста на нашите граѓани, на нашиот народ е на многу повисоко ниво од онаа на политичките елити и партиските лидерства. И, бидете убедени граѓаните ќе не разберат кога не ќе можеме да решиме некои проблеми што објективно не можат да се решат, но само под еден услов ако се убеденми дека работиме чесно, совесно и за доброто на сите.

Да се биде премиер или министер во било која држава е најголема чест. Нешто што со пари не се плаќа. Нешто што се памети со генерации. Но да се заврши срамно на овие функции е срам што уште подолго не се заборава. Се надевам дека ова што го говорам денеска, кога од овој Парламент ја очекуваме и бараме поддршката за нашиот избор и во нашите глави  и во нашето однесување".

Ова, само колку за потсетување како зборуваше Коалицијата СДСМ и ЛДП при формирањето на оваа Влада и што им ветуваше на македонските граѓани.

И, каде сме сега?

Свесен сум дека некои прашања не заслужуваат одговор. Меѓутоа, денеска сакам да зборувам со факти:

Инвестици во Република Македонија-во 2004 година 105 милиони евра. 200 евра по жител. За споредба, во Романија 3,5 милијарди евра, во Бугарија 1,5 милијарди евра, во Хрватска 844 милиони евра, Латвија со 2,3 милиони жители, слична на Македонија 445 милиони евра.

Невработеност во Македонија-38%, сега и повисоко. Во Романија 6,8%, во Бугарија 12,7%, во Хрватска 18,5%.

Стапка на сиромаштија во Македонија надминува 30%.

Да се задржам малку на економската состојба. Во 2004 година, за секои три американски долари заработени од продажба на македонски производи во странство околу 5 американски долари беа потрошени на увезени странски производи. Со други зборови, во 2004 година Република Македонија направила извоз од 1,7 милијарди долари, а увезла производи во вредност од 2,9 милијарди долари. Тоа претставува покриеност на увозот со извоз со само 58%.

Покривањето на трговскиот дефицит на Република Македонија најмногу се должи на приватниот трансфер што само минатата година изнесуваше 718 милиони долари. Овие странски пари не се доволни да го покријат трговскиот дефицит. Кога ќе се пребие трговскиот дефицит со  приватните трансфери во 2004 година Република Македонија има одлив на девизи што е за 223 милиони долари поголем од одливот во 2000 година.

Надворешниот долг на Република Македонија надминува две милијарди долари.

Покривањето на трговскиот дефицит со дополнителни задолжувања е со долгорочни последици по Република Македонија. Затоа тој можње да се решава единствено со зголемување на  извозот и намалување на увозот.Ова може да се направи само со преземање на мерки од страна на Владата што ќе значат привлекување на насочени странски инвестиции, што ѓе значи зајакнување на конкурентноста на македонските извосни фирми, што ќе даде резултати преку бесцаринскиот увоз на репроматеријали и поттикнување на потрошувачката на домашните производи.

Со ваквата состојба, што ја кажав преку бројки, дефинитивно кормиларите  на бродот наречен Македонија го потонуваат. Ги уништуваат надежите на неговите патницви. Сите премиери и вице премиери н СДСМ и ДУИ не убедуваат дека само што не сме зачекориле во ветената земја. НАТО за нив беше завршена работа. За ЕУ требаше само квалитетно пополнување на Прашалникот.

Правата и слободите на сопствените граѓани, економијата, ефикасноста на администрацијата, самостојноста на судството, неселективната примена на правото, овде да се вратам само како илустративен пример, македонското судство има буџет исто толкав колку што има Службата за општи и заеднички работи во Владата на Република Македонија. За да зборуваме за реформи во одредена област  мора да знаеме и да сфатиме дека требаат пари за таа раота. Впрочем, за тоа се доказ реформите што се спроведуваа во Министерството за одбрана, каде

се зголемки Буџетот зџа реализација на тие реформи.

Понатаму, неселективната примана на правото, коруипцијата, криминалот, слободат на медиумите, сето ова не беше приоритет. Приоритет беше пополнувањето или квалитетот на одговорите во Прашалникот. Како странците да немаат реална слика за вистинските состојби во Република Македонија. Впрочем тоа се гледа и од нивните инвестиции во земјата, преку средствата што ги инвестираат и бизнисите што ги отвораат тука се гледа како тие гледаат на владењето на правото, на функционирањето на институциите, на сигурноста во државата. Каков амбиент за вложување чувствуваат во Македонија? Каква економска клима? За тоа и ми велат-Подобрете го економскиот амбиент. Но, кој тоа да го направи, дами и господа, како што викаше еден пратеник пред неколкук години? Тоа сигурно не е оваа Влада. Тоа не може да се очекува од Влада со докажан потенцијал за контрола на бизнисот, од Влада што лагите и претставуваат Програма за работа, Влада која што спроведе локални избори на кои што некои општини имаа повеќе гласачи од жители, Влада што невработеноста ја намалува со просто бришење од списоците на невработените. Влада што само за три години направи нови 70 илјади невработени, нови 7% од 40 процентната армија невработени. Од нив, 178 илјади невработени се на возраст до 34 години, млади кои немаат вработување ниту виза. Имаат само надеж. Но, не дека ќе се вработат со оваа Влада, туку дека ќе добијат виза.

Вашите најави за економски вложувања не претставуваат нито друго освен маркетинг во пресрет на парламентарните избори во година. Ако беше поинаку немаше со упад во фирмата да се прекине успешното работење на ЕМО, за потоа да се бара стратешки инвеститор што ќе треба да го излекува од загубите направени последниве две години. Ќе ги исполневте лесно дадените ветувања на рударите од САСА, ќе отидевте таму заедно да го прославите Денот на рударите.

Денеска, доколку направевте барем малку од ветеното, ќе имаше слободна економска зона со нови погони во кои многу од вработените со радост ќе ве пречекаа. Но и од тоа ништо. Велшаните се откажаа, сега Писмо со намери ќе потпишуваат Американците од "Џонсонс Контролс".

Министерот за земјоделие, кој од време на време го заменува премиерот, нема време да изврши распределба на 50 илјади хектари државно обработливо земјиште што самите земјоделци во светиниколско го бранат од узурпација.

До изборите до година ќе се изградат уште неколку трговски центри што ќе имаат најголемо влијание за затворањето на трговските дуќани и за потсетување на народот што се не можат да си дозволат да купат.

Македонија е единствена држава каде министерот за култура археолошките наоди и реконструкции ги нарекува фалсификати. А, со тоа, го оправдува вистинскиот фалсификат Пелинце.

70% од сите имоти во Македонија, според Светската банка не се регуларно или воопшто не се заврени во катастарот.

Списоците за прием на студенти се прават во партиските штабови. Студенските домови се во полоша состојба од состојбата во која беа пред 20 и повеќе години. Стипендии се доделуваат на заслужни студенти за интересите на партиите на власт. Македонците идни студенти на Тетовскиот универзитет бараат квоти. Се градат споменици на припадници на УЧК, се вејат знамиња на туѓи држави, се бришат македонците по потекло државјани на Република Македонија, се заборава одбележувањето на денот на независноста, на Илинден. Се преговара и договара со криминалци кои извршуваат политички задачи.Криминалци и терористи ги минираат полициските станици, а државните органи немаат пристап во делови од земјата. Црквата е разнишана од отворените удари од надвор и внатрешната немоќ . Името на земјата се проблематизира. Северната граница не смее да се обележува пред Косово да добие независност. Скоро 40% од населението е дефинирано како сиромаштија, а ист толкав процент се невработени. Не опкружуваат даночни пирамиди, корупција, рушвет на секој чекор. Постојано имаме свадбарски пукотници и луѓето почнуваат да бараат спас во самоубиства. Работниците нестрпливо ги чекаат пензиите на своите стари родители. Синдикатот се занимава со себе си и со контролата на членарината. Струјата, телефонот, парното добиваат повисоки цени, но се помалку се тие што можат да ги платат. Затоа, оваа Влада не ја заслужува довербата на граѓаните на Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Реплика има министерот за труд и социјална политика. Повелете, имате три минути.

**Стевчо Јакимовски:** Прво, господинот Стојановски во неговиот говор рече дека ова денес била земја во која што морало да се даде мито, за да некој добие контигенти и дозволи. Само да му укажам дека контигентите и дозволите се даваат во време на претходната Влада и тие веќе не се даваат, туку се користи клаузула, прв дојден, прв услужен. Значи, нема контигенти, веројатно некој друг говор го има земено тоа.

Второ, дека со просто бришење на невработените, се намалува бројот на невработените. Сега, сакам да му прочитам еден документ врз основа на кој што ние работиме, а е документ од Меѓународната организација на трудот и кој што вели: "Во согласност со Меѓународната организација на трудот и стандардите се вклучуваат како лица невработени на возраст од 15 до 74 години оние

кои што ги исполнуваат следниве услови. За време на извештајната недела не биле на работа". Значи, таму неделно се бара пријавување. Второ, активно барале работа, т.е. презамале конкретна активност за наоѓање на работа. Значи, да донесат доказ дека учествувале на конкурс. Трето, биле подготвени да прифатат работа во извештајната недела или во наредната недела. Тоа значи дека биле упатени, ако биле упатени на работа. Бришени се од евиденција сите оние што работат со договор на дело. Сите оние што работат на проекти, било домашни или странски. Сите оние што се затекнати од инспекцијата, а работат на црно. Исто така, бришени се од евиденција сите оние кои што се упатени на работа, а одбиле да работат. Така, според овие стандарди и се бара од Република Македонија и бришени се од евиденција за она што вие најмногу милувате да кажувате, кои не се пријавиле на денот кога требало да се пријават, а точно се знае час и минута кога треба да се пријават, по еден месец од моментот кога требало да се пријават. За ваша информација процесот на бришење е воведен уште во 1997 година и тој се применувал и во ваше време,само разликата е тогаш кој ќе бил избришан по партиска линија се враќал назад во евиденција или ако си даде рушвет ќе остане во евиденцијата, заради социјалните бенефиции што следат на невработените. Сега, разликата е во тоа што никој не може да биде вратен, затоа што компјутерот по автоматизам го работи тоа што треба да го работи. За ваша информација зголемен е бројот на вработените за 5.000 лица и тоа во стопанството. Оваа Влада во нестопански дејности, во администрација не вработува, а за ваша информација во ваше време се вработени 34.000 луѓе во администрација.

**Љупчо Јордановски:** Имате една минута реплика господине Стојановски.

**Блаже Стојановски:** Се вработиле 34.000 луѓе во администрација, значи дека имало потреба од вработување на лица, а критериумите по кои што ги отпуштавте вие тие лица, апсолутно не одговараат на потребите на јавната администрација. Сведоци сме за сите оценки за неефикасноста на јавната администрација. Меѓутоа, кога зборуваме за бришењето од евиденција. Вие зборувате за лице коои активно бараат работа. Активно бараат работа, според вас, само оние кои не учествувале односно кои учествувале на конкурс, кои одбиле работа и кои се пријавуваат на денот кој е определен со закон. На кои конкурси тие можеле да учествуваат, кога имаат одбиено работа, па единствен критериум според кој се поведувате, тоа е дали дотичниот човек бил во земјата или не бил во земјата на денот, бил болен или не бил болен и дали ги испочитувал тие ваши критериуми кои што единствено значат вештачко намалување на бројот на невработените.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Министерот за внатрешни работи има три минути реплика. Повелете.

**Љубомир Михајловски:** Бидејќи, од повеќе пратеници имаше дискусии само околу бројот на самоубиствата и само на тоа ќе се осврнам. Затоа што, се дава и некоја конотација, заради социјалната мотивираност имаме зголемен број на самоубиства. Прво, да ви кажам дека полицијата не може да контролира колку самоубиства ќе се случат во текот на годината, тоа е малку смешно, меѓутоа тоа е личен акт на сторителите.

Второ, бројот на самоубиствата не е зголемен, туку е многу, многу намален. За да не одам во некои политички димензии само да ви кажам дека во 2000-та година имаме 129 самоубиства, во 2001-та имаме 136, во 2005-та година, сега имаме 104. Значи не давајте некоја социјална сфера на ова, затоа што секое самоубиство кога го истражуваме е повеќе, да кажеме, од психички растројства, а имаме и од љубовни причини итн. Значи, бројот на самоубоствата гледајте го и во периодот кога опозицијата била на власт, бројот бил поголем.

Понатаму, да ви кажам господинот пратеник спомна нешто околу тероризмот и напади на полициски станици. Тероризмот е светски тренд кој што сите го следите како се случува. Тој не е присутен само во Македонија, туку за жал е присутен и во многу други земји. Така, неблагодарно е да се шпекулира дека ова е само појава во Македонија, дека Македонија е толку загрозена. Вие гледате што се случува и во другите земји. Не е добро ова како што го кажувате, би требало да барате интерпелација од другиве влади, да кажеме, сега да не ги спомнувам земјите, би било срамота од мене да го кажам. Ги гледате западните земји каде се случува, побарајте и таму зошто се случува ова.

**Љупчо Јордановски:** Молам за елементарна почит, инаку самите ќе си ја девалвирате интерпелацијата . Јас го чувам рејтингот на Парламентот, а не мојот рејтинг.

Повелете 1 минута господине Стојановски.

**Блаже Стојановски:** Господине министре, јас само ќе посочам само еден пример. Во Прилеп од Фондот за здравство незаконски беа отпуштени од работа 10 лица. Едно од тие лица си го одзеде животот заради проблемите кои ги имаше поттикнато од тој момент. Зборувам за ситуации во кои што луѓе кои неможат да ги издржат овие притисоци кои секојдневно му се случуваат, посегаат и по својот живот. Не реков дека за тоа е виновна Владата за посегањето по нивниот живот, меѓутоа кажувам дека општата ситуација во Република Македонија, апатијата, безнадежноста е фактор кој што влијае во ваквите случувања. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Министерот за култура, повелете министре три минути.

**Благој Стефановски:** Сосема кратко, бидејќи бев споменат околу претпоставувам колегата Блаже Стојаноски чита весници кои ги сака и кои

ги третираат моите изјави, меѓутоа ќе одговорам дека со пиетет се грижам за културното наследство. Тоа е на највисоко ниво на УНЕСКО преку дирекцијата РОСТЕ, преку госпоѓата и директор Мари Пол Родил, Скопје, Македонија е центар на генитализацијата на културното наследство за југоисточна Европа. При тоа, ќе биде организирана министерска средба тука на тие министри под плаштот на УНЕСКО. Значи, околу тие изјави кои се интерпретирани, Прохор Пчински, тоа е дел на идентитетот, Пелинце може да биде реплика, меѓутоа никој нема право да го нарече плагијат. Ние, за разлика од тоа го направивме за да чествуваме на тие празници, но го заштитивме и делото на Блаже Конески, за кој некој го доведе во прашање, сакајќи еден од битните белези на идентитетот на македонскиот јазик да го доведе во прашање. Впрочем, вие тоа во воведовте со прашањето на јазикот. Меѓутоа, јас се грижам за сите цивилизациски придобивки и од сите периоди, за разлика од вашите изјави, точно се одлучуваа некои работи кои што беа уништени. Делот на културното наследство кое што Европа го има на тој начин. Но, сигурно ова е компетентна расправа. Блаже, со вас тоа не можам да го говорам, само ги кажувам и ги нафрлам битните работи кои се на најпрвото место дефинирани и прифатени и Македонија е дел на Советот на Европа, дела на УНЕСКО со највисоки постаменти. И нашите уметници точно по мој предлог, а тоа се оспорува, господинот Трајанов е уметник на УНЕСКО и можеби брзо во ноември како раритет на 20-от век и Тешкото ќе биде заштитено. Тоа го направи овој министер и оваа Влада. Јас не оспорив ништо од идентитетот и за Плаошник за кој говоревме и за кој беше извртена во Дневник изјавата Плаошник низ програмите на Министерството за култура, се даваат толку средства. Проверете оваа година колку средства се дадени за Плаошник. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута, господине Стојановски.

**Блаже Стојаноски:** Господине министре, јас се надевам дека вашите ставови, како што велите, се погрешно пренесени во медиумите. Или пак, ако не е така, тогаш сигурно еволуирате во вашите ставови и јас ќе бидам тој кој што ќе ги поздрави сите дела кои ќе бидат израз на она што сега го велите, дека со пиетет ќе се грижите за културното наследство на Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Гешовски Благоја има три минути реплика.

**Благоја Гешовски:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван претседател на Владата, членови на Владата на Република Македонија, почитувани колеги.

Колегата Блаже Стојановски во своето излагање употреби реченици дека ние не можеме да ги исклучиме сите оние кои придонесоа за досегашната состојба во Република Македонија и дека ние во Република Македонија сите се познаваме, дека се се знае. Јас, апсолутно се согласувам со овие две негови реченици и во контекст на тоа дека никого не можеме да исклучиме и дека сите се познаваме, па ќе се обидам да кажам неколку зборови за времето кога партијата на господинот Стојановски ВМРО-ДПМНЕ беше на власт, а тој како член на таа партија и како полуга на власта учествуваШе во креирањето во практикувањето на власта која ја практикуваше ВМРО-ДПМНЕ. Во тоа време зборовите одговорност и совесност, за жал, за него беа изгледа непознати, бидејќи како претседател на ВМРО-ДПМНЕ во Прилеп и директор на подружницатар ЕСМ во Прилеп, ниту беше одговорен, ниту беше совесен во неговото работење. Можам многу да говорам за ненаменското трошење на средства, за пробивањето на инвестиционите програми за 20, 30 пати долговии кои и ден денеска треба да ги отплаќаат граѓаните преку сметките за електрична енергија. Исто така, тој учествуваше во многу приватизации. Овдека јавно би го прашал која беше неговата улога при продажбата на делови од фабриката МИКРО. Која беше неговата улога при приватизацијата на делови од Прилепската фирма ПОЛИТЕКС. Каде и како ги наплати трафостаниците кои што ги градеше за амбулантата во Десово или како и каде завршија 30-тина илјади евра за трафостаницата на прилепскиот интернат или можеби за тоа ќе одговарате на суд, колега Стојановски.

Говорите за вработувања по список и го спомнавте Фондот за здравство во Прилеп. Тие луѓе таму беа незаконски вработени и затоа и незаконски се избркани од работа. Велите дека странците знаат за криминалот во Република Македонија. Се согласувам и затоа ви советувам да не ја спомнувате приватизацијата на ЕМО, бидејќи таму имаше меѓународен криминал и затоа Меѓународната заедница го знае тој криминал и ЕМО е ваш срам на вашата Влада. Дека странците знаат која Влада и колку била криминална, има напишано во нивните документи кога кажаа во еден нивни извештај дека во светот секаде постои криминал, меѓутоа, во Република Македонија криминалците имаа Влада, а тоа се однесуваше за Владата на Љубчо Георгиевски, односно вашата Влада.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Една минута господине Стојановски.

**Блаже Стојановски:** Оваа реплика беше во стилот на размислувањето и однесувањето и политичкото дејствување на СДСМ на почетокот на неговото владеење. Меѓутоа, треба да се тргне од фактот дека на 15 септември СДСМ ја доби довербата од граѓаните на Република Македонија за реализација на одредена програма за која што јас зборував. Во таа програма вашиот тогашен лидер на СДСМ и мандатор за премиер ги искажа тие зборови кои што требаше да значат препознатливост за оваа власт. Доколку сметате дека е така, дека е тоа е препознатливост за оваа власт, тогаш јас не можам да се согласам со вас, затоа што сите

податоци, сите оценки кои што идат и од Меѓународната заедница и кои што претставуваат доказ за состојбите кои што се оценуваат во Република Македонија, зборуваат спротивно од она што вие го говорите.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Арифи имате три минути.

**Јусуф Арифи:** Благодарам претседателе, почитуван премиер, почитувани претставници на Влада, почитувани колеги.

Нашиот колега господинот Блаже Стојановски имаше една дискусија многу остра или една многу остра, сурова критика во однос на досегашните Влади. Велам, владите, бидејќи тој спомна од парламентарните избори во 2002 и Владата кога беше како премиер господинот Црвенсковски, потоа Костовски и сега господинот Бучковски.

Сега, јас ќе направам една анализа како обичен граѓанин, затоа што не го спомна нивното владеење како ВМРО-ДПМНЕ. Јас ќе спомнам три изборни процеси по 2002 година. Доколку владите биле толку слаби во сите области, како во стопанството, економијата, културата итн, во други области, тогаш како немавте сила вие како ВМРО-Народна, оваа Влада, овој состав да го срушите во овие три изборни процеси. Ние имавме три изборни процеси, за претседател на држава, а вие како опозиција изгубивте, а изгубивте поради една лоша Влада. Тогаш и тие се многу слаби. Имавме изборен процес за референдумот, за Законот за територијална организација и на крајот локални избори, каде посебно како ВМРО-Народна имавте многу слаб успех во овие избори. И, овде ми е поентата, кога говорите дека сите овие влади се толку слаби, како сега ја цените вашата позиција како опозиција, дека вие немате квалитет и нешто што е слабо да го срушите. Или сега расправаме за вашата слабост како политичка партија или не е вистина тоа што вие овде пред колегите и пред граѓаните го искажувате дека овие влади биле толку слаби во сите области. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господине Стојановски, повелете.

**Блаже Стојановски:** Овие влади навистина работеа одлично и затоа вие имате право да ги фалите, затоа што и Законот за државјанство и референдумот и територијалната поделба и сите други закони, Тетовскиот универзитет значат придонес кон реализација на интересите на ДУИ во правец на уценувањата кои што ги правевте за опстојување на оваа власт. Меѓутоа, кога зборуваме за економската состојба, за сиромаштијата, за невработеноста, за инвестиционата активност во Република Македонија, тогаш не можеме да кажеме дека бројките лажат. Јас зборувам за фактичката состојба која што е презентирана со факти, со бројки и која ја признава и актолната Влада и која што се труди да направи нешто, иако е критикувана од сите страни со вакви или такви договори, а сметам дека тоа нема потенцијал да го направи, нема да може да го направи и заради тоа е потребна многу поголема ангажираност од страна на сите капацитети во Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Аднан Јашари.

**Аднан Јашари:** Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници, почитуван премиер, почитувани министри.

Сите знаеме дека по завршувањето на изборите на 15 септември 2002 година се основа коалиционата влада во услови и околности кога постоеше несигурност, би рекол тотална несигурност, небезбедност додека после овој период доколку се направи споредба или компарација во оваа насока ќе видиме дека сепак постојат значајни измени и тоа радикални измени.

Во овој правец кога се говори за сигурноста и безбедноста и одбраната, а ќе почнам со сигурноста и одбраната, безбедноста, сакам да нагласам дека оваа Влада направила максимални напори да направи се што е во нејзина можност за безбедноста и одбраната во Македонија која се реализира на оној начин што ќе биде компатабилен со стандардите се североатланската алијанса.

За реализирање на оваа цел од почетокот се направи враќање на сите офицери во редовите на АРМ кои што некогаш ја имаа напуштено АРМ, додека од друга страна имајќи го во предвид малиот број на офицери, подофицери и кадети посебно од редовите на немакедонските заедници со цел да се реализира начелото на правично и соодветно застапување се измени законот за одбрана со што се создаде правен простор за реализирање на ова начело и денес имаме сосема поинаква ситуација, така што заклучно со 2004 година бројот на вработени во овој случај би рекол албанци во АРМ биднал поголем број.

Скам да нагласам во оваа прилика кога се говори за областа за одбрана и безбедност од оваа влада се направени и неколку пресврти кои што се инкорпорирани во националниот концепт за одбрана и за безбедност на Република Македонија.

Како што знаеме сите овој концепт беше донесен од ова Собрание и со донесувањето на овој концепт се поставија темелите на еден нов концепт на одржување на Република Македонија, ставот на Република Македонија во односите кон соседите, посебно би нагласил ставот на авторитетите на Република Македонија кон прашањето на завршнот статус на Косово каде што се нагласува дека за Македонија е од посебно значење Косово да биде демократска, стабилна земја и за тоа треба да одлучат граѓаните на Косово.

Во овој правец кога сме кај одбраната и безбедноста треба да се нагласи дека по потпишувањето на Јадранската повелба меѓу

Македонија, Албанија и Косово билатералните односи меѓу Македонија и Албанија видно се интензивирани.

Во овој правец треба да се нагласи дека за прв пат во Македонија во 2003 година имаше заеднички вежби на единиците на АРМ и Армијата на Албанија.

Слушајќи го елаборатот на координаторот на парламентарната група која што меѓу другото во неговото барање за интерпалација на оваа Влада го спомна и донесувањето на неколку закони кои што на директен начин извираат од Рамковниот охридски договор, како што е Законот за територијална организација и Законот за употребата на симболите.

Во овој случај почитуван колега сакам да нагласам дека уште од моментот од барателите на оваа интерпелација меѓу другото беше нагласено тогаш, уште од тогаш дека се прави федерализација, дека се прави ограничување на албанските територии итн, меѓутоа по периодот на донесувањето на овие закони Македонија чекори по прав пат, ниту е нешто изменето во државното уредување ниту има на памет некој за да се измени нешто.

Во надворешната политика исто така оваа Влада според мое убедување има направено се што е во нејзините можности во насока на етаблирање во глобалните и регионалните интеграции. Во оваа насока вреди да се каже дека на самитот на НАТО во Истанбул за прв пат учествуваат и тројца министри од земјите на Јадранската повелба во така наречениот средно атлански совет.

Оваа Влада почитуван колега исто така има направено се што е во нејзините можности во правец на деполитизација на образовниот систем преку донесувањето на една серија закони во оваа област. Законот за основно образование, Законот за средно образование, во привршување е и Законот за високо образование, закон кој што во целост ќе направи усогласување на ова образование со европскиот систем.

Тенденција на оваа Влада за деполитизација во целост на правниот систем има предизвикано од оваа Влада да се покренат иницијативи за уставни измени. Во ова прилика вреди да се нагласи дека придонес во оваа насока дале и пратениците од опозицијата додека што се однесува на економските прашања и развојните прашања во оваа прилика би нагласил дека во согласност со податоците што јас ги поседувам земени од Државниот завод за статистика се гледа дека во првиот период на 2005 година се забележуваат позитивни трендови или позитивни тенденции и во секторот на економијата.

Зачувувањето на макроекономската стабилност, пораст на индустриското производство во неколку определени индустриски гранки за 6,4% на годишно ниво, како што е текстилната и хемиската индустрија, додека од друга страна овој пораст без сомнение предизвикува пораст на бруто домашниот производ.

Сепак во другите сектори се чувствуваат или се забележуваат позитивни трендови, како што е областа на телекомуникацијата, транспортот, фискалниот сектор, земјоделството итн. Како резултат на овие трендови на адекватен начин имаме пораст и на експпортот, извозот со што во првиот период од 2005 година имаме пораст од 32%, така што истовремено имаме и пораст на увозот за 17%. Овие трендови како што се забележува предизвикале намалување на дефицитот за околу 6 милиони долари.

Во секторот на вработувањето сакам да кажам дека во првиот период од оваа година, значи 2005 година се вработени голем број на невработени за што земено во целина се смета дека бројот на невработените е намален за 18% во споредба со 2004 година.

Дали има или нема странски директни инвестиции во Република Македонија сите знаеме дека странските директни инвестиции иако не се на потребното ниво од оваа Влада се прават максимални напори да се елиминираат сите слабости кои што го спречуваат привлекувањето на странските инвеститори. Во оваа насока се прави се што може за да се елиминираат овие пречки, а во оваа насока и еден предлог на Министерството за економија, како што е предлогот за донесување на Законот за едношалтерски систем кој што секако ќе влијае врз емоцијата на странските инвеститори, затоа што преку овој закон дефинитивно ќе се елиминираат сите бариери и сите административни процедури, постапки за регистрација на разни субјекти.

Со цел за стимулација на земјоделството во 2005 година од Буџетот на Република Македонија се доделени околу 591 милион денари што претставува пораст од 11,5% во споредба со 2004 година.

Во оваа прилика сакам да нагласам дека со цел да се стимулира производството на житото, пченката и на други земјоделски производи од страна на Министерството за земјоделство се пуштени многу средства во форма на субвенции. Субвенции се пуштени, доделени за разни производи за жито, лозарство и други работи.

Што се однесува до тутунот сакам да нагласам во оваа прилика дека во правото на Европа се предвидени определени ограничувања исфрлани од употреба неколку определени видови на тутун. Ова е основната причини зошто Министерството за земјоделство истражува за тоа кои видови на тутун треба да се насадат со цел да може производството на тутун да се продаде на европскиот пазар.

Имајќи предвид дека Република Македонија на европскиот пазар може да конкурира само со определени земјоделски производи, како што е јагнешкото месо, виното и некои други производи Владата направи максимални напори и прави максимални напори за овие производи да бидат поквалитетни со цел да можат да се извозат на европскиот пазар.

На крајот ќе ми дозволите да го кажам моето мислење.

Нема ништо идеално ниту пак може да постои нешто идеално. Грешки има меѓутоа сепак мојата оценка е дека во текот на работењето на оваа Влада треба да се направат напори грешките да бидат помали.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Јашари.

Повелете три минути госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе.

Овие три минути малку ќе ми бидат, ама ќе се потрудам да бидам кратка. Ќе почнам од безбедноста, радикални измени, нешто зборуваше колегата Јашари. Моментално министер за одбрана ни е претходниот министер за труд и социјална политика господинот Манасијевски и сега се спроведуваат одредени реформи и како што тргна стопивме тенкови, продадовме авиони и сега целата наша армија ќе се сведе на една елитна единица и таа ќе биде за се, за секаков вид одбрана на земјата согласно стандардите на НАТО, ама до НАТО никако да дојдеме. Жал ми е ама не можеме никако да дојдеме до НАТО. Од кои причини знаат и влада и посебно министрите.

Сега толку се зборува, претседател на држава зборува, премиер зборува, многу ни е важна независноста на Косово за натамошен развој на Република Македонија, а граѓаните на Косово ќе одлучувале дали ќе сакаат да бидат независни. Како луѓе тоа многу ќе ни влијае за развојот. Некој дали може да ми објасни мене и на простиот народ што значи независноста на Косово како експанзивно ќе дејствува на Република Македонија.

Колегата е правник, кога сме веќе кај законот за употребата на знамињата на заедниците вие колега како професор на Штуловиот универзитет треба да знаете дека има некој логичен редослед. За да го донесеме знамето на зедниците прво требаше, на тоа укажувавме додека траеше расправата, да се донесе законот за знамињата на заедниците па да се знае тоа знаме е на албанската заедница, ама не да биде знаме на Албанија, туку на албанската заедница што живее во Република Македонија, па тоа е знаме на турската заедница, тоа е знаме на ромската итн, со дефинирани димензии 2 метри, 3 метри, овој симбол, оној симбол, па дури потоа да го донесеме законот за употреба на таквите знамиња на заедниците. Ние сите тие процедури ги скокнавме само за да се вее албанското знаме во Република Македонија.

Уште нешто околу бројот на невработените дека бил намален. Точно, да тоа го прокламираше и министерот за труд и социјална политика Стевче Јакимовски, таков е програмот во компјутерот и ако не се пријават луѓето за една година за тој период се бришат од евиденција и нормално дека бројот на невработените е мал. Сега да прашам - зголемен пораст на економија, извоз, индустриско производство, тоа да не се однесува на Латвија?

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете една минута господине Јашари.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине претседателе.

Ќе почнам со безбедноста и ќе завршам со податоците во областа на економијата.

Едно нешто ќе и кажам на мојата почитувана колешка.

Економскиот развој е добиен од Државниот завод за статистика, еден орган кој учествува во власта, доколку таа не му верува на овој Завод тоа е нејзин проблем.

Безбедноста каква била и каква е мислам дека нема потреба да се говори бидејќи сите знаеме не само ние, тоа го знае и гласачкото тело, граѓаните, каква била безбедноста кога дојде оваа Влада на власт и каква е сега состојбата во однос на безбедноста.

Прашањето за Законот за употребата на симболите, треба да ја информирам дека нејзина теза во тоа време беше дека преку овој Закон Македонија се федерализира, додека Македонија е таква каква што е ниту е федерализирана, ниту се дели итн, итн.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Ѓорѓи Трендафилов.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Стана политика, начин на функционирање кој на голема врата како пракса на Македонската влада го внесе поранешниот претседател на Владата господинот Хари Костов проблемите да се решаваат со прием во Министерството за внатрешни работи. Така да од следната година од 01.10.2005 година во Идризово ќе започне курс за обука на нови 100-150 полицајци исклучиво од територијата на општина Кондово кои ќе бидат распоредени на работни задачи во главниот град на Република Македонија и најверојатно ќе имаме тогаш една цела лепеза, серија на изјави, химни на радоста пред се од клучниот коалиционен партнер на СДСМ, ДУИ, што е уште еден голем чекор во зацврстување на мултиетничноста и демократијата во Република Македонија.

Кога сме околу прашањето за денешната доверба на Владата освен дел од македонскиот печат кој цело време се прашува зошто е поставена или воопшто е побарано да се постави прашање за доверба на Македонската влада изгледа дека само дел од македонските медиуми не гледаат што се случува во земјава, иако тие се трудат да одржуваат блиски контакти пред се со меѓународни странски организации и не знам зошто ги пропуштиле извештаите на САД од април месец оваа година каде што се вели дека само 7% од граѓаните на Република Македонија веруваат дека оваа Влада ќе направи нешто позитивно во поглед на нивната лична благосостојба. Или да ја видиме анкетата од јуни

оваа година на Институтот за демократија каде што директно е господинот Бучковски како претседател на Владата во таа анкета анализиран и него лично не му веруваат 58,2% од македонските граѓани.

Можеби со една позитивна кампања да не се случеше она што не можеме сеуште да си го објасниме со тоа што НАТО кажа конечно дека нема да има оваа година самит за проширување немаше да се вратиме на насловните страници и да се обидеме да го поправиме нашиот углед како земја затоа што веќе три години упорно ни се кажува дека ние сме лидер во регионот. Не ми е јасно и не слушнав кој тоа нас не следи. Дека сме лидер во регионот се согласувам и јас, но не сум сигурен дека Македонија како лидер некој воопшто ја следи, доколку е точно она што вчера вечер повеќето од телевизиите излегоа со една проценка, со една анализа дека Република Македонија се наоѓа само пред Република Србија и Црна Гора со 38 долари странски инвестиции по глава на жител.

Ќе се обидам, бидејќи некои министри се држат до фактографијата, еден од условите Република Македонија, значи не е тоа стратегија или план кој беше стрикно реализиран од една влада, сите политички партии долго време во последните 5-6 година зборуваат за така нареченото интегрирано гранично обезбедување и ние доста помпезно ја формиравме конечно граничната полиција, која што како што знаеме не функционира, без оглед што ќе каже, ако воопшто нешто каже министерот за внатрешни работи подоцна.

Особено не функционира нашата северна и западна граница, од чисто технички аспект, ниту имаат доволно вооружување, ниту имаат доволно опрема, ниту имаат доволно комуникациски средства и тие што ги имаат, или не функционираат, или не се компатибилни. И она што е најважно, во сите оние од пет до седум години, што се зборуваше, дали биле од ВМРО, дали биле од СДСМ, велеле тоа ќе го направиме затоа што воена патрола не може да влегува во населено место и да врши претрес, увид и приведување на сомнителни лица. Ние конечно ја направивме таа гранична полиција, ама министерот за внатрешни работи заборава да им даде документ дека и тие како останатите припадници на Министерството за внатрешни работи кои носат сина униформа, а и овие носат сина униформа кога се во полициската единица, само кога излегуваат на терен облекуваат поинаква униформа. Полицајците не може да вршат испитување, приведување и истражување во населено место, а еве ние господине министре потрошивме од странски донации, од Програмата КАРДС во текот на 2004 година, или поточно вие и вашата Влада 10 милиони евра. Немаме доволно вооружување, немаме доволно возила, немаме средства за комуникација и не се врши она што е основна задача на граничната полиција. И самата суштина зошто ја тргнавме граничната воена бригада од границата, дека војници не смеат да влегуваат во населено место, вие и вашите советници во МВР, токму основната функција и предноста која требаше да ја има граничната полиција пред соодветните единици кои беа во составот на АРМ, сега ја немаат. Значи, тие мора да се јавуваат во полициска станица и од таму да дојде полицаец во сина униформа за да го направи она што треба да се направи. Така правеа и граничарите своевремено, бараа полициска аситенција. Тоа чини 10 милиони странска помош.

Според одредени информации кои се доста растегливи, во нив се тврди дека МВР, униформите на граничната полиција ги платило, без малку како просечен пилотски комбинизон за Ф-16. Јас не знам како успеавте да направите таква зделка, дали таа е покриена со пари од нашиот буџет, што и не е нешто за оправдување, едноставно сте оштетиле некои туѓи даночни обврзници, или таа стапка вие во овие 10 милиони евра кои сепак не успеавте да ги употребите и граничната полиција да функционира така како што треба да функционира.

Од денес или од вчера свесни сме дека има одреден број на превработеност во рамките на Армијата и на Министерството за одбрана. Од денес почнува или веќе е почнат нов курс за 70 подофицери кои се припадници на албанската малцинска заедница во Република Македонија. Се очекува, според плановите на Министерството за одбрана да се упатат во текот на 2006 година, уште 150. Од друга страна здружената оперативна команда на новите потпоручници и поручници им покажува карта во еден правец. Дали ние не успеавме да проектираме колку луѓе се потребни и во подофицерскиот и во офицерскиот кадар, или ние треба едноставно, а овие работни места, да потсетам, не се затвараат. Значи тоа што 800-тини старешини, во секој случај воено-цивилен персонал ќе замине од Министерството за одбрана односно од Армијата, не значи дека ние ќе имаме и заштеда во Буџетот, дека тие работни места ќе бидат затворени. Напротив тие работни места само ќе бидат пополнети со други кои треба да докажат дека со тоа што ги имало толку и толку проценти во Армијата, во одбраната и во Министерството за внатрешни работи, ние останатите смртници во земјата ќе можеме мирно да спиеме затоа што тие нема да ги нападнат нашите куќи и нашите домови, како што веќе еднаш тоа го направија. За жал таа гаранција не постои. Само погледнете го квалитетот на кадарот кој се пријавува и процентот на луѓе кои се незадоволни од условите кои ги имаат овие неколку инвестиции.

Јас знам дека на Министерството за одбрана му е тешко. Знам дека тие највеќе можеби се залагаат затоа што еден долг циклус, можеби 7-8 години поинтензивно АРМ се труди во однос на другите институции во земјата да ја задржи својата улога на земјата, да го задржи своето достоинство и својата непристрасност во очите

на сите македонски граѓани, со тоа и нејзината доверба. Но не можам да сватам и најверојатно е многу тешко било кој експерт да го ангажира Министерството за одбрана, истовремено да се изведат два контрадикторни процеси, да се намали ставката за плати, да ги затвориме несуштествените делови, да ги редуцираме бројот на подофицерите и офицерите, а истовремено да го зголемиме бројот на малцинства. Можеби поради тоа сега се упатени 20-тина луѓе на командно-штабна академија, само тројца се македонци од тие, такви се барем информациите. Мене не ми е јасно, а верувам дека се свесни во Министерството за одбрана, затоа што нивните претпоставени долго време им велеа добро ја завршивте работата, што несомнено е така, добар дел од нашите офицери и дел од цивилниот персонал добро си ја заврши работата и сега се чувствува одредено разочарување, бидејќи во стратегискиот одбранбен план ниту гледаат дека се воведени нови воено технички средства, но се редуцира професионалниот состав во смисла на бројка како вработени во Министерството, за да се примат ново примени кои ќе биле единствената предност и критериум што ќе бидат припадници на малцинската заедница во Република Македонија. Сега е многу тешко со една ваква лидерска позиција на Република Македонија, со овие 7% доверба, тоа можеби е и доста висока бројка во април месец кои верувале дека оваа Влада ќе  направи нешто за нив и најверојатно за овие 7% оваа Влада и направила нешто за нив. Тие можеме да ги ставиме во редот на неколку големи семејни компании кои повеќе или помалку се тука, меѓу 3 и 5% од македонската популација и од она што тие го имаат поклопено во земјата. И оние 38 долари по глава на жител, доколку тоа не беше, вчера вечер што го гледавме, лага. Такво нешто не постои и Република Македонија е навистина лидер.

Со оние 37% невработеност, најверојатно е таа бројка многу поголема, без оглед што поранешниот министер за економија кој никако да ја заборави таа позиција па многу почесто зборува од името на ресорот економија, не од ресорот труд и социјална политика, никакви софтвери не можат да му помогнат да ја измени ситуацијата, затоа што на крајот на краиштата неговата статистика, без оглед како ќе ја прикаже е само негова статистика. Реалноста во Република Македонија  е нешто сосема поинаку.

Во велешко прилепскиот регион велат Велес и Прилеп ги дели Никодинскиот Балкан. Цел еден град на невработени се наоѓа во Велес и во Прилеп, 26 илјади во Велес и скоро 36 илјади во Прилеп. Тоа е цел еден град, кој вие можете, на стариот пат што уште Црвенковски сто пати сечеше лента, го пушташе, да сместите цел еден град таму, а упорно ни тврдите дека економската ситуација се поправа, дека државната администрација работи ефикасно и се намалува, а не ми е јасно ако толку успешно ја намаливте државната администрација, вие рековте, или некој од вас рече 30 илјади луѓе примила Владата на ВМРО, во администрацијата. Ако вие отпуштивте 30 илјади од администрацијата, тогаш не ми е јасно што направивте со даноците кои ги покачивте. Логично беше ако отпуштивте 30 илјади кои ги вработи ВМРО, да ги намалите даноците. Вие го направивте спротивното, намаливте делот за плати, отпуштивте 30 илјади, значи имате далеку помалку обврски, а истовремено ги покачивте даноците. Јас ваква економска логика не можам да сватам. Можеби вицепремиерката за Евроинтеграција ќе умее да посочи со доккумент, како е тоа возможно, да, отпуштивме 30 илјади, а да ги зголемите даноците.

Во поглед на заложбите што Владата на Република Македонија  ги направи да привлече странски инвестиции, незнам дали претседателот на Владата, бидејќи во текот на кампањата за локалните избори во повеќе наврати, верувам и делува максимално искрен, тврдеше дека е во сериозни приговори со "Сименс", дека ќе го купи "ЕМО". Овие денови "Сименс" отпушти од 3,5 до 4 илјади вработени, а бројката на вработени во "ЕМО" е тука некаде, околу 3.000. Така што, доколку господине Бучковски продолжите со преговорите со "Сименс", имајте го ова во предвид затоа што тоа им е силен аргумент како тие би сакале да постапат со нас. Зошто го зборувам тоа:

Еден од основните предуслови е почитување на една  многу едноставна уставна категорија, приватната сопственост. Приватната сопственост во Република Македонија  се третира од позиција на сила, за жал. Да не се навраќаме на некои многу обични, би рекол работи, околу проблемот на приватната сопственост и за чудо понекогаш не послушавме одговорот, да речеме од Министерството за економија, од Министерството за правда, да речеме, од Министерството за финансии, туку по некогаш за приватната сопственост ни зборува МВР или претставник од МВР кој има обврска да ја штити токму таа приватна сопственост, без оглед чија е. Приватната сопственост, нејзиното непочитување, спороста на судските одлуки, и за жал силното влијание на дневно-политичката, на деловната политика, во поглед на судските одлуки е тоа што во прв ред ги одбива странските инвеститори. Дури универзитетски професори кои се или биле релативно блиски и до СДСМ, најмногу ја критикуваат Владата затоа што дури и оној слаб џокер, кој верувам експертите на Владата кои се обидуваа или работеа на прашањата, на одговорите на Евро прашалникот, се обидуваа за оној џокер, кој може дури и да ни се прогледа од страна на Меѓународната заедница, од страна на Европската комисија во поглед на договорот очи во очи, беше тоа што тој џокер се троши за смешни проекти, се троши за големи маркети, супермаркети, како сакате кажете ги, но сепак тоа е една голема продавница. Таа не произведува. Дури и обемот на македонските производи зависи од

побарувачката, понудата на пазарот, така што тој и не е обврзан во голема мера да се потпира на домашното производство, туку за жал од ден на ден се помалку и помалку го има. Сакам да кажам, оваа Влада и покрај тоа што несомнено е дека во одреден период имаше и навистина јавна поддршка, барем што се однесува до печатот, дека, еве нека оди и со директни преговори, нека оди со директни спогодби само да помогне да се размрда деловната атмосфера во Република Македонија, оваа Влада до сега, се разбира тоа беше пракса на поранешниот претседател на СДСМ, Претседателот на Републиката, со директни спогодби оваа Влада се уште остана на ова ниво, големи продавници, големи маркети да се направат. Верувам дека таа пракса на директни спогодби ја научија од коалициониот партнер, од ДУИ, иако се разбира ЛДП воопшто не заостанува зад тоа, затоа што тие во два мандати преку нивниот претседател господинот Пенов, како поранешен градоначалник, точно покажаа како се функционира во рамките на онаа девиза - мисли глобално, делувај локално.

Кога беше првата низа на владите, од независноста до изборите 1998 година, СДСМ во одреден момент беше обвинуван, бидејќи трансформацијата на општествениот капитал беше повеќе или помалку завршено, луѓето кренаа раце, повеќето, да размислуваат во правец на тоа дека нешто ќе успеат да поправат во својата економска политика, во одреден момент како се движеше крајот на првата серија од влади на СДСМ, почнаа да бидат обвинувани дека СДСМ со политички мерки упорно труби на раздробување и разградување на македонското општество.

Овие три години, независно, дали Владата ја води господинот Бучковски, господинот Хари Костов, покажуваше навистина една, дури би рекол на пати и болно задоволство од она што го прави, и господинот Црвенковски, со политички мерки, носење овде директно во Собранието на Република Македонија, она што не може да помине, се разбира само со одлука на Влада, исклучиво на раздробување и на поделба во македонското општество. Практично сега ние во Република Македонија, како граѓани, независно од верска национална или било која друга припадност, не постои никакво врзно ткиво кое го гледаме конкретно. Секој има своја историја, секој има свој филм секој има своја граница, секој има свој поглед на минатото, сегашноста и иднината и што е проблемот, сите сакаат да ги кажат одеднаш и да ги почувствуваат бенифициите оддеднаш. Оваа Влада ќе го заврши мандатот токму со таквата констатација дека на генерациите кои доаѓаат апсолутно не им остави ниту едно парче заедничка земја на која тие би можеле да се најдат и да ги расчистат, доколку постојат, прашањата кои сеуште мислат дека се отворени. Се продуцираше и сеуште ќе се продуцура лажна историја, се произведуваат лажни вредности, се произведува лажна реалност, се произведува лажна иднина. На крајот на краиштата, почитувани дами и господа, лажна творба никој не ја сака во своите редови. Успеавте за овие три години Република Македонија, независно од тоа кој што мисли, се разбира не е само ваша вина, но вие во овие три години ги имавте сите политички механизми да направите нешто во насока. . .

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Трендафилов, завршија вашите 20 минути. Имавте предупредување една минута со ѕвончето, така што можевте да се димензионирате.

Ви благодарам.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Ви благодарам и јас на вас.

**Љупчо Јордановски:** Сите министри на Влада кои мислат да реплицираат нека се пријават, затоа што кога ќе почнеме со реплика нема пријавување, исто и по еден пратеник од било која пратеничка група.

Министерот за труд и социјална политика, три минути реплика.

Повелете господине Јакимовски.

**Стефчо Јакимовски:** Прво почитуваниот пратеник даде една опаска дека многу милувам да зборувам за економијата, имајќи го предвид моето едногодишно минато како министер за економија.

Само да му објаснам на пратеникот, јас по вокација сум дипломиран економист и со економија се занимавам 1998 година и повеќе од 10 години сум стопанственик. Значи, тоа е мојата професија.

Второ, Министерството за труд и исоцијална политика, ако не сте знаеле, почитуван пратеник, е дел од економските ресори во Владата и тоа Министерство има своја причинско последична врска со Министерството за економија, со Министерството за финансии, со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, односно како еден коректив за состојбите во економијата, во една земја што треба да ги санира одредени состојби, особено во социјалната сфера кај граѓаните во една држава. Тоа е логичното објаснување зошто јас така размислувам и зошто сум таму каде што сум. Но, мене не ми е јасно како вие со едно годишен потпаролски стаж во Министерството за одбрана, делите лекции за одбраната, за НАТО структурите и тн., не барем сте генерал полковник.

Втората работа, незнам вие што се по вокација, дали сте војно лице или имате факултет за општонародна одбрана итн., за да ги расчистиме работите, која е квалификуваноста на едниот и другиот што разговараме за овие проблеми.

Понатаму, бројот на невработените во оваа држава, од јануар месец наваму е намален за 6,01%.

Велите дека состојбата е полоша. Не е точно, затоа што бројките не соодветствуваат на она што го имаме официјално затоа што бројот на

невработените е далеку помал, затоа што веќе 63 илјади лица се изјаснија дека се пријавуваат за Агенцијата за вработување се пријавуваат само заради здравствените картони, што значи дека тие лица не бараат работа.

Второ, состојбата на пазарот на трудот односно на црниот пазар, оние што работат непријавени е исто така една голема бројка која Министерството за труд и социјална политика настојува преку државниот трудов инспекторат да ја санкционира и да ги трансформира од нелегалниот во легален пазар и што е евидентно дека и во тој дел имаме забележителни резултати. Вие ќе бидете сведоци дека она што од нас го бара Меѓународната организација на трудот, согласно стандардите и она што ние имаме обврска да го правиме како Министерство и Агенцијата за вработување и сите оние неопходни активни мерки кои треба да се преземаат во делот на пазарот на трудот, ќе бидат преземени и ќе бидете сведоци дека ќе имаме сосема подруги бројки од оние кои вие ни ги оставивте во 2002 година.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Трендафилов, една минута.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Господине Јакимовски јас овде ви се обраќам вам како пратеник, а вие дали мене ми одговарате како министер, како кафанџија, или како продавач на чаршафи, тоа за мене е сосема се едно.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Три минути реплика на министерот за економија.

**Фатмир Бесими:** Почитуван претседател на Собрание, почитувани пратеници, претседател на Владата на Република Македонија и колеги министри.

Јас сакам да укажам само на некои факти за да не се добие погрешен впечаток за економските движења, движењата во индустриското производство, надворешната трговија во Република Македонија визави на јавните инвестиции, односно странските дирекни инвестиции како што се познатиот бренд на "Сименс". Во тој контекст ние секогаш кога сакаме да пристапиме кон привлекување на дирекни странски инвестиции треба да го имаме во предвид фактот дека ние сме мала земја, мала економија и треба да имаме поволности за странските инвеститори на кои тие би донеле своја деловна одлука да инвестираат во нашата економија со сите наши предности и недостатоци. Во тој контекст ние треба да ги промовираме нашите предности и да укажеме, ако не друго, барем реалната слика која е во нашата економија.

Што се однесува на индустриското производство само сакам да се повикам на официјалните податоци на нашата статистика која за првите 7 месеци е 8,6% пораст на индустриското производство за разлика од проекцијата која е 6%, до 7% пораст на индустриското производство.

Кога зборуваме за стандардот на граѓаните на Република Македонија, и нивната благосостојба можам да кажам само за делот кои се вработени, нивната реална нето плата бележи пораст од 1,8%. Кога сме кај делот на вкупните пласмани во банкарскиот сектор во овој период од 7 месеци од годинава за разлика од лани има 22,4% пораст на кредитирањето за разлика од проекцијата која е 12,8%.

За надворешната трговија на Република Македонија има исклучитлено позитивни трендови. За разлика од проекцијата 22% пораст на извозот и 12,2 пораст на увозот ние бележиме една огромна разлика, енормен пораст на индустриското производство од 31,9% пораст на извозот и 15% пораст на увозот. Значи во една ваква кратка слика на бројки на економски движења во реалниот сектор на Република Македонија ние можеме само да стекнеме впечаток на позитивни економски движења. И на крај, колку во нашата држава стабилноста на политичкиот систем придонела за економските позитивни прилики е само позитивниот исход на пораст на приливите од туризмот за 35% во овие 7 месеци во однос на ланските 7 месеци прилив од туризмот во Република Македонија.

**Александар Флоровски:** Барам процедурално.

**Љупчо Јордановски:** Нема процедурално, бидејќи процедурата не е прекршена.

Една минута господинот Трендафилов.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Господине министре, јас навистина искрено верувам дека тоа е така вие што го кажувате. Пробелмот е што она што се наоѓа на работните маси на државните службеници, на министрите и она што се наоѓа на домашните трпези и во џебот на граѓаните се две различни работи. Јас не можам навистина да сватам, во местото каде што јас живеам оние што работеа до вчера, денеска не работат, а ние ги убедуваме дека сепак им е подобро. Знаете, тоа е како оној виц кога скокнал од 50-ти спрат, до 30-от се било во ред, веќе од 20-от почнал да се загрижува. За тоа зборувам. Јас верувам дека податоците кои ги имате се такви. Дај Боже да ги донесете и "Сименс" и сите познати марки. Но, истовремено не правиме нешто сериозно да ги поттикнеме.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Трендафилов.

Има збор министерот за внатрешни работи, три минути.

**Љубомир Михајловски:** Благодарам претседателе, би сакал на почитуванио тпратеник Трендафилов да му кажам дека сето тоа што го изнесе верувајте не е точно. Ценејќи го длабоко неговото полициско искуство што го има, но имајќи ја во предвид вистината ќе ви го кажам следното. Прво, кажувате дека помпезно сме го најавувале преземањето на границата. Не е помпезно, мора да е транспарентно затоа што

јавноста мора да е информирана дека во иднина наместо со армиски структури на границата ќе делуваат полициски структури. Нема нешто помпезно. Второ, кажувате дека граничната полиција нема доволно вооружување, немаат средства. Јас ве уверувам дека граничната полиција е добро опремена, доволно вооружена со добри технички и превозни средства кои што јавно ги објавивме, ги кажавме кои што се дотација , огромна дотација на тие средства. Тука спомнавте и тактика и методика на настап на полицијата затоа што граничната полиција многу стручно тоа го кажавте, не можеле да работи во населени места да приведува и расчистува, што не е точно. Граничната полиција работи пред се на зелената граница популарно кажано, меѓутоа откако ќе открие случаи, тогаш се вклучуваат и другите структури на МВР. Еве, за да ви ја објаснам тактиката и методиката на настап, значи се вклучуваат одделенијата за странци, се вклучува полицијата од општа надлежност, се вклучуваат екипите на организиран криминал и т.н. Тоа е тактика и методика во сите европски земји, во сите светски земји. Значи, не расчистуваат полицајците само од граничната полиција.

Она што го спомнавте околу тендерите и униформите, верувајте и тоа не е точно, затоа што тендерот е многу чист, добиена е цена далеку, далеку пониска од тие што се пилотки што ги кажувате. Јас не знам колку чинат пилотките. Само да ви кажам дека од постоењето на граничната полиција, ова се официјални податоци кои што ги објавивме и не треба да ги шпекулираме овде во овој момент се 1500 лица откриени на диви премини и т.н., имаме откриено дрога, акцизни стоки. Така што верувајте овие податоци што ви се дадени и сервирани не се точни и изворот што ве дозира би требало барем искрено да ве дозира за да немаме овде вакви состојби да прикажуваме нешто што не е. Јас исто би апелирал само до вас навистина со ваквите изјави не одите во прилог, значи мора да ги ...

**Љупчо Јордановски:** Една минута господинот Ѓорѓи Трендафилов.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Господине министер и вие и јас добро знаеме дека без оглед дали станува збор за гранична полиција, или за обична полиција, кажете ми во 7 конфликтни ситуации двајца полицајци, тројца дрварчиња со камион колку пати сте успеале да ги приведете. Кажете ми која полициска станица не ви пратила во билтенот дека во тоа и тоа село на тој и тој пат полициската патрола беше сопрена затоа што казнила некој нивни соселанец. Па такви случаи ги имате не само на северната, на западната граница, такви случаи имате практично на територијата на Република Македонија. И сега вие ќе ми кажувате како сме опремени, што сме опремени. Одвреме навреме ќе фатиме 200 пара фармерки на граница и ќе излеземе со соопштение за нив.

**Љупчо Јордановски:** Има збор, министерот за одбрана, три минути реплика.

**Јован Манасиевски:** Благодарам господине претседателе, почитуван господине пратеник, пред се ви благодарам за убавите зборови за реформите во одбраната и во армијата. Тие реформи се пред се транспарентно претставени и утврдени тука во законодавниот дом и во 2003 со концесијата и во 2004 со усвојување на стратегискиот одбранбен преглед. И таму се прецизно наведени сите бројки што треба да ги достигне и да ги содржи армијата во новата формација. Отаму мислам дека не е добро во реализацијата на овие процеси што се усвоени тука во Парламентот дополнително да се вметнуваат етничките одредби и етничките критериуми надвор од она што е обврска од уставните одредби. Имено, со уставните одредби сите јавни институции во Република Македонија вклучително и армијата на Република Македонија треба да работат на исполнување на начелото на соодветна и правична застапеност. И во армијата тоа начело е развиено низ две програми до 2007 за професионалните војници и подофицери, а до 2013 за офицерскиот кадар. Овие процеси воопшто не се во колизија со процесите на намалување на персоналот затоа што во моментов, а и во перспектива армијата има дефицит на професионални војници и таму има потреба за регрутирање на што поголем број на доброволци, се разбира голем дел од нив и од етничките заедници врз основа на уставните одредби. Подофицерите не се примаат директно од цивилниот живот, туку според новиот подофицерски кор што според НАТО стандардите го разви Министерството за одбрана, подофицер може да се стане само од редовите на професионалните војници што гарантираат степен на компетентност и стручност во самиот процес. Додека пак главниот проблем постои во вишокот на офицери. И тој проблем воопшто не е условен, или зависен со процесот на зголемвување на припадниците на офицерскиот кор од страна на етничките заедници. Тоа се паралелни процеси потполно усогласени и развиени по методологијата применета во Министерството за одбрана.

Во однос на питомците, говорите зошто не се работело плански? За прв пат во одбраната почна плански според НАТО стандардите да се работи од 2003 година. И како дел од тие планови беше всушност прогласен мораториум за упис на нови питомци токму од 2003 година. Овие луѓе што сега завршија се всушност примени меѓу 2000-тата и 2002 година. Меѓутоа, Министерството за одбрана и за нив обезбеди одличен развоен пакет со тоа што им финансира комплетно завршување на постдипломски студии и тие на сметка на Министерството за одбрана ќе се здобијат со титула магистер на цивилни науки која што ќе им обезбеди подобар старт во цивилниот живот.

**Љупчо Јордановски:** Три минути реплика госпоѓа Лилјана Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе, почитуван колега Трендафилов, сакам да полемизирам со вас, некои работи кои што ги кажавте во вашето излагање. Кога зборувавте за даноците сакам да ве потсетам дека во 2002 година беше укинат воениот данок кој што беше воведен на сите трансакции. Така што коалицијата "За Македонија заедно", се откажа од тој воен данок кој што Владата на ВМРО-ДПМНЕ го прибираше во тој период.

Кога зборувавте за интегралното гранично управување, сакам да ве потсетам дека брзото преземање на Јужната граница и Северната граница од граничната полиција беше поздравено од меѓународниот фактор како брзо преземање на границата од страна на полицијата и тоа се оствари затоа што Грција и Бугарија се членки на НАТО, додека Северната граница и Западната граница  се процес кој што трае и Република Македонија успешно ќе го заврши тој процес. Сакам да потсетам зошто Македонија е лидер во тој процес. Лидер е затоа што на седницата која што уште не е завршена, ние ратификувавме договор за воспоставување на центарот МАРИ за азил и миграции кој што има дипломатски статус во Република Македонија. И тој центар е потврда за лидерската позиција на Република Македонија, затоа што е регионален центар за земјите во процесот за стабилизација и асоцијација е потврда на успесите што ги прави Република Македонија во делот на интегралното гранично управување како еден од критериумите за членство во НАТО и Европската унија. И се надевам дека Либерално демократската партија и господинот Ристо Пенов да ги сватам како комплимент затоа што мислата: "мисли глобално, делувај локално" секогаш се употребува како комплимент, или позитивна конотација. Меѓутоа, при пуштањето на Транспортниот центар кој што е еден голем проект на господинот Ристо Пенов, градските власти не изнајдоа за сходно и да го поканат на отворањето на Центарот, затоа што имаа прилика само да сечат лента.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господинот Трендафилов.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Почитувана колешке, како што и јас пред малку дознав, во вашите редови, во вашата партија во Кабинетот имате така раскошни министри кои можеа да ви соопштат дека воениот данок беше законска одредба и таа важеше од до. Значи, вие не сте укинале ништо. Можете да ги консултирате почитуваните колеги.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски, ќе се исклучите ли?

Не ви дадов збор, затоа што немаше ништо прекршено во процедурата, или во договорот што е направен меѓу нас.

Една минута, процедурално.

**Александар Флоровски:** Ова не е ни прва, ни последна доверба на Влада, но се воведува една нова практика овде, за жал, министрите да одговараат на секое прашање, или реплика од пратениците. Ако постои овде веќе претседател на Влада, сметам дека таа е компетентна за личност кој треба да го даде завршниот збор. До сега по вашата пресметка и по нашите, само 7 пратеника добија збор, а 10-тина министри говореа по 2-3 пати. Дали ние бараме доверба од нив, или тие ќе бараат доверба од нас? Мене тоа не ми е јасно. Не ставате во една подредена позиција во нашиот матичен Парламент главната улога да ја играат минситрите. Ако ние одговараме пред нив, во ред, дајте да одговараме, ако не, дајте да си одиме, нека се заврши оваа фарса, да се изгласа довербата на Владата и да ја завршиме целата работа. Мислам дека се работи навистина за едно принципиелно прашање.

**Љупчо Јордановски:** Јас ќе ви објаснам господине Флоровски дека не сте во право. На процедурална забелешка следи и одговор.

**Александар Флоровски:** Ако ви е таа тактиката, во ред.

**Љупчо Јордановски:** Не е тоа тактика, туку господине Флоровски вие сте под број 15. Сега сме на број 10. Следниот говорник е госпоѓата Силвана Бонева. Претходно беше господинот Ѓорѓи Трендафилов. Тоа се 40 минути, скоро цел час опозицијата. Покрај вас не стои ниту Народна партија, ниту ВМРО-ДПМНЕ и јас жалам што не ве информирале пред тоа како е по договорот. Договорот е дека имаат право министрите да реплицираат. Што се однесува до вашата математика 40 кога ќе поделите со три, тоа е некаде околу 13. До сега ниеден министер не реплицирал 13 пати, а опозицијата има 2 по 20 минути, 40 минути. Според тоа, конкретен е договорот и е фер и затоа вчера сите се согласивме. Дури се договоривме сега по еден од партиите што се или мнозинство, или малцинство да се јават за реплика. А договорот од вчера беше дека министрите можат да одговараат по 3 минути. И повторно сите да се јавуваат на секој, повторно нема да го постигнат времето од 40 минути.

Има збор госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседателе, почитувани претставници на македонската Влада, почитуван премиере, еве стигнавме конечно и ние од ВМРО-ДПМНЕ на ред да го кажеме своето видување за  девет месечното функционирање на Владата на Република Македонија. Пред 9 месеци премиерот Бучковски во македонското Собрание имаше експозе во кое што даде огромен број на ветувања од кои што денес граѓаните на Република Македонија гледаат дека нема апсолутно никаков резултат и дека ништо од нив нема остварено. После неговото експозе се јавив јас за збор и кажав дека мене ми личат сите тие ветувања на список на новогодишни желби кои што немаат поткрепа во реални програми, ниту пак во Буџетот на државата за 2005 година за да може навистина да биде остварливо сето тоа што беше кажано. Пред некој ден се изненадив кога слушнав дека дветретини од програмата на оваа Влада и од

програмските ветувања на коалицијата на власт биле реализирани. Тогаш, ми стана јасно дека оваа Влада има многу сериозен проблем со восприемање на реалноста и очигледно е дека и тие живеат како претходниот премиер во некој виртуален свет, или под некое стаклено ѕвоно, па не можат да ги слушнат лелекањата на македонскиот народ дека буквално ништо во оваа држава не функционира, дека народот е гладен, дека не е безбеден и дека не верува повеќе во оваа Влада.

Уште во воведните реченици од експозето премиерот вели, Владата доследно ќе ги брани и почитува принципите врз кои е основана Република Македонија како самостојна и суверена држава.

Видовме како доследно ги почитуваа принципите на сувереноста на Република Македонија, на неделивоста на суверенитот на Република Македонија, видовме како го погазија Уставот на државата Република Македонија воопшто неводејќи сметка дека дури ги надминуваат и рамките на Рамковниот договор, дека носат законски решенија спротивставени со Законот за локална самоуправа и другите закони во државата, меѓутоа, и тоа не беше битно за нив. Битно беше што ќе договори врвот на колацијата на власт, а Парламентот и извршната власт се едноставно нивни спроведувачи, слепи послушници и ништо повеќе. Значи, не се размислува дека се крши Уставот, дека се кршат законите на државата, туку едноставно слепо се спроведува договор кој што го направиле лидерите од коалицијата.

Понатаму, премиерот во втората реченица вели: "Работата на Владата ќе се темели врз почитување на демократијата". Значи се деклариравте за развој на демократијата во Република Македонија. Како во овие девет месеци го остварувате тоа? Во државата Република Македонија носител на суверениетот е граѓанинот на Република Македонија, односно народот на Република Македонија. И тој народ, и тие граѓани си ја дадоа довербата да бидете овде во овој Парламент, да имате извршна власт, меѓутоа, не да го развластите сопствениот народ и да му одземете демократското право преку референдум да ја контролира работата на Собранието и да одлучува за многу важни прашања од областа на образованието, културата, здравството, симболите, јазикот, сето она што претставува интерес на сите граѓани без оглед на нивната етничка припадност. Кога зборувавме за Законот за референдум спомнав не значи дека ако 15 или 20 припадници на етничките заедници гласаат за еден закон дека со тоа решение се соглсауваат сите граѓани кои се припадници на тие етнички заедници. И тоа треба да се почитува, правото што го дава Уставот, правото на референдумско изјаснување, што не е укинато со Уставот на Република Македонија после Рамковниот договор и после промената на уставните амандмани. Меѓутоа, за вас тоа не беше важно. Вие се оглушувавте од потребите и желбите на граѓаните на Република Македонија, отидовте дури до таму да го обезвластите сопствениот народ.

Каква демократија видовме на локалните избори? (Реакција од премиерот)

Да, почитуван премиере.

На локалните избори покажавте како со недемократски инструменти на насилство, принуда, тортура, дури и потплаќање на сопствениот народ, со кршење на законите сте подготвени на се за да ја добиете власта, макар што со тоа го доведовте во прашање нашето евроатланско интегрирање. Можеби за вас тоа се претешки зборови, меѓутоа, на овие зборови, велрувајте, не се смее македонскиот граѓанин, посебно граѓаните од помалите општини кои што ја доживеаа тортурата на локалните избори, што се не правевте за да добиете еден глас повеќе.

(Реакција од повеќе пратеници)

Понатаму, да зборуваме за демократијата која ја практикувате...

**Љупчо Јордановски:** Без дофрлање од место, ве молам, ќе имаме од министрите реплика.

**Силвана Бонева:** Како што кажа и претходниот премиер Хари Костов, во Македонија сеуште неовластено се прислушкува. Па и како нема да се прислушкува, го променивме Уставот, а сеуште сме во процедура на донесување закон за следење на информациите. И многу убаво, ќе си бидеме во процедура подолго време заради тоа што никој не носи одговорност што некој во државата се прислушкува. А кој се прислушкува? Нормално е дека се прислушкува опозицијата најповеќе и повторно ќе кажам никој во оваа држава не сноси одговорност, дури и при ваквото кршење на основните слободи и права на граѓаните во Република Македонија.

Зборувате за демократијата, а Хелсиншкиот комитет, Народниот правобранител и многу други институции јасно зборуваат како МВР, кој што треба да биде гарант на човековите права, заштитник на човековите слободи и права како се јавува како основен кршител на човековите слободи и права. Па се спомнува физичко насилство над граѓаните во времето на лишување од слобода и за време на престојот во полициска станица, случај на брутално полициско постапување со елементи на кривична одговорност, случај на противправно лишување од слобода, мачење и други сурови и понижувачки постапувања и казнувања или малтретирање во вршењето на службата, случаи на злоупотреба на прекумерна сила, нарушување на неповредливоста на домот и семејниот живот, генерална неефикасност во спречување на вршителите на кривичните дела и нивно откривање, особено во расветлување на кривичните предмети со елементи на убиство. Од ова може да се заклучи дека полицијата во Република Македонија сеуште не претставува сервис на граѓаните, се користи од страна на власта како средство за принуда и заплашување на граѓаните.

Зборувате за демократија, а ги прекинавте преговорите со СОНК само заради тоа што претседателот Дојчин Цветановски си дозволи јавно да го каже своето лично чувство, лично мислење и лично незадоволство од севкупните економски состојби во државата и заради тоа што го поддржа протестот на опозицијата. Дали тоа е демократија почитувани дами и господа? Да ве потсетам само дека кога бевте вие опозиција тогашниот односно и сегашен сеуште лидер на синдикатите Муратовски јавно повика да се гласа за вас. Тогаш се беше во ред и беше демократско тоа нешто и никој не ви приговараше. А сега само заради тоа што некој лично го искажал својот став, веќе не може да се преговара со сите луѓе кои се во синдикатот на образованието преку нивните претставници.

Како мислите преку образованието во државата да градиме млади креативни луѓе со висока демократска свест кога имаме наставници кои што се социјални случаи, кои не можат ништо да направат за своите семејства, најпрво да ги прехранат, а камо ли да вложуваат за своето континуирано образование кое е неопходно потребно за развојот на Република Македонија. Само да спомнам дека дури во Националната програма за образование, Стратегија која ја има изготвено Министерството за образование, самите кажуваат дека 50% од Буџетот на образованието ќе се намали во иднина заради другите издатоци за другите сектори во Владата. Како ќе го развиваме образованието во државата кога знаеме колку се сиромашни општините? Значи ли тоа дека се остава на милост и немилост она што треба да биде движечки фактор, движечка сила и потенцијал кој единствено, тоа нешто, го има Република Македонија, млади паметни деца кои бараат образование. Значи и тоа неможеме да го овозможиме, односно да го овозможи оваа Влада бидејќи го скусува Буџетот на образовнието и остава се на локалната влада, во моментот, знаеме со трансферот на надлежности и со сумата на пари која ја имаат локалните самоуправи колку може да работат на континуираното образование на наставниците. Да не зборуваме за тоа дека наставниците се луѓе на кои буквално им е згазено човечкото достоинство бидејќи не можат да преживеат од први до први, а камо ли пак да водат сметка да платат обука за курсеви за компјутери, за странски јазици или било каква друга нивна дополнителна едукација.

Понатаму, во вашето експозе кажавте дека ќе се залагате за владеење на правото. Наспроти ветувањето за спроведување и почитување на Законот на ефикасен и непартиски начин, секојдневно сме сведоци на двојниот аршин и нивната селективна примена во зависност од тоа дали станува збор за лица или фирми блиски до власта. И покрај декларирањето дека ќе ги почитува Уставот и законите на Република Македонија, сведоци сме дека Владата се става над правниот систем и со неподнослива леснотија и самоволност ги повредува неговите уставни начела, а истовремено бара од граѓаните почитување на истиот. Ќе го спомнам само начинот на екстрадирање на државјанин на Република Македонија во судот во Хаг, без било каква судска постапка или одлука на надлежен истражен судија, кој ќе се согласите претставува елементарен пример за кршење на темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија и најгруба узурпација на надлежноста на судската власт, кое неминовно доведува до анархија и несигурност во сите сфери на функционирање при ваква констелација на состојбите во државата. Наспроти декларираната заложба на Владата за реформа во судството, истото целосно го партизира, со што целосно ја изгуби довербата на граѓаните во нивното законито функционирање, конкретните предлози на Владата за измена на Уставот, на процесните и материјалните закони во насока на независно и ефикасно судство ќе доведе до уште поголема зависност и контрола на судската власт, негова целосна партизација и правна несигурност во државата. И покрај општите критики на меѓународниот фактор за лоцираните слабости во правосудниот систем во Република Македонија, предложените измени ниту ќе ја зголемат ефиканоста, ниту ќе ги отстранат факторите што влијаат врз неажурноста и неефикасноста на судството. Да не зборуваме за самостојниот судски буџет кој ги става во зависност, во подредена и сервилна положба во однос на власта судиите во Република Македонија. Дури и Државниот јавен обвинител, неможејќи да ги издржи притисоците од власта, јавно ги потврди нашите тврдења и ги призна притисоците од политичката власт, па потврди дека будала е ако повторно некој друг се нафати во вакви услови да биде јавен обвинител во Република Македонија. Нефункционирањето на правната држава и приматот на партиски преговарања и договарања резултираше со низа секојдневни скандали. Потсетете се само на начинот на повлекување на потерницата по Красниќи обвинет за повеќе тешки кривични дела, меѓу кои и за подготвување на оружен бунт и за закани за тероризам и видете ја евидентната различност при апсењето на Диме Ицковски - Поштарот и како сето тоа се заврши. Повторно имавме претепување и понижување на македонската полиција од вооружените лица во Кондово, никој не смееше да помине низ Кондово без дозвола на Красниќи, значи дел од градот беше надвор од контролата на правната држава. Каков удар врз правната држава и нејзиниот меѓународен углед се направи, тоа може секој од нас интимно да го процени бидејќи вие што сте претставници на парламентарното мнозинство се согласувате со тоа дека тоа ќе има несогледливи последици по Република Македонија. Основен предуслов за успешноста на нашиот пат кон полноправно интегрирање во Европската Унија не зависи од одговарањето на прашалниците или пак од хармонизирање на нашето законодавство со тоа на Европската Унија. Најсуштински

елемент е постоењето на стабилни и способни институции кои ќе можат да ги имплементираат тие закони во праксата. Кај нас овој услов очигледно изостанува. Од друга страна пак, постоечката ерозија на институциите е индикатор дека идни нестабилности и кризи се секогаш можни и дека доминоефектот може да почне да функционира. Со тоа се загрозуваат и нашите аспирации за членство во НАТО и Европската Унија, како и учеството во антитерористичката коалиција. Алијансата  во никој случај не би примила земја членка која наместо да извезува стабилност во регионот го прави токму спротивното, извезува нестабилност. Имено, членството во НАТО и заедничката борба во антитерористичката коалиција меѓу другото претставува и извезување на мир, на безбедност, на стабилност и демократија во регионите каде што има дефицит од тоа. Основен предуслов за некоја земја да учествува во ваквиот процес е истите да ги има обезбедено кај себе. Во Република Македонија сеуште имаме подрачја кои не се под целосна контрола на правната држава и безбедносните сили. Неодминлив е впечатокот дека нашите полициски и воени сили, поради дневно политички причини и немањето политичка волја не можат да го демонстрираат својот професионализам во поранешните кризни региони. Продолжувајќи да бидеме земја која се труди во светот да спроведе вредности и состојби кои не е способна да ги обезбеди кај себе сама, единствено што можеме да направиме е дадеме негативен сигнал до меѓународната заедница и да ги потхрануваме не многу розовите оценки за севкупната состојба во Република Македонија. Тоа не смееме да го дозволиме, почитувани дами и господа. Треба да се овозможи функционирање на правната држава. Тоа е основното нешто за кое се залагаше премиерот пред девет месеци, кое го потенцираше во своето експозе.

Непочитувањето на правната држава се огледа и во секојдневното никнување на меморијални центри и споменици во западниот дел од државата, без спроведување на одредбите од Законот за споменици и спомен обележја и без почитување на правото на принципот на Бадинтер односно да дадат согласност и македонците кои што се во тие општини дека може да се градат тие споменици, како што ги донесуваме законите овде во Парламентот и како што е услов Бадинтеровиот принцип, така треба да биде услов и Бадинтеровиот принцип за изградување на вакви споменици. А од друга страна, иако нема никаков законски основ, Владата воопшто не реагира за нивно рушење, ниту пак и пречи што секојдневно никнуваат меморијални центри за кои е одговорна Владата, односно Министерството за култура, а во исто време и Министерството за транспорт и врски.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Бонева, вашите 20 минути истекоа.

**Силвана Бонева:** Очекувам почитуван премиере да проработи совеста кај вас и вашите министри да си дадете оставка.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева, вашите 20 минути истекоа, ве молам.

Ќе почнеме со репликите.

Прв за реплика се јави министерот за култура, повелете министре, вашите три минути.

**Благој Стефановски:** Би сакал да реплицирам на делот кој се однесува на преговорите кои ги имавме со СОНК, бидејќи ценетата пратеничка Бонева кажа некои зборови кои не се точни. Во интерес на вистината да кажам дека ние преговаравме со СОНК и самиот претседател на почетокот изјави дека се погрешно интепретирани неговите наоди во пресрет на минтингот. Ние не побаравме да каже нешто што не го рекол, туку тој самиот кажа дека таа работа што ја кажа е пренесена погрешно.

Второ, Претседателството на СОНК, што беше присутно, побара да ја демантира таа работа. Може да се рече дека таа бараше од него тоа да го направи. Значи ние не го прекинавме разговорот, ние сме пред еден договор со СОНК како парнер на Владата за да најдеме најдобро решение во интерес на вработените и сигурно во интерес на тоа што значи Буџет на Република Македонија. Ние ќе истраеме на тој пат, меѓутоа, не може да се каже дека ние сме вршеле некаков притисок. Апсолутно не е така. Повикајте ги сите членови, апсолутно, од десет присутни сите бараа да ја демантира реченицата која на почетокот ја кажа самиот Дојчин Цветановски. Тоа е вистината, друга вистина нема од тој состанок. Морам ова да го кажам, бидејќи сум задолжен од името на Владата, од премиерот по завршувањето на овие разговори, после таа вечер да не разговараме под притисок. Оваа Влада не разговара под притисок, ниту на ваков начин како што кажавте вие сега ќе поднесуваме оставка. Како? Вам може да ви се сони и во 03,00 часот ние да дојдеме тука и да не повикувате. Тоа не е во ред. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута госпоѓо Бонева.

**Слвана Бонева:** Оваа Влада не разговара под притисок, туку само прави притисок. Целата македонска јавност имаше можност да чуе дека заради изјавата на претседателот на Синдикатот за образование господинот Дојчин Цветановски, вие ги прекинувате преговорите со СОНГ.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Министерот за правда има три минути,

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Нормално е опозицијата да не може да се соочи со реалноста дека реформите на правосудниот систем што ги спроведува оваа Влада се во вистинската насока, се во вистинскиот правец. Ова го покажуваат не само претставници на меѓународни институции, тоа го кажуваат пред се, вработените во правосудните институции во Република

Македонија и јавната расправа која се одвива во моментот и се однесува на уставните амандмани.

Кога зборуваме за мислење и ставови, никгоаш не може да кажеме дека  едно мислење или еден став е вистинскиот став. Токму затоа Министерството за правда овој процес го остварува, го реализира многу транспарентно, со учество на претставници од сите правосудни институции, со учество на меѓународни експерти во законите што ги работиме и секако, со учество на претставници од политичките партии од Парламентот и од позицијата и од опозицијата.

Дека реформите се во вистинскиот правец, потврдува и фактот дека  со уствните измени, кои сега во моментот Нацрт-амандманите се во јавна расправа, одиме многу повеќе и од стандардите што постојат во земјите членки на Европската унија и тоа пред се, во начинот и изборот на судиите, односно составот на органот што ги избира судиите и наместо стандардот за состав 50 плус еден од претставници на судската власт, ние предлагаме од 15 членови, девет членови да бидат претставници на самата судска власт.

Наместо претседавање на овој орган од страна на претседателот на државата или претставник на извршната власт, како што е тоа во многу земји, ние одиме повеќе и предлагаме претседавач со ова тело да биде претседателот на Врховниот суд. Мислам дека и налетите по право, со изнесување на овие аргументи, многу ќе им стане јасно и веќе им е јасно дека овие реформи навистина значат јакнење на независноста на судството и зголемвување на ефикасноста.

Кога станува збор за зголемување на ефикасноста овие прашања  ние ги решивме и со посебните закони што во претходниот период ги изготви Министерството за правда и веќе се донесени од страна на Собранието, како што се Законот за извршување и Законот за парнична постапка. Ова се само дел од активностите на Министерството за правда и овој момент во текот на годината се изготвени и донесени веќе 11 закони, а во постапка се уште толку.

Во однос на судскиот буџ, сакам да истакнам дека Законот за судски буџет се донесе во Владата од 2003 година.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Бонева имате една минута.

**Силвана Бонева:** Почитувана госпоѓо министер, велите опозицијата не може да се соочи со реалноста, јас мислам дека вие не се соочувате со реалноста, дека треба да ги кренете рацете од судствотои да овозможите вистински реформи во судството, а реформите ќе бидат во вистински правец, кога ќе имаме вистинска правна држава, која што ќе ја почувствуваат сите граѓани во Република Македонија и која што ќе влее доверба на странските инвеститори и кога ќе имаме таква правна држава што ќе ја почитува приватната сопственост, а во исто време ќе ги гарантира човековите слободи и права. Во моментот тоа отсуствува во нашата држава, благодарение на немањето дури ни "р" од реформите во судството.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓице Шеќеринска, потпретседател на Владата, повелете, имате збор.

**Радмила Шеќеринска:** Благодарам. Со многу работи кои што ги кажа пратеничката Бонева не се согласувам,меѓутоа, со едно се согласувам, а тоа е дека Република Македонија за да има шанси во своите европски и евроатлантски амбиции, не е доволно само соодветно да се менуваат законите, мора да функционираат добро институциите, мора да функционира добро судството, мора да владее правото. Меѓутоа има драстична некоегзистентност во ставовите кои што и сега ги слушаме од страна на една од опозиционите партии. Од една страна се вели дека се обвинува Владата, зошто не овозможува независност во судството, а од друга страна ВМРО-ДПМНЕ е една од ретките партии, која што излегува со анализа дека судиите треба да породолжат да бидат бирани од страна на Собранието. Став кој што од пред четири години кога ВМРО-ДПМНЕ беше на власт, Европската унија, земјите членки, сите меѓународни фактори тврдеа дека еден од проблемите во судството, не е единствен, меѓутоа е голем. Значи, не може во исто време опозиционата партија ВМРО-ДПМНЕ да не повикува да го ослободиме судството од партиските стеги, а во исто време да најавува дека нема да гласа за уставни амандмани кои што го ставаат судството во рацете на судиите, се разбира со соодветни механизми. За тоа претпоставувам дека повеќе ќе се зборува и кога ќе дојдат уставните амандмани. Меѓутоа, бидејќи не е се во тоа што е напишано, не е се во Уставот и не е се во законите и се согласуваме сите дека ни треба судство кое ќе функцинира, би сакала да предложам и на пратеникот Бонева и на сите други кои што ќе зборуваат на оваа тема конкретен начин, како ВМРО-ДПМНЕ може да ги поддржи напорите и за ефикасно судство и напорите за ефикасна борба против корупцијата. Пред мене е една листа која што предизвика многу внимание, не само во македонската, туку и во меѓународната  и европската јавност, тоа е таканаречената црна листа на предмети околу обвинети за корупција и криминал и судски процеси кои што траеја веќе долго време. Нема да зборувам дека на листата доминантно се  луѓе кои што влегле во криминал и корупција, заради тоа што биле претходно поставени во Владата на ВМРО-ДПМНЕ, меѓутоа, еден од случаите за кои што сега ќе треба да образложиме зошто не оди никаде е случајот против двајца поединци, кој што за да продолжи треба да сведочи претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, а него го нема.

Предлагам наместо многу да зборуваме за реформи во судството, наместо да се колнеме повеќе за реформи во судството, наместо да зборуваме дека судството е неажурно, господинот Никола Груевски да отиде како секој граѓанин на оваа држава да се појави пред судот

и да сведочи, а потоа судот нека носи одлука.Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Една минута госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Мене ми е жал што госпоѓицата Шеќеринска што воопшто не прочитала што понуди ВМРО-ДПМНЕ како предлог за реформите во судството во Република Македонија, па овде зборувате дека, сигурно и премиерот тогаш не прочитал кога вели ништо, зборувате дека ја обвинуваме Владата за тоа што не сака независност во судството, а во Собранието сакаме да се бираат судиите.

Ако го прочитавте подобро материјалот, ќе видевте дека во Собранието ќе се бираат судиите, меѓутоа, во првата фаза заради обезбедување на транспарентност, може да се каже дали се одобрува или не. Меѓутоа, во втората фаза задолжително предлогот се усвојува. Значи, тоа е разликата, да се обезбеди транспарентност пред целата македонска јавност кои се судиите кои што ги предлага државниот...

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Министерот за образование три минути.

**Азис Положани:** Јас како министер за образование, би поздравил секој кој што се ангажира за подобрување на состојбите во образованието и кој ќе предложи решенија во таа насока. Но кога се почнува со извитоперување на вистината, повеќе да се одмогне со невистини, отколку да се помогне, јас морам да реагирам.

Имено, прво во однос на преговорите на СОНГ, јас сакам да кажам дека политика на Владата е таа која што размислува дека треба подобрување на стандардот на наставниците и ние тогаш ќе го пронајдеме начинот колку нашите финансиски можности тоа ќе го дозволат и ќе продолжиме со таа политика и многу брзо и вие ќе дознаете. А со кој СОНГ ќе се преговара или некој друг, за мене е помалку битно. Потребно е во таа насока да се направат подобрувања и ние тоа како Влада ќе го направиме.

Второ, велите дека наставниците обуката ја плаќаат, не ја плаќаат, ја отсликувате сиромаштијата во овој сегмент, тоа воопшто не е точно дека сите обуки не само што се плаќаат од Буџетот, но вие знаете многу добро дека во овој мандат се отворија сите можности за помош од сите институции на светот и од владини и до невладини за помош на боразованието, кога увидоа дека правиме нешто добро. Тој пат не е лесен, не е лесно да се спроведе, но очигледно дека правиме нешто добро. Имаме 15 милиони гранд и повеќе од 35 милиони се декларирала помош за Македонија во овој сектор, каде што задутре ќе отвориме, всушност ќе го заокружиме овој проект каде што 460 училишта се компјутеризираат и се интеретизираат, која што не е слика која што вие сакате да ја дадете за образованието, туку е спротивно на реалноста. Не само за тоа, би рекол и за други проекти кои што одат во образование поради сериозната политика што ние ја водиме. Знам дека има потешкотии и вие ги знаете, но трендот е позитивен и ние одиме во правец на подобрување на затекнатите состојби.

Од аспект на Буџетот само ќе кажам дека не е намален Буџетот како што рековте, не е точно тоа дека во стратегијата пишува. Тие што пишуваат таму можат да имаат различни размислувања, но стратегијата уште не е документ и тука не може да пишува невистинити работи. Ние дополнително оваа година имаме само во образование зголемување на Буџетот и дополнителни 250 милиони со ребалансот кој што и вие тука го знаете, зашто тука го поминавте. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитуван господин министер јас воопшто не зборував за донации. Знам дека во моментот имаме донации кои што завршуваат во образованието, меѓутоа, овдека зборуваме за континуирана грижа на државата за едуцирање на наставниците. Велите дека во 460 училишта ќе пристигнат или веќе пристигнаа компјутери. Меќутоа, не кажувате колкав процент од наставниците се обучени да ги користат тие компјутери и дали во секое училиште имаме барем еден наставник по информатика кој што знае, кој што умее да ги уклучи и да ги исклучи компјутерите и да им покаже на децата. Зборуваме за користење на компјутерите од сите наставници. Имаме таква состојба, буквално сеуште компјутерите се гледаат како некое чудо во училиштата и собираат прашина.

**Љупчо Јордановски:** Министерот за внатрешни работи има три минути.

**Љубомир Михајловски:** Благодарам претседателе.

Почитувана пратеничке, повторно за да не навлегувам во политика, верувајте почитувајќи ја улогата на МВР да биде сервис на сите граѓани и партии, нема да одам споредбено што било во изминатиот период, бидејќи ако одам споредбено верувајте сосема друга конотација ќе добие овој мој одговор.

Сакам само да ви кажам за да имате една претстава. Ние овие резултати ги објавуваме јавно и се чудам зошто ги немате. Значи живеете во земја каде што имате пад на криминал од 32 до 40%, зависно од кое подрачје е. Имате земја во која што има најмал криминал во регионот, да не зборувам за други земји во Европа, каде штоние споредбено ги знаеме резултатите и збиднувањата, комуницирајќи со другите земји, така да живеете во една сосема просечно добра, добра земја кога зборуваме за криминалот. Бидејќи потенциравте некои видови на криминал, само да кажам дека тоа што го кажувате за убиствата дека има многу убиства што се случени и откривањето не е ефикасно во убиствата, само да ви кажам дека во 2005 година имаме 33 извршени убиства, две се во работа, другите се сите откриени. Значи можете да

замислите за колкав процент на ефикасност, зборувам за убиствата, бидејќи вие ги отенциравте. Лани имаме 38, за разлика од изминатите години, не спомнувамкои години како, сме имале 60 па и повеќе убиства, не имајќи го во предвид конфликтниот период. Така да, овој вид на криминал околу убиствата бележи постојана тенденција на пад на кривични дела.

Другите видови на кривични дела, како што се кражби од општиот криминал, исто така ви го кажав процентот на пад на криминалот, ефикасноста е зависно од кое подрачје каде што е, е некаде околу 67, па дури некаде имаме, нема да ви се верува и над 80%, што е далеку под ефикасноста на многу други земји. Тоа што се вртат многу случаи што не се точни, односно што се димензионираат, вие имате претстава, вие и македонската јавност дека не знае за што се работи.

Околу насилството што полицијата го применува, само да ви кажам дека имаме добра внатрешна контрола. Можеби би требало да знаете дека имаме извршено само ние како полиција 2614 контроли, дека таму каде што се забележани пречекорувања сме превзеле мерки, не се голем број, за да добјам во време да ви кажам и исто така да ви кажам дека имаме стотици и стотици по број напади...

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине министре.

Повелете госпоѓо Бонева една минута.

**Силвана Бонева** Убаво кажува министерот дека треба да веруваме дека живееме во сосема безбедна држава, меѓутоа треба да ги убеди граѓаните на Република Македонија дека живеат во безбедна држава. Инаку бројките на министерот за внатрешни работи ним ништо не им значат. Доволен им е примерот само убиецот на Ванчо Јосифовски од Тетово, за кој што толку пати поставував и пратенички прашања, цела македонска јавност знае каде тој се крие, каде се движи, како се вика, единствено полицијата не може да го најде. Да не зборуваме за командант Лека, кој што е осомничен за киднапирање на 12-те Македонци. Значи не смее во државата да има колективна примена на правото. Оние кои што треба да бидат достапни, се достапни на полицијата, а оние кои што не треба да бидат достапни, сеуште се шетаат слободно по нашата држава.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Колешке Бонева, ќе бев изненадена ако поинаку дискутиравте на денешната седница, но и ако иде од вас, ова е веќе премногу. Ако е овој ваш говор навистина, јас сум многу разочарана. Затоа што за сопствената држава да се зборува со волку жолчност, со вакви тешки зборови и обвинувања, мислам дека тука нема што да се каже повеќе. Во оваа држава навистина не е се направено. Има уште многу да се прави. Но треба да се признае дека до сега е многу направено и со ваква реторика колешке Бонева ние нема да стигнеме во Европска унија, затоа што ние одиме заедно. Европската унија не цени како размислуваме и од позиција и од опозиција. Во пакет одиме колешке.

А сега неколку работи заради јавноста. Велите дека постојано Собранието на Република Македонија во овој состав донесува закони со кои што го крши Уставот. Не колешке Бонева. Ниту еден досега од овој состав, па и од претходните влади не паднал многу на Уставен суд. Ова е значи ноторна лага. Велите колешке Бонева дека локалните избори биле терор и насилство. Зошто така кога и Меѓународната заедница констатира дека има инцидентни нерегуларности. И Владата имаше доблест веднаш после локалните избори ја изрази својата политичка спремност, за да се отстранат овие недоследности во законот да пристапи во целосна промена на изборното законодавство, во кое што колешке Бонева рамноравно учествувате и сите вие и сте консултирани сите вие. Понатаму колешке Бонева зборувате дека образованието и наставниците се социјални случаи. Немојте да ги понижувате и да ги користите за свој политички маркетинг, туку прочитајте ја Националната стратегија за развој на образованието, каде што се залагаме за зголемување на буџетот во образованието. Понатаму тврдите дека институциите на власт немаат капацитет. Вие како да не сте биле овие сите три години во Собранието колешке. Ние овие три години работиме на донесување на закони со кои што ги јакнеме капацитетите на сите органи, почнувајќи од судство, обвинителство, Управа за приходи, царини и сл. Мислам ако ги читате сите овие закони ќе ви биде јасно.

Бидејќи ќе немам време, што да правам јас ако вие не можете да разликувате што е екстрадиција и испорачување.

**Љупчи Јордановски:** Благодарам.

Една минута госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Јас сум разочарана колешке од тоа што не сте ги прашале до сега граѓаните со кои што се среќавате колку тие се задоволни од вашето работење и колку тие не се жолчни за состојбите во кои се наоѓа државата Република Македонија.

Велите дека ни еден закон не е противуставен. Ќе видиме како ќе одлучи, ако е непристрасен Уставниот суд за Законот за знамиња, ќе видиме како ќе одлучи и за Законот за референдум каде драстично е погазен Уставот на државата Република Македонија.

За локалните избори најдобро знаат граѓаните врз кои вашата коалиција вршеше пресија, не може тоа да го знае подобро Меѓународната заедница.

Промените на изборното законодавство не прават во исто време и промена на свеста на владеачката структура.

**Љупчо Јордановски:** Никогаш нема да дојдеме до вистината ако во секој исказ има и едно ако.

Повелете премиере имате збор.

**Владо Бучковски:** Благодарам претседателе, морам да признам дека пратеничката Бонева не заслужува вакво внимание од Владата, но бидејќи нејзината политичка партија претејдира да биде главната алтернатива на оваа власт, добро е почесто да ја слушаме, да се види разликата и во сваќањето на демократијата и во познавањето на основните поими.

Јас сум разочаран од координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и се јавив за да има доволно време нивниот претседател, затоа што се најавува дека ќе говори пред предпоследен, претпоследен ќе говори, условно речено, лидерот на ВМРО-Народна партија, да одговори на неколку опасни тези за развојот на демократијата во Република Македонија.

Значи, некој да претендира, да говори од името на македонските граѓани иако никогаш не се спомнуваат граѓаните, ајде да речеме во вокабуларот на Бонева од името на Македонскиот народ и да тврди дека е обезвластен, некој да тврди дека оваа власт прави тортура на својот сопствен народ, тешки обвинувања и верувам дека нивниот, условно речено, премиер во сенка, бидејќи ве читаме колешке, ако сте ми колешка, ако вие бидете министер за правда во идната Влада во сенка,тешко на Македонија со непознавањето на основните поими. Зошто ние влеговме и во уставните измени, зошто имаме Охридски рамковен договор, зошто со референдум кој по дефиниција не може да се прави за сите прашања, го спречуваме она што вие како водачи на таа авантура ќе го направеше Македонскиот народ под силната пресија, овде го употребувам Македонскиот народ и ќе донесеше погрешен одговор на едно референдумско прашање и ќе ја втурнеше Македонија повторно во криза.

Ако не сваќате дека мајоризацијата беше главната причина за Охридскиот рамковен договор и ако не сваќате што е терминот мајоризација, јас овде не сум подготвен да ви држам бесплатни часови по основни поими од демократијата. Ако и понатаму претендирате дека со ова законско решение што го операционализираме Охридскиот рамковен договор како завршна фаза, веќе да ги заборавиме меѓуетничките релации и да зборуваме за економија и социјала, ако повторно го втурнувате Македонскиот народ во таква авантура, јас ви тврдам дека ќе ја изгубите битката со оваа политичка гарнитура, ако повторно главна тема ви се етничките симболи и референдумот. Како тоа некој ќе го обезвластел Македонскиот народ. Ова ме наведува јавно да го повикам затоа што има уште три часа да се подготви Никола Груевски да одговори на сите овие прашања.

Јас тврдев претходно, денеска сум се повеќе убеден дека на овие луѓе треба да им се даде шанса да покажат колку знаат пред Македонскиот народ. Не може никој да земе за право како вие да ми тврдите дека има прислушкување на опозицијата, повелете драга колешке ќе го ставиме на идната седница веднаш законот кој вие не го поддржувате, законот за следење на комуникациите, што всушност е операционализација на новиот . . .

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, ќе имате можност на крајот.

Повелете госпоѓо Бонева една минута.

**Силвана Бонева:** Почитуван господине премиер, јас воопшто не кажував опасни тези, вие правите опасни работи во оваа држава. Уште еднаш ќе повторам, го обезвластивте сопствениот народ заради тоа што му го оневозможивте правото на референдум да си го каже своето мислење за законите кои се носат во овој Парламент. Вие направивте со Законот за знаме основ за бинационална држава и основ за федерализација на Република Македонија делејќи го суверенитетот на државата Република Македонија со тоа што дозволивте во западниот дел од државата да се вејат туѓи државни знамиња. Тоа не е наша измислица, тоа е ваше дело.

(премиерот бара реплика)

**Љупчо Јордановски:** На што имате право господине премиере?

Повелете една минута.

**Владо Бучковски:** 15 секунди. Ако овие тези за федерализација се главната тема на која треба повторно да разговараме со ВМРО-ДПМНЕ, нека се подготви за 2 часа Груевски да ни објасни како СДСМ, ЛДП и ДУИ ја федерализираа Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Ве молам, бидејќо соте вие испаѓавте, влегувавте, а јас седев овде 4 часа, објавувам пауза од половина час и ги молам координаторите да се договориме.

(Паузата е дадена од 16,05 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 18, 33 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците и Владата да влезат во салата.

Свои 20 минути има пратеникот Ангелка Пеева Лауренчиќ.

Повелете госпоѓо Пеева - Лауренчиќ.

**Ангелка Пеева - Лауренчиќ:** Малку е непријатно да говорам без ниту еден присутен од предлагачите за доверба на Владата, па би го замолила претседателот да почнам кога ќе влезат.

**Љупчо Јордановски:** Може и утре да влезат тие. Тоа е нивно право.

Штом ќе заврши ѕвончето, а мислам дека заврши, повелете почнете.

**Ангелка Пеева - Лауренчиќ:** Почитуван претседателе на Собранието, почитуван премиеру, почитувани министри, почитувани колеги пратеници, повеќе има почитувани отколку што има присутни во салата.

Но, без оглед, пред отприлика една година, расправавме за доверба на Владата по интерпелација поднесена од дел од опозицијата. И тогаш, а и сега, пратеничката група на Либерално-демократската партија не може да ја сфати леснотијата со која што се приоѓа кон ова, за државата и за граѓаните, важни прашања. Дали опозицијата си го поставила прашањето што ако Владата навистина падне? Но, за среќа на државата, тоа, во оваа прилика нема да и се случи, од најмалку три рационални причини:

Прво, затоа што опозицијата е паушална во оценките заради која бара доверба на Владата;

Второ, затоа што сте несериозни во пристапот, придонесот и реалниот учинок кон државните и национални важните прашања и

Трето, но не и помалку важно, затоа што немате релевантни факти и аргументи кои што компаративно, со вашиот мандат на владеење, ќе покажат пад на состојбите на трите глобални полиња, а тоа се: безбедноста на државата, нејзината меѓународна позиција и економијата.

Но, да почнеме од првото, а тоа е дека сте паушални во оценките.

Почитувани колеги пратеници од опозицијата кои во моментов не сте воопшто присутни во салата, јас не знам ни кому се обраќам, но без оглед,

Внимателно, во неколку наврати го прочитав приложеното образложение кон вашето барање за гласање на доверба на Владата, барајќи сериозна основа за издржано дебатирање и аргументирано спротивставување. Истото е напишано на нешто повеќе од две страници во нормален фонд и во него сте сакале да ги опфатите сите проблеми што од популистички аспект ви се виделе интересни. Не сакам да верувам дека капацитетот на поголем дел од опозицијата, заедно со вашите лидери, кои впрочем се пратеници, во аргументите против власта се свеле на две куцани страни што во својата содржина се бледи, некреативни и без издржани факти. Дозволете ми, по слободен избор да прокоментирам дел од вашето образложение, значи клучните моменти поради кои што барате оваа Влада да си оди.

Во ударен пасус велите дека "економскиот, социјалниот, безбедносниот и политичкиот колапс во кој се наоѓа Република Македонија е резултат на лошата политика на Македонската влада и тоа е состојба во која државата се наоѓа по 15 септември 2002 година". Како да пред 2002 година Македонија била во ренесансен развој, социјална правда и политичка хармонија. Пред 2002 година е период што не е далеку позади нас и не е продуктивно да потсетуваме на амбиентот и состојбите во тоа време, на сите ни е добро познато и нека остане минато.

Во образложението што го добивме сите пратеници во овој Парламент, како носечки факти зошто Владата треба да си оди, велите, цитирам:

"Неодговорното манипулирање со граѓаните дека Република Македонија само што не станала членка на Европската унија и НАТО, а се само со единствена цел покриваме на својата неспособност и недостиг на резултати од јавен интерес е во спротивност од одамна прокламираните стратешки интереси на земјава која одамна ја направија заложник, а со заложници не се преговара, за нив се преговара".

Мене, оваа филозофска мисла и реченица, да бидам искрена, не ми е до крај јасна. Што се преговара и кој преговара, што е одамна прокламираниот стратешки интерес, кој е заложник, кому и зошто, како се манипулира со граѓаните одговорно, а како пак неодговорно? Вие тврдите дека манипулирате со граѓаните одговорно, а оваа Влада неодговорно. Не сакам да верувам дека навистина играте на картата "манипулација со граѓаните". Се надевам дека се работи за поприлично несреќна ситуација што ви одзела скоро четвртина од вкупните две страници и еден пасос стокмени како главни аргументи против оваа Влада.

Понатаму, трет извадок од вашето образложение зошто оваа Влада треба да си оди, цитирам: "Сето ова ако се надоврсе на праксата дека најнапред членство во НАТО а потоа членство во Европската унија, доволно говори дека и овој процес, не само што стои во место, туку ја уназадува позицијата на Република Македонија во преговорите со Унијата".

Почитувани колеги од опозицијата,

Се прашувам дали, доколку оваа Влада си оди во овој момент вие ќе обезбедите влез на Македонија во НАТО во 2006 година и членство во Европската унија? Ако не верувате во капацитетите на својата земја, без оглед кој е на власт, немојте да очекувате дека некој од надвор ќе ги вреднува повеќе. Пристапот кон НАТО и Европската унија, со овој концепт на водење на државата е извесен и ако не е во 2006, ќе биде во 2008. Но, барем ќе биде, а тоа не е лажна слика како што велите, туку извесна временска дистанца.

И само уште еден извадок од вашето образложение зошто оваа Влада треба да си оди, извадок од една целина на втората страница, каде што велите: "Република Македонија во овој момент е едно од најбезбедните места за живеење во Европа". Не знам кој разумен политичар, кој и посакува добро на својата земја во официјален документ пред Парламентот ќе се дрзне да каже дека неговата матична земја е најнебезбедното место за живеење во Европа.

За кое членство во Европската унија зборувате, за какви национални интереси зборуваме, кој во Европа сака таква земја како што вие ја карактеризиравте Република Македонија? Да бидеме барем пристојни во изразувањето и да

бидеме свесни за последиците што ги повлекува секој наш збор и писание како глобални реперкусии за државата.

Македонија, навистина, во еден период од постоењето имаше сериозни проблеми со безбедноста. Но, сите заеднички тоа успеавме да го надминеме, на што Македонија и македонските граѓани се горди. Македонија ниту е, ниту пак ќе биде едно од најбезбедните места за живеење во Европа.

И тука би завршила со коментарите врзани за вашиот официјален документ, тоа е образложението зошто оваа Влада треба да си оди, што е со вкупен број од 10 пасоси, паушално, без ниту еден факт и аргумент.

Да идиме на втората причина зошто оваа Влада треба да продолжи да работи? "Затоа што сте несериозни во пристапот, придонесот и реалниот учинок кон државните и национално важните прашања". Имам чувство и дај Боже да грешам дека, понекогаш, во желбата да се оцрни политичкиот конкурент, во случајов владеачката гарнитура, се заборавaат многу повисоки и за многу понатамошни генерации важни национални интереси. Имам впечаток, а тоа се поткрепува и со дадени изјави на последниот митинг пред седум дена дека подобро е неуспех на државата отколку тој да се случи кога некој друг е на власт.

Почитувани колеги од опозицијата,

Сакам од оваа говорница да потсетам дека Македонија не е ниту ваша, ниту наша, ниту на било кој друг политички субјект. За Македонија, ваква каква што е денеска, многумина сонувале и го дале животот. Ним и на генерациите што доаѓаат нема да им биде воопшто важно во чие владение се случувале убавите нешта за државата. Националниот интерес е нешто над партиите, над суетите, над емоциите, многу повеќе од обично плукање по власта или опозицијата. Таквите цели некого не амнестираат од одговорноста. Таа е заедничка, на оваа генерација политичари, без оглед во која зграда се сместени нивнит фотелји. Тоа, на цивилизираниот свет одамна му е совршено јасно. Ние, тоа допрва го учиме, но се додека не ни стане до крај јасно, додека не не удри по нос и нас и нашите деца, до тогаш ќе се кошкаме за што и да е, само да си одмогнеме, а со тоа и одмагаме на Македонија. За такво нешто никој мандат не ни дал.

Дај Боже, Македонија да влезе во Европската унија, па бидете и вие на власт, но тоа за Македонија го создала оваа генерација на политичари, тоа е наш заеднички успех или неуспех. Така размислува Либерално-демократската партија и убедени сме до крај дека не грешиме. Па, словенечките Либерал-демократи ја внесоа Словенија во Европската унија па ги изгубија изборите. Но, Словенија е членка на Европската унија и тоа е трајна вредност што останува. Политичарите се менлива категорија.

Се надевам дека во овој правец ќе размислува современиот македонски политичар и убедена сум дека Македонија само така може да ја биде. Во спротивно, ќе се јадеме од внатре, во сивилото на бескрајните докажувања кој е поголем а кој помал македонец. А, тоа не вреди ни пет пари на светскито пазар на успехот или падот.

Во оваа насока, дозволете ми да и сугерирам на Владата да ги искористи сите постоечки квалитетни кадровски капацитети, без оглед од каде доаѓаат, од ДПМНЕ или од Народна, од ЛП или ДПА, од Социјалистичка или Земјоделска, од ПДП или било која друга партија. Да ги внесе во процесите, зошто придонесот од секого е важен кога намерите се чесни, а целта историска.

И на крајот, третиот дел, зошто довербата на оваа Влада е потребна? Заради тоа што немате релевантни факти и аргументи што компаративно, со вашиот мандат на владеење ќе покажат пад во состојбите на трите глобални полиња за кои што ја напаѓате Владата. Тоа се: меѓународната позиција на Република Македонија, безбедносната состојба во државата и економијата.

За првите две, меѓународната позиција на Република Македонија и безбедносната состојба во државата нема да се задржувам, затоа што фрагменти за тие прашања беа спомнати и во претходниот дел од овој настап. Но, дозволете ми по овие две прашања да изнесам две неспорни констатации што понатаму, доколку има потреба, сме подготвени да ги објаснуваме. А тоа е дека Македонија никогаш до сега, отколку сега не била поблиску до влезот во посакуваните членства во НАТО и Европската унија и второ, дека Македонија, во последната половина деценија никогаш не била побезбедна отколку што е тоа денес.

Почитувани пратеници од опозицијата,

По едно прашање денеска имавме можност да се согласиме доколку на било кој начин во вашето образложение го допревте или го истретиравте, а тоа е прашањето на стопанството и економијата. Но, очигледно, тоа за вас не се теми, зошто не се доволно популистички или пак мислите дека тој дел од системот добро функционира.

Пратеничката група на Либерално-демократската партија, спротивно од вас, смета дека тоа е тема и за тоа треба да наоѓаме секојдневно нови и продуктивни решенија. Тоа ги боли граѓаните. Тука Владата треба да го даде својот максимум. Да ги отвори ресурсите за развојот на економијата, да обезбеди слободно дишење на стопанството, да создаде простор за конкурентност и поволни услови за претприемаштво. Да се вложува, вложува и повторно вложува во едукацијата на младите луѓе зошто тоа е нашата предност. Ние сме интелигентен народ. Малку поддршка и повеќе труд се доволни за недостижни резултати. Тоа е нашиот најконкурентен производ. Тоа може да не

одвлече напред. Оптимизам и работа. Се друго се приказни на гладен стомак.

Сосема сум свесна дека една средовечна генерација остана на расцепот на времето, на технолошката револуција и транзиција што за нив никако не завршува. Ним треба да им се помогне. Ним треба да им се даде. А, за да дадеш, треба да имаш. За да имаш, треба да создадеш. Стопанството создава. Стопанството отвора работни места. Стопанството е целта и за стопанството, премиеру, ги оправдувам сите средства, доколку ги употребувате.

Ги ценам напорите на Владата на овој план, но едновремено им забележувам што уште пожестоко не се фокусираат во тој правец, без оглед на кочниците, без оглед на притисоците. Тоа е патот, тоа е патриотизмот. Само така Македонија може да ја биде.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Китаноски, реплика.

Повелете, три минути.

**Илија Китаноски:** Благодарам господине претседателе.

Ќе се обидам во три минути, бидејќи колешката спомна дека темата економија наводно не била доволно опфатена, а заради тоа што јас сум еден од оние кои беа пријавени а не ќе можат да земат збор заради тоа што не се почитуваше договорот, не знам од кого, веројатно најповеќе од репликантите, од министрите, ќе се обидам на кратко неколку факти за економијата, за економската ситуација во Република Македонија.

Македонија, по бројот на невработени е на прво место во Европа. Тоа е единственото прво место што го имаме во однос на овие економски теми. И покрај бришењето, во стилот пиши - пиши што го прави Бирото за вработување и на тој начин наводно, под наводници "ја намалува" невработеноста.

Индустриското производство реално продолжува да паѓа иако во ваш стил споредбите ги правите во однос на 2004 година, во која пак имаше историски пад на индустриското производство, во одредени месеци од 30-50%, што е рамно на економија во воена состојба. Степенот на сиромаштија изнесува 30% од населението во Република Македонија, што е исто така уште еден неславен рекорд што го држиме. Според нивото на странски инвестиции Република Македонија е, не на прво, туку на последно место во Европа. Значи, сите земји од опкружувањето, од Балканот се пред нас: Србија, Албанија, Босна и Херцеговина, за Бугарија и Хрватска да не зборуваме. А и тие малку странски инвестиции се сведени на самопослуги и бензиски пумпи, доделени со непосредна спогодба, нормално.

Земјоделието ги доживува своите најтешки денови. Откупните цени на земјоделските производи, на стратегиските земјоделски производи за Република Македонија: пченицата, грозјето, тутунот и други, не можат да ги покријат основните трошоци. Буквално не можат да ги покријат основните трошоци и тоа го знаат и во Владата, посебно во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, меѓутоа сите средства што се одобруваат од Буџетот, очигледно никому ништо не значат, посебно не на земјоделските производители, бидејќи со овие откупни цени апсолутно не може да се покрие ниту дел од трошоците за производство. Со еден збор катастрофална политика во земјоделието, катастрофални резултати во економијата.

Тоа е резултатот на владеењето на оваа Влада и тоа е причината што треба да и се изгласа недоверба. И не само тоа. Туку, да смогнат сили да го распуштат Парламентот, односно да дозволат да се распушти Парламентот и да одиме на предвремени парламентарни избори.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Една минута контра репкика, повелете.

**Ангелка Пеева - Лауренчиќ:** Јас не знам дали беше ова реплика или дискусија. Но, без оглед, бидејќи очигледно никој од вас немаше во салата, не следевте што зборував.

Во вашето образложение за доверба на Влада вие никаде не ја спомнувате економијата. И, ако грешка, поправете ме. На овие две страници и еден пасос, ги добивме сите, ниту една реченица за тоа нема. Инаку, податоците не ви се точни. Бруто општествениот производ е поголем, видно поголем од 2002 година, кога бил -4,5 а сега е 2,9 потоа бројот на социјалните случаи е намален за 20 илјади во однос на 2002-та, бројот на невработените за околу 10 илјади намален во однос на 01 ноември 2002 година. Кога се бориме со податоци, повторно не сте во право.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Инаку да кажам, бидејќи на некој начин бев спомнат, договорот се почитуваше. После паузата направивме нов договор и по тој договор сега ќе постапуваме.

По тој договор сега има збор господинот Александар Флоровски.

Повелете.

**Александар Флоровски:** Вие се договарате, некој трет ќе го крка за жал, секогаш е така. Значи, лото седмица беше денеска да дојде човек на говорница да стигне и да каже нешто, иако редуцирано е времето на 20 минути и тоа е дел од договорот, јас повеќе бев за системот брзи прсти, па кој стигне нека стигне, а кој има ксмет ќе дојде, ќе коментираме и ќе говориме саат време и два ако треба, затоа што има што да се говори и што да се каже. Но, за жал, пошто сум човек кој ги почитува договорите, човек со образ и со принцип, ќе го почитувам и овој договор и ќе говорам само 20 минути, колку што е договорено. Од каде да почнам а каде да завршам. Ќе почнам од позади, затоа што грбот секогаш е незаштитен а некој ми говори дека

Македонија е земја со висок процент на безбедност, а пред една или две години колегата Кондарко случајно го ранија во една бурекџилница. Тоа, ако говориме за безбедноста, ќе ви наредам уште мал милион примери колку е безбедна Република Македонија, а посебно за Скопје, левата страна на Вардар, од кои мислам дека ретко некој од вас наминува натаму, освен припадниците на албанскиот блок, да видите во 8,30 или и 9,00 часот, каде се македонците и каде се наоѓаат. Имате впечаток, буквално имате впечаток дека е воведен полициски час. Значи, луѓето толку се самодисциплинираа што знаат дека во 8,30 или во 9,00 часот, мора да се повлечат. Значи, нашата безбедност се сведува на нула на десната страна на Вардар и таму каде што живеат македонците ќе се прави се и сешто.

Инаку, работите би можел да ги поделам на четири дела. Тоа е внатрешна политика, надворешна политика, економија, па и безбедносната состојба, за да се опфати еден цел сегмент на работењето на оваа Влада. Слушавме прекрасни дискусии со разно-разни параметри, а хартијата трпи се. Можете да пишувате што сакате, а фактичката состојба да биде сосема поинаква. Но, господа, сведоци сме на едно економско тонење на Република Македонија. Јас не сум економист, но слушајќи го обичниот македонски народ, слушајќи ги луѓето кои се отпуштени од работа и џаболебарат низ скопските улици, кои буквално слушаат се што се случува велат една работа, дека со оваа Влада, не конкретно со вас од 2002, од 15 септември, тој фамозен или славен, можеби ќе стане историски датум на СДСМ почнаа да се чувствуваат разликите и на безбедносен план и на економски и буквално во сеопштото македонско живеење. И, најсвежата вет од вчера дека имаме 800-тини отпуштања од АРМ, образовани луѓе, високообразовани луѓе, за да се направи трансфер да се удоволи на дел од малцинствата. Луѓе кои четири години се образувале да ја водат македонската армија за недајбоже, вие едноставно ги бришете од список, затоа што некои од коалиционите партнери треба да влезат во колкав процент незнам, тој процент е многу фамозен, 17,20, до каде се движи мене воопшто не ми е јасно. Затоа што и пописот верувам дека е фингиран на штета на нас македонците. Тоа е факт. Па, ни се случи ЕСМ и за жал никој не излезе. Потоа, ни се случи МЖ, не им се исплаќаат последните четири плати, нешто што е веќе договорено. Верувајте, македонецот е работ на егзистенцијата. Го нема најнормалниот социјален мир, буричкаат по кантите, буричкаат по контејнерите. Прошетајте и видете, лесно е од овие клупи да говориме, вклучително и за мене важи тоа. Јас сум самокритичар, а очекувам такви да бидат сите. Секојдневно имаме отпуштања од сите можни институции се од плаштод на некои реформи кои ги бара Европската Унија. И, што добивме ние за возврат од Европската Унија. Освен чукање по рамо и на минатата влада и на оваа Влада ништо друго. Со единствено образложение почекајте некаде во 2008 и 2010 година ќе ве примиме, па исто ни се случи и со НАТО. Па, сфатете луѓе дека не маткаат, дека со нас македонски кажано си играат пет камци. Тоа е факт. Значи, мора да се бара модус и друг поинаков настап. Ако не не бива, излезете и кажете, браќа не можеме ништо да направиме, не газат од секаде и нема шанси да успееме ни во НАТО, ни во Европската Унија. Разно разни олеснители, да не кажам лаксативи доаѓаат овде го маткаат и премиерот, претседателот на државата и министрите. Па, дајте престанете. Тие вас ве маткаат. Не не маткаат нас. Тие вас, вие нас, тие народот. Секојдневно од медиумите слушаме дека денес, утре, задутре, влегуваме во Европа, влегуваме во НАТО. Кажете, не играат или не не играат. Треба да знаеме дали сме по нивниот терк или не сме по нивниот терк. Ќе ја делат државата или нема да ја делат државата. Ќе ја кантонизираат или нема да ја кантонизираат. Тоа се работи кои мене ме погодуваат како македонец. Елемент број 1 во мото размислување е националното чувство и националниот момент. Ако немам држава, не ми треба ни економија, најотворено ви кажувам. Што ќе ви е држава, односно што ќе ви се парите ако немате држава. Не ни требаат пари ако немаме Македонија. Изгубивме два дела, уште овој недај боже да го изгубиме. Значи, чукањето по рамо од Европската Унија и НАТО треба да се заборави и да ни ја кажете вистината овде. Имавме работа со такви олеснители Леотар и Пердју, случајно бев во таа делегација парламентарна, човече да не можеш да разговараш со нив и вака одозгора те гледа, божем е паднат од Марс, такво понижување. Ако и овие олеснители што доаѓаат кај вас се однесуваат исто, па тоа е трагедија за македонскиот народ и трагедија за македонското достоинство. Јас не преферирам безобразлук, но морам да го спомнам Шешељ, машки настап, можеби безобразен, навистина безобразен, но да не кажам каков. Секогаш ние македонците одиме по една линија на помал отпор. Кој дојде нема проблем, вака ќе правиме како што ќе ни кажете, а што од тоа. Сакам некој да ми каже што од тоа, дали Македонија има дивиденда со таа работа. Економски реформи 400 илјади невработени и незнам колку доаѓаат 37 или 38%, не ги знам колку проценти, затоа што некој нонстоп ги фингира. Како во мојот случај ме избришаа и никаде не фигурирам, овој е вработен, во наводници. И, не можам да се отргнам од чувството дека Македонија и Национален план секојдневно тоне. 20 дена по ред слушам по медиумите дека е променета македонската историја. И, го гледам колегата бивш Азиз со каква леснотија ја менува Македонската историја од бивши балисти прави борци против фашистите. Човек да се прекрсти и да се праша во кое Собрание се наоѓа, каде живее во која држава. Па, луѓе, не може така. Имајте малку достоинство, кажете стоп дека не може. Споменици секаде се дигаат, никој не реагира. Како пратеничко прашање го поставив пред три,

четири месеци и никој воопшто не обрнува внимание, ќе ви биде одговорено во писмена форма. Да не говорам за оној минат период кој секој сака да го заборави, верувам дека и премиерот Бучковски гледам дека води некоја подруга политика. Притвори, апсења, семејни трагедии, однапред осудени, една страшна работа која се случуваше во оваа држава. Македонија личеше на затворска држава, буквално. Однапред ги осудувавте луѓето. Една страшна политика за каква не сакам ниедна македонска Влада во иднина да ја повтори. Тоа се случуваше за време на претходните двајца премиери. Тоа е страшна работа, македонец на македонец толку да биде душман, нешто невидено.

Е, добивме знаме во Пустец со шестокракото од Кутлеш, фала му на бога, контра оние права што ги добија албанците. Конечно еве и албанците да направат еден добар чекор. На 4-5 илјади македонци ни дадоа натпис да имаме кирилично македонско писмо и ни го дадоа да го вееме со петокракото сонце од Кутлеш, а за жал овде го немаме во сопствената матична држава под притисок во 1993 година Република Грција. Судбински ли сме предодредени да губиме. Мене не ми е јасно, но, еден поданички менталитет мора да го исфрлиме од нашето она што значи ДНК кое го носиме од колено на колено. И, ако ги ставиме на кантар правата на албанците тука и правата, јас ќе кажам, на преку 200 илјади македонци во Албанија, тоа е минормно што го добивме. Говорам за македонци. И од исламска и од православна исповест. Значи, не сакам да правам разлика, затоа што говорниот јазик им е македонскиот мајчин јазик, што значи припаѓаат на македонската нација. А, верата е поединечно определување кон како сака и како се чувствува. И исто така, чувството дека Македонија галопира кон бинационална држава никако да ме напушти и со самата територијална поделба и она што сега се случува по општините и што ќе се случува во иднина по општините, здружување, збратимување, и сл. Се плашам дека еден ден да не осамнеме некој од олеснителите да испратат специјални сили па да ни стават граница и да си ги вадиме очите македонците, албанците некаде западно од Скопје на 20 или 30 километри.

Да говорам за договорите во четири очи кои се правени, за кои многу наши претходници од ВМРО ДПМНЕ многу здраво го окркаа, па и психички паднаа. Но, јас велам господ е голем, господ гледа и господ враќа на тие што правеле лошо. Кој атеист нема да верува, јас сум верник и верувам во бога. Можеби тоа е мојата големина, преголем верник сум. И, верувам дека некој ги следи сите овие работи, некоја виша сила. И, да говорам за Буџаку, веќе помината тема, завршена работа. Претпоставка, додека нема докази, може да е вистина, може и да не е вистина. Но, на големо се говореше и по медиумите, а и експлоатирано беше и од членови на Владата и тоа е факт.

Да говорам за Пелинце, се извинувам господине министре за култура, многу пати експлоатирано, но никако да го одминам. Јас не знам колку пари се потрошени, но за такви работи бивши членови на Владата на ВМРО ДПМНЕ се затворани, осудени и однапред осудени. Прво од новинарите, а потоа од партизираното судство, кое вие го направивте партизирано, затоа што работи под притисок. Во контекст на изјавата на господинот Прчевски, дека е последен будала кој ќе ја прифати оваа функција, па другиот ден ретерираше. Ќе се сложите, нели, со овие работи. Некој ги памти работите, па тука ги изнесоа јавно за да остане забележано дека не е премолчена ваквата расправа и дека постојат аргументи. Не што ќе падне Владата или дека можеби или дека може да ја срушиме, теоретски шанси немаме, но да си дадеме оддушка на душата и да чуе нашиот напатен македонски народ што се случува во нашата мила и сакана Република Македонија. Господине Јакимовски, не ве спомав за да запишувате, но ќе реплицираме. Со Прчевски завршив.

Ќе се вратам на Кондово и фамозниот прелет на Агим Красничи од Кондово во општинскиот суд 1, кој дава изјава и како фантом се враќа и го прашуваат министерот за внатрешни работи што се случи. Тој гледа, човекот не знае и вели јас не сум веќе со работите, затоа што никој не го информирал. Министер за внатрешни работи да не знае работи од ваков тип од безбедносен карактер. А, премиерот вели дека ако е во интерес на мирот ќе седне да преговара со било кого работите да се завршат мирно. А, претседателот на државата пак бара нешто сосема друго. Ако не сте усогласени, ве молам да се усогласите. Незнам веќе на кого да верувам. Исто така, не можам да се изначудам дека во оваа Влада се наоѓа и господинот кој го отвораше и го затвораше вентилот во Липковската брана. Скоро ми кажаа моите колеги од ВМРО Народна партија, велат тој е министер за земјоделство, шумарство и водостопанство. Па, сироти кумановчани, копаа бунари цело лето таму за да извадат вода, а ние го имаме во Влада. Нешто невидено, да не кажам, трагично. Верувајте трагично. За мене е трагично. По ниедна цена не би прифатил да соработувам со таков човек кој се исживувал со преку 100 илјади жители на Куманово и на кумановската општина. Сега, ќе станете и ќе реплицирате, но јас сум спремен да водам битки и симлтанка, не е проблем, секој да ги извади аргументите овде на маса. Па, за даночна пирамида ни се случи, се нешто ни се случува во ваш период, те октопод, даночни пирамиди. Ајде, на голема врата најавувана доаѓа Тео Вајгел, па доаѓа Свето Јаневски како експерти финансиски кои ќе бидат советници. Па, каде е тој Вајгел, луѓе, каде се наоѓа? Фантом ли е, видлив ли е, невидлив ли е, постои ли некаде. Дали има нешто од економски карактер направено да се подобри сеопштото живеење во државата. Да ја префрлат топката на синот на Киро Глигоров, Владимир Глигоров. Вели дека

програмата е добра, но тие 20, 30 илјади евра дајте да ги ставам во џеб. Добро, тој ја заврши работата на место мене. Да не кажам за бегање од затвори итн.

На крај една нејасна ситуација во времето на ВМРО сите беа криминалци, сите беа лопови, организиран криминал, божем Козаностра, Корзиканската мафија, во тој круг го ставам и Драган Далаверски. Тој е мој личен пријател и се немам одамна видено, за жал. И, не негирам дека ми е пријател. Сеуште за него се води меѓународна потерница. Случајно овде имам некои поднесоци од неговите адвокати, министерке ова е до вас, каде што господинот Даравелски бара, испратено до Македонските судови, јас не зборувам за фатаморгана измислено, туку зборувам за документи кои се стигнати во општинските судови. И, меѓународната потерница стои, иако не треба да стои, затоа што вели вака "воедно од Судот барам да се повлече потерницата против мене за мое лишување од слобода, бидејќи надлежноста и важноста на одлуките на истражните судии престануваат со денот на поднесување на обвинителниот акт". Јас многу не сум изверзиран во правото, но ќе прочитам, а вие бидете доследни, излезете и кажете дали ова што го говорам држи вода или не држи вода и продолжувам: "а со обвинителниот акт против мене не е ниту предложена мерка притвор, ниту кривичниот совет се произнел во рок од 48 часа од денот на добивањето на обвинителниот акт, што значи дека против мене не постои повеќе материјално решение за лишување од слобода кога ќе бидам пронајден". Јас се чудам како македонските судови кои ги имаат добиено овие два документи, овие се една од низата на документи, не нашле за сходно, еве и адресата ќе ви ја дадам ако сакате, испратете му покана на човекот ќе се појави, тој не бега. Зошто не ја повлечете потерницата. Сеуште ли работи тоа партиско судство.

Посебно ве почитувам и сметам дека и во име на вистината и во име на правдата ќе се заинтересирате не само за овој случај, за многу случаеви каде што се обезправени многу ВМРО-вски кадри со и без причина посебно да ги разгледате. Затоа што, тие луѓе имаат деца, имаат фамилии, имаат роднини, имаат и пријатели. Лесно е човек да се оцрни, многу лесно и многу едноставно. Но, затоа вие сте министер за правда и верувам дека посебно ќе се заинтересирате до судовите каде што стигнале овие материјали и да видите што таму се случува и што е причината сеуште да стои меѓународната потерница за господинот Драган Даравелски. Мој личен пријател кој за жал го немам видено преку три години. Еве, господине претседателе, го почитувам вашето време, во секунда бев точен и благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Има збор министерот за правда три минути.

**Мери Младеновска:** Бидејќи времето ни е ограничено јас морам да почнам веднаш со изнесување на податоци во однос на многу актуелната тема последните месеци во Република Македонија, а тоа се бегства од македонските затвори.

Бегства од македонските затвори, не само од Македонија туку и пошироко и во Европа и вос ветот имало и ќе има, а тоа е поради природата на лицата кои се наоѓаат во затворите, бидејќи нивната основна тенденција е поради прашањето на лишување од слобода да настојуваат на секој начин да го напуштат затворот.

Но, ќе споменам некои податоци од претходните години и она што оваа година се случува во затворите во Република Македонија.

Бројките покажуваат дека постои драстична разликаи во услови кога за последните 3 години бројот на затворениците во Република Македонија е зголемен од прилика за бројка од 700 од јануари месец оваа година до сега, додека сум јас на функцијата министер за правда вкупните инциденти во затворите се половина од она што се случувалосите изминати години, поголем број години и 1998 година и 1999 година, заклучно со претходната година, а сето она што Министерството за правда го прави на планот на почитување на законите, почитување на редот и дисциплината без притоа да се нарушат принципите во пенологија утврдени и со меѓународни конвенции, а тоа значи постапување на хуман начин према затворениците, од една страна грижа за процесот на ресоцијализација, а од друга страна овозможување на безбедност кај многумина на кои не им одговара ваквиот начин на однесување предизвикува реакции почнувајки од самите затвореници, од персоналот, многу други лица, оние кои што сотјат зад криминалците кои се во затвор и секако опозицијата.

Да напоменам дека во КПД Идризово оддалечувања од полуотворено и отворено одделение од 1998 година до претходната година имало секоја година поединечно како бројка 13, 17, 23, оваа година се 9.

Во однос на затворот Скопјесо отворено одделение во Крива Паланка и таму бројките се намалуваат. Ако имало години каде што имало бројка 30 сега е многу помалку од тоа.

Ќе го споменам затворот Охрид бидјеки таму е најдрастична разликата. Од 1999 година до 2003 година има 11 класични бекства, оваа година нема никакви инциденти. Тоа се случува и со затворот Тетово и со затворот Битола, а ваквите бројки кој значат драстично намалување на оваа состојба навистина и каи самите криминалци предизвика многу реакции...

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Министерот за образование иам три минути.

**Азис Положани:** Господине претседателе, имајки го предвид дигнитетот на Парламентот јас не би сакал да полемизирам со човек кој што како

свој го зема, во било кој контекст Шешељ, или Шешељ му постанува или му бидува херој за да го објаснув асвојот начин на однесување. Јас на господинот Флоровски ќе се обраќам сепак како кон пратеник со почитуван господин, иако тој кога го спомна моето име сака да имплицира и да воспостави ниво на култура кое што не е карактеристично за овој дел.

Измените на плановите и програмите по историја се направени од стручни лица и се врз база на препорака на меѓународни специјализирани институции и на кои јас сакам да им верувам за разлика на господинот Флоровски за што и се радувам дека се разликуваме.

Тој принцип е базиран врз принципот кој што ја има и програмата на оваа Влада, а тоа е приближување и меѓусебно почитување на сите заедници што живеат во Република Македонија, а не спротивното. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете една минута господине Флоровски.

**Александар Флоровски:** За бегството, затворите многу едноставно решение. Вработете си луѓе. Одврзете го кесето, и така луѓето шетаат по улици, примете затворски чувари. Многу едноставно може да се реши тоа. Одделете пари од Буџетот.

Господине Положани вие на луѓето што им верувате јас не им верувам. Не можете да ме убедите дека  Бали Комбатарот 1941-1944 година, па и 1948 година била антифашистичко движење и дека тие се бореле за правата и на македонците и за формриање на македонска држава и т.н и т.н.

Вас ве убедија затоа што така ви одговара, мене не можат да ме убедат затоа што не е тка. Историските факти говорат нешто сосема друго и различно, за што фала богу постојат живи сведоци и се надевам дека ќе се јави повторно Сојузот на борците на чело со Дренковски да каже и да се јави во функција ...

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски ве молам седнете.

Повелете господине минситер за култур аимате три минути.

**Благоја Стефановски:** Почитуван пратеник Флоровски. Неколку пати по ред го споменувате Пелинце и никако не можам да најдам врзивно ткиво. Сега го фатив и ми е јасно. Вие жалите за господинот Шешељ затоа што сакате да бидете пандан негов. Пречката била Прохор Пчински, господинот Шешељ ги симна тие, а вас како голем патриот требаше да ви биде јасно, или сакате да го браните македонскиот народ па сега ви пречи Пелинце бидејќи ние не сакаме народите да се караат меѓу себе. Шешељ не е, од другата страна е, не ви посакувам вас тоа да ви се случи, само ваквите патриоти многу брзо си ги кажуваат аргументите и тоа за жал несвесно гокажавте денес.

**Љупчо Јордановски:** Повелете една минута господине Флоровски.

**Александар Флоровски:** Господине министре, јас не очекував дека толку сте луциден и успеавте да го поврзете моето искажување од Шешељ со Пелинце, што апсолутно нема врска. Јас прашав само Пелинце дали е градено во четири очи и како се договарате.

(Благоја Стефановски -десет пати прашувате).

Мое право како пратеник, па и 50 пати да прашам. Ама, има една друга работа "кој си ја има муваta н акапата тој си ја ишка". Јас повторно ќе кажам дека Шешељ можеби имаше безобразна изјава, но машки кажана. Па, дај прекинете со тој Хашки трибунал, преку глава ни е дојдено отворено да викажам. За жал таму лежат и двајца македонци без сопствена вина, па сега поврзете го ова со Пелинце.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Има збор минситерот за внатрешни работи, три минути.

**Љубомир Михајловски:** Благодарам господине претседателе.

Почитуван пратеник Флоровски јас само накратко да ви кажам дека сведоци сте и вие дека ги следиме состојбите околу безбедноста во државата. Тогаш би требало да следите дека навистина трпиме како МВР шпекулативни напади. Трпиме напади заради поставување на дневно-политички цели, трпиме анализи од луѓе нестручни, трпиме дури и разни провокации што се се со цел сметаме дека со тоа се замајуваат обичните луѓе да се прикаже нешто што не е, зборам за областа која што ја покрива МВР.

Јас ве уверувам и не ви говорам невистини кога ви кажувам дека состојбата во Скопје со криминалот е далеку пониска од таа што била со години наназад, а ако станувате на левата страна на реката Вардар да ви кажам дека таму исто така е во големо намалување криминалот. Чувствувам од она што го кажувате дека луѓето не се безбедни за живеење, патување, секојдневните обврски од тој дел на градот, и тоа не е точно затоа што градот од десната страна и од левата имаат различнио содржини па луѓето често пати претстојуваат таму или ваму.

Околу тоа што ме цитиравте дека јас сум кажал, да ги повторам вашите зборови, цитирам "јас не сум во тек со ваквите работи", а  околу случајот Кондово јас никаде не сум кажал таква изјава и не е убаво и чесно бидејќи сам за себе велите дека сте чесен човек ова да го говорите, значи да му ветнувате во уста нешто што јас никогаш во живото ниту сум го кажал ниту сум го изјавил. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете една минута господине Флоровски.

**Александар Флоровски:** Министре, јас вас воопшто и не ве обвинив. Јас дадов сопствени видувања за состојбите во Скопје и тукане сакам да навлегувам во дискусии дали јас ги знам работите подобро или вие. Апсолутно вие сте професионалец, вие сте минситер, секое сабајле добивате известие што се случува во градот и

водржавата, како што добива и премиерот. Тоа е нормална работа.

Јас впечатокот што го стекнав по повод прелетот на Красничи во Општинскито суд, вас ве цитираа и ве фатија неспремен, таков беше коментарот на новинарите. Ако новинарите лажат јас тогаш ќе го повлечам она што го говорам. Значи, видите што се случува, ама тоа е проблем на македонскoто новинарство кое е исто така партизирано во државата. Но, верувам дека би требало да знаете.

**Љупчо Јордановски:** Повелете, три минути господине Јордан Михајловски.

**Јордан Михајловски:** Имам една кратка реплика во однос на колегата Флоровски.

Му се восхитувам на патентичната триумфалност со која сака да ја сруши Владата. Ми недостасува неговата искрена мудрост која ја кажа ког адојде во Парламентот дека во нивно време се крадело, ама се крадело со исав и имало и за други. Тука ќе застанам за да поентата ја извлечам од неговото излагање, плачеше за судбината на Далаверски, а ќе му кажам вака.

Во Крива Паланка по една негова неформала одлука на Царината се собирани пари и се внесувани во касата на ВМРО-ДПМНЕ. Во Кривопаланечкиот суд се обвинети 8 цариници од тој период што тој ги вовлекол во големата партиска авантура. Тоа е реалност и јас ќе ви ја донесам истрагата која се води во Кривопаленечкиот суд. Сега ќе прашам дали "белграѓанецот" во моментот Далаверски не е грев на поранешниот минситер за финансии кој седи сега во првиот ред. Што сакам да кажам?

Зошто тогаш не беше попречен криминалот во неговиот ресор кога беше минситер за финансии? Зошто тоа го толерираше со своите соработници? На тој начин за мене е соучесник на сите тие дејствија во македонската Царина, Управата за јавни приходи, Бирото за стокови резерви. Додека беше минситер за финансии дел од неговиот колегиум беа Даравелски, Сашо Станинов и Ванчо Пеловски кои имаат проневерено над 50 милиони евра. Како да е многу мала сума на пари. Плачеме пред меѓународниот монетарен фонд, не анализираат од сите аспекти, не повикуваат на аранжмани, преговорите траат со месеци, едвај добиваме половина од таа сума која ја нема, за која се води истрага.

Мислам дека треба малку да се размисли. Нема да кажам ништо за платежната картичка затоа што тоа треба да го коментирам на наредната седница кога ќе бидат пратеничките прашања за 7, 6 милиони евра за платежната национална картичка, виртуелна македонска реалност која никогаш не се оствари и ќе застанам тука.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете една минута господине Флоровски.

**Александар Флоровски:** Не сум знаел дека сте психолог па можете да навлезете дали јас говорам патетично или не. Јас говорев со факти, аргументи. Ако сакате прифатете ги, ако не ваш проблем е. Судот ќе каже кој колку е крив. Не сте вие судија и вие да кажувате кој е крив. Ќе ви кажам сега Далаверски зошто го гонат. Го гонат за донации на МАН од 10 милијони денари, го гонат за 8 иљади денари давање на пари на спортски друштва, го гонат за Плаошник, за Милениумскиот крст, и т.н. и т.н., господине името не ви го знам, за тоа го гонат Драган Далаверски. Ако ве интересира еве го документот прочитајте го. Ако тука ја барате вистината, расчистување со политичкиот противник тоа е веќе друго прашање но ќе видиме дали ќе иамте шанса на другите избори да расчистите со политичкиот противник или да го дорасчистиме.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Пред да продолжиме да ве известам за конечниот редослед до крај.

Прво има десет минути господинот Петковски, а потоа идеме со оној блок на лидери на парламентарни партии или претседатели на парламентарните партии, господинот Марјан Ѓорчев, господинот Стојан Андов, господинот Никола Груевски, потоа има еден од позицијата, господинот Никола Ѓурчиев и на крај господинот Љубчо Георгиевски.

Има збор господинот Тито Петковски.

**Тито Петковски:** Господине претседател, ќе се држам на договореното.

Господине премиер, почитувани минситри, коелги.

Како што течеше расправата добив навистина инспирација и потреба да кажам мошне кусо за две работи, за оние за кои што наводно меѓу нас овде и воопшто во Република Македонија меѓу политичките партии има концензус тоа е околу прашањето за НАТО и нашето членство во Европската унија. Прашања кои што се повеќе стануваат реторички иако во пракса како политички партии и пратенички и вон парламентарни многу малку работиме. Но, пред тоа сакам сосема кратко да кажам дека ваков вид на барања на доверба на Влада не е потребен на никого. Не само сега, сите изминати 13 години после падот на првата партиска македонска Влада сите знаеме дека Владата нема да падне, знаевме и во изминатото сите 13 години кога се покренуваше прашање доверба на Влада исто така дека нема да падне Владата, користиме уште еден ден овде да ја искритикуваме Владата,како што впрочем го користевме исто така минатите години, како да ни е малку секојдневните прес-конференции и како да ни се малку сите седници и темите на дневниот ред.

Првата повеќепартиска Влада на Република Македонија падна затоа што таа беше ничија. Условно ничија затоа штонемаше парламентарно мнозинство кое ќе ја подржува. Одтогаш, од 2002 година сите си имаме "свои влади", мислам на парламентарното мнозинство има Влада што ја пдоржува и од политички и од мошне

прагматични причини нема да дозволи таа Влада да падне.

И после тоа се случија многу гласања за доверба и како што знаете ниту една влада не падна. Може да падне само кога ќе дојде Република Македонија во ситуација политичките партии многу повеќе, а особено ние што сме во Парламентот да посветуваме многу повеќе внимани и интерес на државнит еинтереси, а не на партиските интереси, како што е тоа случај во Италија, каде секоај година паѓаше влада и Италија направи најстабилна економија во Европа. Но, за нас е тоа мислена именка, но да не бегам од она што земав обврска на почетокот да кажам.

НАТО не изневери, односно ги изневери нашите очеквуања. Ние бевме убедени сите како политички апртии бидејки сите стоевме зад идеата како за стратешко прашање од врвен државен и партиски интерес и за очеквуање беше сите да останеме доследни меѓутоа активно партиципирајки во спроведувањето на државната политика за доближување кон НАТО. Имаме реформи во армијата, се испостави дека тоа не е доволно и навистина имаме таму успешни реформи кои што ги поздравува Европската унија, господата од Брисел, од САД и т.н., но сите заедно испуштивме од вид дека НАТО значи нешто друго. Значи и демократска алијанса, меѓутоа НАТО значи и пружање на безбедност односно креирање на безбедност на земјата која што сака да биде членка на НАТО. Но, НАТО претпсотавува и многу пари, а македонската економија не е многу богата. Тоа подразбира пред се наш активен однос на сите политички партии кон остварување на оваа цел.

Меѓународната положба на Македонија и нашата желба за доближување и кон НАТО и кон Европската унија. Со време и начин на кој што работиме сите овие години во македонскиот парламент мислам дека ќе биде многу далечна идеата и за НАТО и за Европската унија. Затоа сакам сосема накратко да предложам две идеи, барем од овие наши расправи да извлечеме нешто корисно и за државата и за нас како пратеници во овој Парламент.

Прво, сакам да сугерирам за обезбедување на меѓународната позиција на на Македонија, ако сме искрени во втор план да ги ставиме нашите партиски и теснопартиски интереси, а Владата, односно Министерството за надворешни работи да отвори еден дипломатски пулт во кој ќе ги ангажира сите најспособни кадри на политичките партии кои се во Парламентот на СДСМ, на ВМРО, на ДПА, на ДУИ и сите други кои сакаат навистина активно да придонесат. Таквите луѓе способни да ја кажуваат приказната за Македонија единствена, а не една е приказната што ја прикажува власта, друга е приказнаа што ја прикажува опозицијата. Тогаш немаме државна политика и тогаш никој не добива, не добива ниту позицијата, ниту опозицијата, дефинитивно губи Македонија и сите ние заедно со неа. Значи, ако сакаме да направиме нешто добро за државата, најдобрите кадри да ги ставиме, независно кој е сега на власт и кој ќе биде да речеме после изборите идната година. Тоа значи дека тие луѓе ќе се растрчат по светот да ја афирмираат и да знаат вистината за Македонија да ја прикажуваат, а нашиот дел во Македонија да си го завршиме тука заедно.

Второ, премиерот рече вчера во едно интервју со кое јас многу се согласувам, дека Македонија можеби ќе добие сега позитивен сигнал за започнување на разговорите после нашата апликација со ЕУ, но дека поканата наша нема да стаса сега, туку ќе стаса догодина или до некоја друга година. Клучното прашање е, европејците сакаат да видат како ќе се однесуваме на следните парламентарни избори. Ако продолжиме како и на овие последните локални избори, бидете сигурни таа врата ќе ни биде затворена.

И на крај мислам дека кога бараме доверба на Владата, јас овде слушнав интонации дека оваа Влада треба да си оди. Значи ли тоа дека парламентарното мнозинство може да си избере нова влада, друга влада, или значи паѓање на Владата и распишување на нови парламентарни избори? Тоа овде беше доста дисонантно.

Ако сакаме како пратеници да ја увериме македонската јавност дека имаме добри намери, мораме да излеземе сосема јасно и да кажеме, оваа Влада треба да си оди, а еве ги играчите кои Македонија ќе ја внесат во НАТО и во ЕУ, еве ја програмата и со овие луѓе кои имаат кредибилитет, кои имаат достоинство, кои покажале, стекнале политички углед во досегашната пракса и на тој начин да ги убедиме и пратениците односно парламентарното мнозинство дека Македонија има алтернатива. Инаку Владата нема шанса да падне, не заради тоа што ги исполнила сите очекувања на граѓамните, или заради тоа што ја спровела Програмата, туку едноставно заради тоа што во овој момент не се артикулирала поинаква алтернатива во Република Македонија. Тоа го покажаа локалните избори. Еве видете каква ни е состојбата со градските совети, со градоначалниците, а фала богу и со опозицијата. Не говорам дека е идеална ситуацијата со парламентарното мнозинство. Значи ли тоа ако падне Владата, ние дури тогаш ќе договараме која гарнитура, кои луѓе, кои играчи ќе ја внесат Македонија во НАТО и во ЕУ.

Да завршам, мислам дека треба да составиме заедничка агенда за ЕУ, за меѓународната позиција и за нашето приклучување кон НАТО, да ги наброиме приоритетите, да формираме државна политика и да го убедиме меѓународниот фактор и НАТО и ЕУ дека сме земја која заслужува да биде од тој свет.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Ѓорчев, повелете, вашите 20 минути.

**Марјан Ѓорчев:** Почитуван господин претседателе, почитувани господа министри, дами и господа пратеници,

По мое длабоко убедување како и изминатата интерпелација, мислам дека тоа е најприродниот чин во парламентарната демократија, ако сме парламентарна демократија, во која опозицијата е повикана да ја брани демократијата, така е барем секаде во развиените демократии, исто како кога се избира влада, мнозинството ја потврдува својата доминација која ја стекнала со победата на парламентарните избори. Тоа се две идентични категории. Кога се бира влада тогаш доминира мнозинството, се предлагаат министри, се кажуваат програми, премиерот дава експозе. При интерпелација опозицијата има единствена шанса тогаш да биде рамноправна како малцинство, со парламентарното мнозинство.

Во основа според мене на две точки интерпелацијата може да успее и успева само тогаш ако се потсетат граѓаните на Република Македонија, низ конструктивна дискусија, што била изборната платформа на коалицијата, политичките партии кои победиле на изборите, тоа е прво, да се потсетат. Второ, што од таа платформа е реализирано, колку е реализирано. Значи што се ветувало на граѓаните и колку од тоа граѓаните добиле преку владеењето на парламентарното мнозинство и владиниот кабинет кој ги уставотворува тие во пракса, закони, прописи, уредби, се тоа што го носи административниот апарат на државата. Оттука, значи и од начинот на елаборацијата на тезите од страна на опозицијата и одбраната на позицијата од тонот, од жестокоста.

И понатаму сметам дека македонската опозиција, покрај тоа што на почетокот на мандатот беше обвинета дека е корумпирана, криминогена, неспособна, виновна за меѓународна изолациа. Обично позицијата треба да види дека без опозиција ни еден процес, ниту кон политички, ниту кон воени, ниту кон економски асоцијации Македонија не може да ја изведе. Во парламентарната демократија без опозиција нема чекорење напред. Тоа мора да се разбере.

Со тоа што на почетокот парламентарното мнозинство на некој начин ја "уништи" македонската опозиција со скандали, со процеси, со обвинувања, со постапки. Меѓународната заедница добро го следи тоа. Демократија без опозиција не може да чекори во меѓународните асоцијации. Од тие причини политиката и политичките цели што сметам дека сите политички партии се исти, а тие цели се: правна држава, богата држава, демократска држава, развиена држава во доменот на социјалната заштита на сиромашните, слабите, на јаќите, инвалидизираните. Меѓутоа, методологиите се различни. Методолошката постапка со која киниса владеачката коалиција и во третиот мандат беше таква, ветувачка, надежна, дека ние можеме се т.е. вие можете се и дека Македонија сигурно ќе биде примена во НАТО алијансата во 2006 година. Сега наеднаш, после разочарувњето, после шокот дојде не случајно, сега се бара преземање на ризикот од страна на сите политички партии во Република Македонија. Меѓутоа, ризикот, почитувани пратеници од позицијата, почитуван премиер, почитувани министри, го преземавте вие кога ги пренабрегнавте и потценивте и на некој начин не водевте сметка за достигнувањата што беа постигнати од поранешната позиција во периодот од 1999 - 2002 година. Токму затоа и според мене, ќе ја почнам мојата забелешка во врска со изолацијата на Владата во делот на надворешната политика.

Да се потсетиме дека во Платформата на СДСМ, основна теза на изборите беше дека Македонија е во длабока меѓународна изолација и дека за тоа се виновни тогашните коалициони партии на власт. Уште подалеку дека некои коалициони партнери биле виновни за војната во Македонија, а притоа во ниту еден момент, ниту сега, никој не спомна дека во тоа време Република Македонија го потпиша Акциониот план за пристапување кон НАТО, дека во тоа време, во тие црнила, за вас, 1999 - 2002 година, Република Македонија го потпиша круцијалниот документ за чекорење кон ЕУ на 9 април 2001 година во Луксембург, Договорот за стабилизација и асоцијација со ЕУ, прва земја од регионот Западен Балкан, пред Србија, пред Босна и Херцеговина, пред Хрватска, Албанија, пред Косово. Значи Македонија во континуитет, не затоа што некоја друга политичка опција била, заради политичките цели го постигнала тоа. Владеачката позиција во ниту еден момент не сака да признае дека е тоа плод на контиуитетот и не само на тогашната коалиција ВМРО-ДПМНЕ и во еден момент ЛДП, ЛП, па потоа едно време и СДСМ во широката коалиција. Не сака да признае дека во едно време, при имплементација на Рамковниот договор се постигна усвојување на 16 законски проекти, се усвоија уставните амандмани и во сето тоа каде Република Македонија единствено од земјите на поранешна Југославија најде решение на воена криза, политичко решение, вие видовте меѓународна изолација на Македонија, а каде е сега Македонија. Дали сега Македонија не е во меѓународна изолација. Зошто сега повторно се наметнуваат црнилата, одложено патување и чекорење на Република Македонија кон меѓународните асоцијации и сега опозицијата треба да прифати тон на поддршка. Вие тоа го имате цело време, за овие три години. Се што е побарано од нас за сите меѓународни поддршки, би рекол на сите активности во делот на меѓународната активност на Владата, од опозицијата е поддржано, кога се во прашање меѓународните асоцирања на Република Македонија. Меѓутоа, во ниту еден момент никој не сака да каже дека во тоа има заслуга, во тој период 1999-2002 година, заради тие три круцијални документи: Спогодбата за асоцијација и стабилизација, Акциониот план за НАТО, Рамковен договор, политико решение на воена криза. Македонија тогаш ги доби најголемите

поени во меѓународниот свет. Во 1999 година ја издржа Косовската криза, воена криза разреши, направи широка коалиција и тогаш исто така беше дел од нашето, она што се вели македонско секојдневие од нашиот македонски континуитет. Токму затоа оваа Влада мора да даде отчет на македонските граѓани зошто ја изгуби таа предност во овие три години? Зошто Хрватска отиде пред нас? Зошто Македонија нема стратегиски партнер, како што е Франција за Србија и Црна Гора, како што е Англија за Грција, како што е Германија за Бугарија. Зошто Македонија нема таков стратегиски партнер во Европа или САД? Зошто наеднаш Хрватска истрча пред нас, кога беше далеку зад нас и во договорот за Светската трговска организација и во Договорот за стабилизација и асоцијација. Хрватите беа скршени кога во Загреб Македонија ја потпишуваше Спогодбата за асоцијација и стабилизација. Сега се тие далеку пред нас. Владата мора да даде отчет. Затоа е интерпелацијата. Македонија заталка по лавиринтите на некои нови западно-европски унии, заедно со Србија и Црна Гора, Косово, Албанија, Босна и Херцеговина и ние мораме да и кажеме на граѓаните зошто е тоа така.

Не бегам од одговорноста дека се направени одредени грешки во тој период за кој се повикува дека е период на криминал, корупција на војни, на кризи и тоа не наши, инфлантирани од други простори од поранешно југословенската делегација. Од тие причини надворешната политика мора да биде темелна интерпелацијата затоа што Македонија чекори назад, ја изгуби битката и во позицијата што ја имаше од земјите на поранешна Југославија, а и економската позиција. Сите земји имаат поголем економски раст од Република Македонија, и Хрватска и Србија и Црна Гора и Албанија. Наскоро можеби и Косово ќе има од нас поголем економски раст.

Моделот, втората точка на која ние треба да дискутираме, економијата е страшна и ужасна катастрофа во Република Македонија. Џабе ни се нас податоците дека ние постигнуваме вакви или такви проценти во делот на она што претставува дисциплинирана, точна, навремена финансиска политика. Точно е тоа Македонија секогаш имала добра финансиска политика, меѓутоа Македонија никогаш немала добра економска политика. Затоа ние овие две основни цели кои и оваа Влада на почитуваниот премиер Бучковски ги греши, тоа се стапката на инфлација и аранжманот со ММФ и Светска банка, ги поставува како цели, а не како инструмент. Тоа се само инструменти за македонските граѓани да живеат подобро, а ние се фалиме, тогаш кога ќе имаме аранжман Стенд бај кој се потпишува за да се решат ликвидносните проблеми за да може меѓународните кредитори да си ги земат кредитите и каматите од Македонија и тогаш кога имаме дури и дефлација, инфлација нула, дека ние сме постигнале големи успеси, а притоа долгот на Република Македонија од 1 милијарда американски долари во 1993 година, оваа година во 6 месец изнесуваше 1.920.000.000 американски долари. Ги задолживме идните генерации, три четири идни генерации за 920 милиони долари повеќе, за 12 години, а ништо не направивме. Која нова фабрика се направи. Се што имаме е направено до 1990 година. Ништо ново не создадовме. Темелите на македонската економија ги изедовме, само со финансиска политика, само со скромни потпишувања осум аранжмани со ММФ и Светска банка, а ни чекор напред не отидовме.

Просечно економскиот раст на Република Македонија во периодот 1993 - 1995 година е 0,9%. Со таков економски раст нема вработување. Со стапка на дефлација од 0% и висока каматна стапка од 15%, ќе расте невработеноста. Никој нема намера да инвестира во промашени инвестиции, со каматна стапка од 15%, македонски претприемач. Сите си ги чуваат парите во благајнички записи, Народна банка работи добро односно искажа и загуба, не ми е јасно како и никогаш нема да ми биде јасно, но тоа е мој проблем и сега наеднаш се гордееме со тоа дека ние имаме стапка на дефлација и дека инфлацијата ќе ни биде до крај 1,5%. Па каква корист од тоа имаат македонските граѓани. Што корист имаат од тоа, се зголемила вработеноста за 10.000 луѓе. Ве молам во Програмта на СДСМ се велеше дека секој член од семејството ќе биде вработен. Тоа беше програмата. Тоа е идеологијата на Платфорамта на најголемата политичка партија која ја освои власта. За тоа таа мора да даде отчет пред граѓаните. Зошто не успеа тоа да го направи, зошто повторно целите ги постави погрешно и зошто не успеа да направи тоа да бидат инструменти и да даде, едноставно, пропулзија на македонската економија со што македонските граѓани ќе и веруваат на државата дека се грижи на економски, политички и социјален план. Од тие причини не може за економската политика, во континуитет, што мора да побара одговор и од меѓународните институции, како тоа тие институции не можат да дадат одговор зошто Македонија не оди напред. Како Хрватска не претрка, како Србија може да има 5,5% стопански раст, како Албанија може да има 6% стопански раст? Зошто Македонија тапка во место? Зошто проектирани 4%, потоа имаме 2,8%. Нешто не ни оди и пак кажуваме имаме стопански раст. Ќе осиромашиме и уште не сме ја достигнале реперната 1990 година, кога живеевме во друг социјалистички ситем.

Во делот на економијата, во интерпелацијата се зборува и за градежништвото.

Мое обраќање до премиерот на Владата е, да ја исрави грешката од поранешниот владин кабинет, кога без никаква анализа тогашниот премиер и министерот за финансии во неговата влада ја укинаа можноста да се користат девизните резерви на државата 50 милиони американски долари, да се даваат гаранции на македонските градежни фирми да може да конкурираат на тендерите ширум светот, со јаките ирски, српски, хрватски, германски, полски,

чешки компании, бидејќи градежништвото е голема инвестиција. Една делница од пат или комплекс на хотелски згради на некое приморје чини 40, 50, 60 милиони евра. Ја укинавме единствената можност македонското градежништво кое е едно од четирите фундаменти на македонската економија да носи девизни приливи на македонската економија да носи девизни приливи од 100, 150, 200 милиони долари, да гради во Украина, да гради во Русија, да гради во Бугарија, да гради во Романија. Нашите македонски банки се минорни во однос на конкуренцијата. Најголема наша македонска банка, Комерцијална банка едвај 100 милиони евра. Ние ја укинавме можноста на државата да си обезбеди сопствена стимулација на најпропулзивниот инвестиционен сектор кој може да се носи со сите моќни градежни компании ширум светот, на "Гранит", на "Пелагонија", на "Маврово", на "Бетон" и други компании. Тоа е мое видување и сметам дека Владата тука мора да интервенира брзо, затоа што во експозето на премиерот Бучковски, една од основните цлеи што ги постави беше дека ќе овозможи пропулзија и брзо активирање на сите економски капацитети.

Во делот на земјоделството, во ниту еден момент, во делот на преземањето на новиот кабинет, трет по мандат сега, новиот кабинет на СДСМ, ЛДП и ДУИ, значи 1 ноември 2002 година, 34 месеци и 22 дена, ниту еден владин претставник не најде сила да каже дека Република Македонија во агрокомплексот е полноправна членка на ЕУ. Така е, ние сме поноправна членка на ЕУ, а во делот на земјоделството. Значи, Македонија во се друго има проблем и заради името и заради стандардите и слично, но во земјоделството може денес, својот домат, краставица, зелка, млеко, конзервиран производ, градинарски смрзнат, овошен, кајсија, слива, да извезе камион со 1% царинска такса и евиденција и да се продаде на сите европски берзи: Амстердам, Брисел, Лондон, Париз, секаде во Европа

И тоа е најголемата компаративна предност што ја има Македонија. И ние тоа не го користиме. Зошто? Затоа што тоа било во времето на некоја друга Влада кога некој друг човек го потпишал тој договор. И заради тоа не сакаме трета година по ред да даваме помошти во земјоделието, субвенции што ги имаме како право во таа Европска унија. Таа Европска унија ни додели право да даваме по две милијарди денари 33,3 милиони евра помош на македонското земјоделие. Тоа право го имаме, тоа е потпишано во СТО. Тоа право не може да го негира Европската унија. И сега новиот премиер кој што донесе владин пакет во негово време усвојуваме ребаланс на Буџетот во кој што ние се откажуваме од правото оваа година наместо 2,7 милијарди да си помагаме на македонската економија кога немаме инвестиции, кога немаме развој, кога немаме вработување, ќе постигнеме намалување на буџетскиот дефицит од 0,9 на 0,6, нема да потрошиме 2,7 милијарди, ќе потрошиме 1,5 милијарди. И каква корист имаат од тоа македонските земјоделци, селани, граѓани, невработени, дека министерот за финансии во Владата на премиерот Бучковски е успешен и дека води сметка за финансиска дисциплина. Ама затоа не се плаќа пченицата, нема да се плати ни тутунот, затоа нема ни една култура до крајот да биде како што треба откупена. Политичкиот ризик ќе си го превземе оваа коалиција. Ние можеме да говориме сега дека во тоа време имало вакви, или такви пропусти, или имало ваква, или таква политика, но факт е дека Европа ја признава таа политика, Европа дала пас македонското земјоделие да оди без царина, без контингенти, без квоти во Европа, Значи, нешто имало добро. Барем тоа малку добро еднаш да беше признато од оваа говорница од било кој премиер или од било кој министер. Да се каже дека тука се компаративните предности и дека премиерот има сила, има можности да издвои 1 милијарда и 2 милиони денари што пак претставува половина од тоа што може Македонија да го дава во земјоделието и да ги подели како премија за пченица од 2 денари, регрес за нафта затоа што има скок на цената на нафтата, се ближи есенската сеидба, премија за тутун, премија за млеко. Тоа премиерот може да го направи. И токму затоа оваа интерпелација јас ја разбирам од мој агол на гледање, од аголот на Земјоделската партија. Како последен апел, се разбира дека ние ќе гласаме Владата да падне, не очекуваме дека ќе падне, но тоа е и предупредување. Доаѓа 2006 година, ќе има многу популистички мерки, ќе треба да се опстане на власт. Тогаш веројатно и Владата буџетскиот дефицит нема да го гледа така ригорозно, туку ќе го одврзе кесето. Меѓутоа, потребно е сега да се одврзе кесето, потребно е сега да се помогне на земјоделците, затоа што тие се во безнадежна состојба. Јас ќе ви кажам еден пример. Јас имам сопствено возило, во 1993 година цената на литар нафта беше 9,30 денари, цената на една вреќа ѓубриво МТК беше 240 денари, цената на Смедеревката беше 7 денари. Во 2005 година цената на нафтата е 52,5 денари, цената на ѓубривото е 720 денари на големо истата вреќа, цената на Смедеревката е 7 денари. Кажете ми почитувани господа пратеници кој може тоа да го издржи? Пет пати е зголемена цената на нафтата, или шест пати. Пет пати се зголемени сите импути, данокот на промет за лозови калеми беше 0%, данокот на промет за ѓубрива, репроматеријали беше 5%, сега се е 18%. Значи, едноставно Владата мора да интервенира, не за друго, туку затоа што нафтениот шок ги ништи сите продуктивности, сета рентабилност и сета економичност на македонската економија. Од тие причини сметам дека при вакква поставена владина политика интерпелацијата е наша должност, мораме да дадеме предупредување и од аспект на она што како Земјоделска народна партија, јас како нејзин претставник ќе го дадам својот глас за изгласување недоверба на овој владин кабинет.

Сметам дека ако вака ги поставиме работите бидејќи сум свесен дека со овој број од 25 потпишани за интерпелација, тоа нема да се случи. Меѓутоа, барем еднаш и при овој момент кога е позицијата еднаква со опозицијата ова да биде последен сигнал дека вака повеќе во Република Македонија не може.

**Љупчо Јордановски:** Има збор министерот за економија, три минути.

**Фатмир Бесими:** Јас накратко ќе укажам на некои факти, односно да дообјаснам нешто што беше кажано од економски аспект за слуувањата во нашата економија. Прво, беше укажано за градежништвото односно банкарските гаранции. Тоа е факт дека банкарскиот сектор во моментот не може да ги следи големите претпријатија во областа на градежништвото за да присуствуваат на меѓународни тендери. Меѓутоа само едно да укажам дека Владата на Република Македонија не давала гаранции на приватни претпријатија, туку во последниот период тоа било за јавни претпријатија и тоа веќе е укинато и станува збор за лошото искуство кое во минатото сме го имале со претпријатија на кои уште Република Македонија, односно граѓаните плаќаат даноци за враќање на износи спрема други држави, како што се бивши ЈУ републики каде што за претпријатија за кои биле издадени гаранции, а после тоа приватизирани нормално преку процес на транзиција не успеале да ги вратат долговите. Значи тоа е лошото искуство во периодот на транзицијата.

Понатаму, тоа што се однесува на високите каматни стапки, тоа е факт исто така дека каматните стапки релативно се високи за да стимулираат поголеми инвестиции. Меѓутоа и тоа е резултат на конкуренцијата во банкарскиот сектор во Република Македонија, а и тоа претходно што го кажав, условно кажано голем број на мали банки кои не можат да успеат во пазарни услови. Ние сме сведоци како тие мали банки веќе влегуваат во процес на окрупнувања, а за тоа да се случи значи треба здрав банкарски сектор. Веќе имаме најави за влегување на нови банки од западните развиени економии.

Што се однесува за земјоделието, сакав да укажам дека ние со членството во СТО, можностите за заштита на земјоделските производи веќе престануваат, остануваат други политики кои што ги носи Министерството за земјоделие, тоа ќе го кажат после на нивната презентација.

**Љупчо Јордановски:** Една минута, Марјан Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Јас за пример ќе кажам за државата Франција која што во 2004 година една од стожерите на Европската унија која што во 2004 година за да си ја зајакне конкурентноста на своите фирми на странските пазари си позајми од Француската влада 10 милијарди евра од девизните резерви на Франција за да им помогне на француските претпријатија во конкуренција со американските, јапонските и другите гиганти. Значи, ако може една Франција која што е стожер на Европската унија заедно со Германија, како може Македонија да се откаже од правото своите минорни средства, тие 50 милиони долари да си ги стави на располагање на фирми кои што во Украина, во Бугарија, во Албанија, во Русија работеле досега и тоа со успех.

**Љупчо Јордановски:** Има збор Радмила Шеќеринска, три минути.

**Радмнила Шеќеринска:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, никој од оваа страна на оваа сала нема да спори со фактот дека прашањето околу интегративните напори на Република Македонија се прашања кои што ќе бидат цел и биле цел на повеќе влади. И тука борба, или конкуренција, мислам дека не е соодветна. Меѓутоа, пратеникот беше во право, ние денешната соработка наша со Европската унија ја базираме на Спогодба за стабилизација и асоцијација која ја потпиша една претходна Влада. Апликацијата за членство во Унијата ја поднесовме врз основа на одредбите од таа Спогодба. Така што, удирањето во гради кој повеќе направил, не треба да биде декларативно, треба да зборуваме по практични точки. Еден од проблемите кој што мислам дека треба да се спомене овде, бидејќи сите зборуваме дека Спогодбата е нашиот главен аргумент е дека претходната Влада не ја остави само Спогодбата за стабилизација и асоцијација во наследство на онаа која што дојде по неа во 2002 година. Освен тоа таа остави и серија на обврски превземени со таа Спогодба за стабилизација и асоцијација кои не беа почитувани. Ако се сеќавате од 2002 година натаму речиси цели две години и новата Влада во Република Македонија мораше да го решава проблемот со ОКТА заради тоа што тоа претставуваше најдиректно кршење на Сподобдата за стабилизација и асоцијација. Значи, пораката и поуката треба да ни биде, не е само да потпишуваме, туку тоа што ќе го потпишеме треба да го реализираме.

И вториот коментар кој сакав да го кажам, се однесува на светлото кое што се фрли на земјоделието и дека Спогодбата за стабилизација и асоцијација покажала дека со земјоделието Македонија е веќе во Европска унија. Јас би сакала да го делам таквиот став со пратеникот Ѓорчев, ама не го делам. Зошто? Заради тоа што на Европската унија и беше навистина лесно и корисно да го отвори својот пазар за земјоделските производи на Република Македонија дури и без царински оданочувања, царински оптоварувања. Зошто? Заради тоа што за да влезат македонските производи на европскиот пазар треба навистина многу да направат. И тие тоа не можеа да го прават. Затоа ќе видите дека во 2001 година, 2002 година ние немаме пораст на извозот на овие земјоделски производи. Дури оваа година ние за прв пат постигнуваме и во делот на земјоделските производи и во делот на општата економија 33%

да го зголемиме извозот највеќе кон земјите членки на Европската унија. Тоа покажува дека не е само да ги отворите пазарите, туку дека на тие пазари мора да пласирате производи кои што имаат и сертификати, кои што имаат и потврда, кои што едноставно можат да се квалификуваат на европскиот пазар.Тоа до сега не беше направено.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господинот Марјан Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Еден од големите успеси на македонското земјоделство е во зголемувањето на неговиот извоз е извозот на Битолска млекара од 8 милиони литри на грчкиот пазар и затоа е таков порастот со извознички број кој што го доби благодарение на активностите најмногу на амбасадорот во Брисел, господинот Сашко Стефков, кој што не знам на која влада припаѓа, но тој е еден брилијантен амбасадор. И тоа покажува дека Македонија во делот на земјоделието е членка на Европската унија, сакале ние тоа да го признаеме, или не. Ние само во земјоделието, за разлика од Бугарија која што е кандидат членка и извезува со царини, со квоти и контингенти своите земјоделски производи од Романија, од Хрватска, од Србија. Македонија нема никакви ограничувања. Сега кој повеќе ќе направи олеснување, тоа е веќе способност на таа политичка гарнитура која што е на власт. Факт е дека ние сме полноправна членка на Европската унија, па да го искористиме тоа еднаш.

**Љупчо Јордановски:** Има збор заменик мкинистерот за образование.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам претседателе. Со господинот Ѓорчев се согласуваме дека и оваа Влада и претходната сигурно дека сакале земјоделието да ни биде подобро. Посебно бидејќи Македонија е аграрна земја сакаме што повеќе да извезуваме на странскиот пазар, се разбира во Европа и во други трети земји во светот. Со Спогодбата за стабилизација и асоцијација не еднаш, не два пати, не знам колку пати сме го кажале дека и со последните преговори со Европската унија и со самото проширување со новите земји членки Република Македонија дури има и повластеност во однос на царинските стапки за увоз и извоз во Европската унија и тоа сме го кажале многу пати и тоа го негуваме и тоа го чуваме, односно во самите преговори водевме посебно сметка да можеме да извезуваме надвор, а да не може за најчувствителните производи да не може Европа да увезува без царина во Република Македонија. Меѓутоа, конкурентноста е таа која што е и резулатите се тие кои што се. Оваа Влада прави напори за зголемување на поддршката на земјоделството. Јас само ќе кажам еден податок за разлика од 2000 година, односно 2001 во 2005 година зборувам само за директната поддршка во земјоделието е зголемено скоро за два пати, значи од 200, 240 на 600 милиони денари. Тоа не е доволно, апсолутно не мислам дека е доволно. Ние и понатаму ќе бараме наини како да се зголеми оваа директна поддршка во аграрот со што би станал земјоделскиот аграр многу поконкурентен на странскиот пазар. Меѓутоа, најверијатно тоа се можностите на Републиката и најферојатно дека во натамошниот период ќе најдеме разбирањем, односно оваа Влада ќе најде начин како да ги зголеми овие средства за да биде поблиску до конкуренцијата на другите земји.

Што се однесува до зголемувањето на ДДВ кое претставува посебен проблем во земјоделството ние секогаш инсистираме на здружување на земјоделците, само така можат да го повратат ДДВ, бидејќи ДДВ знаете сите оние кои се регистрирани правни лица и физички лица кои ќе се регистрираат ќе можат да го повратат ДДВ.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господинот Марјан Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Почитуван господине Џамбазовски, значи немаме повластени стапки, имаме исти стапки како да сме членка во Европската унија. Ние сме во земјоделието членка на Европската унија. Колку и да сакаме да избегаме од таа вистина, тоа е така. Нас ништо не не ограничува освен за виното 300 илјади хектолитри квота, за крапот и пастрмката. Се друго Македонија може само со 1% царинска евиденција да извезува и тоа тие 33 милиони евра ако се дадат на македонското земјоделие, верувајте многу ќе порасне извозот и ќе бидеме многу поконкурентни. Во тоа е целата логика. Најголемата компаративна предност на Македонија е земјоделството, а не го помагаме а сакаме да имаме поголем извоз.

**Љупчо Јордановски:** Три минути за министерот за надворешни работи Илинка Митрева.

**Илинка Митрева:** Господине Ѓорчев најмалку сакав да полемизирам со вас, затоа што сметам дека дел од коментарите во вашата дискусиј се навистина добронамерни и конструктивни. Меѓутоа, не можам да поминам преку една оценка што е дадена за меѓународната позиција на Република Македонија која што вие ја нарекувате изолација, а во текстот што ги содржи премисите за денешнава седница стои дека Македонија има инфериорна меѓународна позиција. Изгледа дека разговараме во тој случај за две различни држави, бидејќи оваа држава Македонија за која што јас зборувам и чиј што министер за надворешни работи сум, доби извонредно признавање од САД со признавањето на уставното име. Германскиот Бундестаг донесе одлука со која на својата Влада и препорачува да го употребува уставното име и во Евгропската унија. Истото се случи и со Комисијата за надворешна политика на Британскиот парламент, во подготовка е слична акција на Италијанскиот парламент. Оваа држава Македонија за која што јас зборуванм од 2002 година наваму воспостави дипломатски односи со 18 држави под уставното име. Истата оваа држава Република Македонија за која што јас денес зборувам, не по моја оценка, или не по оценка на оваа Влада е

третирана како земја со најголем успех во реформите на патот кон НАТО, како земја која што претставува навистина мотиватор и двигател на регионалната соработка која што воведе еден дух, нов дух на пријателство и солидарност на Балканот. Убедена сум дека ќе допуштите дека секоја одговорна Влада прави стратегија за остварувањето на своите цели, членството во НАТО и членството во Европската унија. Ако во таа стратегија станува збор за тајминг, односно за притисок со кој што земја свесна за резултатите во своите реформи го бара местото и во Европската унија и во НАТО, тогаш ќе се согласите, тоа е добро, а не е лошо. Никого не излажала оваа Влада, таа само ги правела проектите, знаејќи дека сепак закажувањето на Самитот не зависи од желбите на аспирантите, односно на кандидатите, туку од проценките на НАТО алијансата и тука станува збор за потреба од внатрешна трансформација на Алијансата. Исто така, сакам да кажам дека на средбите со сите министри од Европската унија, токму нашата држава ја има најголемата поддршка за членството во Европската унија и отворени врати, отворени хоризонти. На нас е овде заедно да ја завршиме работата.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господине Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Почитувана госпоѓо министерке, вие сте министер во македонска Влада, значи сте и мој министер како Македонец, државјанин на Македонија. Јас не спорам со тоа дека вие водите хиперактивна политика, динамична и дека сте една од ретките кои што ги собра на еден собир сите поранешни министри на Република Македонија. Тоа се факти. Пред фактите мора да се молчи.

Меѓутоа, главната поента на СДСМ 2002 година на изборите беше дека Македонија е во меѓународна изолација. Каде сме сега? На истото место каде што бевме и 2002 година, ниту поблиску ниту подалеку сите заено од ЕУ и НАТО алијансата. Тоа беше мојата дискусија дека сите си требаме и тогаш кога сме опозиција и тогаш кога сме позиција за да стигнеме таму каде што Република Македонија и граѓаните сакаат да бидат.

**Љупчо Јордановски:** Би ги замолил двајцата пратеници кои што се јавиле за реплика да се откажат од едноставна причина што мене ми е сосема јасно и доволно, Владата успеа со репликите да го отповргне она што е кажано од страна на господинот Ѓорчев.

Ние имаме уште 6 дискутанти. Јас не би сакал да прекинувам ниту претставник на Влада ниту било кој, за да можат тие 6 кандидати како што се договоривме својот ред да го добијат.

Благодарам апелот што го усвоивте.

Затоа сега има збор пратеникот Хисни Шакири, повелете.

**Хисни Шакири:** Благодарам господине претседател што ми овозможивте и јас да учествувам во оваа расправа како претставник на една нова партија, како претставник на една опозиција сега и понатаму во рамките на овој Парламент. Знам дека претходно имаше разговори и консултации на кои ние не сме учествувале, но еве наидовме на разбирање и соработка со тие кои ја иницирале оваа Интерпелација, но и со претседателот на Парламентот кој ми овозможи да ги искажам моите размислувања во рамките на еден нов субјект, кој сега за сега е многу мал, но е во пораст. Другите се многу големи, но незнам каква им е состојбата бидејќи ова е еден процес кој тече, а јас го именувам како еволутивен, како и развојот во природата. Ние сега сме во една фаза би рекол на пораст како партија.

Ппчитувани пратеници, почитуван премиер, почитувани членови на владиниот кабинет,

Поднесената Интерпелација од страна ан ВМРО-Народна партија, но и сите ние како опозиција треба да ја разбереме како една порака, конструктивна порака една порака за добро за натамошното работење на оваа Влада, ако се има предвид фактот дека односот на силите во овој Парламент е таков и колку и да говориме и да даваме аргументи, мислам дека ќе биде залудно за да се постигне целта, значи оваа Влада што ја предводи претседателот Бучковски да падне. Во овој момент сакам да ја кажам вистината, иако поаѓам од една позиција на опозиција, но никако нема да го злоупотребам овој момент. Имено, ќе настојувам како и секогаш да бидам конструктивен, бидејќи не гледам причини да си земам за право да говорам нешто што е надвор од нашата реалност. Има потреба да бидеме во функција на тоа што е општ интерес, но не само на декларативен начин, туку со еден правичен и конструктивен пристап. Бидејќи господинот премиер не е присутен сигурно некаде ја следи оваа седница, оваа расправа. Сакам да ви ја кажам вистината почитувани пратеници, почитувани членови на оваа Влада и почитуван премиер дека во 2002 година кога дојде оваа коалиција на власт мислев и очекував, како и сите граѓани на Република Македонија , дека ќе има една измена односно пресврт. Ова го велам поради многу причини, бидејќи поминаа неколку години и сите согледуваме една реалност дека многу прашања и многу работи за кои е преземена одговорност не се остварени. Ова е една реалност и треба да ја прифатиме сите заедно и позицијата и опозицијата, Владата или некој друг, бидејќи само така и на тој начин можеме да имаме една корекција во нашето идно работење. Поинаку не. Можеби ќе биде еден дел од тоа што ќе го наречам наша традиција да продолжиме и во иднина да не преземаме конкретни чекори во насока на тоа што е поесенциално и пофундаментално. Кога велам поесенциално и пофундаментално го имам предвид економскиот развој. Господинот премиер најави некаде во месец мај дека ќе има реконструкција на Владата и сите тоа го знаеме. Тоа е една реалност. Но тоа не се случи. Се очекуваше тоа да се оствари при

крајот на месец септември, но по разговорите кои ги следевме со коалиционите партнери, кои биле познати за нас преку средствата за јавно информирање, се зборуваше дека ќе има реконструкција во октомври. Ова не се случи. Што е уште потрагично, во рамките на Кабинетот на премиерот се апострофирани неколку министри кои управуваат со неколку министерства во рамките на овој кабинет, а кои се неуспешни. Оваа изјава ја слушнавме од премиерот. Ве молам, сега кога премиерот изјавува дека има неуспешни министри, што треба да каже овој Парламент и што треба да кажат другите. Тоа е едно сериозно прашање, големо сериозно прашање. Зошто не се случи реконструкцијата на Владата? Имаше бледо и несериозно образложение. Кога велам бледо и несериозно, имам предвид дека сега сме во исчекување на одговорот на ЕУ околу апликацијата за членство во ЕУ. Нормално, јас рабирам, тоа е едно прашање кое ги засега глобалните интереси на државата. Се согласувам со тоа. И ние треба да бидеме во функција на истото, но ве молам. Мислам дека ова образложение не стои, не држи, бидејќи ЕУ бара секогаш и постојано ревитализација на силите, сили кои се во состојба да се соочат со актуелната состојба. Но еве, не се согласија, имаме позначајни прашања и како и да е, сето тоа што е искажано мислам дека е добро и правилно разбрано. Мислам дека овде немало зло, туку имало нешто што значи пазарење, многу ниски пазарења.

Имам уште една забелешка. Јас би бил многу среќен при апострофирањето на овие министри, кога се спомнуваат со име и презиме во рамките на владиниот кабинет. Според некои сознанија спомнати се имиња на тие министри кои немаат грб, значи нема кој да ги штити тие министри. Кога го велам ова, имам предвид еден факт. Почитувани присутни, му се обраќам на премиерот, на господинот Владо Бучковски, но и на присутните. Зошто не се споменува името на заменикот премиер Муса Џафери, кој е ангажиеан за имплементација на Охридскиот рамковен договор, кој за мене и целата јавност претставува една несреќа во рамките на оваа Влада. Но уште еднаш ќе повторам, тој има грб и некој стои зад него, па доколку се спомене неговото име коалицијата ќе се стави под знак прашалник. Ако ги погледнеме државните интереси зошто се става под знак прашање коалицијата, ова е едно прашање со кое треба да се занимаваме. Но прашувам каде сме ние тогаш во таа состојба. Значи дека и овде нема еден правичен пристап, нема правичен пристап во сето ова, бидејќи уште еднаш ќе нагласам клучниот човек, можам да го именувам првиот човек од структурата на ДУИ во рамките на оваа Влада, мислам дека многу малку работел. Знаејќи многу други прашања, бидејќи секогаш се зборува, има изјави, декларации, но и забелешки од меѓународниот фактор до каде сме стигнале со рамковниот договор. Кој беше надлежен за тој рамковен договор во рамките на ДУИ? Уште еднаш ќе нагласам, тоа беше со име и презиме Муса Џафери. Но за неговите неуспеси никој не говори, а вака ли ние ќе се корегираме себе си, дали ќе направиме исчекор напред на овој начин? Јас велам не. Тоа е факт, некој може да каже дека Хисни зборува со тенденција. Јас не живеам за тоа работите да ги гледам од агол на тенденција, но жалам кога се споменуваат двајца или тројца министри, да се спомене и другиот кој е во владиниот кабинет и ова нека биде една забелешка. Јас се согласувам, грешки има, но грешките треба да се согледаат од овој агол. Кај другите прашања кои се од посебен интерес го имам предвид фактот дека во рамките на оваа Влада-уште еднаш ќе нагласам, јас сум очекувал дека ќе има движења во насока на економски пораст. Знаеме дека без економски пораст не можеме да го постигнеме тој развој на кој претендираме. Од страна на заменик премиерот кој е ангажиран за евроатланските интеграции, во рамките на ДУИ многу јасно се искажа дека се постигнати сите обврски од страна на Македонија во однос на законодавниот дел. Се согласувам со тоа, тука имаме консензус, треба да чекориме напред и треба да бидеме многу силни сите заедно и позицијата и опозицијата. Тука дилеми нема, бидејќи тоа е интерес на државата и на целото општество во државата. Тука немаме дилеми, но заборавме еден факт. Пред неколку дена имавме една делегација од Словенија и тие ни одржаа неколку предавања. Јас сум свесен и сите сме свесни дека не е во прашање дека не сме успеале да ги направиме реформите во законодавниот дел и да направиме измени од тој аспект. Во поглед на законодавството чекориме добро, но ве молам, без економски развој, треба да се увиди отворено и од целата ЕУ, ние не можеме да имаме една моќна позиција во однос на нашето членство, бидејќи многу држави од Европа ги моли ЕУ да се зачленат, кои имаат исклучително добар економски развој. Можеби во тие реформи не се пред нас, говорам за Норвешка, Швајцарија, кои секогаш имаат понуда за зачленување со тоа ниво на развој. Јас знам дека нашите претензии се поинакви, а можностите се нешто друго за да го постигнеме тоа. Ве молам, најмалку што можеме да направиме е да направиме позитивен исчекор во оваа насока и сериозно да се зафатиме за работа, а не само да критикуваме, не само да бидеме во функција на взаемно обвинување, бидејќи ова е еден заеднички интерес на сите граѓани. И Охридскиот рамковен договор кој е еден многу значаен документ, една основа од која сме тргнале во 2001 година сите заедно и често пати неговата експлоатација се прави во голема мерка што некогаш се има впечаток дека го девалвираме тој договор, што не смееме да го направиме бидејќи е од општ интерес. Ве молам Охридскиот рамковен договор, доколку не се оплемени и збогати и со економскиот развој, со решавањето на социјалните проблеми, да знаете дека тој ќе биде блед и не гарантира ниту стабилност, ништо друго, кога знаеме дека

економските и социјалните проблеми секаде биле први индикатори на криза во рамките на било кое општество. Ова е една појава или феномен кој е докажан во многу општества во одредени периоди од животот. Ова е една реалност и околу тоа не треба да имаме дилеми и да се двоумиме дали ова е вака или не. За мене ова е една аксиома. Во рамките на овие процеси како Влада, но само владата туку сите ние каде сме во извршувањето на нашите должности, околу намалување на криминалот, организираниот криминал, корупцијата, митото, рекетирањето на луѓе и разни други појави кои се евидентни и се случуваат во македонското општество, токму и од партиски структури кои имаат мандат, значи структури кои имаат мандат од одредени партии. Ако има потреба да ги кажам и точно, значи луѓето, обичните граѓани кои имаат проблеми да го обезбедат животот им земаат пари, мито. Каде сме ние, каде сме стигнале на оваа појава да и кажеме стоп? Но не може со корумпирани луѓе да го правиме ова. Некој кажа  во однос на тендерите, но јас не говорам за тендерите, не сакам да навлегувам во тоа. Сите знаат и целата македонска јавност ја знае состојбата. Јас имам впечаток дека доаѓаат на власт за да пљачкосуваат, доаѓаат на власт за да крадат. Сето тоа е една појава која не следи, не само со оваа Влада туку и претходните влади, но мислам дека ќе продолжи да не следи и во иднина, што е многу жално. Ние не треба само да се критикуваме, ние не предлагаме ништо конкретно. Ќе ви кажасм уште нешто. Сите политички структури треба, бидејќи е еднаква одговорноста на сите нас, на крајот на краиштата имаме обврска да го помогнеме населението. Да изнајдеме која е формулата за да одиме кон тоа што е општ интерес. Ќе ви ги кажам конкретно моите впечатоци, како нов политички субјект, нови демократски сили ние сме констатирале дека една влада на експерти, една техничка влада или незнам како, која не е заложник ниту на парламентарната група околу која ќе бидат сите, но таа која ќе им даде одговорност на сите.Со тоа што ќе се справиме со корупцијата и другите негативни појави, значи њекспертска влада, говорам за експетска влада, ќе биде многу пофункционална, имајќи ја предвид опасноста дека во секој момент може да падне од власта и мислам дека многу други фактори ќе влијаат таа да биде што поконструктивна во своето работење и да биде во функција на елиминирање на овие негативни појави. Јас како Хисни Шакири ќе ви кажам од оваа говорница денес на 22 септември дека не можеме да направиме позитивен исчекор во насока на справување со овие појави се додека ова не го направиме, бидејќи сите партии имаат многу работи кои се во спротивност со интересите на граѓаните. Едноставно вработувањата се вршат сосема партиски, при тоа не се гледа категоријата на луѓе кои се позагрозени. Значи не се зема предвид ова начело, туку дали си со мене во партијата-еве, дојди, можам да ти помогнам. Ова е едно многу значајно прашање и изборот  не е редовен, како резултат на сите овие манипулации кои доаѓаат во рамките на партиите кои се во состав на коалицијата  и ја контролираат власта, значи извршната власт. Ова е една реалност.

Оваа е една реалност. Ние не можеме да се справиме со овие прашања, се додека ние не постигнеме да ја најдеме формулата и обликот на нашето политичко дејствување, а обликот на нашето дејствување треба да биде, оваа не друга. Не било кој што може да искаже ветувања и разни пропаганди, мислам дека во моментот тоа може да биде само измама и замајување ние да пристапиме околу тоа што е реалност и наша објективност од нашето секојдневие. А нашата објективност е ова што го говорам и во оваа насока сите треба да бидеме едногласни, обединети и да работиме во насока на тоа да ги отстраниме овие појави, да го спречиме организираниот криминал, корупцијата, дека корупцијата и организираниот криминал имаат сузбиено и големи пари. Ниту една империја не се срушила бидејќи немала закони или војска, туку се срушила бидејќи не направила реформи и не чекорела кон иднината.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Андов, имате збор.

Јас само сакам уште еднаш да ја кажам математиката сега пред тројца пратеници и кои се лидери на политички партии и претседатели дека тие имаат свое право од 40 минути и да го искористат своето право од 40 минути. Плус господинот Ѓуркчиев има  20 минути, тоа е два часа и 20 минути. Значи дека ние околу 23 часот би требало да завршиме и да прекинеме. Но тоа значи без реплики. Ако некој сака да реплицира, нека реплицира кратко во време од една минута за нешто што е премногу важно или битно да се каже во тој момент. Инаку забелешките, репликите, пренесете му ги на премиерот и тој има 40 минути исто така право да каже свој завршен збор.

Повелете господине Андов.

**Стојан Андов:** Благодарам господине претседателе.

Почитуван премиере, почитувани министри, почитувани колеги пратеници,

Вообичаена е таа практика во парламентите ако опозицијата процени дека како форма на политичка контрола од страна на Парламентот опозицијата е потребно да поднесе барање за изгласување за недоверба на Владата, тогаш, таквото барање треба да биде предмет на широка расправа.

Немаме зошто да се плашиме зошто се расправа за овие работи. Овие непотребни стравувања дека опозицијата ќе зборува за слабостите на власта и поради тоа, таа ќе придонесе нашите партнери да изградат поинакво мислење за државата и да ослабат шансите на земјата побрзо да чекори во овие интеграции кон кои ние се стремиме, немаат основа, не држат. Тие имаат

многу начини да дознаат каква е вистинската состојба во земјата, дури и да нема опозиција, која ќе кажува како стојат работите овде и кој ќе ги открива слабостите.

Ние имаме два момента кои можеби, ова барање за доверба, за изгласување на недоверба, го направија нужно.

Прво, заради тоа што, од страна на меѓународните институции, стигнуваат сигнали дека сепак оценките не се така добри за нашето одење по тој пат кон овие интеграции, како што во нашата јавност често пати Владата тврди и изнесува и ги претставува работите.

Второ, нам ни остануваат неполни два месеца до една потемелна оценка што ќе ја даде Европската комисија за тоа како ние си ги извршуваме работите и која е оценката за тоа што ние го остваруваме и да речеме, ги почитуваме тогаш, на 9 ноември од Комисијата да биде дадено позитивно мислење и предлог да ни се даде тој статус на кандидат за полноправно членство во Европската унија.

Оваа наша расправа овде, треба да ги претресе работите во разни области, да ги апострофира слабостите, за да можеме да извршиме притисок врз Владата, посериозно и подоследно и потемелно да си ги извршува работите, да се искористи ова време барем толку, колку може до 9 ноември.

Се разбира дека ние знаеме дека не сме во состојба, немаме ние толку гласови, да изгласаме недоверба на Владата. Меѓутоа, тоа не смее да не спречи да ги кажеме сите наши забелешки, сите наши критики, и нашите оценки кои ги откриваат работите така да кажеме да настапи во земјата една посериозна мобилизација, за да се извршуваат работите понатаму. Дали има потреба воопшто опозицијата да биде критична кон Владата. Видете, тоа прашање не се решава со тоа што претставниците на мнозинството, ќе нафрлат на поединци од опозицијата, ќе им искажат секакви работи што суд уште не ги кажал и уште повеќе, ќе гледаат да ги дискредитираат како лица кои фактички, се овде од граѓаните избрани, да ги кажуваат своите критики на Владата, ако се во опозиција и со тоа ќе ги замолкнат луѓето од опозицијата и Владата спокојно сама ќе оди во Европа и сама ќе ги тера тие работи.

Кога утрово ги слушав некои говорници од мнозинството, можев да заклучам, добив еден впечаток дека залудно водиме расправа, дека не постои ниедно прашање по кое може во Парламентот, парламентарните партии да постигнат согласност. Дека не постои ниедно прашање по кое има консензус. Верувајте, да е тоа така, како што беше овде сервирано, дека ни за границите немаме согласност, дека ни за името немаме согласност, дека за ништо немаме согласност, верувајте, да е така, парламентарните партии да немаат барем за неколку прашања неспорни ставови, еднакви, секој наш странски партнер ќе заклучи дека во оваа држава фактички, нема основно единство, за да постои тaa држава. Врз основа на што е држава? Ако нема ниедно прашање по кое се согласуваат, клучните политички субјекти. А Европската унија сугерира, во земјата по редица прашања што се однесуваат до интеграцијата во Европа да има консензус во Парламентот, меѓу парламентарните партии. Настрана што ќе има и партии кои не се во Парламентот, кои ќе искажуваат разни сомневања, разни ставови итн. Овие кои се во Парламентот, кои го доживеале и го имаат мислењето од граѓаните и стојат граѓаните зад нив, тие по прашањата каде се напредува, или не се напредува и треба да се напредува во одењето кон Европа, треба по тие прашања да имаат консензус. Тоа е основното.

Од учеството во расправата на некои наши колеги од мнозинството овде, се стекнува впечаток дека тие сами мислат да одат во Европа. Дека тие што не се во нивните партии и се во опозицијата, тие не се за Европа, тие се лоши, тие не знам какви се, тие ќе ни го сменат името, ќе ни ги изменат и границите и не знам што ќе направат итн. Видете, тоа е штетно за партијата на која припаѓаат тие луѓе овде во Парламентот, кога такви ставови сервираат.

Верувајте, мораме да ги поставуваме работите многу посериозно. Мораме сега да видиме кои прашања се очигледни дека не одат работите и имаат резерва нашите партнери и како може да се притисне Владата, на некој начин да се направи таму некој напредок. Сите ние овде знаеме дека нашите локални избори беа првиот тест за нашата искреност и колку ние сме свесни, со каква одговорност треба да одиме на работите на изборната демократија.

Меѓутоа, вие сите знаете како минаа локалните избори. Кога овде расправаме по тие прашања, ќе се дигнат луѓе од мнозинството и велат како беа 1999, 2000 година итн. Беа лоши, ама тоа е илеревантно. Од поднесувањето на апликацијата наваму е важно какви се изборите и каква е изборната демократија. Сега е важно какви се изборите. 2002 година на првите избори, откако ја потпишавме Спогодбата за стабилизација и асоцијација, беа речиси по европски стандард. Никакви забелешки немаше. Во 2005 година на локалните избори во март, имаме сериозно, флагрантно влошување на изборната демократија. Тоа е фактот. Луѓето што често контактираат со Европската унија и со НАТО убаво знаат дека нашите локални избори во 2005 година имаат иста оценка, како да се на ниво на сегашните последни парламентарни избори во Албанија и дека се нешто полошо оценети од последните избори на Косово.

Сега, бидејќи ние имавме избори по истото законодавство, 2002 година, а имаме добри избори, солидни избори, со почитување на стандардите во изборната демократија, сега ние доаѓаме во една ситуација дека многу сме ги влошиле работите и тоа треба да го признаеме и да видиме како ќе го решаваме, не да го порекуваме тоа. Каде ќе не води тоа, ако ние

толку го криеме и го порекуваме и ако таа оценка што ја даде Меѓународната заедница, фактички мислат некој дека е сугерирано од опозицијата. Тука настапот на опозицијата е конструктивен. Се бараше од Владата и потребен е и добар е. Се бараше од Владата да се исправи со закон овде. И во 16-те единици на локалната самоуправа, каде што беа флагрантно кршени законите, да се поништат изборите, Владата немаше храброст тоа да го стори, поради нејзините внатрешни состојби, тоа го разбирам, меѓутоа, Владата мораше да направи некој чекор. Таа мораше да направи чекор, мораше сериозно да ги сфати опомените дека треба да се казнат тие тоа што го прават. Казнувањето не е обични силници да се затворат по 30 дена. Казнувањето е дел од тие мандати да се поништат и да се оди на избори. Можеше Владата да оди на половина. Можеше да оди кај половината од тие што овде се бараше да се поништат изборите и што најтешко стојат работите, да се поништат изборите. Ќе видите дека сосема друга оценка ќе имавме по повод не изборните резултати што беа тогаш, но најискрените намери на Владата, енергично да се пресметува со насилството во изборната демократија. Тоа Владата не го стори. Се определи за изработка на нова легислатива и тоа е добро, ама не го направи тоа како што требаше. Меѓутоа, ние со овие закони имавме добри избори. 2002 година ги имавме. Не ни пречеа законите. Тоа е една наша забелешка, која јас би сакал најсериозно да се земе, а не да се дигнат 10 луѓе и да ми кажуваат дека тогаш имало вакви избори, такви избори, вие лажете, вие не клеветите нас итн. Ништо не правиме така. Нема така ништо да направиме. Нашата задача е тие слабости кои се искажани, да се отстранат и да укажеме на нив. И ние тогаш ние си ја вршиме нашата функција овде во земјата. Ако сте вие опозиција, вие таа задача ќе ја имате.

Морам да ви кажам дека кога се избираше последната Влада на господинот Бучковски, многу внимателно го слушавме, тој најави нов почеток.

Морам да ви кажам дека тоа побуди кај мене еден оптимизам. Јас посакав тој нов почеток да го видиме малку и да го поддржиме. Немаше многу време, две години веќе беа потрошени и немаше многу време. Меѓутоа, овој тест за кој зборев за локалните избори, беше удар врз Владата и врз Македонија беше удар. Владата не издржа. Не заврши работа како што се очекуваше. Не направи тоа што требаше да го направи.

Еве ние зборуваме за еден друг посебен проблем за безбедноста. Има инциденти. Ајде да ги оставам на страна. Овој инцидент, оној инцидент, вакви постапки на еден орган, на друг орган итн. Општата оценка на Владата е дека се подобрила безбедносната состојба во државата. А оценката на владеачката партија беше дека економијата не оди во Македонија заради тоа што нема странски инвестиции, бидејќи безбедносната ситуација ги обесхрабрува странските вложувачи. Тоа беше со години. Ако е точна оценката дека безбедносната ситуација е веќе подобрена, треба да се запрашаме, што се случува, зошто нема странски инвестиции. Ние сме на крајот по странските инвестиции. Јас како што гледам и после Косово сме. За тие прашања ние мораме да разговараме. Не можеме да не ги кажеме. Слушав утрово дека главна е транспарентноста. Апсолутно, не е важно дали ќе има тендер, или ќе одиме на директни спогодби. Морам да ви кажам за оваа работа да му докажаме на некој во Европа, треба да го седнеме тука и навистина да му кажеме дека се што работи таму тој е јанлаш, не е во ред, затоа што Европската унија има многу прецизно разработена легислатива, норматива, која не дозволува дирекни спогодби. И тука нема објаснување и нема извинување. Едноставно, не ни дозволува.

Тоа се смета дека се елиминира конкуренцијата, што е основен принцип да не смее да биде и се смета дека дава основа за корупција. Тоа е нивно уверување. Нашите пратеници можат илјада пати да повторат дека тоа не е точно, но тие така мислат и така знаат, нивното искуство така ги убедило. Не можат да го прифатат патот за доведување странски инветиции со директна спогодба. Добро, ние не сме членка на Европската Унија, нивните нормативи се уште не важат за нас, меѓутоа, нема ни да бидеме членка додека не ги прифатиме тие нивни стандарди и нормативи. Тоа е исто. За тие работи мора да се зборува. Зошто мора да се зборува, колеги пратеници?

Видете, животот не е добар во Македонија, луѓето немаат работни места. Новите генерации не знаат од што ќе живеат, тие што имаат родители во пензија со пензиите ги помагаат, тоа не е нејасна, непозната работа. Тоа е позната работа. Сите тие очекуваат од власта, некои луѓе им ја довериле власта, да најдат некое чаре, да најдат некој излез, да видат некои позитивни чекори. Замислете сега пријатели мои, во услови кога на светскиот пазар три пати се зголемени цените на обоените метали на оловото и цинкот. Ние три години не сме во состојба да ги пуштиме рудниците на олово и цинк и Топилницата за олово и цинк. Таа топилница произведува преку 100 илјади тони олово и цинк годишно. Преку 130 милиони долари годишно девизен прилив се обезбедува. Едноставно не сме во состојба тоа да го направиме. Како да се оцени тоа? Во што се сплеткавте, кој ве сплетка? Дали ќе го земете на одговорност тој што ве сплетка? Дали ќе објасните зошто?

Ве молам, рударите гладуваат, немојте да ми кажувате дека старата Влада вас ве блокира. Ако вие навистина не сте во состојба во три години да излезете од тешкотиите што сте ги наследиле, не требало да го земете мандатот. Треба да кажете дека нема надеж тука нешто да напрвиме или не доаѓаме на власт. Само така, инаку не бива.

Според тоа, ние не можеме да не зборуваме. Земете го сега нашето земјоделство. Во

земјоделството има неколку проблеми. Има некои исфорсирани приватизации од страна на субјекти кои немаат доволно пари да ги одржат капацитетите и да го задржат нивото на производството и пазарите.

Втор проблем е недостаток на онаа финансиска помош заради импутот во трошоците на земјоделските производители, за тоа господинот Марјан Ѓорчев многу точно зборуваше и заради неможноста и неподготвеноста на Владата да интервенира. Или интервенира сосема малку.

Трето што големи површини на земјоделско земјиште добро, плодно, стои необработено. Тоа или не е издадено под концесија или е издадено на луѓе кои немаат никаква врска со земјоделие и не намеравaат да произведуваат. Тоа е случајот во Светиниколско. Тоа е случајот во Валандовско. Ние си седиме мирни, земјоделците си гладуваат нема што да работат, земјата си стои не обработена. Тоа е третиот пакет.

Сакам да ви кажам дека ова што го зборуваше Марјан Ѓорчев за земјоделието, тоа точно што се однесува до увозниот режим во Европската Унија за земјоделските производи. Тоа не е искористено. Ние се уште не сме полноправни членови во користење на нивните субвенции и нивните аграрни фондови за помагање на аграрот. Тука не сме рамноправни со нив, ние сами треба да си го помагаме нашиот аграр, меѓутоа, точно е дека ние со спогодбите и со Европската Унија, особено со Светската трговск организација имаме право тоа да го чиниме, но тоа не го чиниме.

Што се однесува до главниот проблем во Македонија - економскиот проблем, економската стагнација. Сега дојде една анализа која вели дека Македонија постигнува и одржува макроекономска стабилност, но нема раст. Нема економски раст и не може да ги решава ниту развојните ниту наследените проблеми ниту економски ниту социјални итн.

Колку што разбрав има сугестии да се изврши некоја ревизија во инструментите на макроекономската политика, курсот пред се, да се оствари флексибилен курс. Јас се согласувам со скептиците кои не се убедени дека едно такво решение брзо ќе даде резултат.

Јас се согласувам со идејата да се сочува макроекономската стабилност, да не се става на ризик макроекономската стабилност во економијата, но мора да се преземе нешто друго што ќе обезбеди раст во економијата. Нема да бидеме први ако тоа го направиме. Најчесто макроекономската стабилност, покрај друго, има за цел да обезбеди раст, да предизвика раст заради стабилните услови во финансиските текови макроекономската стабилност ги избегнува ризиците кои произлегуваат од таму и ги охрабрува инвеститорите. Зошто кај нас тоа го нема? Ако ние имаме, како што велиме, безбедност во земјата, тогаш веројатно е точно другото што го викаат странците, крајно не ефикасна администрација и многу силна корупција. Тоа ни го кажуваат странците и не го открива тоа нашата опозиција овде. Ако можете да го нападнете некој пратеник од опозицијата да го вратите назад со години и вака беше, така беше, да замолчат, не можете тоа на странците да им го направите. Тие ги имаат тие оценки, ги имаат информациите. Треба да видиме што можеме тука да направиме. Што може тука да се направи? Тука се блокирани инструментите на борба против корупцијата. Нашата институција за перење на пари по своја иницијатива не може да работи, да утврдува кој пере пари, треба некој да води постапка да испитува. Нашата Државна комисија за борба против корупцијата е во фронтален судир со други државни органи, вели дека не ја почитуваат, дека Обвинителството не сака да соработува, дека Министерството за внатрешни работи не сака да соработува дека дури ни Владата недоволно соработува. Тоа се страшни проблеми. Тоа не е мал проблем, тоа е страшна работа ако е така. Еве, компетентни луѓе велат дека е тоа така.

Макроекономската стабилност ако се потпира само на домашните ресурси нема шанси да дојде до раст. Немаме шанса тоа да го направиме. Секој обид на оживување на стопанството со сопствени пари заради зголемување на паричната маса и нејзиниот брз обрт фактички може да предизвика загревање кое нема реална основа за можниот извоз и девизен прилив и едноставно може само да дојде до инфлација, до кредитни пласмани без сигурност дека ќе ги вратат тие што ги земале затоа што сметале на некои пласмани надвор, а не можеле тоа да го направат, затоа светот оди да го дигне растот со странски инвестиции, со директни странски инвестиции кои го имаат пазарот, кои имаат менаџмент, кои имаат финансиска поддршка и кои имаат необично многу врски со другите држави. Тие овде кај нас не идат. Јас стално велам ние сме мала земја, економски многу заостанавме заради тоа, точно е ова што го кажува господинот Ѓорчев дека во 10 години немаме ни по еден процент просечен раст додека соседите отидоа и во овој момент ќе морам да проверам, но мислам дека и Косово има повисок раст, повисока стапка на раст. И сите други.

Затоа велам, а му сугерирав и на премиерот зошто не оди на похрабри одлуки со воведување на валутен борд. Немаше храброст тоа да го направи, отиде по други патишта, очигледно еве нема резултати. Една година му мина на премиерот, тој има максимум уште една година, а после мора да се бори на избори, па да видиме кој ќе добие и како ќе добие. Ако вака одат работите ќе го обере бостанот, меѓутоа, тоа мене не ми е толку важно, важно е што уште една година ќе се изгуби во развојот на државата. Треба да чекаат луѓето уште една година за првите оптимистички резултати кои би се постигнале. Тоа е она што нас не тера да седнеме овде и да разговараме вака посериозно и поотворено.

Морам да ви кажам дека ние ако сме опозиција би се радувале на успехот на Владата. Нема покорисна работа од успех во економијата, успех во интеграциите, мислам на Европските интеграции, нема покорисна работа. Меѓутоа, ајде ве молам, кога ќе оцени премиерот дека Владата не е способна тоа да го тера заради тоа што на три сектори седат луѓе, тој не верува, на еден мора да му биде министер во сенка. И кога премиерот сака да направи реконструкција рацете му се врзани. Тоа не му го даваат. Не му е дозволено и нека никој не ме убедува дека тој ја променил оценката. Така беше на вестите, така не известија медиумите, седнаа шефовите на двете коалициони партии и изигруваа дека се тие премиери, секој за својот дел си е премиер. Пенов за својот дел, Ахмети за својот дел. Луѓе, така не оди, така Влада не може да функционира, не може да даде резултат. Не може ако премиерот така оценил, не може кога тој оценил да го направи тоа и да му се префрла, да му се прават пречки во мај да го направи, да му се прават пречки во октомври да го направи, минува годината. Се е тоа одбројано. Тоа значи вградена грешка во Владата. Неспособност на Владата да ги изврши тие работи што мора да ги извршува. Се се тоа прашања за кои ние мора да разговараме. Не можеме ние да не разговараме за такви прашања. И, не може ако кажеме критички забелешки и ако наведеме аргументи некој да скокне и да каже ти си таков и таков. Така не се решаваат работите. Старо е тоа време. И во мое време порано кога јас бев на ваши години, а вие кога се раѓавте, повеќето од вас што сте тука, веќе по некој аргумент се сакаше личните пресметки не беа практика, тие во некои заткулисни работи се правеа, вака на отворена сцена не можеа. Сега тоа повеќе се прави. Ќе се дигне, ќе те изнаплука, и готова работа. Тука во Парламентот.

Ова што го кажувам, го кажувам со една цел. Ние не можеме да ја собориме Владата иако мислам, тоа е мое убедување, дека опозицијата има повеќе кадровски потенцијал во вакви ситуации каква што е сега да ја изведе земјата. Тоа е мое убедување. Меѓутоа, за тоа институционални можности не постојат. Ова Парламентарно мнозинство нема да гласа со 61 глас за распуштање на парламентот и одење на предвремени избори. Свесни сме за тоа. Секогаш било така, не само овие, и други кога имале парламентарно мнозинство не гласале да се распушти Парламентот. Пратениците си го иседуваат својот мандат до последен ден. И тоа го знаеме. Нам ни е страшно важно да сватат луѓето и вие овде што сте сега во Владата оти ние имаме силен интерес да се постигнат резултати. Ќе се докажуваме на изборите после, но мора да се тргне од таа мртва точка во економијата. Мора да се тргне, мора да се најде чаре како да се тргне. Таа малаксалост, таа наспособност во економијата, таа ги убива сите надежи. Верувајте, одамна зборувам дека едноставно не е можно да ги решиме нашите меѓуетнички проблеми и барања, а економијата да ни стагнира или да ни назадува. Тоа не е можно. Ние во овој момент немаме друго, туку да бараме излез во развојот на економијата. Во забрзување на економскиот развој, а тоа не се постигнува. Еве тоа нема никаков резултат.

Сакам уште на едно прашање да обрнам внимание. Еве сега од НАТО ни кажаа пред еден месец тие тврдења од владата дека 2006 година ќе добиеме покана, а потоа 2007 година да бидеме членка на НАТО, сега ни кажаа оти тоа не е така. Сега велат од НАТО дека 2008 година е најрано што може да се случи. Велат дека е тоа заради концепцијата на НАТО, но кажуваат дека не ги исполнуваме критериумите.

Видете, од Владата се лансира нова концепција, нова стратегија. Таа стратегија била индивидуален пристап не во јато, туку индивидуален пристап.

Морам да ви кажам дека таа стратегија не е нова, таа е стара стратегија, нас индивидуално ќе не ценат и кога сите заедно треба да бидеме примени. Пак индивидуално ќе не ценат. Секоја земја индивидуално ја ценат. Дали успеала да ги спроведе реформите или не, но се провлекува како ние сме лидери и индивидуално кога би бил тој принцип ние би биле примени во НАТО ама заради тоа што не сме индивидуални, немаат таков принцип, туку заедно, па заради другите чекаме. Последниот што е тој го одредува темпото.

Многу ме потсеќа на онаа јалова борба против регионалнот пристап во Европската Унија. Години изгубивме убедувајќи се оти е безсмислена нашата борба против регионалниот пристап. Не убедуваа како ние со нашиот углед, лидерство ќе успееме да го отфрлиме регионалниот пристап и индивидуално да не вреднуваат. Се разбира нема ништо од тоа.

Само непотребно време се губи. Тоа се тешки заблуди. Ние мораме овде да ги промениме работите ако сакаме да псотигнеме. Без тоа нема да успееме. За тоа, верувајте, потребно е, навистина сите, потребно е со поголемо разбирање и помош, иако до сега сме имале максимално разбирање ние од опозицијата и понатаму да одиме кон тоа што може да се постигне во државата за да исполниме некои од основните наши цели.

Нашето влегување во НАТО и Европската унија, особено во Европската унија не е мода. Не е помодарство. Тоа ни отвора огромни економски можности што без тоа ги немаме. Ние треба да знаеме, дел од нашите економски проблеми нема да ги оствариме, нема да ги решиме ако тоа не го постигнеме. Тоа е основното.

Затоа повикувам, ние ќе гласаме за изгласување на недоверба, за да си го означиме нашиот став и во оценка, а инаку молам да се концентрира Владата и да пружи рака на опозицијата, да види дека опозицијата, навистина, сака да помогне во тие процеси. Во такви работи мора да имаме консензус.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Јас нема да го повторам она што го повторив веќе претходно.

Јас мислам агендата што е договорена за говорниците до крај да ја исполнам, а што повеќе реплики, тоа помалку има првиот министер односно претседателот на Владата време е да одговори. Владата ќе ја добие довербата и ќе си замине, а ние овде треба да соработуваме и да носиме закони веќе утре.

И за тоа, ве молам кратки да бидеме, јасни. Премиерот ќе има 40 минути, исто толку време да одговори и може да одговори. Мислам дека е способен за тоа.

Повелете господине министре за животна средина и просторно планирање, бидете кратки и јасни.

**Зоран Шапуруќ:** Благодарам претседателе.

Ќе бидам краток и јасен, иако би имал многу да репицирам на искажувањето на господинот Андов, но во овиеа неколку минути ќе се задржам, пред се, на неговиот осврт на последнит елокални избори.

Факт е дек апоследните локални избори беа многу подобро организирани отколку локалните избори во 2000-та година, во времето на Валдата на ВМРО-ДПМНЕ, кога беа регистрирани бројни притисоци што беа регистрирани од претставниците на Меѓународната заедница на кои толку често пратеникот Андов се повикуваше.

(Реакција од пратениците, претседателот предупредува на ред со ѕвончето).

На овие избори беа регистриани од вкупно 2850 избирачки места извесни нерпавилности. Тоа стои во сите извештаи на Меѓународната заедница на 10-тина 15 избирачки места.

Но, оваа Влада имаше доблест да констатира дека на одредени избирачки места имаше неправилности. И да земе обврска во иднина да ги отстрани тие, за разлика од случувањата на локалните избори пред 4 години.

Факт е исто така дека оваа Влада се зафати со реформата на севкупното законодавство. Реформа што е карактеристична за сите земји во транзиција. Во таа реформа Владат апонуди рака на опозицијата да даде свои конструктивни забелешки. Делумно беа дадени, делумно опозицијата едноставно не се одѕва на овие реформи, односно на оваа соработка при овие реформи.

Инаку, реформата на изборниот процес е карактеристика на сите млади демократии. Во Словенија и покрај тоа што изборнит енеправилнсоти се многу ретки, 7 пати се менуваше изборното законодавство за овие 15 години. Во Хрватска 9 пати. Но, овој пат ја повикуваме опозицијата да биде конструктивна, како што се декларира во оваа реформа.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Една минута господине Андов, имате контра реплика.

**Стојан Андов:** Па господине претседателе, сега јасно ли ви е зошто не ви веруваат странците. Па тоа се нивни оценки за изборите, не се мои. Шапуриќ има сосема други оценки, пак не им веруваат. Затоа не веруваат.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине минситре за труд и социјална политика, повелете.

**Стевчо Јакимовски:** Должен сум да му одговорам на почитуваниот господин Андов за тезите околу продажбата на рудниците, во смисла на тоа зошто, кој ја брани Владата да ги отвори трите рудници. Би сакал да го дадам појаснувањето, дека стечајната псотапка за овие три рудници "Саса", "Злетово" и "Тораница" заврши во декември 2004 година. Стечајната постапка ја водат, како што знаете, не Владата, туку судовите. Владата ги плати сите заостанати придонеси, отпремнини на вработените и сето она што според законските прописи и според ЕСАФ 2 аранжманот се при надлежности во Заводот за вработување. Потоа се дадоа 4 месеци за сите потенцијални инвеститори, да имаат доволно време да испратат свои експертски тимови во интерес на продажбата на рудниците, да видат што купуваат, во смисла на тоа какви се наоѓалиштата, колку инвестиции, кои се карактеристиките, техничките карактеристики, кои се проблемите на тие рудници.

На првиот тендер се јавија повторно оние што претходно ги имаат упропастено рудниците. На наредните тендери не се јавуваат доволно квалитетни инвеститори, и како што знаете имавме и 4 објавени тендери во кои што имаше големи проблеми, пред се со рудните резерви и потребнит еинвестиции на "Злетово", пред се со слабите наоѓалишта во "Тораница" и пробелмите што произлегуваа од рудникот "Саса", а што се како резултат на големата хипотека во Стопанска банка. Натаму, потребата да се дислоцира јаловиштето, што може да издржи уште 2-3 години, како и потребата од дислокација на гробиштата. Што значи дека овие рудници беа продадени на меѓународни тендери, максимално коректно и имавме инвеститори, такви какви што имавме.

Што се однесува до Топилницата во Велес, сакам да информирам дека ниту Владата, ниту нејзините институции се доминантни сопственици, туку доминантни сопственици во одборот на доверители се Макпетрол, Ветекс и Фершпед и тие одлучуваа на кого ќе биде продадена Топилницата, а не Владата. Колку што можам јас, од сознанијата што ние ги имаме, значи дека тие, како приватни сопственици одлучуваат на кого тоа ќе биде продадена Топилницата. Владата нема никакви ингиренции околу продажбата на Топилницата.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Една минута господине Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Нема прашање по кое нема ни изговор и оправдување. Оној кој се наоѓа во ситуација да се правда, значи не ја завршил работата.

Владата била должна да ги најде начините, патиштата, тие рудници да работат кога три пати е поскап металот сега од, да речеме, 2000-та или 2002 година. Тоа е точно. Изгубени се годишно 130 милиони долари. На Владата паѓа таа вина.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски, повелете, во што е згрешена процедурата да слушнеме?

**Жарко Караџоски:** Сега ќе слушнете.

**Љупчо Јордановски:** Од вас секогаш учам.

**Жарко Караџоски:** Почитуван претседателе,

Се обраќам до вас за да реагирате.

Кога на некој начин сте се договориле, не со мене, со некој друг да министрите можат да даваат реплики, претпоставувам дека министрите треба да даваат реплики за тоа што се прозивани за сопствениот ресор. Сега имаме случај министерот за животна средина да изиграва премиер и да дава одговор на она што не беше воопшто за него прашање.

Господинот Стевчо Јакимовски заборави дека е минситер за труд и социјала, а зборува за економијата.

Според тоа, ова не можеме никао да го сфатиме освен како опструкција или начин со цел секој овде да ги злоупотребува тие три минути до бескрај, само да ни се ограничи правото. Јас ќе ве замолам, како претседател на Собранието да ги замолите министрите да даваат одговори на оние ресори за кои се тука присутни. А, уште подобро и да не даваат, затоа што на некој начин гледаме што се случува.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски,

Прво, никаде во Деловникот не пишува кој минситер на што треба да одговори. По таа ваша логика премиерот или не треба воопшто да зборува, бидејки тој нема ниту еден ресор. По таа логика нема.

Второ, да ви кажам, за другиот аргумент, зошто збореа нашиве, да кажеме или моите министри и Владава, ќе ви кажам надвор.

А, ги молам министрите да го почитуваат мојот збор, бидејки на премиерот му го земате времето.

Повелете господине Рафис Алити имате три минути.

**Рафис Алити:** Благодарам господине претседател.

Почитувани пратеници, почитувани министри, почитуван премиеру,

Навистина господинот Андов, господине Андов добро е што се обидовте да направите споредба со изборите во 2000-та и 2005 година. Во 2000-та година во државата имавме надворешни набљудувачи, странски набљудувачи, но и граѓаните Република Македонија беа тие кои учествуваа во тогашното гласање, а секако дека и граѓаните знаат да направат споредба и странските набљудувачи да кажат кои избори како беа организирани од страна на тогашната Влада и сегашната Влада. Така што и тогаш дел од одговорноста сноси и опозицијата и позицијата, меѓутоа и на овие избори, секој од нас, било како поединец, било ако политички субјект треба да сноси дел од одговорноста за тоа како самио ттој субјект или поединец делувал, дејствувал на изборите што се одржаа. Така што не е коректно од страна господинот Андов да прави споредба со изборите во Албанија, Косово и т.н. И во Косово и во Албанијаизборите поминаа така како што е најдобро можно и се направи промена на власта на демократски начин. Меѓутоа сосема го разбирам, зошто господинот Андов настојува да се занимава и понатаму со прашањето на Косово или Албанија. Меѓутоа, повторно ќе кажам тоа е негов проблем затоа што има свои стари товари во таа насока.

Додека македонската опозиција и албанската опозиција во Република Македонија , овде, би било добро на патот кон тоа, ког аима протест или митинзи да не го бараат гласот правејки етнички навреди, туку на народот, на населението да понудат економска платформа и своја визија за тоа како тие мислат да се интегрираат во НАТО или во Европската унија. И секако дека тогаш и меѓународниот фактор поинаку ќе ја процени Македонија, било за зачленвување во НАТО или во Европската унија. Се додека ние излегуваме на митинзи и навредуваме на етничка основа, дека премиерот се продал, дека станал албанец или дека е на македонците или на друга заедница мислам дека проценките на Меѓународната заедница ќе бидат негативни.

Така што, исто така се говори за средбата на лидерите. Сосема е нормално дека Владо, да има средба на лидери, затоа што тие лидери го побарале гласот на народот за владеење со државата. Кога се прават такви договори, мислам дека нема ништо лошо во тоа. Напротив, и последниот договор што беше меѓу премиерот и двајцата други лидери бил договор во насока на тоа да имаме владеење за подобро.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Андов, повелете имате една минута.

**Стојан Андов:** Господине претседателе,

Јас само упоредувам по изборната демократија што ги дава оценките Европа.

Албанија ја спомнав затоа што е во Западен Балкан, сега имаше избори и изборите таму не беа полоши од нашите локални. Нашите беа полоши. Полоши беа нашите и од Косовските. Тоа го кажав. Ништо друго не оценував.

А, што се однесува до министрите, ако сакаат парламентарна демократија, кога ќе оцени премиерот дека треба реконструкција на

Владата, тие кои се шефови на партиите треба да му излезат во пресрет, а не да вршат притисок, да се откажуваат.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Последна реплика за минситерот за надворешни работи.

Повелете госпоѓо Митрева.

**Илинка Митрева:** Благодарам господине претседателе.

Се прашувам колку господинот Андов навистина има право да дава оценка за квалитетот на изборната демократија во Република Македонија, ако се земе предвид дека неговата дискусија беше искажана следнава реченица: "Особено по поднесувањето на Апликацијата, наваму е важно како ќе бидат организирани зборите". Мислам дека ваква реченица апсолутно се коси со самиот поим на демократија и со поимот изборна деморкатија, бидејќи нас не не оценуваат како држава од моментот кога сме ја дале апликацијата, туку се зема во тоталитет она што Македонија го има сработено во периодот на нејзината независност.

Уште помалку сметам дека е добронамерно ако се прават паралели со изборите во Албанија или во Косово, кога знаеме и точно читавме што стои во Извештајот на ОБСЕ ОДИХР кога знаеме дека веднаш изрази подготвеност Владата да ги прифати забелешките, да изработи стратегија за тоа како ќе се менува изборното законодавство во интерес на сите нас.

И , трето, не ги правиме ние реформите и не се сообразуваме со стандардите на Европската унија само поради фактот што наша стратешка цел е во Европската унија или НАТО. Ние, тоа го правиме пред се за доброто на нашите граѓани.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Една минута контра реплика господине Андов.

**Стојан Андов:** Благодарам на минситерката што се согласува со мене дека реформите ги правиме пред се за доброто на нашиот народ и граѓаните.

Што се однесува до кумулативните вакви и такви оценки, ние сме исправени, откога имаме Спогодба за стабилност и асоцијација, наваму, да ни ги оценува изборите Европската Унија. 2002 година ги оцени позитивно, 2005 година ги оцени негативно. Тоа е факт.

И, нека не прикажува прикаски, таа беше присутна кога ни рекоа дека прв тест се изборите на 13 март, а не некои пред 10 години.

**Љупчо Јордановски:** Јас не знам за прикаски, но мислам дека малку и вие господине Андов треба околу начинот на изразување да припазите.

Господине Бучковски повелете.

**Владо Бучковски:** Само кусо, бидејки претендира да биде настариот и најумниот пратеник овде, господинот Андов, кога говори за 2001 што се случи со Договорот за стабилизација и асоцијација, да се потсети дали тој Договор ја спаси Македонија од кризата и војната во 2001 година? Дали Македонија ја вреднуваат по тоа или по едни локални избори? Кога ќе ја направи целосната анализа, ког анема да има делумна амнезија, тогаш ќе прифатам дека е добронамерна.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господине Андов.

**Стојан Андов:** Ова е првата реплика што ја упатува претседателот на Владата. Чест ми е што ми реплицира. До колку сака некои работи да му објаснам, ќе му ги објаснам друг пат. Сега за една минута не може.

**Љупчо Јордановски:** Не е првата реплика, но затоа втората чест е ваша, ако не првата.

Повелете господине Груевски вие имате збор, вашите 40 минути.

**Никола Груевски:** Почитуван претседател на Собранието, почитувани пратеници, почитуван премиеру на Република Македонија, почитувани министри, претставници на медиумите,

Дозволете ми да земам збор и јас по ова прашање, единствената точка на дневен ред на денешната седница изразување доверба на Владата.

Како што веќе беше спомнато, сосема е јасно дека денеска на Владата ќе се изгласа доверба, затоа што Владата има мнозинство од над 60 пратеници и туканема ниту неизвесности ниту дилеми што ќе се случи, имајки ги искуствата од минатото, имајки ја сегашната консталација во Парламентот, сосема е јасно дека оваа точка ќе заврши со изгласување на доверба, по која што, се надевам, Владата и премиерот нема да си заминат восхитени од тоа што им е изгласана доверба, туку дека ќе извлечат некои поуки од ова што денеска го говорат пратениците, пред се од опозицијата.

Сепак, како и да е, ќе ја искористам оваа шанса и можност да гокажам мојот став зошто денеска, вечерва ќе гласам за недоверба на Владата и зошто мислам дека оваа Влада заслужува да и биде изгласана недоверба. Има многу причини за тоа, има многу причини зошто да се изгласа недоверба на актуелната Влада.

Би почнал од она што е на економски план. На економски план Владата и премиерот ми ветија при нивното инаугурирање дека ќе имаме нов инвестиционен циклус, економски развој, а малку подоцна беа ветувани и ивестициони бумови. Инвестициони бумови во оваа година не видовме.

Беа најавени многу компании кои требаше да инвестираат големи суми во Република Македонија. Да отворат многу фабрики,да отворат многу работни места, да купат постоечки капацитети. После девет, десет месеци откако оваа Влада работи во својот состав не видовме некои позначајни резултати на тој план. Ги нема засега ниту "Сименс", ниту "Дојче Банк", ниту

"Аустриен банк", ниту "ДЕТИ" банката од Ирска ниту пак се гради пругата према Бугарија, што исто така беше ветувано, ниту некои турски милионери што ќе инвестирале во тутунски комбинати. Засега речиси ништо од она што беше ветено пред девет, десет месеци кога се бираше оваа Влада.

Останува, исто така, дилема околу други ветувања кои што ги чувме во минатите месеци на почетокот на оваа година а тоа се слободните економски зони. Најмалку на седум, осум места во Република Македонија беше ветена слободна економска зона за градење на фабрики, да се инвестира, да дојдат странски компании да инвестираат, да вложат во тие слободни економски зони. Колку што ме држи сеќавањето таква зона беше ветена во Куманово, во Прилеп, во Кавадарци, во Гевгелија, ми се чини Битола и тн. Засега нема ништо од нив и нема ништо ни од онаа единствената што постои, односно онаа што е најактуелна, а тоа е зоната Бунарџик. Таму исто така беше склучен претходно, во претходниот состав на Владата, договор со ирска компанија која што требаше да донесе многу инвеститори. Слушавме прес конференции и на Владата и на таа ирска компанија дека 4 фабрики се веќе готови, договорени, ќе дојдат, ќе инвестираат. Прашање е на време, меѓутоа, еве како поминува времето гледаме дека тој проект комплетно се заборава и дека нема апсолутно ништо од тие ветувања.

Ќе продолжам понатаму со другите аргументи, околу она што се викаше ветување и она што денеска го гледаме како остварено,образложувајќи го мојот став за денешното гласање, односно недавање поддршка на Владата. Во овој период не само што немаше некаков инввестиционен бум, туку не видовме ништо и од она што се вика странски инвестиции. Речиси ниту една компанија не дојде да изгради од темел некоја фабрика, да вработи луѓе, да направи некаков инвестиционен напредок во Република Македонија. И, оние што дојдоа купија постоечки капацитети, што исто така не е лошо ако беа помногубројни. За жал, во овој период од девет-десет месеци невработеноста во Република Македонија продолжи да расте. Значи, ниту се запре трендот, ниту пак тој тргна надолу. Последниот податок објавен пред еден месец, кој што се однесува на првоиот квартал од оваа година, последниоте податок на Државниот завод за статистика вели дека невработеноста во Македонија повторно порасна од 36,2% на 38,7%, што е највисоко ниво во Република Македонија во историјата на државата досега, што е највисоко ниво во Европа. Нема ниту една држава во Европа што има повисока невработеност, а да не зборуваме за региони во Европа, па да речеме во нашиот регион и тн. каде што за споредба една Хрватска има 18% невработеност, една Албанија има 15% невработеност, една Бугарија 11% невработеност и тн. Зборувам за мерки кои што се земени по иста методологија како што ја има методологијата Државниот завод за статистика, единствено призната и прифатена од меѓународните финансиски институции. Ова би сакал да го потенцирам, бидејќи често пати се дискутира за тие методологии. Значи, секогаш кога ММФ, Светската банка, ЕБРД и тн. доаѓале во Македонија на некои преговори, секогаш кога читате некои меѓународни извештаи за тоа колкава е невработеноста во државите, таму каде што ќе прочитате за Македонија се работи за податокот од Државниот завод за статистика во Република Македонија според методот на анкетна сила. За жал, можам да констатирам дека оваа работа не и тргна од рака на ниту една од трите влади досега. Ниту на онаа на Црвенковски, ниту на онаа на Костов, уште помалку на оваа Влада предводена од Бучковски. Споредено од пред три години, со 15 септември пред три години можеме со жалење да констатираме дека невработеноста во овој период во Македонија порасна од 31,9% на 38,7% засега. Тоа е скок од речиси 7% или скок од речиси 25%, што ќе се согласите за еден таков кус период е навистина многу. Можеби некој ќе излезе и ќе каже дека во меѓувреме се спроведувале некакви акции, некакви економски политики, се преземале некои модели, се употребиле некакви инструменти на економската политика, се донеле некои закони. Јас нема да негирам ако навистина тие биле така, меѓутоа, ќе ве потсетам дека што и да се прави во економијата, каква и да е економската политика на една влада, таа на крајот успешноста и се мери според стапката на невработеност. Успешноста на секоја економска политика во секоја држава на крајот се сведува колку пораснала економијата и коку нови работни места се отвориле односно колку се намалила невработеноста. Што и да се каже меѓувреме, што и да се направило ако тоа не резултирало со раст, сериозен раст на економијата и ако не е резултирало со намалување на невработеноста тоа значи дека таа економска политика имала сериозни дефекти. Во меѓувреме, покрај тоа што пораст на невработеноста, имаме значен пораст и на сиромаштијата во Република Македонија. Таа порасна на 30%, од 22% во 2002 година, според последните податоци изнесува речиси 30%.

Јас се сеќавам кога претходната влада си замина, оставивме една програма штотуку завршена и штотуку прифатена од Светската банка, програма за намалување на сиромаштијата. По доаѓањето на новата влада која што во тоа време ја предводеше Црвенковски, се излезе со став дека таа програма не е доволна, дека не е добра, дека може да биде многу подобра и дека ќе се направи нова. Цела година се правеше нова програма за намалување на сиромаштијата. Две години потоа се потрошија, денес три години вкупно и десет месеци или девет месеци од оваа влада ние имаме константно зголемување на сиромаштијата по иста методологија мерена,

како што беше мерена во тоа време, по иста методологија мерена, како што се мери во други држави во Европа.

Единствено почитувани пратеници, невработеноста во овој период паѓа само според Заводот за вработување, каде главна реформа е тоа што на разни начини, се наоѓаат разни начини да се избришат од евиденција невработените или да се одложи нивното впишување во евиденцијата за навработени. И, тука има стотици трикови, стотици смислени начини како тие да бидат помалку отколку што треба да бидат. Но, ќе ве потсетам, овој податок ниту една сериозна меѓународна организација не го зема за сериозен и никогаш досега не бил земен предвид кога се преговарале аранжмани, договори и слично.

Говорејќи за оваа доверба на Владата за она што се вика гласање на доверба и образложувајќи зошто оваа влада како и претходните две заслужуваат недоверба, ќе потсетам на неколку работи што беа ветени во програмата, изборната програма на СДС со која што програма СДС настапи на изборите. Ќе ве потсетам дека во таа програма со која што се доби довербата на граѓаните СДС вети секоја година најмалку раст на економијата од 6%. Ние имаме три години зад нас во кои што не може ни 4% да се оствари, а беше ветено од најмалку 6%. Значи, тоа беше основата на која што гласачите се определуваа. Во истата програма беше ветено дека во првите сто дена ќе се направи национална стратегија за совладување на невработеноста, страница 8 ако се сеќавате од програмата. Поминаа не сто дена, илјада и сто дена за таква програма ниту сме слушнале, ниту сме ја виделе, ниту пак има некаква реализација на тој план. Да не се потсетуваме на другите ветувања од таа програма. Тоа е програма, политичка платформа со економски дел, со други делови, со која што програма партијата на власт, главната партија на власт, независно кој е премиер настапи на тие избори. Програма во која што беше ветено и кажано дека инфлација од 1 или 2% тоа е ништо и тоа не смее да се дозволи. И, дека најмалку од 5 до 7% треба да биде инфлацијата во Република Македонија. Во овие три години не видовме повисока инфлација од 1,нешто, максимум 2% инфлација, а видовме и дефлација. Значи, се обратно од она што ни беше ветено.

Каматите во овој меѓупериод достигнаа 10% на благајничките записи, достигнаа речиси 15% за комерцијалните ббанки, некој просек ако може да се изведе, камати со кои што многу е тешко навистина да се излезе со еден поголем економски успех што се однесува до генералната економија. Беше исто така ветено дека ќе се прошири опфатот на стоките со повластена стапка на данокот на додадена вредност на 5%. Наспроти тоа, ние имаме период зад нас во кој што се случи обратното. Стоки и услуги кои што беа на 5% отидоа на 19% и тие поскапеа, обратно од тоа што беше ветувано.

Понатаму, беше ветено скалесто ослободување од данок на добивка. Значи, се работи за изборна програма на СДС која што треба да ја следат сита влади подоцна, вклучително и денешната. Скалесто ослободување од данок на добивка, закон со кој дел од приходите од ДДВ ќе се враќаат на граѓаните . Реформа, исто така, за која што зборуваше. Денеска немаме ништо од тоа. Беше ветено дека ќе имаме реформа на државната администрација. Јас, почитувани пратеници освен масовните отпуштања од работа од државната администрација, од Електростопанство, од фондовите и тн., до денеска не забележав некоја посериозна реформа. И, што е најтрагично на местото на тие отпуштања подоцна се вработуваа други луѓе со, се разбира,со заслужна партиска книшка.

Беше ветено дека приватизацијата во Република Македонија ќе заврши во првите 12 месеци откако ќе дојде новата власт. Таа до ден денеска не е завршена.

Беше ветено дека нема да се дозволи продажба на претпријатија кои претставуваат државен монопол. Ќе се согласите Електростопанство е едно од тие, веројатно е и најмоќното државно претпријатие што претставува државен монопол и малку фалеше оваа година да не беше силниот притисок како од Светската банка, како и од други меѓународни институции,од опозицијата, од медиумите и тн, Владата да се предомисли, да не го даде комплетно онака како што беше замислено.

Беше ветено, исто така, дека СДС ќе ја подобри правната рамка за привлекување на странски инвестиции во Република Македонија. Денешнината кажува дека сме на дното по странски инвестиции во Европа. Дека гледано по глава на жител, што е најрелевантно, затоа што имаме мала држава и ако ја споредуваме со поголеми секој може да рече, па таа е поголема, нормално е да има поголеми износи на странски директни инвестиции. Дека по глава на жител имаме 21 евро според последните податоци. Бугарија, да речеме има 276 по глава на жител. Хрватска има над 300, ми се чини 320 евра по глава на жител. Значи и ова ветување гледаме дека сосема добро и јасно се спроведува, се разбира ова во наводници.

Беше ветено дека на иселениците ќе им се даде погодност за да инвестираат во Република Македонија. Јас не се сеќавам дека такво нешто е дадено. Беше зборувано дека ќе има заштита на сопственоста и реформа на трговските друштва. И, кога зборуваме за заштита на сопственоста, дали се подразбираше на она што се случува сега во Челопек, каде што сопствениците на имотот што го имаат не можат да дојдат физички во допир со својот имот, за да го реконструира од она што се случило. Или пак, како пример ќе го земеме она што се случи со земјиштето околу Скопскиот плоштад,кое што беше денационализирано на неговите сопственици, кои што во првата година беше повторно национализирано под плаштот на јавен

интерес. А, јавниот интерес беше изградба на хотел, па сега мораат по судски пат да си го земат земјиштето назад и еве за среќа Врховниот суд донел одлука за едно од семејствата, од четирите семејства дека ќе им се врати земјиштетол. Ако треба да се изгради хотел и тие можат да изградат или да го продадат на тој што сака да изгради хотел, независно дали тој е близок или не е близок до власта.

Беа ветувани и студии за технолошки паркови, беше ветувано дека ќе се преземат сериозни мерки со кој што ќе се намалува трговскиот дефицит. Во овие години, колку што знам, само оствaруваме нови рекорди во трговскиот дефицит, во Република Македонија.

Понатаму, како што спомнав во енергетскиот сектор се планираше да се продаде топтан цело Електростопанство. Сега со сите притисоци и сите укажувања што ги имаше Владата се согласи да оди најпрво со продажба на дистрибуцијата, што во начело е добро. Меѓутоа, повторно на мала врата поминуваат одредени работи. Заедно со дистрибуцијата се продаваат и десет мали хидроцентрали, кои што се во фаза на ревитализција и кои по завршвуањето на таа ревитализација, ќе бидат речиси со капацитет како да се нови и ќе работат со полн капацитет и ќе даваат енергија онолку колку што дава Козјак, за кого што државата плати 180 милиони евра. Многу е интересно колку средства ќе се приберат од оваа приватизација ако на овој начин биде приватизирано заедно со дистрибуцијата да бидат продадени и хидроцентралите.

Покрај ова, интересно е што повторно се оди на модел да се задржи монополот, да не се продаде дистрибуцијата на 4 до 5 сопственици, кои можеби меѓусебно нема да конкурираат, меѓутоа сепак ќе има една споредбена основа помеѓу нив. Во меѓувреме во овој сектор нема ниту еден нов капацитет. Се разбира не го рачунаме Козјак, кој што пред десет години се градеше, цели десет години. Старите дотрајуваат, Битола нема доволно јаглен ни за уште десет години. Влегувањето на гасот во енергетиката е уште во некоја почетна фаза или е стопирано, месечната реална наплата е околу 50%, така што во овој поглед навистина состојбите се загрижувачки. Далекуводот кон Бугарија не сум слушнал дека е во некоја напредна фаза. Увозот на енергија расте, а се најавува зголемување на цената на електричната енергија.

Она што е исто карактеристично за овој период е дека освен во некоку случаи како што беше случајот со Бучим нема ниту едно рестартирање на поголема фабрика во Република Македонија. Напротив, имаше затворање на повеќе рудници, на повеќе капацитети во овој период, вклучително и Бучим беше во овој период затворен. Но, покрај него Саса, Злетово и тн, ниту еден од нив до сега не е рестартиран. Значи, меѓу време имаме тендери успешни, неуспешни имаме секакви процедури, меѓутоа три години, вклучувајќи и девет-десет месеци од оваа влада немаме рестартирање на она што се вика неколку позначајни рудници и капацитети во Република Македонија.

Меѓутоа, интересно е што оваа Влада стана еден приврзаник на она што се вика привлекување на странски инвестиции преку директни непосредни спогодби без јавни тендери.

Според мене, постојат неколку ситуации во кои може да биде оправдано продавањето без тендер. Да речеме, ако еднаш или двапати тендерот бил неуспешен и не се јавил ниту еден понудувач или пак ако се работи за мултинационална компанија од светски ранг која што котира на Лондонска берза во првите сто или на Њујоршка берза во првите сто или петстотини компании и навистина во една таква ситуација, една таква компанија би било разбирливо да и се даде и безплатно земјиште и еруги погодности и тоа секој би го поздравил. Или, да речеме, за некој тежок загубар кој што со години се влече и навистина не може да се најде некое решение.

Меѓутоа, тешко е оправдливо нешто за што однапред знаеме дека ќе се јават повеќе понудувачи или повеќе вредни компании да се продава без објавување на јавен тендер на кој што ќе се приберат најдобрите понуди со највисоки понуди. Така да речеме продавањето на оптичкиот кабел на ЕС би било чудно ако се случи, не велам дека е најавено, но ако се случи да оди со непосредна спогодба, па дури да е и на еминентна компанија, затоа што за една таква инвестиција сигурно ќе се заинтересираат повеќе познати компании со познато име.

Но, поведен од ова навистина не може да се најде оправдување ако се додели можност некој да земе 20 најдобри локации за изградба на мали хидроелектрани, нормално без тендер, тендер на кој сигурно би се јавиле многу интересенти и би понудиле многу повисоки цени за тие локации, или некој супермаркет и тн.

Навистина е удно што за едни владее еден принцип, за други владее друг принцип. Ние имавме ситуација каде што пред две години за Трговскиот центар Рамстор имаше едни правила, им се даде по 25 евра да го земе земјиштето. Беше кажано дека тоа земјиште се дава на познат инвеститор кој што  всушност само го потпиша договорот и денеска само дели дел од профитот. Тој потоа го отстапи на друг, многу помал инвеститор кој што претходно се занимавал со организирање на семинари, кој што денеска го поседува овој центар. На 100 метри воздушна линија од него имаше едно големо наддавање на кое што некој мораше да плати ако не се лажам 20 пати повисока цена отколку што беше цената на 100 метри од него.

Навистина постојат и други работи поврзани со економијата, кои во овие 10 месеци не слушнавме некои чекори од страна на Владата. Претпоставувам дека сите сме свесни и знаеме дека во Република Македонија 53% од населението е со основно и помалку од основно образование и дека само 6,5% од граѓаните се со високо образование.Прашувам има ли стратегија

за ова? Како планираме на долг рок да привлекуваме крупни инвестиции, крупни м ултинационални компании со една ваква структура на образование на нашите граѓани? Кои се мерките што до сега Владата не ги преземала односно требало да ги преземе? Зошто не преземала никакви мерки, зошто нема стратегија по ова прашање? Нема овозможување на сериозна конкуренција во образованието.

Беа ветувани повеќе средства во научно истражувачка дејност, а гледаме дека во овие години буџетите за научна истражувачка дејност се намалуваат.

Меѓутоа, да се префрлиме од оние нешта за кои што Владата неколку пати кажува дека не и биле толку силна страна во овие три години, посебна страна и биле безбедносната ситуација и да погледаме што на тој план имаме. Ќе видиме дека и на тој план имаме многу проблеми, многу проблеми со она што се вика контрола на Република Македонија. Земете го Кондово ќе видите дека повеќе од половина на мандатот на оваа Влада и на овој премиер Кондово беше под окупација. Цели шест месеци имавме ситуација кога Кондово како дел од Градот Скопје беше под окупација и тие шест месеци се практично 2/3 од работењето на оваа Влада. Како на тоа би реагирале странски инвеститори. Како на тоа би реагирале домашни инвеститори.

Или земете ја ситуацијата со Челопек каде што сопствениците не можат да дојдат до тоа што е нивно и мора тоа да го докажат на суд, а во судот ги чека група која што го окупира судот и го одложува судењето.

Земете она што ни доаѓа како порака од Брест и од командантите таму. Ќе видиме дека сеуште државата има сериозни проблеми кога разговараме на полето на контрола на територијата и на она што се вика правна држава.

Пристапот кога група криминалци или терористи, или и едното и другото ќе се вовлечат и ќе се соберат да станат партнери на Владата може скапо да ја чини Република Македонија во иднина.

Она што исто така би го споменал во делот за кој што сметам дека Владата можеше многу повеќе да направи и требаше многу повеќе да направи и заради кое исто така заслужува да биде критикувана и да и биде изгласана недоверба, е односот кон оние што се обвинети во Хаг. Односот кон Јохан Тарчуловски и кон Љубе Бошковски, недонесувањето на закон за соработка со Хаг и неовозможувањето да добијат вистинска целосна и максимално силна одбрана како што можат да добијат ако се добијат средства за ангажирање на меѓународни адвокати со огромно меѓународно искуство кои што заедно со нашите локални адвокати би издејствувале нивно бранење од слобода и се надеваме понатаму нивно докажување невиност.

Меѓутоа, ако нешто беше говорено во овие три години најчесто како реформа и во овие 20 месеци тоа беше најавувањето на реформите во судството. Три години слушаме приказни дека ќе има реформи во судството. Три години, а дури пред неколку месеци добивме одреден матееријал со одредени промени во Уставот кои што треба да резултираат со промени во судството, за кои што не само позицијата веќе гледаме и поголемиот дел од експертската јавност и она што Владата се ангажира да ја смени и од она што не ја ангажира и од оние експерти кои што ги донесе од странство, пред некој ден гледав експерт една госпоѓа од Словенија која што дошла на покана на Владата или на некоја институција сите до еден укажуваат на сериозни неправилности односно на сериозни грешки, неподготвености на она што се вика предлог од страна на Владата. Во голема опасност сме да ни се случи грешки на овој план.

Конечно, да се осврнеме на она што е последно, на она што е посвежо или она што е потазе, она што во 2005 година при инаугурацијата на почитуваниот премиер на ова место ни кажа, ни порача, ќе го цитирам "Оваа Влада ветува дека во овој мандат, во 2006 година Македонија ќе добие покана за членство во НАТО". Тоа се зборови искажани тука, извадени од стенограмот. Оваа година, оваа Влада, во овој мандат, се извинувам не оваа година, туку 2006 година оваа Влада во овој мандат ќе добие покана за членство во НАТО.

Сите знаеме почитувани пратеници дека реформите во судството беа узлов за покана во НАТО. Тие се во некаков зачеток и ќе видиме како ќе одат, односно во најава, покрај одбранбените реформи се разбира.

Сите знаеме дека спроведувањето на фер и демократски избори беа услов за покана во НАТО, како и резултати во борбата против корупцијата и криминалот. Сите знаеме дека спроведувањето на правото на целата територија на Република Македонија исто така мора да биде значајна тема кога се зборува за членство во НАТО, како и ситуации поврзани со тоа, раселените лица и тн.

Сите знаеме дека нерасчистени спорови околу граница со некои од соседите, во случајот со протекторатот Косово исто така може да биде проблематично кога се зборува за влегување во НАТО.

Според ова почитуван премиер вие, не јас зборувавте дека во 2006 година ќе станеме членка на НАТО односно ќе ја добиеме поканата за НАТО. Јас знам дека ова што се случи со одложувањето можеби некого изненади, меѓутоа денеска ја следевме повторната изјава на заменикот помошник секретар на Стејдепартментот во која што објасни.

Прво, Владата уште во јули месец била известена дека во 2006 година нема да ја добие поканата. Значи дека во август кога се отвори дискусијата за тоа прашање и кога не убедуваа дека тоа не е точно, некој не ја кажува вистината. Она што денеска по втор пат од истиот човек

беше повторено дека причината за одложувањето за давање покана за прием во НАТО на Македонија и на другите две држави во здружението што е заедно до Албанија и со Хрватска не е заради ништо друго туку заради неподготвеност. Тоа гокажа денеска конференцијата што ја имаше со македонските новинари. Заради неинформираност, зарадинеподготвеност на земјата, вклучително и на Република Македонија и наброја во кои области, ги наброја судството, правото, демократијата и тн. и тн. Така што сите одговори кои што ги слушавме во меѓувреме, кои што кажуваа дека тоа е заради тоа што они сами говорат да биде за нешто друго, заради консолидација на НАТО или не знам како, заради нивни внатрешни проблеми дека самитот е во прашање. Паднаа во вода.

Дополнително денеска ни беше укажано од истиот човек дека и 2008 година не е апсолутно никаква гаранција ако во меѓувреме не се завршат летовите за кои што Македонија се обврза, а очигледно дека не ги заврши, така кажуваа тие. Така што навистина ова е прашање за кое што навистина нема многу простор да се дискутира за нешто друго, односно за отсуство на реформите. Оние што денеска имаа можност во живо да го слушнат она што беше кажано ќе знаат и ќе видат дека беше сосема јасно кажана причината-неподготвеност, отсуство на реформи.

Исто така беше речено дека ќе бидат укинати визите за македонските граѓани во овој мандат, поточно беше кажано за туристите, за студентите и за оние заздравствени причини, меѓутоа до сега како што можеме да забележиме на тој план знаеме дека некоку работи како технички предуслови треба да се исполнат, а тоа се договорите за реамисија, нови пасоши и компјутеризација на граничните премини.

На овој план напредокот во овие девет-десет месеци е многу мал. Сеуште немаме нови пасоши, сеуште имаме тендерски процедури, вакви тендери, такви тендери, се поништуваат, се отвораат нови, меѓутоа технички услови не можеме да исполниме за да дојдеме во позиција политички да побараме укинување на визите. Во меѓувреме почнаа други држави да ни воведуваат визи, почна Косово да ни воведува визи, наскоро Бугарија, Романија ќе ни воведат визи, така што навистина загрижува ситуацијата што се однесува до визниот режим во Република Македонија. До укинувањето на шенген визите, кое што беше изборно ветување и во 2002 година во изборната програма. Кога сме веќе кај изборната програма уште еднаш би се навратил дека во таа изборна програма беше ветено дека ќе има посебна здравствена заштита на лицата и домаќинствата кои се социјално загрозени и дека ќе има регресирање на нивните трошоци за комунални услуги. Не само што нема такво нешто, туку на тие луѓе масовно им се исклучува струјата и се она што не го платиле во меѓувреме. Не само што нема, туку во меѓувреме неколкукратно поскапе електричната енергија, а сега се најавува повторно. Поскапе парното, сега повторно се најавува поскапување.

Во таа програма беше ветено зголемување на пензиите. Отворете ја програмата, ќе видите, страница 29. За зголемување на пензиите до сега не сме слушнале ништо ниту од оваа Влада ниту од претходните две од истата политичка гарнитура.

Беше ветено формирање на приватни фодновски системи во здравственото осигурување врз доброволна дозвола. Напротив не само што ги неа, туку се потешка е ситуацијата во снабдубвање со лекови, медицински материјал, инструменти и тн. Граѓаните се почесто си купуваат штрафови за операции, за скршеници, стендови, цитостатици и тн. и истовремено плаќаат здравствено одигурување.

Многу интересно е и она што се случи во земјоделието. Ако погледнете што беше ветено во изборната програма на СДСМ ѓе видите дека беше ветено дека грозјето ќе се откупува за една марка килограм, значи 30 денари а денеска имаме просечна цена од 12 денари. Дека тутунот ќе се откупува за 10 марки по килограм, значи 300 денари...

(Реагирање на пратениците во салата).

Погледнете ја вашата програма.

Беа ветени стимулативни мерки, наспроти нив кај ДДВ, имаме покачување на ДДВ за репроматеријали и за други земјоделски работи.

Да не ги отвораме проблемите што се случуваат и што е актуелни во затворите. Масовното бегање од затворите и ситуацијата во која што денес од затвор не бегаат само тие што сакаат да избегаат, или отсуството на реформи започнати и незавршени реформи во Железница, во Катастар и други прашања и други реформи кои што беа најавени.

Тука ќе запрам почитувани пратеници со набројување на причините зошто на оваа Влада треба да и се изгласа недоверба. Ќе запрам со набројување на се она што беше ветено и неостварено ветување во оваа четиригодишна програма на СДСМ затоа што ги има многу.

Оваа политичка гарнитура не се штедеше кога ветуваше од тоа исполни многу малку. Во многу сегменти ништо, а често пати постапуваше спротивно на тоа што беше ветено. Ветивте многу реформи, меѓутоа за жал во овој период не видовме речиси ништо од тоа.

Ваква Влада и ваква гарнитура што многу повеќе зборува отколку што прави дефинитивно и одговара на државата. Очигледно уште некое време граѓаните ќе треба да трпат затоа што ваква Влада дефинитивно не одговара за она што се вика развој на Македонија, за она што се вика развој на екномски план, за она што се вика развој на социјален план, за она што се вика развој на планот на демократијата, за она што се вика напредок во евроатлантските интеграции, НАТО и Европската унија.

Се надевам дека од ова мое излагање и од другите излагања ако не повеќе барем ќе ја потсетиме Владата на некои ветувања што беа дадени, што беа добри ветувања и тоа навистина добри ветувања, меѓутоа тие ветувања се заборавија.

Се надевам дека барем на дел од нив колку и да се среќни и задоволни затоа што ние ќе и изгласаме недоверба. За дел од нив барем утре ќе се потсетат и ќе ги повикаат своите соработници да побараат од тоа нешто да се заврши. Да се направи нешто за подобрување на условите за бизнис во Република Македонија, да се направи нешто за намалување на процедурите за инвестирање во државата, да се направи нешто и да се повлечат чекори со кои што ќе им се помогне на македонските компании да станат поконкурентни чекори. Да се направат чекори со кои што ќе се зголеми нивната конкуренција. Чекори со кои што ќе се привлечат повеќе странски инвестици.

Благодарам, во секој случај чекори со кои што реба да се намалат даноците, да се инвестира во образованието и во она што се вика развој во Република Македонија. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Груевски.

Реплика има министерот за економија.

**Фатмир Бесими:** Благодарам претседателе на Собранието, почитувани пратеници, господине Груевски.

Имајќи го предвид времето, почитувајќи го тој факт јас ќе кажам само некои факти. Сакам да потсетам на фактите кои се во нашата економија, а тоа се дека во овој период за седум години и првите седум месеци од оваа година споредено со минатогодишното индустриско производство бележи пораст од 8,6%. Притоа исто толку бележи пораст трговијата во Република Македонија. Реално нето платата бележи пораст од 1,8%. Нивото на каматни стапки и инвестиционен циклус сметаме дека сегашнотониво е релативно високо, меѓутоа ќе укажам на трендот кој е многу значаен во економските циклуси, а тоа е дека вкупните пласмани на банките во овој период изнесуваат 22,4% за разлика од проектираното од 12,8% на годишно ниво.

Депозитите исто така бележат пораст од 19,2%, каде што депозитите на граѓаните биле со пораст од 19,7%, а тие на 17,1% што е добар сигнал за позитивната инвестициона, има односно се над очекувањата.

За бизнис климата тоа е многу значајно од фактот ако веќе ја имаме макроекономската стабилност. Стабилноста на цените останува и понатаму добра позиција за предвидување односно позитивно очекување, табиларен амбиент за инвестициите, што понатаму ние правиме за фокусирање на нашите капацитети кон подобрување на бизнис климата.

Тоа се двата аранжмани со Светска банка ПДПЛ и ДЕВИС исклучиво за подобрување на деловниот амбиент, на подобрување на административните бариери, односно 1 јануари 2006 ќе го имаме едношалтерскиот систем кој драстично ќе ја смени ситуацијата во позитивна смисла на зборот.

Во Собраниска процедура, во прва фаза веќе е законот за стечај. Значи во тој дел, од наредната година ќе има значајно подобрување на деловната клима.

Понатаму за приватизацијата ЕСМ многу кратко и јасно ќе кажам.

Во овој месец беше прогласен како најтранспарентен процес што приватизацијата на ЕСМ ќе биде пример за транспарентна и успешна приватизација каде и теоретски и практично ќе биде докажано дека прво е реструктуирање на системот, либерализација на пазарот, па потоа приватизација. Значи во конкретниот случај, нормално ги имавме предвид сите дискусии во јавноста и ние го прифативме овој модел што сметавме дека ќе биде позитивен.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Една минута господине Груевски.

**Никола Груевски:** Благодарам за репликата.

Почитуван министре благодарам за овие податоци што сте ги собрале и ги кажавте. Повеќето ми беа познати. Ќе одговарам на некои од нив.

Спомавте дека за 1,8% била зголемена нето платата. Погледнете во меѓувреме цените на основните производи за колку проценти се зголемени, што најмногу се купуваат и се најпотребни за граѓаните.

Го спомнавте индустирското производство. Погледнете ги огромните падови на индустриското производство во минатата година.

И конечно да не набројувам за сите работи што ги спомнавте, ќе ве потсетам на она што го кажав во мојата дискусија.

Што и да правите, што и да се случува, тоа мора да се гледа преку остварување на крајната цел, а крајната цел на секоја економска политика е преку раст на економијата да отвори повеќе работни места и да ја намали невработеноста. И она што можам да го забележам дека во вашите дискусии преовладува зборчето "ќе".

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете министре за труд и социјална политика , вашите три минути.

**Стевчо Јакимовски:** Бидејќи господинот Груевски, веројатно и од презафатеност ги чита само крајните бројки, а јас како ресорен министер сум должен бројките кои се појавуваат и да ги анализирам, па и како што тие милуваат, некогаш да ги разгледувам и со експерт.

Еве, на податоците на кои тој се повикува , од Заводот за статистика, би сакал да му укажам на некоја не логичност и јас очекувам дека потоа малку повеќе ќе и верува на Агенцијата за

вработување. Еве господине Груевски само неколку примери.

Во 2002 година, според пописот кој го правел Заводот за статистика, активно земјоделско населени има 49.849. Да ги заокружиме на 50.000. Истата таа година анкетата покажува дека има 133.580 активни земјоделци, значи 80.000 повеќе. Значи 1,7 пати повеќе истата институција дава на анкета во однос на изработен попис по методологии и стандарди кои се тогаш важечки. Или, бројот на невработените во 2002 година е 263.483, според анкетата, за следната година 2003 да биде 315.868. Значи бројот на невработените се зголемил за 52.000 наеднаш. Знаете ли што значи 52.000 луѓе да останат без работа во една држава, а кога тогаш Агенцијата за вработување бележи зголемен број на невработени за 16.000, во време на ФЕСАЛ-2 аранжманот кога и се затвараат претпријатијата.

Понатаму, 2000-та година, број на вработени според анкетата има 549.000, а 2001 година 599.000. Значи 2001 година, според анкетата , се вработиле 50.000 лица повеќе, во однос на 2000-та година. Ве молам, господине Груевски, вие дипломиравте во Прилеп а јас во Скопје. Ајде, не на јавноста, да објасниме на себе си, како е можно во воен конфликт кога имаме реален пад на ЏДП, бруто општествен производ, минус 4,5%, да се зголеми, според оваа анкета, бројот на вработените за 50.000 и вие мене ми држите лекции, ова се валидни податоци, а податоците на Агенцијата за вработување, не се податоци, треба да ја растуриме. Во исто време за вашите години на владеење го зголемивте бројот на невработени за 114.000, а бевте главен креатор на макроекономската политика. Јас не знам каква економска формула вие нудите на овој народ за цело ова време кога сите економски показатели, освен растот на трговскиот дефицит, апсолутно не ви одат во корист и не знам зошто толку жестоко навалувате да разговарате за овие теми.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Една минута господине Груевски, повелете.

**Никола Груевски:** Сакам да укажам дека почитуваниот министер и дел од Владата што се согласува со него и нивните подржувачи се единствените во светот што сеуште баратаат, кога се работи за сериозни работи, со податоците на Заводот за вработување.

Сите меѓународни извештаи од сите финансиски институции, признаваат и бележат само еден податок, податокот на Заводот за статистика кој редовно го контролираат и луѓето кои доаѓаат од ММФ и го проверуваат, како што го проверуваа и во 2001 и 2002 година.

Кога сме веќе кај процентите на невработеност, во 1998 година имавме 34,5% невработеност. И со војна и со косовска криза, по 4 години завршивме со 2,5% помалку, за од тогаш наваму имаме зголемување од цели . . .

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓице Шеќеринска, ги имате вашите три минути.

**Радмила Шеќеринска:** Благодарам претседателе.

Бидејќи пратеникот Груевски заврши со прашањето, што и треба на Македонија и што му треба на македонскиот развој, мене на памет ми паднаа три прашања од кои со едното ќе се повторам со дискусијата што ја имав претпладне. Пратеникот Груевски ретко е присутен во Собранието, кога самиот не говори, па ќе ми извинат другите пратеници што ќе се повторам.

Се прашувам дали на македонскиот развој му треба опозиционер кој денеска наводно ги брани земјоделците и нивните права, а кој во период додека тој беше министер за финансии, секоја година имаше 10 милијарди поголем буџет од она што денеска го имаме. Секоја година имаше помал фонд кој го наменуваше кон поддршка на земјоделието и во секоја од тие години, како што дискутиравме ова утро, 270 милиони денари просечно, му исчезнувале. Ги зголемувале премиите за пченица, тоа не го добивале индивидуалните земјоделци. Што се случило и каде бил тогаш министерот за финансии, мене не ми е јасно. Се прашувам дали на македонскиот развој му е потребен опозиционер кој денеска се бори, наводно против приватизација на монопол, а кој беше министер за финансии, со чиј потпис, овде како пратеници требаше да гласаме за закон за задолжување во ЕБРД, околу учество во приватизацијата на ЕСМ. Тогаш кога ни прати таков предлог закон, министерот за финансии предлагаше да го приватизираме ЕСМ, без раздвојување на компанијата, без либерализиран пазар, без регулаторна комисија, без тендер. И денес истиот тој господин Груевски, доаѓа овде и зборува за дополнителна либерализација на ЕСМ. Каде му била оваа логика и каде му биле овие аргументи пред само не повеќе од три години. Да не зборувам дека денес слушаме критика од опозиционер, околу падот на индустриското производство, а во четирите години од неговиот мандат, три години еве нека биде како министер за финансии, три години имаме пад на индустриското производство. Јас знам сега дека господинот Груевски ќе влезе во дискусија која е нормално и легитимна, да признаам, дека тоа било тогаш, а ова е сега, меѓутоа факт е, кога лесно манипулира со бројки, мора да биде свесен дека сеуште и ние паметиме,ама и македонската јавност. Ако денес очекува подобри резултати, требало маклу повеќе да сработи кога бил позиција.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Груевски една минута.

**Никола Груевски:** Навистина кратко е времето за една минута да се каже се, но ќе се обидам најбрзо што можам да одговорам.

Прво, чиста лага е дека сум нудел некаков закон со кој ЕСМ требало да се продаде и без тендер. Точно е дека имаше таков закон со кој се

влегуваше во процесна приватизација, преку ангажирање на консултант, меѓутоа по никоја варијанта не станува збор за одење без тендер и во никоја приватизација не значело дека ќе остане монопол. За разлика од тоа што ние го правевме, во програмата на СДСМ и во договорите на госпоѓата Шеќеринска се зборуваше дека не треба да има приватизација особено на монополите. Зборувам тоа што го кажале, што го ветиле и тоа што се случува денеска.

Што се однесува до земјоделците тие најдобро знаат колку во минатото добивале и ако има било какво нестанување на пари, тоа можеше да се провери преку ревизиите и да се казнат сторителите.

Второ не бегајте од изборните ветувања, не бегајте од она што го пишува во вашата Програма.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете министре за правда имате три минути.

**Мери Младеновска:** Бројките говорат дека вкупните инциденти во затворите во Република Македонија, оваа година се помали од повеќе претходни години. Од 1998 до 2002 година, бројот на класичните бегства е многу поголем од бројот на бегства од 2003 до денес. Но за ова јавноста не е информирана. Едноставно ваквите податоци биле криени од јавноста. Оваа Влада ги соопштува овие проблеми, бидејќи е подготвена да се соочи со нив и да ги решава. Имаме две опции, или да ги средиме затекнатите проблеми, или ќе станеме заложници на оние на кои им е нарушен комодитетот заради нашето инсистирање на законско работење. Ние се определивме за првото решение, да ги средиме затекнатите состојби и ќе истраеме во спроведувањето на овие реформи.

ВМРО-ДПМНЕ покажува голема загрижност за оние чиј комодитет е нарушен со ваквото наше законско работење и постапување и веројатно има голем интерес од тоа, состојбата да остане непроменета. Но, тоа нема да се случи.

Почитуван господине Груевски, спомнавте и сериозни забелешки во однос на реформите на правосудниот систем, но не спомнавте ниту една забелешка во што конкретно се состои. Тоа што јас како министер за правда го слушам на официјалните и неофицијалните средби и состаноци, се само сериозни пофалби.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Една минута господине Груевски, повелете.

**Никола Груевски:** Госпоѓо министерке, во моментот имате бунт во затворот. Подобро е да одите да направите нешто на тој план, одколку да читате податоци во кои и самите не верувате. Купете ги утрешните весници, пишуваат за бунтот во затворот, пишуваат за бегства на затвореници. Тоа е реалноста, за жал.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Реплика има министерот за здравство.

**Владо Димов:** Благодарам претседателе.

Најпрвин би сакал да кажам,  далеку од тоа дека состојбите во здравството се идеални. Меѓутоа, тоа е состојба која не е од денес, не е од вчра. Тоа е состојба која е во тек и една од работите што ги правиме заради таа работа што е во тек, тоа се реформските закони и за тоа не би сакал да зборувам денес. Меѓутоа, сепак мислам дека некои работи треба да се одговорат и тоа во принцип сакам да зборувам во бројки и во податоци кои се недвојбени. Тоа е следното:

Многу работи се случија во 1998 до 2002 година, кои не можат да поминат за една за две или три години и навистина мислам дека е нечесно денес да се спомнуваат и дел од последиците од таквите состојби, како да е тоа новонастаната ситуација со која некој нема никаква врска.

Околу бројките и она што често пати е спомнувано, бидејќи мислам дека на некои луѓе им е специјалност, стентовите, посебно, би сакал да го кажамследното:

Во 1999 година, 2000-та, 2001 година, бројот на вградените стентови во однос на денешните бил многу кратно помал. На пример во 2000-та година нивниот број вграден е 300 од кои повеќе од половината се купувани, а само половината од нив ги покрива фондот. За цените по кои се купувани не сакам да зборувам меѓутоа денешната состојба е следна: Се вградуваат 1.700 стента од кои само 200 се плаќаат а 1.500 се на товар на Фондот за здравствено осигурување.

Исто така морам да напоменам дека на сите овие состојби кои се случувале и кои денес имаат и бројни последици кои ќе се провлекуваат е и тоа што се наследени 1.800 нови вработувања само за период од 2002 година, кои се останати и кои луѓе, нормално, примаат плата бидејќи немало интенција таквите луѓе да се отстранат од работа заради тоа што биле претходно примени на таков начин.

Исто така многу значајно е да се каже дека не се тоа единствените причини и дека навистина времето за реплика е многу кратко, да се одговори, што се друго се случувало во Фондот што денес има несогледиви последици кои ние едноставно не сакаме да ги промениме без при тоа да ги дадеме и да ги подготвиме документите, врз основа на кои тоа го правиме. Само да кажам неколку збора, да го илустрирам она што го зборувам.

Во времето, 2000-та, 2001 и 2002 година ставени се такви обврски на фондот спрема граѓаните на Република Македонија без никакви ограничувања, какви што ретко можете да ги најдете и во многу побогати земји од тоа што е Македонија. Исто така факт е дека колку и да сакаме денес тоа брзо да го поправиме, последиците од таквите Цунами во позитивните листи и во не постоењето на протоколите, тешко се лекуваат, меѓутоа ние се бориме и реформите ќе одговарат на ова.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Груевски една минута.

**Никола Груевски:** За една минута навистина не може да се одговори на сите овие работи, па кратко ќе кажам дека реалноста за ситуацијата ја гледаат граѓаните кои имаат потреба од болниците и од клиничкиот центар, што секојдневно одат таму, а таа реалност ќе стане уште посурова ако се подготвува, она што го читаме низ медиумите, како најава за некакви реформи, деновиве, таа реланост ќе стане уште посурова.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Три минути за заменик министерот за транспорт и врски, повелете.

**Дејан Кошутиќ:** Благодарам.

Сосема кратко да расчистиме некои невистини кои се пласираа во изминатиот период и посебно со денешното излагање на господинот Груевски.

Како прво, точно е дека имавме проблем за реконструкција на плоштадот "Скопје", меѓутоа господине Груевски не за предметната локација каде маркицата на земјишниот дел влегува на приватно. Тука имавме проблем со тротоарот кој е денационализиран мимо законските одредби. Тоа е една работа.

Второ, со вас целосно се согласувам за привлекување на странски големи компании од проста причина што "Рамстор Македонија", дел на Коч-Холдинг, е на листата на првите 150 светски компании надвор од границите на САД, компаснија која добива кредит од 8,5 милиони евра за проектот во Македонија, од Европска банка за обнова и развој, по добиена презентација за процедурата, со која е дојдено до таа локација, за месец дена после потпишување на договор во Скопје, го купи реномираниот германски гигант "Руди" , со дистрибутивна и производствена мрежа.

Инаку за ваша информација "Рамстор Македонија", "Мерцедес", "Кнауф", се пилот проекти на заеничка соработка на централната власт и општините каде градоначалниците се од ВМРО-ДПМНЕ влегуваме во еден заеднички проект во наредните месец дена. Толку, само да ве запознаам до каде сме со работата.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам .

Една минута господине Груевски.

**Никола Груевски:** Почитуван заменик министре добро би било да проверите точно дали "Рамстор" е во сопственост на "Коч". Точно дека тој го потпиша договорот, на кого после го има отстапено, тоа е веќе друго прашање.

Што се однесува до она што го имавме како ситуација на повторно национализирање на земјиштето околу Градскиот плоштад, заради т.н. јавен итнерес, покажуваат и судските постапки. Едно од семејствата го доби назад, на Врховн суд, значи си го поврати земјиштето што претходно беше денационализирано, па национализирано.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Има збор господинот Љупчо Георгиевски.

**Љубчо Георгиевски:** Почитуван претседателе на Парламентот, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата, почитуван премиер, најпрвин дозволете ми да кажам неколку збора кои се причините и мотивите за оваа доверба на Владата на денешниов ден.

Веднаш на самиот почеток да кажам дека неколку причини се.

Прво сите ние да се потсетиме на славниот датум 15 септември. Јас ќе ве потсетам дека и минатата година на истата таа дата поднесовме интерпелација за Владата, затоа што навистина сакаме македонските граѓани да ги потсетиме на тој голем славен македонски јубилеј 15 септември на кој се ветуваа многу работи кој граѓаните на Македонија практично си ја земаа судбината во своите раце.

Вториот момент за оваа интерпелација е затоа што ние како политичка партија во самиот почеток на нашето формирање јасно и недвосмислено демонстрираме дека навистина во Македонија треба да ставиме крај на уличната демократија, дека сите ние демократски треба да созрееме и да сватиме дека избори во демократијата има еднаш на 4 години со исклучок ако владеачката структура како во Германија или во многу други примери самата не оцени дека треба да даде оставка и да оди на предвремени избори. Значи, граѓаните едноставно и сите ние да се научиме на златното правило дека тие на кои ќе им го дадат мандатот управуваат и владеат со државата во идните 4 години. Меѓутоа, во исто време го користиме овој метод на интерпелација, затоа што пак тоа ни останува едно од основните права каде што ќе можеме да ги кажеме и критиките на Владата, забелешките на Владата и нормално да им укажеме на причините зошто самата таа треба да си гласа против, односно за паѓањето, или распишување на предвремени избори. Јас сум сигурен дека како што многу претходни говорници тука кажаа денеска тоа нема да се случи, ние нема да имаме пад на Владата, затоа што математиката едноставно тоа го зборува. Меѓутоа, мислам дека сите овие аргументи кои беа кажани денеска и оние што ќе се обидам јас да ги кажам сигурно ќе внесат еден процес на размислување. Ќе ве потсетам дека и лани на 15 септември не паднала Владата на господинот Хари Костов, меѓутоа два месеца после тоа човекот најверојатно размислувајќи за тие работи што беа кажани на таа интерпелација реши да си даде оставка и да си замине од местото премиер. Така што верувам дека денеска навистина нема да изгласаме пад на Владата, меѓутоа многу аргументи и зборови кои беа и ќе бидат кажани денеска овде ќе останат како траен впечаток и на пратениците и на министрите. И нормално третата причини зошто интерпелација, тоа е без сомнение фактот кој исто така беше денеска многу пати спомнуван, тоа беше информацијата која ја добивме пред десетина дена дека за жал една голема надеж која ја негуваше власта во

Македонија, меѓутоа и сите граѓани на Македонија, тоа е членството во НАТО, очигледно дека имаме јасен одговор дека тоа го нема, а еден ублажен одговор исто така ќе го добиеме и од Европската унија, меѓутоа со скоро истата содржина.

Кога зборувам за интерпелацијата и за одговорноста, за резултатите на Владата, нормално во друга прилика ред ќе беше да ја повикувам Владата на господинот Бучковски, меѓутоа со оглед на фактот дека во овие три години СДСМ смени практично три влади. Значи, повеќе во мојот говор ќе го употребувам зборот Владата на СДСМ, ДУИ и ЛДП, а се надевам дека пратениците под тоа ќе подразбираат одговорност не само за актуелниот премиер, туку пред се за главниот и првиот мандатар на владите на СДСМ господинот Црвенковски и вториот уцврстувач на многу политики на СДСМ господинот Хари Костов. Значи, станува збор за барање на доверба на еден колективен однос и на една колективна политика на СДСМ, ДУИ и ЛДП.

Сега да се задржам за состојбите поради кои сметам дека треба да има доверба на Владата. Во вакви прилики кога сум зборувал друг пат, ќе се потсетите многу зборував со цифри, со многу податоци од Заводот за статистика, со многу математички споредби. За жал, денеска не можам и немам сигурност да се потпрам на цифрите кои произлегуваат од Заводот за статистика од едноставна причина што во тој Завод се направија такви промени и такви измени што навистина човек веќе не знае на кој податок од таму да му верува, во кој да се сомнева и каде да ја види искреноста за целата таа статистичка ситуација која треба да биде основа за да знаат во нормалните демократски држави каде се движи државата, напред, назад, или едноставно газиме во место. Заводот за статистика едноставно во последните неколку години стана едноставно список на желби, не знаеме кои фирми со кои се споредуваат, кои ситуации од 2004 со 2001 година се споредуваат, не знаеме кои фирми и по кој редослед една година се бришат од списокот на индустриското производство, па другата година се додаваат кога ќе проработи таа истата фирма. Едноставно имаме една тотална какафонија, така што да зборуваме за цифри и за споредби е просто илузорно. Ќе спомнам само една која доаѓа од друг извор и верувам дека по логиката на нештата не лаже, а тоа е фактот дека за овие три години владите предводени од СДСМ ја задолжија Република Македонија за скоро 450 милиони долари нов надворешен долг, пари кои имаме во евиденцијата на Народна банка, а за кои пари за жал не можеме да видиме некакви посебни резултати во нашата држава и посебно во економијата. Затоа реков дека ќе зборувам повеќе за споредби, ќе зборувам за слики кои луѓето можат лесно да ги препознаат и да си ги споредат, ако сакаат да ги споредуваат, односно да прават разлики. Во таа насока почитувани пратеници ќе почнам од нешто што сите ние го чувствуваме, а тоа е огромниот економски крах и социјалното распаѓање на сите слоеви на граѓани во Република Македонија. Во таа насока пак ќе речам, не сакам да се повикувам на статистиките, затоа што реалниот живот најдобро го кажува тоа и сите знаат да си одговорат колкав е тој пад на реалниот економски стандард во Република Македонија. Секој граѓанин во Македонија може да си ја направи таа математика сам, дали на фирмата или на фамилијарниот буџет. Зошто Македонија е дојдена до оваа катастрофа во која денеска се наоѓаме. Најпрво ќе почнам со еден збор кој го имаше во последниот извештај на ММФ, или на Светската банка, а тоа е дека на Македонија и е нужно и потребно брзо подобрување на економската клима. Ќе се фатам за тој збор и малку ќе прозборам за тоа кој ја наруши економската клима. Нормално тука сигурно свое место има безбедносната ситуација, меѓутоа за неа не би зборувал сега, за неа ќе спомнам неколку зборови на крајот. Значи, покрај безбедносната ситуација за која ние сите се согласуваме дека е една од причините зошто странските и домашните инвеститори бегаат од македонската економија. На второ место со не помал интензитет тоа е политиката која оваа партија на својот почеток од 15 септември 2002 година најпрво со првиот премиер, па со вториот премиер, не знаеме дали третиот премиер ќе ја продолжи истата таа политика, меѓутоа првите двајца навистина убаво ја зацврстија Република Македонија. Тоа беше економската политика на насилие, насилство и узурпација на она што се нарекува економски простор во Република Македонија. Зошто оние кои денеска владеат во името на Социјал демократскиот сојуз нормално треба да ја понесат таа одговорност, затоа што гласаа за тие влади и затоа што зборуваме и реков сакам да зборувам за вкупните политики кои СДСМ и нивните коалициони партнери ги носат и ги водат во оваа држава. Врз основа на што зборувам за таа насилна клима. Ќе ве потсетам почитувани граѓани дека владите на СДСМ веднаш после 15 септември 2002 година направија една мини социјалистичка револуција во Република Македонија. Масовно се влегуваше и се преземаше раководењето на фирми кои биле прватизирани, масовно се блокираа со фиктивни, или недокажани долгови од страна на Управата за јавни приходи, масовно имаше насилно раскинување на приватизациите без никакви процедури. Списокот на тоа насилно преземање на имотот, да ве потсетам дека приватниот имот е основа на капиталистичкото општество кон кое сите ние и демократските општества кон кое сите ние се стремиме едноставно во Македонија беше од владеачката структура насилно узурпирано. Денес после три години од познатиот 15 септември дајте ни одговор, една фирма од оние 25 каде што насилно се влезе после 15 септември со тогашниот послушен синдикат денеска да работи и да функционира, една од тие фирми каде што насилно се узурпира раководството и насилно се

узурпира капиталот независно на кој и да е акционер. Значи, тоа е таа слика која денеска ја среќаваме во ММФ клима за економска атмосфера. Таквата атмосфера на насилие и узурпација на следни, големи, или мали фирми е основниот елемент на она што се нарекува прогон на странските, меѓутоа она што постојано сакам да го потенцирам, не е проблемот само на странските инвеститори, проблемот во Македонија е пред се на домашните македонски инвеститори. Ние немаме домашни инвеститори во македонската економија, а постојано од страна ви велат, зошто барате странски инвестиции кога ни домашните инвеститори не можете да ги мотивирате. Токму заради тој страв што во првите две години владите на СДСМ го наметнаа во Република Македонија.

Што е тоа што СДСМ во таа насилничка политика едноставно го превиде, или го толерираше? Едноставно фактот што бруталноста ја натера македонската економија да го свие својот врат и едноставно да чека само помош, а од помош ниедна економија во светот не живее.

Она што е поинтересно на таа насилна политика која СДСМ ја спроведуваше во првите две години денеска е уште поинтересна кога го гледаме преседанот на кој никој во Република Македонија не обрнува внимание, а тоа е фактот дека вториот премиер на оваа Влада господинот Хари Костов направи еден преседан каде што уништувајќи ја целата друга економија во Република Македонија успеа да направи простор само на 15, или 20 фирми во Република Македонија и да ја доведе ситуацијата во Република Македонија како пред 1998 година, 20 фирми во државата да работат и да функционираат, а другите фирми едноставно да умираат или да животарат. Денеска ние навистина имаме еден преседан кој СДСМ едноставно не знам како ќе расчисти со тоа и дали ќе успее да се справи. Никој не сака да направи никаква анализа колку бенефиции добија фирмите кои се во Управниот одбор на Комерцијална банка, никој не сака да направи анализа колкава била активата на Комерцијална банка 2002 година, колку е 2005 година, никој не сака да направи анализа на профитот на тие 20 фирми кои се вртат околу Комерцијална банка профитот 2002, профитот 2005 во услови кога целата економија друга едноставно животари и се бори да најде свој простор во економскиот простор на Република Македонија. Ваквиот преседан на насилие од една страна и од друга страна протекционизам за 20 фирми во Република Македонија денеска е прашање кое новата Влада дали ќе го поддржи, или едноставно ќе се обиде да направи простор малку за другите економски субјекти во Република Македонија. Независно од исходот на ова гласање денеска, јас јавно му порачувам на СДСМ, ако тој продолжи со заштита на оние дваесетина фирми кои се групирани околу Комерцијална банка тоа е најбрзиот пат на економскиот крах на Република Македонија во годината што доаѓа пред нас. Затоа, навистина не гледам друго решение освен она што е познат рецепт во сите држави, многу поголема либерализација, многу поотворена економија и доста со протекционизмот на тие дваесетина фирми кои бившиот премиер ги собра и кој ги управува денеска од неговото гнездо.

Понатаму, за која слика да зборувам за владите на СДСМ, првата, втората и третата. Ќе ве потсетам дека во еден од големите почетоци после 15 септември беше најавена голема борба против корупцијата, организираниот криминал, нормално први и основни на удар беа само преставниците на тогашната претходна власт. Пред малку господинот Чедомир Краљевски кажа цифра околу 360 притварања, не знам дали е таа вистинита, меѓутоа сигурно дека е најмалку околу 150 притварања за да се покаже чесноста и да се покаже доблеста на владите кои дојдоа после 15 септември прво на господинот Црвенковски, па на господинот Хари Костов, а ќе видиме дали со новата трета влада нешто ќе биде променето на тој план.

Меѓутоа, почитувани граѓани, јас и ден денеска ќе го кажам она што во минатите три години не сакаше никој да го слуша. Со сите напади јас отворено давам предизвик на сите аналитичари, нека направат за која година сакаат од нашиот мандат и за која година од нивниот мандат за приходите кои ги имаат во нивниот буџет, нека направат парцијални, посебни анализи колкави се приходите на пример за акцизи, ДДВ, за цигари во било која година од нашиот мандат и сегашниот мандат. Еве, да речеме 2003 година со 2000 година. Нека направат анализа за приходите за акциза од ДДВ, царини, од нафтата. Јас ве убедувам дека ниеден податок нема да биде во корист на оваа влада. А приказните се многу големи, тие уште држат слика пред македонскиот граѓанин.

Ќе ве потсетам почитувани граѓани дека имаше многу големи заложби за да се укине шверцот на многу акцизни стоки.

Ќе ве потсетам на еден податок, шверц на нафта во нашите четири години воопшто и немаше, ако некој индивидуално некаде успеал да се скрие. После 15 септември шверцот на нафта стана масовна појава во Република Македонија најверојатно и реваншистички ориентирани ОКТА што поскоро да се уништи. Ќе ве потсетам, на големата зделка со дирекна спогодба за увоз на 15 милиони долари нафта во Република Македонија заради ирачката криза. Ќе ве потсетам, за податокот на фаќањето на шверц на нафта во една штипска фирма, ми се чини се викаше Нико Петрол која тогаш се правдаше дека тоа било бензин, а не нафта, а денеска тој се појавува како трет по големина во нафтениот бизнис во Република Македонија. Никој не се сеќава за тоа живо фаќање на шверц со цистерните пред само две години. Едноставно ќе ве потсетам на големите ветувања во нафтената индустрија во Република Македонија дека со промената на власта ќе има либерализација на

нафтениот режим во нашата држава и граѓаните ќе купуваат евтин бензин.

Почитувани пратеници, ќе ве потсетам дека либерализацијата за МАК ПЕТРОЛ, втората фирма во Република Македонија беше направена уште додека беше нашата Влада. А ќе ве потсетам дека од 15 септември па до денеска три години либерализацијата замислена според стандардите на СДСМ не значи ништо друго освен уште една дозвола на нафтениот пазар, а тоа беше на Нико Петрол, некои велат дека Фершпед стои зад тоа, не стои, меѓутоа Нико Петрол. Значи големата приказна за големата либерализација на нафтениот пазар во Република Македонија беше покрај ОКТА и Мак Петрол да може само уште Нико Петрол без контрола да увезува нафта во Република Македонија. Еве, тоа е приказната за нафтата.

Што да кажеме за цигарите. Пред некој ден изби голема афера во Грција дека се шверцувале цигари преку македонската граница, ми се чини во Битола. Македонските медиуми многу интересно, да беше тоа Владата на ВМРО-ДПМНЕ, тоа ќе беше главниот корпус деликт дека Владата е шверцерски организирана. Меѓутоа, во овој случај тие настапија со многу интересна теза: грчката страна сака да ја замеша Македонија во шверцот со цигари кој тие го откриле, а ние сме комплетно невини. И притоа имаше  едно наивно соопштение да речам за детска градинка од директорот на Царина дека тој не знае ништо, затоа што камионите најверојатно влегувале во безграничниот простор меѓу двете граници. Па ве молам, на кого раскажува приказни директорот на Царина во Република Македонија? Што е безграничниот простор? Тоа е простор каде што ние имаме активна контрола кога сакаме и колку сакаме. Значи, повеќе од јасно е дека имаме на повидок еден голем скандал со шверцот на цигари во Република Македонија. Меѓутоа, јас им честитам на актуелните владетели на СДСМ колку успешно ги контролираат медиумите и во Република Македонија и испаднаа како невини жртви на некои таму афери кои се случуваат во соседна Грција. Што да зборуваме понатаму, за која политика на власта на СДСМ да спомнуваме? Дали да ја спомнеме политиката спрема земјоделците. Мислам дека господинот Марјан Ѓорчев многу убаво зборуваше и за споредбите како се водела политиката спрема земјоделието, како се води денес.

Затоа, не сакам да ги повторам работите кои ми се запишани овде затоа што мислам дека сликата тој многу прекрасно ја даде. Факт е дека македонскиот земјоделец денес е структура која практично е смачкана со новата политика која од 15-ти септември е промовирана во Република Македонија. И она што е најинтересно, министерот за земјоделство како да не постои, едноставно тоа се третира како една функција која треба некој да ја пополни и од тука понатаму нема никаква работа и никаква одговорност. Во целина го прифаќам тоа што го кажа господинот Марјан Ѓорчев, ќе го прескокнам мојот дел за земјоделието и ќе се задржам малку на политиката и состојбите во здравството.

Господинот министер за здравство на претходната реплика кажа дека ситуацијата во здравството не е добра, таква е каква што ја гледаме секој ден, меѓутоа, проблемот бил од претходната Влада и не можел тој, и после три години владеење на СДСМ, да ја поправи сликата во Република Македонија. Почитувани пратеници, претпоставувам тоа е делот од оние дупки со кои ја занимававте македонската јавност во првата година. Што, почитувани граѓани, да кажеме за делот на Фондот за здравство и целосната политика на Министерството за здравство, освен фактот дека 1998 година кога дојдовме, долгот на Фондот за здравство  беше 150 милиони марки односно околу 75 милиони евра. Кога заминавме долгот беше намален на 35 милиони евра. Тоа се официјални извештаи кои можете да ги проверите. Значи за четири години долгот е преполовен, сите работи ги имаше во здравството како што многу добро можат да споредат и докторите и пациентите. Се направија огромни инвестиции во здравството, и се функционираше како што можеше да функционира. Денес после три години ние имаме зголемен фонд на здравтсвото, ако во наше време беше 12 милијарди, денеска е 15 милијарди денари и со тие, со тој зголемен фонд на буџетот на здравство ние немаме никаков лек во македонските аптеки,односно да речам имаме страшен недостаток на лекови, страшен недостаток на било какви технички помагала и имаме, она што е најинтересно, зголемување на долгот на Фондот за здравство од оставените 35 милиони на 100 милиони евра, ако беше точен податокот што излезе во медиумите пред некој ден.

Она што сакам да го порачам до новата Влада, а тоа е мојата проценка, дека ако некоја институција во Република Македонија едноставно прва и отворено банкротира како таква, тоа ќе биде Фондот за здравство. Причините за тоа се повеќе.

Прво, затоа што фирмите кои вие велите според вашата статистика се повеќе и повеќе напредуваат,индустриското производство расте, едноставно рекордно ниско ги уплатуваат своите давачки во Фондот за здравство, а ги уплаќаат рекордно ниско не затоа што расте индустриското производство, туку затоа што е навистина катастрофа сегде, каде што ќе се свртите во македонската економија.

Вториот елемент е затоа што парите кои треба да дојдат од пензискиот фонд исто така се се помалку од истите причини кои претходно ги спомав и фондот за пензиско прво ги исплаќа пензиите, а дури нешто што ќе му остане префрла на Фондот задравство.

И трето, крајното нерационално работење со она што се нарекуваат фондовски пари. Значи, јавно ве предупредувам дека ако некоја институција

прво јавно ќе банкротира тоа е Фондот за здравство и Владата на Република Македонија мора нешто сериозно таму да промени ако сака да имаме воопшто здравство за македонските граѓани. Што понатаму и за кој дел на сликите и елементите да зборувам? Дали да го спомнам елементот на вработувањето. Денеска тука доста се дискутираше за тоа вработување, јас само едно ќе кажам, дека неоспорен факт е дека невработеноста за овие три години порасна од 31% на скоро 38%. Го гледам господинот министер за труд и социјална политика во последните неколку месеци се обидува да прави некои трикови кои јас навистина не знам како ги изведува, за да ни објасни, пред некој ден го чув, како точно е дека во последната година 60 илјади луѓе останале без работа, меѓутоа не знам, 65 илјади нашле работа. Каде е проблемот? Проблемот е во тоа што тие 60 илјади луѓе што останале без работа можеме да ги видиме сите каде се. Од Телекком колку се, од Железница колку се, од ваму, од таму, да не ги броиме. А другиот проблем е што никој не може да ги види тие 60 илјади луѓе што се вработени. Многу ќе ме интересира да ми каже 200 вработени каде има да речеме вака топтан, евентуално, еден по еден ако не се вработуваат,меѓутоа, тешко за година дена 60 илјади така да дотуркаат. Значи независно од овие гимнастики што се прават повторно со статистика, ние го имаме познатото бришење на податоци и менување на цифри, а јасна е ситуацијата каде што имаме рекордна невработеност и, ми се чини, после Косово и Босна и Херцеговина, сме рекордери во Европа.

Значи, уште една политика која јасно зборува за економскиот пад и за економската катастрофа на Република Македонија. Конечно, доаѓаме до зборот реформи.

Почитувани граѓани, односно почитувани пратеници,

Јас ќе ве потсетам дека имаше едно време во Македонија кога зборот реформа значеше реформа на државна администрација на која организатор беше Европската Унија и кога се направи реформата на државната администрација со закон, направија прием за да одбележат еден толку голем чин во македонската реформа на администрацијата. Ќе ве потсетам дека таа реформа не значеше отпуштање на луѓе, туку значеше точно прецизирање на одговорностите и точно значеше сигурност за секој вработен во државната администрација. Денес, со две интервенции на тој закон, тој закон кој Европската Унија го славеше со коктел веќе на ништо не личи. Реформата пред 3-4 години значеше реформа на ДДВ системот, реформа на платниот систем во Република Македонија. Ќе ве потсетам дека реформата на здравството беше завршена работа, меѓутоа, благодарејќи на тогашните синдикати беше спречена. Три години се одлагаше реформата, денеска се вовдува по пет пати полоши услови во Република Македонија. Ќе ве потсетам дека реформата на паралелен пензиски систем ја изработи господинот Ибраими, министерот за труд. Три години се чекаше законот за денес ист да се стави во процедура во Република Македонија. Некои реформи кои едноставно беа ставени на маса, кои беа завршени и покрај сите други, се одлагаа затоа што беа направени од претходната Влада. Ако беше тоа поимот за реформи во Владата на ВМРО, денес поимот за реформи, кога ќе се каже реформа што значи: колку отпуштени ќе бидат од една иста институција. Ништо друго не претставува реформата во денешниот систем. Затоа, почитувани граѓани, сите овие политики кои ги водеа Владите на СДСМ, давајќи им правец господинот Црвенковски, зацврстувајќи ги господинот Хари Костов и ќе видиме дали господинот Бучковски ќе продолжи со истите тие реформи, доведоа до едно крајно катастрофално уништување и социјално раслојување на граѓаните во Република Македонија. Овие три години, можеме слободно да кажеме, цели социјални слоеви во Република Македонија паднаа под едно ниво. Многу од тие што беа газди и имаа повеќе дуќани денес се средна класа. Многу од тие што беа средна класа денес се обидуват да се прехранат од први до први, а многу од тие што беа сиромашни денес се гладни. Сликата на тоа социјално раслојување погледнете ја секој ден. Од една страна драстично зголемување на агресијата, од друга страна драстично зголемување на самоубиствата. Погледнете ја денешната слика на Република Македонија без статистика: Тоа е една темна слика, една црна слика каде што луѓето сонуваат едноставно како да избегаат од неа. Тоа е она што се однесува на политиката на економски и социјален план.

Сега почитувани пратеници, ќе спомнам за последниот пораз не на Владата на СДСМ туку на граѓаните на Република Македонија. И самиот СДСМ во многу свои изјави веќе си признаваше дека тие немаат којзнае колкави резултати на економски план, поминаа ветувањата за економски бумови, за големи економски инвестиции и картата на која игра во последните две години беше дека штотуку не сме влегле во НАТО и не сме влегле во Европската Унија. Затоа, почитувани пратеници, јас ќе кажам дека мене ми е жал, одговорноста си ја носи Владата, претседателот на државата и сите кои се креатори на оваа политика. Меѓутоа, факт е дека сите ние како граѓани на Република Македонија сме погодени од фактот што она што значи зацврстување на нашата економска моќ или на безбедност, а тоа е евроатланската интеграција очигледно станува веќе неостварен сон, односно сон кој едноставно лебди и се пролонгира во време кое не можеме да го прочитаме.

Во таа насока, почитувани пратеници, јас навистина не сакам да го користам овој момент да ја критикувам Владата на СДСМ и претседателот на Републиката, кои се главни виновници за овој практично удар кој го добивме пред десетина дена и кој едноставно ќе го искористам како еден апел за кој е зборувано

веќе долго време, а тоа е дека арогантните луѓе од СДСМ треба конечно да сфатат дека ние како граѓани на Македонија и како Република Македонија се наоѓаме во една тешка каша. Тие не направија многу реформи, јас се согласувам со сите критики кои денес беа кажани и многу од нив ги кажав и јас, меѓутоа, сакам да го поделам моето мислење со вас дека одлагањето на овој прием на Македонија во НАТО и утре бавниот одговор кој ќе го добиеме од Европската Унија се потпира врз база на политички одлуки. Ние како граѓани на Република Македонија и како политички претставници треба сериозно да седнеме и да направиме една национална стратегија како сите заеднички да испливаме од оваа каша во која се наоѓаме овде и како да дојдеме повторно да го фатиме приклучокот и до НАТО и до Европската Унија. Лично сметам дека еден голем дел за донесувањето на ова одлука е политичката рекомпозиција на Балканот, што ќе се случува во наредните три до пет години. Значи, ние мора да имаме јасно подготвена стратегија што ќе очекуваме и што ќе сакаме од таа политичка рекомпозиција.

Сакам да го потенцирам фактот дека како најслаба точка во целата таа атмосфера ја гледам нерешената граница со Косово и мене ми е жал што прво разните влади, почнувајќи од Бранко Црвенковски до денес, дава лажни ветувања де утре ќе биде направена границата, меѓутоа, како што сите гледате, ние немаме одговор кога ќе биде направена границата. Ако со нешто во овој меѓу простор треба посериозно да се занимаваме, тоа е утврдувањето на границата со Косово и тука очекувам исклучителен напор од ДУИ како моќни луѓе кои можат да направат нешто по тоа прашање.

Втората работа која сакам да ја потенцирам, се надевам дека министерката за надворешни работи нема да ми замери, меѓутоа, неколку часа даваше реплика за нејзината успешна политика колку земји не признале со Уставното име и колку допрва ќе не признаат во наредниот период. Учтиво ќе ја поучам дека не е време кога треба да се фалиме колку допрва земји ќе не признаат со уставното име, затоа што треба да се соочиме дека тука имаме реален и сериозен проблем и наместо јавно покажување на мускули треба да се најде некој начин како заладените односи со Грција во последните некоку години полека да се омекнат и преку дијалог да дојдеме до решението.

Конечно, во таа насока, не сакам да зборувам за некои други примери, како што е да речеме за мене несватлив овој глупав потег со затворањето на Вранишковски, двојните стандарди во македонското судство во кои правото важи само за бившите вмро-овци, а за преставниците на албанската популација или за члeновите на СДСМ важат други принципи. Ќе го спомнам примерот на Красниќи и случајот Кондово не за да ја обвинам актуелната Влада туку едноставно да се зачудам затоа што во тоа што го направи господинот Бучковски со цел да го обезбеди мирот во Македонија не гледам ништо друго туку континуитет на она што го правеше и во минатите три години, па дури како министер за одбрана во Владата на ВМРО. Меѓутоа, ме зачудува еден друг дел на СДСМ, кој во претходните четири години истото тоа го правеше и од еднаш сега станаа патриоти во Република Македонија. Случајот со Кондово и Красниќи не го спомнувам за таков вид кригика туку како пример на двојни стандарди во Република Македонија. Ќе ве потсетам, почитувани граѓани, кога еден сличен тип на криминалец како што ни беше претставен во јавноста, иако според досиејата како што гледаме десет пати помал криминалец од Красниќи, ми се чини се викаше Диме Поштарот, беше застрелан како куче на улиците во Скопје на денот кога господинот Хари Костов прославуваше куќна слава и тоа му го испратија како подарок на куќната слава. По класичен пример за двојни стандарди во Република Македонија мислам дека ретко ќе најдеме. Ќе го спомнам случајот на Красниќи затоа што кога луќето од Раштански лозја беа во затвор, не се знаеше конечната пресуда, токму нашата партија излезе со предлог за амнестија, во која амнестија ќе бидат опфатени луѓето од Раштански лозја, меѓутоа, и сите луѓе кои произлегоа како некаков вид на деликвенти од постконфликтната ситуација 2001 година. Тој наш предлог не беше прифатен ни од правниците, ни од интелигенцијата, ни од медиумите, а ниту од политичките партии, од останатите една или две дале согласност. Колку бевме силни тогаш кога требаше за луѓето од Раштански лозја да се донесе амнестија, и покрај тоа што со таа амнестија ако пет луѓе од Раштански лозја се ослободеја, ќе се ослободеа 35 албанци, меѓутоа, ќе направевме и вистински чекор за да немаме такви постконфликтни ситуации, меѓутоа, очигледно некој кој не сака да ги купува визиите од друг едноставно е должен да ги плаќа после на некој друг начин поскапо.

Значи едноставно мојата порака за СДСМ во поглед на патот на евроатланската интеграција е навистина да престанат со онаа ароганција која ја имаа во овие три години, да си признаат дека се наоѓаме во една сериозна каша и на патот на НАТО и на патот на Европската Унија и да се обидат да најдат еден друг модел или еден друг начин да излеземе од оваа ситуација, каде што очигледно веќе сме доведени во ситуација на политичко ниво да се донесуваат одлуки.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Георгиевски.

Објавувам пауза до 23, 20 кога треба да се обрати претседателот на Владата на Република Македонија за да може рамноправно 40 минути да има право да се обрати.

(Пауза)

(По паузата седницата продолжи со работа во 23,22 часот).

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине премиере.

**Владо Бучковски:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дозволете ми на крајот од овој работен ден на Парламентот, кога опозицијата предводена од ВМРО Народна партија го искористи демократското право да бара интерпелација да се гласа за недоверба на Владата.

Ќе одговорам за дел од изречените критики за работата на Владата, не само за овие 9 месеци, бидејки беа споменувани и моите претходници на чело на Владата, да проговорам за работењето и во изминатите 3 години и каква е нашата оценка, што сработивме и што ќе сработиме во последната година од нашиот мандат.

Прво, дозволете да го изразам своето задоволство, што под импресија на последната дискусија, на условно речено неформалниот лидер на најголемата парламентарна опозициона партија, Љубчо Георгиевски, почувствував прогрес во политичката дебата меѓу позицијата и опозицијата.

Морам да истакнам дека за прв пат, не мора, одговорајки на критиките на опозицијата да одговорам за меѓуетничките односи.

Мислам дека онаа несреќна дискусија на пратеникот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и недавањето потврда дека е тоа став на ВМРО-ДПМНЕ од страна на претседателот Никола Груевски, значи само еден лош настап на госпоѓата Бонева. Затоа што ќе беше опасно, ако 3 години по владеењето на оваа коалиција некој спори, она што е неспорно, а тоа е дека направивме политичка и безбедносна стабилизација на нашата држава. Оставивме простор, условно речено, најголемиот десничар во нашата држава, Љубчо Георгиевски, да говори на мое пријатно изненадување, за реформи, за економија, за здравство, за земјоделие. И тоа го поздравувам како еден чекор напред.

Она што ме разочарува, покрај ова мое охрабрување, е настапот на поединци. Пред се, на оној кој претендира да биде нашиот најголем ривал, а тоа е господинот Груевски, кој на моменти, плукајки по Владата, плукајки по институциите, покажа дека всушност, плука по огледалото во кое се гледа. Бидејки, оваа наша држава, не ја гледаме според тоа како изгледа Владата, туку како изгледа и опозицијата.

За мене неприфатливо е, говорејки за НАТО од левата страна, му симнувам капа само на еден пратеник и јавно ќе го спомнам, господинот Слободан Чашуле, кој доследно во изминатите 3 години, покрај Владата на СДСМ, ЛДП и ДУИ, ја бранеше нашата просветителска улога, во приближувањето на Македонија кон НАТО.

Мислам дека за многу теми можеме да разговараме, но за оваа тема, бидејки најавивме посебна собраниска дискусија, ние ќе се подготвиме со аргументи и ќе ги дефинираме улогите на сите чинители во оваа наша држава како да ја оствариме целта.

Некој можеби ќе рече, дека јас сум непоправлив оптимист. Веројатно сум таков, но оваа ера која што ја добивме од Вашинктон, не значи дека битката е изгубена. Тоа значи, поинаку јас ќе кажам, дека не извојувавме победа, а победата ќе ја извојуваме, затоа што сега ја дефинирале играта. Играта ќе трае до 2008 година. Од нас зависи што ќе сработиме. До сега игравме како отприлика мали деца, кој прв ќе даде гол, ќе заврши натпреварот. Сега успеавме ние и ги поведовме реално и Албанија и Хрватска по нас, бидејки сме лидери во реформите, во одбраната, но и во другите сегменти.

Затоа, за мене е неприфатливо, некој да ја споредува Македонија, сакајки да ја нападне Владата, со Косово и Албанија. Не е добро за капацитетот и за она што сакаме да го покажеме дека реална е состојбата во Македонија. Секој од нас треба да се гордее за она што го направивме. И оние кои што беа најекстремните смогнаа сили да направиме политички договор. Тоа што го направивме во 2001 реално ни ги отвори вратите да го реализираме договорот, или она што го имаме како договор за стабилизација и асоцијација, господине Андов. И се согласувам минатата Влада направи во тој дел еден крупен исчекор, но не ја заврши работата. Не ја заврши работата во клучната година.

Може да шпекулираме, што беше причината за тоа што ни се случи. Но не смее оваа тема, онака како што се обидоа некои од опозицијата, повторно да ја вратат, да ја оспоруваат имплементацијата на Рамковниот договор, новиот Закон за референдум, новиот Закон за употреба на знамињата, етничките симболи и што друго не. Тоа ја турка Република Македонија назад. Ние мораме од минатото да извлечеме поуки, но да гледаме напред и она што ни го признаваат како квалитет, што не разликува од другите, а тоа е изградбата на мултиетничко општество, мултикултурно, мултиконфесионално, да си го препишеме сите ние, како наша заслуга, но и како заслуга на Европската унија и НАТО, кои беа сојузници во сето тоа што го правевме.

Затоа, не треба никој овде да демонстрира со пизма, со зборови кои недоликуваат на највисокиот законодавен дом таков дефетизам и да го поплука сето она што сме го нарпавиле успешно. Јас не очекував некој од двајцата лидери од опозицијата, едниот самопрогласен, другиот според бројките во Парламентот, лидер од опозицијата да рече, алал да ви е, ова добро го направивте. Не очекував да се спомнува она што реално го фрустрира просечниот македонски граѓанин, бидејки реално, тука вложивме многу. И таа битка сега се отвара. Дипломатска битка која треба сите заеднички да ја добиеме. Тука, улогата на Парламентот е исклучително битна. Верувам, на онаа дискусија што следи ќе ја затвориме оваа приказна за НАТО, сите свесни дека она што треба да го направиме, можеме да го направиме поуспешно, да го направиме заедно.

Почитувани пратеници, денеска слушавме многу обвинувања на сметка на Владата. Говореа многумина за моите претходници. За разлика за некои други од салата, кои сакаат да го заборават минатото и се срамат од своите претходници, јас не се срамам од она што го направија поранешните двајца премиери, Црвенковски и Костов. И она што го нарпавија, едниот од нив и како претседател на партијата, затоа што ние, тоа можам да го кажам, го понесовме најтешкиот товар во изминатите 3 години, да ја стабилизираме безбедносно и политички Република Македонија. Тука, без пардон ќе ви кажам, вие тоа не можете да го направите. Уште немате расчистено со некои дилеми. Уште не слушнав од вас, дека сеуште не сакате да се враќате назад во кризата, некој поотворено, некој во некоја позадскриена форма. Денеска тоа многу вешто го направи, позадскриено господинот Георгиевски, неспомнувајќи го она што јавно го заговараше и што гледам сега го модификувал, како условно речено, стравување од негова страна за либанизација на Македонија.

Мислам, дека денешниот негов настап покажа дека можеби тоа беше само едно негово хипотетичко сценарио, кој самиот неверува дека ќе се случи во Република Македонија. На Република Македонија и се случува европеизација. Дали опозицијата ќе даде свој придонес во оваа приакзна, зависи од неа. Ние ја подаваме раката за неколку проекти, кои се исклучително битни и кои во изминатите 9 месеци, додека сум на чело на Владата, мислам дека ги направивме мошне успешно. Можевме и повеќе. Можевме во економијата повеќе, но за тоа ќе зборувам подоцна. Но, ако некој спори, дека не направивме приближување на Македонија кон Европската унија, тогаш лаже. Лаже како што имаше овде лажни искази за кои подоцна, дирекно ќе одговорам, бидејки беа посочени лажни податоци. Така не се добива подршката на граѓаните. Јас затоа ја поздравувам оваа отворена дебата, бидејки реално сите знаеме, ова е симболика, ние неформално влегуваме во предизборната кампања. Во кампањата е дозволено и да се лаже тоа го знам. Но од друга страна не е дозволено, од страна на опозицијата, упорно да повторуваат лаги, како денеска со бројки, со податоци. Ние бидејки сме власт и не смееме да лажеме, зад нас се податоците кои се егзактни, ќе ги спротивставиме моите податоци со она што беше овде изречено.

Значи, мора да признаеме дека во изминатиот период, кога многумина беа скептични, го прифативме предизвикот и направивме нешто што го зацврсти угледот на Република Македонија. Покажавме дека имаме администрација, администрација која е добро управувана во оној битен сегмент, да се соберат слободно мислечките луѓе, независно дали се од позиција или опозиција, дали се дел од администрацијата од академската средина и да дадат максимум во одговарањето на европскиот прашалник. Тоа го направивме исклучително добро. Не смее од тоа ние да фрламе дамки и да речеме таа работа не ја завршивме добро. Ја завршивме исклучително добро. Сега од нас зависи како, некому не му се допаѓа терминот, оваа успешна македонска приказна ќе ја продадеме. Во краен случај, нема да влезе во Европската унија Владата на СДСМ, ЛДП или ДУИ. Нема Владата на Бучковски, или Секторот на Шекеринска, или Министерството на Митрева. Ќе влезе Република Македонија. Треба да сфатиме, понудата е отворена. Дајте на Парламентот да му ја дадеме онаа улога, која ја заслужува. Она што го потпишавме како коалиција за Европа е уште на маса. Нека се договори опозицијата меѓусебе, кој ќе го превземе товарот за етничките приближувања на Македонија и преку хармонизацијата на законодавството, што е клучниот сегмент. Сега правиме едно исклучително битен елемент во тој правец. Реформата во судството. Мене ми е жал, нема да ми замери претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Никола Груевски. Мислам дека заради вашето неприсуство во Парламентот нема да знаете колку многу чекори напред направивме во тој правец. Жал ми е, пред некој ден не видовте дека го донесовме Законот за парнична постапка кој многу е побитен од уставните амандмани. Мене ми е драго што во меѓувреме еволуиравте, единствен бевте против измените во Уставот со предуслов, да имаме успешни реформи во судството, па во меѓувреме, да го ревидирате тој став, без аргументи. Значи не се битни мислењата на другите експерти. Случајно сте гледале тој ден телевизија, сте виделе на Канал-5 една госпоѓа од Словенија кој само еден сегмент за променлив мандат го спори и велите, да, ова е она што јас треба да го кажам од говорницата. Па кажете го слободно во дебатата. Дури кога разговаравте со мене, рековте не треба уставни измени, не требаат уставни амандмани. Ние имаме рецепт како само со измени на законодавството правиме независно и непартизирано судство. Се покажа дека не е така. А за пробниот мандат и за суд сите други амандмани, што се подготвени, овде разговараме со аргументи.

За ваше потсетување, од иницијативата кога беа дадени нацрт на уставните амандмани,од ова што сега го имаме во Парламентот, имаме над 55% изменет текст. Тоа значи отворена можност и во оваа јавна дебата која завршува на крајот од месецот да имаме прифатливо решение за опозицијата која ќе го подржи на тој начин условно речено декларираната волја ќе ја преточиме во ваше реално учество во ова што сакаме да го направиме. Потоа, друг е оној сегмент кој е многу битен, како ќе го имплементираме сето тоа што го правиме. Но немојте, на такви проекти кога ќе говориме дека имаме исти стратешки интереси, да имаме различни приоди. Да се тврди дека тоа ќе биде колапс на правосудството, дека Владата,

премиерот, министерот за правда, не знаат што прават. Сакаат да го срушат еден систем кој функционирал безпрекорно. Ако беше така, немаше да влеземе во еден од најтешките реформи. И не заборавајте, во изминатиот период, благодарејки на вас, еве јавно ќе ви дадам признание, направивме една друга крупна реформа, што ја подобри бизнис климата во нашата држава. Донесовме ново работно законодавство. Глатко го добивме потписот и од Светската банка и од ММФ. Тука не е Поповски и Гошев затоа што рекоа и во оваа држава има капацитет Парламентот да подржи проект, што е многу битен за Република Македонија. Го гледаа листингот. Само двајца гласале воздржано. Тоа е она што заеднички го направивме. Јавно од говорницата ви велам, тоа треба да го направиме во иднина, за некои проекти кои знаеме дека се добри за Македонија. Затоа што, се што правевме во изминатиот период, правиме, што е многу потешко во вакви услови на конфронтација.

За волја на вистината, морам да признаам дека сум задоволен за начинот кој можеби тешко, но го почнавме континуираниот и отворен дијалог меѓу опозицијата и позицијата. Жалам што овде не е ДПА, секој пат ќе говорам кога нема да гледам овде, затоа што е добро за силината на нашиот коалиционен партнер, тие да бидат овде во Парламентот. А не денес да ми испраќаат пораки дека некого ни кожни гаќи нема да го спасат на следните парламентарни избори. Не е добро. И од тоа се гради слика каква е демократијата во Република Македонија. И затоа за мене се неприфатливи и уште еднаш ќе повторам, крајно произволни, паушални оценките дека во Македонија е обезвластен народот, дека во Република Македонија има тортура и линч. Мислам дека ќе дојде време и дека тој ќе го свати и јавно ќе се извини на македонскиот народ, на македонските граѓани ако сакате, зашто говореше од името на еден народ. Како со тоа што сме им дале право на оние кои треба во Парламентот да го дадат гласот, на некои кои им го дале тоа право, тоа да речеме е албанската заедница и другите етнички заедници, некои по силата на мајоризацијата, по силата на тоа што сме повеќе госпоѓо Бонева Македонците секој пат ќе може, она што го имаме загарантирано и за што водевме војна во 2001, да го срушиме, тоа што вие гласно го браневте, референдумот во ноември минатата година. За среќа, тој не успеа. Тој не приближи една светлосна година поблизу до Европската унија и до позитивното мислење на Европската комисија. Овој, што за вас беше контраверзен закон, за употреба на етничките симболи, го направи вториот крупен исчекор. Мрдате со главата, не сфаќате. Јас упорно ќе ве европеизирам. Мора да се европеизирате. Нема европска Македонија без европеизирана опозиција. Ако некому му е смешно, мене не ми е смешно. Ќе те убедам во оној момент дека Македонија е европска држава кога за овие теми ќе разговараме конструктивно не со плукање. За тоа за овие две теми не прифаќам, ниту една од изречените критики. И реално, ние го направивме она што други политички опции не можеа да го направат за економијата, за социјалата е отворен екранот. Прифаќам, дали заради искуството на господинот Андов, да разговараме за тоа кој господине Андов освен баутниот борд кој не ви го прифаќам од вашите идеи се добри за Република Македонија. Од другите, морам да признаам не слушнав такви критики кои се добро намерни. Само плукање, и за прв пат му оддавам признание на Никола Груевски, ревидирање на неговиот став во непосредните спогодби. Сега малку ќе говорам за нив. Незнам господине Груевски дали некој ви кажа дека Македонија е мала држава и дека сето она што јавно ќе го кажеме и ќе го напишеме, внимателно го собираме. Она што го кажавте по повод вашата дискусија беше една ваша колумна од јануари 2005 година, ког ане сте знаеле дека оваа Влада на Бучковски, она што го ветуваше ќе го направи побрзо отколку што очекуваше. А тогаш, за непсоредните спогодби имате речено вака: исклучително важно е привлекување на повеќе мултинационални компании. Политички важно, говори нешто за стабилноста на земјата. Но уште пвоеќе, економски важно, затоа што овие компании се огромни, влечат многу други компании и го зголемуваат имиџот на државата и ни нудите концепт. Треба да се знае дека на овие компании треба да им се даде во првите 10 години специјални погодности. Бесплатно земјиште за изградба на капацитети, ослободување од комуналии и т.н. Ја спомнувате Источна Германија, бидејки во тој дел имавте вие странски експерти што ќе ви го посочат Ирското чудо. Ирското чудо беше брз развој, брз напредок со дирекни непосредни спогодби, со бренд имиња. Да биде запазен принципот на транспарентност што ние го правиме. Јас сега отворено ќе кажам, бидејки некого ревидиравте,незнам кој е најголемиот критичар. Го спомнавте оптичкиот кабел на делот што остана кај нас на МЕПСО. Ќе ги покaниме на јавен тендер оние што сакаат да учествуваат. Дали ќе биде тоа Самсунк, дали ќе биде Сименс, дали ќе биде Израелскиот МЕР Компанија, дојдете и вие учествувајте во тие разговори, да процениме дали врз основа на разговори, ќе добиеме подобра цена ако одиме на јавен тендер велите за некој од нив заради своите конта кои ги имаат, велите меќу првите 100 сите котираат меѓу 20, 30 овие што ги спомнав на било кој берзи, ќе треба да влеземе брзо со нив да се договориме, онака како што ние успеавме тоа да го нарпавиме и барем засега само со Лукоел, она што сме на повидок да го направиме, бидејки сме влезени во третата завршна фаза со Симнес. Очекуваме успешно да заврши, она што е исклучително битно, да имаме конкуренција во банкарскито сектор АМЏ да биде една од компаниите во финансискиот сектор, во банкарскиот сектор, кои со својот капацитет, со својата моќ ќе биде конкуренција на ова што го имаме забележано како негативни показатели во

нашиот банкарски систем, а тоа се високите каматни стапки.

Но ова што досега го направивме, ве уверувам, ја исклучува било каква помисла за корупција, или било какво споменување на договор во четири очи. Може тоа да се провери и јас со својата чест и углед, гарантирам од мое име и од име на целата Влада, затоа барав да видием дали имаме. Еве денар немаме земено, ниту ќе земеме од овие компании, што тоа како прво е непристојно и второ, тие компании не можеме да ги платиме овде да дојдат. Туку напротив, со поволностите за кои вие говорите, треба да ги привлечеме. Се обидуваме тоа да го нарпавиме со Бунарџик, кој го спомнавте. Конечно, Џонсон Контрол побара од нас понуда што нуди Македонија. Вели ние до крајот на септември треба да донесеме одлука каде во Југоисточна европа ќе гради Џонсон Контрол. Дали во Македонија, дали тоа ќе го прави во Словачка, дали во Романија. Еве ги нашите услови, дали се тие прифатливи. Од 20 услови, 19 беа прифатливи. Министерот за економија го напиша писмото и го испративме од име на Владата. Дали ќе ги донесеме нив, ќе покаже времето. Но во секој случај не се откажувам еод овој начин на привлекување на светски познати имиња, затоа што тоа е добро за Македонија и вие тоа го знаете и мислам дека е време оваа приказна да ја затвориме. Нема јас да ги вадам нашите 18 спогодби, од другата страна да ги ставам вашите 5 илјади спогодби, па сега вие да тврдите ова беше од некој друг потпишан или јас тогаш бев минситер за финансии во една Влада, но незнам штоправеле другите членови на Владата,не знам штоправел минситерот за царина, не знам што правел директорот на Бирото за стокови резерви, не знам штоправел директорот на Управата за јавни приходи. Мислам дека треба сите да бидеме свесни дека се за нас се знае. Тоа е нашата предност или мана, сите оние кој активно се бавиме со политика. И денеска беше тоа за поздравување, можевме повторно сите да си госрушиме рејтингот и ни еден политичар да нема ниту 9% рејтинг кај граѓаните. Ако почеме да си ги плетеме приказните кој никој овде не бил маж да покаже овде да рече еве ги доказите овој е корумпиран. За еден голем скандал кој ние во нашето владеење покажавме дека веројатно ќе изроди и нешто повеќе од истражните органи, вие сте сега клучниот сведок и треба онака како што отишол господинот Љубчо Георгиевски полека да ги затвораме приказните. Да видиме таа фамозна гаранција што сега ја плативме од дивидендата, од Телекомот, наместо да вложуваме во развојни проекти, мораше паднатата гаранција за фамозниот господин Смиленски да ја затвори оваа Влада. Но тоа е судбината на оваа Влада. Малку се шегував, и сега можеби ќе дадам тон на расправата, бидејки такви не беа коментарите, ќе повторам она што го реков. Ако говориме за улогата што ја има сега СДСМ, ЛДП и ДУИ во изминатите 3 години, јас ќе парафразирам нешто што рече сега американскиот претседател.После ураганот Катрина тој излезе и призна дека ќе им требаат 2 години да ги санираат последиците.

Сега јас пред македонската јавност признавам дека нас од вашиот ураган ни требаше три години да ги стабилизираме состојбите во Република Македонија економски и политички. И, сега почнуваме од ново. Дали вие ќе ни дадете свежи идеи заеднички да работиме. Со господинот Марјан Ѓорчев за многу работи се согласувам, но во вашата имплементација господине Ѓорчев од сферата на земјоделието каде признавам дека веројатно сте еден од најуспешните министри, нема такви ефекти. Нешто друго се говори. Веројатно имавте несреќа што тогаш кога бевте во полн елан и кога имавте многу идеи, кога го имавме Договорот за стабилизација и асоцијација, влеговме во изборна кампања и сето тоа што претходно го имавте добро направено во 2002 година отиде во ветер. Ги искористивте парите од земјоделците во 2002 година за предизборни цели. Сега, уште ги враќаме дел од долговите, но пусто има многу избори, секоја година и оваа наша Влада за овие три години имаше три пати избори. Претседателски, па референдумот како избори, па локални избори. Го решивме, овде имам сведоци. За локалните избори реков не ги запираме реформите и по цена да ги изгубиме сите градоначалници, ние ќе продолжиме со структурните реформи. Затоа го имаме аранжманот со ММФ и со Светската банка. Затоа добиваме комплименти. Некој ми вели јас да можам Брус Корти да го земам да биде портпарол на нашата влада. Некој не не фалел толку, јас незнам дали некој од нашите министри има така добро мислење или зарем некој му кажува дека имате одлични реформи во правосудството и ќе станете лидери ако успеете ова да го направите. Тоа не ви одговара. Добрата вест не е добра вест. Крушите и јаболката сакав овде да ги ставам да видите дека оваа Македонија има и убави работи, убави круши, убави јаболка, па ќе беше во прилог на вие кои говорите дека има со нешто да се гордееме. Не е се црно во оваа наша држава. Не треба меѓу себе да се исплукаме за да покажеме дека неуспехот на оваа Влада е мој личен успех. Или ако не успее сега оваа Влада, некој погрешно ги прочитал пораките од некои аналитичари ако не успее оваа Влада да влезе во НАТО или ако нема позитивно мислење од Европската комисија е, тогаш може да победите. Но, верувам дека и она што го кажа почитуваниот господин Груевски во последното интервју дека би бил исклучително среќен и да не победите, а Македонија да влезе во НАТО и Европската комисија, ќе ти го приредиме тоа задоволство. Ќе ве направиме среќен и ние ќе си продолжиме оваа приказна да си ја тераме.

Да се вратам сега на дел од бројките.

Значи, има многу манипулации кој како сака си игра со бројките 31% било во времето на ВМРО-ДПМНЕ стапка на невработеност, па станале 48%. Јас признавам дека не сум добар

математичар како нашиот претседател на Парламентот, ги гледам голите бројки, колку имало на 1 ноември кога ја преземавме власта, ние од СДСМ, ЛДП и ДУИ и колку има денеска. Значи, бројките покажуваат дека од оние 374 илјади невработени денеска имаме нешто над 360 илјади. Позитивен е трендот. Последаната година има 125 нови вработувања. Проектите говорат дека работите тргнаа. Вие тоа го знаете само не сакате да ги погледните вистинските бројки и да кажете конечно, реално Македонија има раст на индустриското производство. Реално, она што го имаат проектирано како бруто домашен производ ќе го реализираат. Тоа треба да ве радува. Ќе биде поедноставно било кој, независно дали ќе продолжи ние каде сме застанале 2006 или 2010 година да ги истера работите во оној вистински правец.

Јас верувам дека конечно доаѓаме на теми кои ќе бидат прифатливи за нашите граѓани. Нема да има во сите анкети 35-45% неопределени или 25% кои по дефинициија не гласаат. Знаете дека не може да се направи чудо повеќе од 75% да излезат на идните парламентарни избори. Но, треба да им понудиме сите ние економски, социјални програми и да видиме што од тоа можеме да направиме. Ние веруваме дека дел од нашата економска програма сега можеме да ја реализираме, не можеме 100% затоа што ви кажав изгубивме три години на исклучително тешкиот процес на безбедносна и политичка стабилизација во Република Македонија. Морам да признам дека оваа расправа покажа дека сме успеале политички Македонија е безбедна држава. Нема веќе теми за кои до пред некој месец си вадевме очи. Никој не го спомна освен Садула Дураку што го спомна овој негативен контекс, никој друг, но мора да има така како што вели Флоровски мора некој да биде и поостар десничар и малку да тера во крајната десница во македонскиот национализам. Но, патриотизмот, национализмот се релативни категории. Јас тука не спорам дека можеме и на тие теми да најдеме заедничка дефиниција што е добро за Македонија, како што треба да најдеме заедничка политика за она што го велиме го имаме како рецидив од 2001 година. Тоа е судбината на оние случаи кои Хашкиот трибунал не ги процесуираше. Треба да видиме каков ќе биде односот на нашето судство, на нашето Обвинителство кога ќе се вратат и каков ќе биде нашиот однос реално спрема една категорија лица која не треба да ја заборавиме, а тоа се раселените лица.

Голем дел од бројките во овој дел одат во прилог, но не е завршена до крај работата додека не се вратат и последните раселени и од Матејче и од Арачиново и од Радуша не можеме да кажеме дека сме задоволни што дојдовме само до 900 раселени лица, а имаше неколку десетици илјади. Но и тука имаме реална шанса со поддршка на сите нас овде да го затвориме тоа прашање и тоа прашање да има некој вид на помирување. Нам реално ни треба изградба на една европска граѓанска Македонија каде што постојано нема дежурни виновници да ни бидат албанците, независно дали се во власта или во опозицијата. Тука правиме крупни исчекори напред. Денешната дискусија, ви велам, ако во тој сегмент гледаме не потрошивме повеќе од 5% од дискусијата која ја имавме денеска десет часа. Тоа е напредок и со тоа треба да се гордееме.

Сега ако е битно во овие последни два месеци пред за некого очекуваното позитивно да, но со многу не, тоа е исто како кога ќе одиш пред матичар. Не можеш таму да речеш да, ама, или ќе биде да или ќе биде не. Ако биде да ќе ви кажат само кога тоа ќе се озваничи од Советот на Европската комисија и потоа дополнително кога ќе почнат преговорите. Мислењето е позитивно или негативно, како сакате, да или не, не ставаат оценки. Позитивен може да биде 2, а може да биде и одличен 5, ќе биде позитивно или негативно. Тука сите можеме да помогнеме и опозицијата, но најмногу позицијата, но и невладиниот сектор, Парламентот. Ви велам дека овде имаме една успешна приказна. Не го припишувајте дека е успех дека ние ќе славиме. Ќе ве поканиме и вас, треба цела Македонија да слави. Ако имаме позитивно треба сите да славиме. Ќе ви дадеме можност да видите дека можеме на некои проекти да се помириме, ќе ги повикаме сите. Минатиот пат за признавањето на Република Македонија ги повикавме сите. Сега да не биде дека го гледам само Чашуле па ми е симпатичен, дојде Чашуле, од поранешните министри за надворешни работи, не дојдоа поранешните премиери ни другите поранешни министри, тоа е факт. Некој има сенс дека оваа европска приказна не е ексклузивно право и со неа нема да се кити ниту Владо Бучковски, ниту СДСМ, ниту ЛДП, ниту ДУИ. Дајте сите да се китиме со овие перја. Ни требаат европските перја, ни треба малку повеќе верба.

Јас не сакам со вас да се конфронтирам на тезата дали е подобро некој да биде оптимист или дефетист. Дали треба некој да шири песимизам, а другите нереален оптимизам, туку дајде реално да покажуваме што во изминатите четири години направивме во Република Македонија. Направивме многу работи со кои може да се гордееме. Прифаќам, да ја немавме таа констелација на силите во Парламентот, ќе немавме уставни измени и имплементација на Рамковниот договор од 2001 година. Некој под притисок на еден, друг, трет, некој своеволно, некој можеби сакајќи да покаже во предизборјето поинаква визија за Македонија, тогаш сите имавме двотретинско мнозинство. Сите тешки проекти ги направивме тогаш. Децентрализцијата ја започнавме заедно, а сега ни дојде нам редот да имплементираме. Тука имаме реално независно што кажуваат вашите градоначалници, добар почеток. Дали ќе биде уште подобар ќе зависи и од опозицијата и од опозиционите градоначалници, но и од Владата. Ние сме постојано во отворен дијалог. Немојте децентрализацијата која е реално еден од најкрупните зафати што го прави нашата држава

каде го реформираме политичкиот систем. Конечно централизираната власт ја релаксираме во некои работи што ни одзема многу време да не можиме да се бавиме со крупни политички теми. Оставете за локалните проблеми на граѓаните од сферата на образованието, социјалната заштита, во делот на здравството, во делот на урбанизмот да одлучуваат на локално ниво. Ние треба да ја водиме крупната политичка битка овде со опозицијата во Парламентот. За Европа и за НАТО ќе имаме заеднички став, тогаш ќе дојдеме на она што некој го говореше јавно, дали беше господинот Андов, дајте да видиме дали макроекономската политика и оваа рамка е претесна и сега за да направиме развој треба да направиме нешто спектакуларно. Јас мислам дека не треба да правиме нешто спектакуларно, ги имаме различните мислења, пред нас е проекцијата за Буџетот 2006 година, треба да се седне и да се види да не биде сватено дека е тоа предизборен маркетинг на Владата или на владеачката коалиција, што е она што е добро за развојот на Република Македонија. Јас верувам дека многу работи можеме да направиме многу поуспешно, многу поуспешно во тој дел.

Признавам дека во изминатиот период за некои проекти можевме да бидеме порешителни, не бевме и заради создаденото јавно мислење околу неколку крупни проекции.

Сега ќе се навратам на она што ме испровоциравте со ширење на серија на погрешни податоци за приватизацијата на ЕСМ.

Значи, да се потсетиме, документот ќе ти го дадеме господине Груевски каде што ти тогаш со твој потпис сакаше да го правиме оној модел што ние мислевме дека може да доведе до тоа да имаме подобра понуда, но го прифативме експертското мислење и притисокот од јавноста, притисокот од Светската банка, од ЕБРД како наши партнери, тоа е наша доблест.

Јас од оваа говорница повторувам ние секогаш ќе бидеме подготвени добронамерните критики дали доаѓале од медиумите, дали доаѓале од опозицијата, дали доаѓале од експертската јавност да ги ставиме на кантар и да измериме што е подобро не за оваа Влада, туку за Република Македонија.

Мислам дека во овој момент го избравме моделот кој ќе го продолжи приватизациониот процес, нема да го донесе оној ефект кој требаше како дополнителна инекција на македонската економија, но има јасна перспектива во кој правец ќе одиме. Затоа небулоза, не верувам дека еден од вашите советици професорот Танасков ви напишал такви глупости да тврдите дека со дистрибуцијата ќе ги продаваме десетте мали електрани. Основно а,б,ц, е и јас не бев толку вешт, но покрај Радмила, покрај Фатмир научив прво го одвоивме МЕПСО, тоа ни беше преносот, па сега ја одвоивме дистрибуцијата и формиравме ново ЕСМ - Електраните. Таму се овие десет мали електрани, така што немојте да ширите лажни податоци или да кажете дека сте слушнале на вести, ве дезинформирал вашиот неформален, што е тој министер за правда, имате многу министри за правда во сенка, Трајко Велјановски рекол има бунт во затворот и во Идризово. Го прашувам министерот за внатрешни работи, министерката за правда, ниту бунт, ниту ништо. Јас незнам како не може од оваа позиција каде се наоѓате и претендирате да бидете замена на оваа власт, да ширите еден куп лаги, овде ги запишав, само не сакам да биде сватено дека јас си го бирам сега партнерот, па сакам со вас да полемизираме, но реално од сите оние работи што ги кажавте се покажа дека ширите еден куп дезинформации без никаква потреба. Да речете, да каматните стапки се 15%, а не кажувате дека 15% беа до 2002 година, сега паднаа на 12%, но бидејќи благајничките записи се 10% треба да се направи ова и она. Јас ви кажав ние што правиме. За да паднат каматите под 10% ќе одиме со конкуренцијата со гарантниот фонд, ги поддржуваме со 5 милиони евра првата година малите и средни бизниси кои, заради изложеноста што ја имаат или недостатокот да можат нешто како хипотека да дадат залог не можат да добијат комерцијални кредити. Мислиме дека на тој начин ќе бидеме конкуренција на комерцијалните банки, но со нашата дополнителна гаранција ќе бидеме во тој дел поефикасни.

Ако заврши успешно реформата нема зошто да не заврши на модернизација на Катастрарот што ја правиме со норвешкиот регистер, ова што сите го зборувавме, но ние ќе го направиме.

На 1 јануари ќе профункционира едношалтерскиот систем. Ако овие поставки на кои не говорите извршната постапка, имаме најдобра извршна постапка, извршувањето, Законот за извршување, сега веќе не е постапка, одиме директно на извршување. Ако сето тоа го ставиме на кантар, ако сето ова што го правиме како реформи на правосуството успее, а мора да успее, ние гарантираме приватната сопственост е таа бизнис клима. Е, за таа добра бизнис клима секој ќе треба да каже по некој добар збор, а не да се исплукаме овде,не како некој што велеше во Македонија нема добра бизнис клима, туку да се каже да, Македонија сега има предуслови да биде атрактивна бизнис дестинација. Секој по нешто да направи, тогаш ќе бидеме поблиску до она што е наша заедничка цел и на позицијата и на опозицијата, а тоа е НАТО и Европската Унија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине премиер...

**Владо Бучковски:** Се извинувам, само ако може уште малку, јас секој ден, бидејќи реков дека не сум безгрешен, на крајот од денот велам дали денеска можеше нешто подобро да направам. Ако секој, незавино дали е позиција или опозиција на крајот од денот погледне што направил на Македонија со тоа ставање на едно камче на оваа европска Македонија ќе направиме заеднички една куќа која ќе ја крстиме заеднички и позицијата и опозицијата, ова е Европската Македонија. Благодарам.

(Дискусијата беше пропратена со бурен аплауз)

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, сепак морав да интервенирам, бидејќи по Деловникот и по Уставот 24,00 или 00,00 како сакате, треба да се гласа довербата.

Во таа смисла ја затворам расправата за доверба на Владата и преминуваме на гласање.

Да не се случи дека некој во кола слушнал дека погрешно гласал.

Предлог на 25 пратеници на Владата на Република Македонија да и се изгласа недоверба, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 86 пратеника.

За недоверба гласале 23 праеника, воздржани 2, а против недоверба гласале 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не и изгласа недоверба на Владата на Република Македонија.

(Аплауз)

Со тоа ја заклучувам Сто и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Бидејќи сме после полноќ, денеска во 11,00 часот продолжуваме со Сто и седмата седница.

(Седницата заврши со работа во 00,02 часот.)